К III 629

УНИВЕРЗИТЕТ Св. „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ

# „ Битола и битолско во периодот од 1919 до 1929 година “

(Магистерски труд)

Изработил: Горан Талевски

Ментор: Проф. Д-р. Никола Жежов

Скопје, мај, 2014

# ВОВЕД

Во текот на својата историја македонскиот народ поминал низ долги периоди на ропство низ кои претрпел сериозни обиди за негова асимилација и денационализација. Особено тежок период претставувал периодот помеѓу двете светски војни за време на кој извршената поделба на неговата етногеографска целина на три дела помеѓу Србија, Грција и Бугарија, и еден мал дел во Албанија, довела и до разделување на неговата етнонационална компактност и распарчување на националниот организам. Карактеристика на овој период е и што обидите за асимилација и денационализација добиле позасилен и систематизиран облик на примена на мерките кои биле во функција на тие процеси.

Со завршувањето на процесот на осамостојување и ослободување од отоманското ропство на повеќето балкански држави и нивното уредување како национални држави, и по првичното формирање на нивниот државен апарат, отпочнале подготовките за експанзија кон други територии кои сеуште се наоѓале под османлиско владение. Нивните намери за територијално проширување биле насочени и кон територијата на Македонија која ја населувал македонскиот народ и која со својата поволна географска положба ги зафаќала централните и јужните делови на Балканскиот Полуостров и заземала средишна точка во нивните стратегии.

По Балканските војни и конечното дефинирање на границите по завршувањето на Првата Светска војна и потпишувањето на Версајскиот мировен договор, овие стратегии со различен успех за секоја од државите биле спроведувани на дело, бидејќи се овозможил терен за замена и воспоставување на нивната државна власт, а потоа и преуредување на севкупните општествени односи со крајна цел асимилирање и денационализација на македонскиот народ.

Кралството на Србите, Хрватите и Словенците како нова државна творба било создадено на 1 декември 1918 година и кон него припаднал вардарскиот дел од Македонија. Ова Кралство за да биде стабилна државна творба требало да ги разреши националните спротивставености кои ги содржело во себе, но наместо тоа станало арена за постојани конфликти и судири. Најсилна позиција во рамките на ова Кралство имала Србија и српскиот народ, а главниот збор за сите прашања го имала српската монархија, преку која се штителе националните интереси првенствено на српскиот народ. Вардарскиот дел на Македонија за Кралството СХС бил особено значаен поради вардарската долина која претставувала неопходен економски простор и битна комуникациска точка за реализација на стратешките планови за излез на Егејското море.

Со демаркацијата на границите по завршувањето на Првата Светска војна етногеографската целина на Македонија и македонскиот народ била разделена што довело до прекин на традиционалните економски и политички врски и општествено-

историски односи и развој. После 1919 година македонскиот народ бил подложен на засилени методи на асимилација и денационализација кои за резултат имале негова политичко-економска обесправеност и негирање на неговиот национален идентитет. Овој дел на Кралството СХС бил третиран како колонија во која често се настојувало и со агресивни насилни средства да се реализираат зацртаните цели и политиките на српската монархија.

Отворено водената политика на негација на националниот идентитет на македонскиот народ и обидите за негова асимилација и денационализација, кои се спроведувале со најразлични мерки имале за цел да го докажат наводниот српски карактер на македонскиот народ и неговото историско право на владеење врз вардарскиот дел на Македонија. Токму затоа, откако територијата на вардарскиот дел на Македонија била административно присоединета најпрво кон Србија веднаш по Балканските војни, името на земјата било исфрлено од официјална употреба, и таа била вклучена во еден поширок регион наречен „Јужна Србија", во чиј состав влегувала територијата присоединета кон Кралствата Србија и Црна Гора по Балканските војни. Исто така и според спроведениот попис на населението и Видовденскиот устав, не постоело население кое било македонско.

Општествено-политичките услови во вардарскиот дел на Македонија и битолско во периодот помеѓу 1919 и 1929 година биле крајно неповолни, делумно како резултат на Првата светска војна и фронтот и воените дејствија кои се одвивале во битолскиот регион. Српскиот режим настојувал да спроведе национална асимилација на македонскиот народ преку својата просветна политика, црковна политика, формирање на српски режимски организации, политиката на колонизација, а во краен случај и со репресивни воено-полициски мерки. Примената на овие политики и севкупните мерки и активности кои произлегуваат од нив ќе бидат разгледани во рамките на овој труд, при што за да бидат објаснети специфичностите и условите во битолскиот регион неопходно е да се направи осврт и на општите состојби и случувања во Кралството СХС.

# Прва Глава

# Општествено политички услови во Македонија по 1919 година

## 1.1 Општествено политичката положба во Битола и битолско

Создавањето на Кралството СХС било прокламирано со издадената „Декларација на претставниците на Владата на Кралството Србија и на Југословенскиот одбор за создавање на заедничка држава – Кралство на Србите, Хрватите и Словенците" на 17 јули 1917 година на островот Крф, попозната како Крфска декларација. Со неа се предвидувало статус на државотворни и конститутивни народи да им се признае само на србите, хрватите и словенците, кои би имале единствена државна територија и државјанство, а државното уредување би било парламентарна монархија уредена со Устав, на чело со династијата Караѓорѓевиќ. Се предвидувале и единствени државен грб, знаме и круна и рамноправност на кириличното и латиничното писмо во службената комуникација, слобода на вероисповест и изедначување на календарот. Декларацијата предвидувала и донесување на Устав од страна на за таа намена на општи, слободни и непосредни избори избрано Уставотворно собрание.[1]

Со актот на обединувањето од 1 декември 1918 година и фактички било формирано Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, во чиј состав освен Србија, Црна Гора и југословенските покраини кои дотогаш се наоѓале во состав на Австро-унгарската монархија влегол и делот на вардарска Македонија. Новата држава била обликувана како монархија на чело со династијата Караѓорѓевиќ, и истата била организирана на централистички принцип во кој доминантно влијание имал српскиот народ. Македонскиот и црногорскиот народ биле сметани како делови од српскиот народ и во правец на ова сфаќање се спроведувала политика на асимилација и денационализација, саморазбирливо особено врз македонскиот народ.[2] Оваа политика се спроведувала како за време на војната, така и со самото завршување на војната непрекинато. Ова било комбинирано со широка палета на воено-полициски мерки, бидејќи иако биле свесни дека во 1919 година ВМРО била практично распадната, јасно биле воочени тенденциите кон создавање на независна Македонија

[1]Македонија во меѓународните договори (1913 – 1940), том I, избор редакција и коментар на д-р Михајло Миноски, ДАРМ, Скопје, 2006, стр. 142-144

[2] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр. 11-12

кои биле плод на националното будење на македонскиот народ и кои биле интензивирани во време на одржувањето на Версајската мировна конференција.[3]

За да се овозможи непречено функционирање на државната власт на Кралството СХС, а особено во пресрет на Версајската мировна конференција да се остави впечаток дека населението не се противи на власта, нема инциденти и ја чувствува како своја власт, на 10 октомври 1918 година бил воведен режим на специјални уредби наменети за вонредни околности засновани на старите српски закони од половината на 19 век за „третман на разбојници", со кои се предвидувал ригорозен третман за сите нарушители на мирот, а му се давале неограничени овластувања на воено – полициските власти. Со овие мерки се сакало и да се оневозможи секоја побуна или обид за востание кои би ја нарушиле презентираната слика за вардарскиот дел на Македонија од страна на делегатите на Кралството СХС на мировната конференција.[4]

Владата на Кралството СХС била свесна дека одредени држави може да истапат со барања Македонија да се формира како независна држава или да и се даде некаква форма на автономија, како што впрочем и се случило на Версајската мировна конференција. На седниците на Комитетот за нови држави и за заштита на националните малцинства одржани помеѓу 15 јули и 29 ноември 1919 година, кој бил работно тело кое функционирало во состав и за време на одржувањето на конференцијата имало предлози од страна на италијанските дипломатски претставници за давање на автономија на Македонија поради несрпскиот карактер на населението, поради што бил изработен и нацрт на меѓународен акт за автономија на Македонија во рамките на државата на Србите, Хрватите и Словенците, со кој се предвидувале слободи во поглед на користењето на јазикот, практикувањето на религијата, уредувањето на образованието и начинот на регрутирање на припадниците на локалната администрација во која би влегле и лица од месното население. Но ваквите предлози биле отфрлувани најрешително од страна на француските дипломатски претставници, кои својот интерес го пронаоѓале во изградба на силна и централизирана држава на Балканот која би била нивни стратегиски сојузник.[5]

Доминацијата на српскиот народ во рамките на Кралството може мошне едноставно да се илустрира, на пример, од вкупно 39 влади само во еден случај претседател на Владата бил политичар кој не бил Србин по национална припадност.

---

[3] D-r Todorovic Desanka, Jugoslavija I balkanske drzave 1918-1923, Institut za savremenu istoriju, Beograd, 1979. str. 20-21

[4] Доц. д-р Димитър Гоцев, доц. д- р Стоян Германов, доц. д-р Иван Илчев, доц. д-р Трендафил Митев, Македония – История и политическа съдба (1912 – 1941 ), Под редакцията на проф. Петър Петров доктор на историческите науки, том II – второ допълнено издание,София, 1998, стр.69

[5] Македонија во меѓународните договори (1913 – 1940), том I, избор редакција и коментар на д-р Михајло Миноски, ДАРМ, Скопје, 2006, стр. 155-160

Исто така позициите во клучните и најмоќните министерства како што биле Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии и Министерството за трговија и индустрија претежно ги заземале срби, а во ретки случаи некој Хрват или Словенец. Иста била состојбата и во централната администрација, а србите доминирале и во жандармеријата, царинската служба и офицерскиот кадар.[6]

Со завршувањето на Првата светска војна и со склучувањето на Версајскиот мировен договор од 28.06.1919 година, поделбата на етничката територија на македонскиот народ била повторно потврдена, со што вардарскиот дел на Македонија со површина од 25.744 км2 му припаднал на Кралството СХС. Со извршената административно-територијална поделба на вардарскиот дел од Македонија на окрузи, битолскиот округ добил периферна позиција бидејќи областите со кои претходно природно и економски бил поврзан влегле во составот на Грција и Албанија. Со новите граници биле прекинати трговските врски особено со јужниот дел на етничка Македонија и Солун, што претставувало вистинска катастрофа за стопанството и довело до засилена емиграција.[7] Крајното територијално разграничување било направено на 18 септември 1919 година од Високиот совет на Париската мировна конференција, кој со извесни модификации, ја прифатил старата граница настаната по Балканските војни.[8]

Битола од значаен економски, политички и културен центар, после војната освен што бил најразурнат град, станал и пограничен провинциски град со намален број на продуктивно население. Прекинот на традиционалните економски и трговски врски и променетиот стопански амбиент довеле до преориентација на и онака уништената локална економија кон внатрешноста на Кралството. Се јавила потреба од создавање на нови трговски релации, кои особено и нужно, претежно биле ориентирани кон север и кон вклопување во рамките на новиот економски систем на новата држава.[9] Поради променетите меѓудржавни граници и поволната географска и транзитна положба во нивни рамки, на територијата на вардарскиот дел на Македонија Скопје добило централно значење и било значително инвестирано во изградба пред се на касарни, станови за офицерскиот кадар, болници и други административни објекти. Исто така на Скопје му погодувала сообраќајната поврзаност

---

[6] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр.17-18

[7] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.43

[8] Христо Андонов – Полјански, Македонското прашање, Култура, Скопје 1990 год., стр. 199

[9] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.44-45

и транспортната комуникација со државите со кои граничел овој дел од Кралството и подобрата поврзаност на Косово и Метохија со него, отколку со областите во Србија.[10]

Кај државниот апарат на Кралството СХС владеела огромна корупција и искористување на службената положба заради остварување на личен профит. Јавната безбедност била исто така нарушена од постојаните грабежи и разбојништва. Населението било често тероризирано и од воено-полициските единици.[11] Воено-полициските власти биле носители на самоволието и беззаконијата бидејќи окрузите во кои делувале ги третирале како нивен приватен имот. Слободата на движење била ограничувана освен од постоечките забрани и дозволи кои биле неопходни за преминување од една во друга околија и од самоволијата на полициските власти кои крајно ја одолговлекувале постапката за издавање на пасоши, при што најчесто го одбивале барањето без да имаат оправдани аргументи за одбивањето, што во крајна линија се одразувало и на трговијата и економскиот живот.[12]

Активностите на државните органи често се „одвивале“ во угостителските објекти, каде се одржувале и други јавни собири и политичка агитација. Токму на овие места највидливи биле размерите кои ги попримила корупцијата, добивајќи облик на јавна корупција, што било предмет на бројни критики бидејќи во кафаните биле договарани најразлични „зделки“ помеѓу власта и трговците, и тука државните службеници биле „наградувани“ за својата работа, па така за одредени кафани се велело дека таму се наоѓа одделение на некое министерство или филијала на главната Монополска управа. Угостителските објекти служеле и како места за состаноци на членовите на Радикалната и Демократската партија, и на комунистите и републиканците. Основањето и изградбата на угостителски објекти им било овозможено само на државјани на Кралството СХС кои ќе добиеле дозвола од државата.[13]

При спроведуваните пописи на населението во вардарскиот дел на Македонија не постоеле графи за избор на националност, и македонците биле заведувани како срби, а се евидентирала единствено религиозната припадност и мајчиниот јазик, со што редовно јазикот на македонскиот народ бил заведуван како српски. Исламизираниот дел на македонскиот народ не претставувал стабилна категорија на идентитет и во зависност од верските чувства и влијанието кое врз нив го вршеле албанците или турците претежно, се изјаснувале како турци или албанци. Во рамките на битолскиот округ според пописот од 31 јануари 1921 година, биле регистрирани

[10] M –r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 50
[11] М -р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.47-48
[12] Документи – За борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Том Втори, УКИМ, Скопје, 1981, стр. 16
[13] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 244-245

42.689 муслимани од кои по мајчин јазик за албанци се определиле 19.209 и 18.004 за турци. Во битолскиот округ само 5.473 лица од муслиманите не се декларирале по мајчин јазик за албанци и турци и за овие лица се претпоставува дека се исламизирани македонци кои не сакале да се декларираат во една од двете горенаведени националности.[14]

И покрај големиот процент на неписмено население во вардарскиот дел на Македонија постоела хиперпродукција на дневни весници и неделни списанија. Најголемиот дел од овие весници и списанија третирале теми од политички карактер и служеле за спроведување на пропагандата на српските владеачки партии и големосрпските режимски организации. Најголемиот број од нив бил финансиран од партиските организации, при што за секој весник или списание било познато чие партиско гласило е. Во Битола списанието кое го финансирала Радикалната партија излегувало под името „Битолска самоуправа", додека списанието кое го издавала младината на Радикалната партија било познато под името „Битолски радикал". Списанието кое го издавала младината на Демократската партија било познато под името „Битолски весник", а било финансирано од битолските трговци и административци. Во Битола излегувал и неделникот „Јужна Звезда" и други списанија кои најчесто исто така излегувале еднаш неделно.[15]

Напорите кои ги правеле властите на Кралството СХС со нивната политика на асимилација и денационализација насочена кон менување на националната свест на Македонецот не доживеале успех. Населението во меѓусебната комуникација го употребувало народниот македонски говор, додека луѓето се труделе да зборуваат на српски јазик единствено кога се наоѓале во некоја институција, во присуство на претставници и службеници на власта и администрацијата на Кралството СХС, во училиштата и за време на служењето на воениот рок. Не можејќи да го спречат користењето на македонскиот народен говор во меѓусебната комуникација експонентите на големосрпскиот режим го објаснувале неговото постоење и употреба со тврдењето дека станува збор за српски дијалект. Властите се обидувале да го зголемат своето влијание и со обиди за придобивање по пат на ветувања за придобивки или вработувања и земање во служба на поугледни лица од македонскиот народ сметајќи дека на тој начин полесно ќе ги остварат посакуваните ефекти од спроведуваните политики. Кај населението останале запазени и народните обичаи и прославувањето на празниците, додека обидите да се наметне славењето на

[14] Д-р Глигор Тодоровски, Демографските процеси и промени во Македонија од почетокот на Првата Балканска војна до осамостојувањето на Македонија – со посебен осврт врз исламизираните македонци, ИНИ – Скопје, Матица македонска, Скопје 2001 год., стр.119-120

[15] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 345-346

националниот српски празник „Св. Сава“ како народен празник кај македонскиот народ не наишле на прифаќање. [16]

На територијата на Вардарска Македонија во која 76,3% од населението живеело во селата, општествената состојба по завршувањето на Првата Светска војна била исто така катастрофална.[17] Според описот во писмо испратено од Министерството за внатрешни работи на Кралството СХС до Министерството за просвета во кое е опишана положбата на населението во битолската област, луѓето живееле во примитивни куќи кои не ги задоволувале основните хигиенски услови и голем дел од нив биле без прозорци, најчесто споени со шталите. Исхраната на населението била мошне слаба и воглавно се состоела од ржен леб, кромид, оцет, салата и маштеница, а солта, маслото и месото биле ретко застапени бидејќи биле прескапи. Ретко се случувало да се вари јадење, а и народот многу постел, во просек околу 260 дена годишно.[18] Високата и растечка инфлација по завршувањето на Првата светска војна и појавата на шпекулации со цените на основните прехранбени производи довело до тоа населението да има потешкотии со снабдување и обезбедување со основните прехранбени производи. Поради тоа се јавила потреба од регулирање на цените за да се стави под контрола настанатата ситуација и Градското поглаварство на градот Битола интервенирало и ги одредувало цените на брашното и лебот.[19] Неисхранетоста довела и до тоа регрутите за служење на воен рок во просек да не бидат потешки од 40 килограми и повеќето биле со влошено здравје, а процентот на воено способни лица бил многу низок. Дополнителен извор на зарази биле собите без подови и непокриените бунари, а и дворовите биле преполни со ѓубре и неуредени. Сепак процентот на склопени бракови бил мошне висок, па така мажите стапувале многу рано во брак на возраст од околу 14 до 15 години, додека жените биле повозрасни од нив по 7 до 8 години.[20]

Промената на општествено-економскиот систем која уследила со пропаста на Отоманската империја во овој дел од Балканскиот полуостров, довела и до промена на социјалната и етничката структура на пазарот на работна сила. Па така потреба за вработување се јавила и кај муслиманското население, а се повеќе, работа барало и населението кое поради влошената положба од селата доаѓало во градовите. Најголем дел освен со занаетчиство се занимавал и со трговија, со одгледување на тутун, опиум, ориз, житни производи и други земјоделски култури. Исто така добар дел се занимавал со продажба на стоки за широка потрошувачка, пекарски и месарски

---

[16] Македония – Сборник от документи и материали, Редакторски и съставителски колектив на Институт за история, София, 1978, стр. 705-713

[17] М –г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 56

[18] Документи – За борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Том Втори, УКИМ, Скопје, 1981, стр. 20-21

[19] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 1 Градско поглаварство на градот Битола, книга 15, а.е. 4 лист 8-10.

[20] Документи – За борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Том Втори, УКИМ, Скопје, 1981, стр. 20-21

занает, кројачки и берберски занает и други занаети. Скоро и да немало фабрички работници. Помеѓу муслиманското население широко распространето било печалбарството, а дел работел под наем кај сеуште присутните муслимански земјопоседници. Забележлив број од муслиманите се до воведувањето на државниот монопол над тутунот, бил вклучен во производство и преработка на тутун. Посебна категорија на население биле Ромите муслимани кои најчесто работеле како: носачи на товар, препродавачи на коњи, чистачи на обувки, ковачи, препродавачи на ситна стока и наемни работници.[21]

Во вардарскиот дел на Македонија околу 30% од населението било невработено, а поради аграрната пренаселеност и осиромашувањето на занаетчиите се појавила масовна невработеност и по градовите. Наемнините биле ниски, додека работното време траело од 12 до 18 часа, со исклучок на пиварниците каде што работното време траело 10 часа.[22] Работниците не можеле да се спротивстават на кршењето на своите законски права од страна на работодавците, а обидите за нивно организирање во синдикати преку кои организирано би се заштитиле и би изнеле барања за подобрување на својата положба биле безуспешни поради државната репресија која ги попречувала, а биле и апсени под обвинувања за противдржавна активност. Штрајкови скоро и да немало, а единствени синдикати чие работење било допуштено биле државните железнички синдикати. На опаѓањето на наемнините влијаела и миграцијата од село во град поттикната од осиромашувањето на селата, кое било сврзано со недоволните приходи кои можеле да ги обезбедат ситните земјишни поседи и општата економска ситуација. Присутна била и појава на земјоделци кои по завршувањето на земјоделските работи дополнителен приход барале по градовите и најчесто се ангажирале на изградба и реконструкција на патишта, преработка на тутун и други работи.[23]

Помеѓу 1918 и 1929 година биле донесени серија законски прописи со цел да се уреди индустријата, индустриската сопственост, работењето на инженерите и нивните стручни организации, заштитата на работниците и работничкото осигурување итн. Но *негативно на можноста за засилен индустриски развој влијаела и густината на* населението бидејќи во просек на 1 км2 живееле 32,3 лица, со што вардарскиот дел на Македонија се вбројувал меѓу најретко населените покраини, додека просечната густина на населението во Кралството СХС изнесувала 48,8 лица на 1 км2. Исто така негативно на можноста за развој на земјоделското производство била ретката

---

[21] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 261-263

[22] Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918 – 1941, БАН, София, 1983, стр. 44

[23] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 263-264

населеност на селата во кои во просек имало 278 лица по населено место, додека во Војводина имало 3.026 лица по населено место.[24]

Во вардарскиот дел на Македонија новата држава правела напори да води и прогресивна здравствена и социјална политика, и затоа во 1922 година биле донесени закони за осигурување на работниците и за пензиско осигурување на службениците, што до 1924 година се вршело преку окружна управа од Белград која имала своја експозитура и во Битола, па така кон крајот на 1928 година во Битола имало 1769 осигурени лица, но забележано било дека работодавците ги пријавувале работниците на пониски износи на осигурување од реалната заработувачка што ја имале. Во битолската област исто така била формирана инспекција на трудот, чие што седиште се наоѓало во Битола.[25] Но и покрај тоа, масовно биле кршени прописите за должината на работното време, па така често тоа изнесувало 12, 14 или дури 16 часа. Најголем дел од работниците не биле здравствено осигурени, особено оние кои биле вработени во железниците, рудниците и изградбата на патишта и пруги. Железничките работници и рударите биле изземени од здравственото осигурување со одлука на Министерството за сообраќај и Министерството за шуми и руда. Рударите покрај ниските плати, поради природата на работата и лошите работни услови често заболувале од најразлични заболувања, а годишно секој петти рудар имал некаква незгода на работа.[26]

Мрежата на здравствени организации во споредба со останатите делови на Кралството била далеку понеизградена, а во Скопје во 1921 година било формирана обласна санитетска управа за „Јужна Србија“, во состав на Министерството за народно здравје. Со цел поорганизирано спроведување на здравствената заштита се отпочнало со формирање на Домови на народно здравје, и таков дом бил формиран и во Битола, но во селата ретко каде имало здравствена установа, а и тие биле со неквалификуван персонал, снабдени единствено со купатило, апарат за дезинфекција и прибор за земање на крв. Во градовите биле воведени и т.н. дезинфектори, лица кои вршеле превенција на заразни болести, дезинфекција на училишта, болници, хотели и други јавни установи. Како составен дел на социјалната политика биле формирани и државни детски домови кои требало да се грижат за децата без родители, а во Македонија такви биле формирани во Битола и Скопје. Со оглед на широката распространетост на маларијата во Скопје бил формиран во 1922 година и Институт за тропски болести во кој освен испитување на вода и храна, се вршеле и акции за мелиоризација на скопското поле, а слична дејност како овој институт вршела бактериолошката станица во Битола. Властите на Кралството СХС свесни за слабо организираниот систем на здравствена заштита во овој дел од Кралството во 1926 и

[24] Ibidem, str. 251
[25] Ibidem, str. 126-130
[26] Ibidem, str. 360-361

1927 година предвиделе и планирале изградба на болници во Битола и други градови.[27]

Иако пред Првата светска војна во Битола имало пет болници, после војната преостанала само една која била здравствен центар за целата битолска област. Условите за работа во болницата во Битола биле очајни, а објектот во кој се наоѓала бил во мошне лоша состојба. Болестите од кои боледувало населението најчесто биле последица на недоволна хигиена и слаба исхрана, така што биле застапени болести како: антракс, чир на желудецот, нефритис, скорбут и пелагра, што заедно со дефицитарноста и неквалификуваноста на медицинскиот персонал генерирало високи стапки на смртност. Се отворале и аптеки по пат на дозволи давани на конкурс, така што секоја аптека имала определен реон одреден од страна на конкурсната комисија, а во Битола имало повеќе аптеки, односно во 1924 година вкупно 5 аптеки.[28]

Иако излегувале повеќе списанија со здравствена тематика, подигнувањето на здравствената култура кое би требало да ги искорени нехигиенските навики било тешко остварливо поради високиот процент на неписмено население. За намалување на смртноста кај новороденчињата и децата во 1924 година биле отворени и школски поликлиники, а таква била отворена и во Битола, како и дом за лечење на деца на Пелистер. На учениците не им биле вршени лекарски прегледи, а во наставата предвидената гимнастика најчесто не била изведувана. Често боледувале од грип, дифтерија, различни цревни и заразни заболувања, проследени со распространетата анемија и неухранетост. Најдобро организирана во поглед на зачувување на здравствената состојба на учениците била битолската Богословија, каде што често се вршеле здравствени прегледи и која имала своја амбуланта. Маларијата била мошне раширена, поради што државата преземала акции за набавка на кинин и бесплатно делење на населението. За регулирање на маларичните подрачја се преземале акции за уредување на речните корита, исушување на мочуришта, пошумување, чистење на бреговите од водни растенија.[29]

Смртноста кај населението била висока и се умирало од болести за кои иако постоеле лекови и биле излечиви, поради недостиг и слабата здравствена мрежа тие биле недостапни за населението. На рашireноста на болестите им погодувала слабата исхрана на населението и често немањето ниту соодветна облека. Според процентот на починати лица од туберкулоза Кралството СХС било на прво место во Европа. Мошне биле раширени и венеричните болести па така во 1925 година од 27.358 заболени лица во Кралството СХС, две третини доаѓале од просторот на „Јужна Србија". И покрај независната и добро организирана здравствена служба која ја имала војската на подрачјето на Третата армиска област во чиј состав влегувал и вардарскиот

[27] Ibidem, str. 126-130.
[28] Ibidem, str. 131-133
[29] Ibidem, str. 352-354

дел на Македонија, и таа не била поштедена од заболување, па поради тоа се предлагале почести дезинфекции, подобра исхрана, набавка на мрежи против комарци и редовно делење на дози кинин. На болестите им погодувало и тоа што лекарите во државните служби услугите кои требало да ги даваат бесплатно, во голем број случаи ги наплаќале, што ги правело недостапни за сиромашното население. Покрај нехигиенските навики населението најчесто никогаш не ги варосувало своите куќи со што би се извршила дезинфекција, во куќите се спиело на подовите, се спиело во исти простории со стоката која се чувала, а само 20% употребувале хигиенски средства. Болестите се пренесувале преку водата за пиење чија здравствена исправност не била никогаш контролирана и не се преземале мерки за постигнување на здравствена исправност.[30]

Со завршувањето на Првата светска војна освен што била потврдена промената на поробувачот, наметнатото ропство добило поизразени димензии бидејќи за разлика од отоманскиот период, овој облик на ропство се стремел и кон поробување на духот, умот и чувствата. Поради водените воени дејствија подолг период, поделбата на етничката територија и прекинот на врските помеѓу населението од поделените делови, ситуацијата дополнително се влошила, а економијата била скоро целосно замрена. Вардарскиот дел на Македонија во обременетото Кралство од проблеми добивал на значење најмногу во ситуации кога ќе се случеле некои инциденти или за време на предизборие кога биле неопходни гласови. Сите останати аспекти на живеењето не само во споредба со развиениот свет туку и во споредба со останатите делови на Кралството со исклучок на Косово и Метохија биле крајно неразвиени, а населението било изложено на постојани егзистенцијални стравови, несигурност и во чести случаи гладување.

## 1.2 Последиците од војната во Битола и битолско

Битола пред Балканските војни и пред Првата светска војна бил најразвиен град на територијата на вардарскиот дел на Македонија, а бил и исклучително културно и економски развиен. Во градот имало 25 училишта, меѓу кои: турски, српски, грчки, бугарски, романски, американски, француски и еврејски, па дури две третини од населението било писмено. Градот имал богато развиена трговија која се одвивала во безистени, еснафски поделена чаршија и богати пазари кои се снабдувале користејќи ја добрата сообраќајна поврзаност и добрата местоположба.[31]

[30] Ibidem, str. 356-360
[31] Ibidem, str. 51

Битола и битолско за време на Првата светска војна се нашле во средиштето на воените збиднувања бидејќи во непосредна близина се протегал Македонскиот фронт. Окупацијата на еден дел од битолскиот округ од страна на Централните сили траела една година, потоа по преземената офанзива во септември 1916 година француско-српските единици го заземаат Кајмакчалан, а на 19 ноември 1916 година ја заземаат и Битола. Со ова, Битола и селата во нејзиниот округ не престанале да бидат во центарот на воените дејствија се до крајот на војната. Ова довело и до постојано бомбардирање на градот и околината од страна на германските и бугарските единици кои се наоѓале во непосредна близина, што резултирало со голем број на жртви, воени разурнувања и глад. Од воените разурнувања, гладот, воените мобилизации и реквизиции, градот и околината особено биле испустени.[32] Освен уништувањето на многу куќи и згради, уништени биле и голем број на занаетчиски дуќани и ретките фабрики. Селата Трново и Магарево биле до темел разурнати од секојдневните артилериски бомбардирања, а со тоа и текстилните фабрики кои се наоѓале во овие села, додека текстилната фабрика која се наоѓала во село Дихово од страна на Бугарите била демонтирана и пренесена во Бугарија. Биле разрушени и многу куќи во околните битолски села.[33]

По заземањето на градот и дел од околината била воспоставена српска власт со седиште во Битола и покрај секојдневните бомбардирања. Трговијата во градот била замрена и владеел општ глад. Српската администрација имала и неколку свои канцеларии во околните села, а српските единици имале овластувања да ги апсат дезертерите, да спречуваат кражби, разбојништва и шверц на оружје, да ги решаваат судирите помеѓу српско-сојузничките органи и локалното население, да издаваат дозволи за отворање на кантини, трговија со прехранбени производи и тутун. Населението често се жалело на постапувањето на српските и сојузничките војски: србите краделе стока, додека француските војници рушеле куќи со цел да го искористат градежниот материјал за огрев и ги напаѓале жените. Ваквата состојба и стравот од можноста по завршувањето на војната во вардарскиот дел на Македонија да биде создадена плебисцитарна зона, биле причина српското Министерство за внатрешни работи да формира Одделение за исхрана на населението, кое делело храна по претходно утврдување на имотната состојба на корисниците на помошта, а со цел да ги придобие симпатиите. Воедно полициските службеници добиле задача да вршат обиколки на селата, да поведат грижа за состојбата на црквите, гробиштата, патиштата и училиштата, а на населението му било дозволено да сечи дрва за огрев и да употребува дрвен јаглен. Во текот на 1917 година српската влада презела мерки за поправка на оштетените куќи. Во јануари 1917 година била формирана и Воено-стопанска дирекција која организирала стопански активности (земјоделски, трговски,

---

[32] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.34-36

[33] Трајче Грујоски, Битола – дејството на основните фактори врз општествено-економскиот развиток, Битола, 1971. стр. 63

транспортни, рударски, шумарски) и која ја организирала трговијата со сојузничките војски.[34]

Недостатокот на основни прехранбени производи и економската немоќ, веднаш по завршувањето на војната довеле до појава на енормна инфлација и шпекулации со цените на производите. Цените биле во постојан пораст, додека снабдувањето било нередовно, така што луѓето не можеле да си купат ниту брашно по минимални цени кое било продавано од страна на државата со цел да се интервенира на пазарот за да се оневозможат шпекулациите и да се спречи појавата на глад. За таа цел во вардарскиот дел на Македонија бил отворен „Уред за снабдување" кој имал своја филијала и во Битола и кој требало да се грижи за редовно снабдување на населението по прифатливи и разумни цени, но поради корумпираноста на администрацијата од овој уред, тој не успеал да ја реализира својата задача. Цените растеле и во текот на 1920 година што доведувало до чести реакции, а биле покренати и расправи пред Привременото народно претставништво. За разлика од се повисоките цени, надниците и платите бележеле опаѓачки трендови со што сиромаштијата станувала се подрастична.[35]

Настанала промена и во општествените односи, при што луѓето настојувале својот опстанок да го обезбедат со преминување од феудално-зависни кметови во наемни работници. Владеел огромен глад, што со себе донел и негативни појави како шпекулации, шверц и бандитизам. Особено бил развиен шверцот со добиток кој го вршеле воените лиферанти, кои под изговор дека купуваат добиток за војската го препродавале во соседна Грција.[36]

Сточарството како значајна стопанска гранка за тоа време, најмногу поради воените реквизиции бележело значителни загуби, бидејќи сточниот фонд бил десеткуван. Огромни површини на земја биле необработени поради постојаните воени дејствија и испреплетени со бодликави жици, ровови и гранати.[37]

Последиците од војната и тешката економска положба довеле и до влошена социјална и здравствена состојба на населението во вардарскиот дел на Македонија. За ова се расправало и на седниците на парламентот на Кралството СХС, при што ситуацијата била опишувана како очајна поради тоа што војските од другите континенти донеле и многу нови болести, а најраширена била маларијата. Поради ова и словенечките пратеници барале словенечките младинци да не бидат испраќани да служат војска во вардарскиот дел на Македонија. Се барало отворање на маларични и здравствени станици и вработување на општински лекари. За споредба ако во

---

[34] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 33-34

[35] Иван Катарџиев, Борба до победа, Том IV, Мисла, Скопје, 1983. стр. 257 – 260

[36] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.45

[37] Ibidem, стр.44

Словенија на 3.000 лица имало по еден лекар, во вардарскиот дел на Македонија на 50.000 до 100.000 лица имало по еден лекар.[38]

Мошне раширени биле и заразните болести : маларијата, туберколозата, тифусот и други, а туберколозата најраспространета била во брегалничката и битолската област. Недостигале лекарства за сузбивање на овие болести, а погодно тло за развој на маларијата претставувале мочуриштата кои биле легла на комарци и кои се наоѓале во битолското поле, а за кои било потребно преземање мерки за нивно исушување и мелиорација.[39]

Биле преземани активности за подобрување на состојбата со водоснабдувањето, регулација на речните корита и исушување на барите кои биле извор на комарци и маларија. Вода за пиење во Битола имало преку изграден водовод до седиштето на воената команда, а во 1928 година се работело на доведување на питка вода до Богословијата и битолскиот гарнизон. Биле вршени мелиорациони работи, и изградба на водоводи на повеќе места за водоснабдување на населението. Онаму каде што немало можност и извори за изградба на водоводен систем, се бушеле артерски бунари. Во зачеток било и формирањето на водни задруги и изградба на водоводни мрежи за наводнување за потребите на земјоделието. Во некои населби биле градени и канализации, како Скопје и Куманово.[40]

Вкупната штета која за време на Првата светска војна била нанесена на просторите на Србија, Македонија, Косово и Метохија спрема проценката на делегацијата на Кралството СХС во Париз изнесувала од 7 до 10 милијарди златни франци. На бугарската окупациона територија за време на војната биле убиени 35.000 луѓе. Постоечките мостови, железнички пруги и тунели биле во голема мера уништени и дополнително го отежнувале и онака неразвиениот сообраќаен транспорт. Непрекинатото бомбардирање на Битола, кој прво бил бомбардиран од французите, а потоа од германците и бугарите кои испалиле вкупно 13.415 гранати, однеле 508 човечки животи, раниле 755 лица, 3.198 куќи биле целосно или значително уништени, а расселени биле над 20.000 лица. Изразено во проценти Битола имала 41.2% помалку население отколку пред 1910 година, а една третина од градот во војната изгорел или бил срушен.[41]

Иако по завршувањето на војната на Кралството СХС му биле исплаќани финансиски и материјални средства од воените репарации, тие го заобиколиле вардарскиот дел на Македонија, па така десетици илјади грла стока од Бугарија и 60.000 овци и 17.500 крави кои германците ги дале како воена отштета не завршиле во

---

[38] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр.146-147.
[39] Ibidem, стр.149.
[40] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 275-276
[41] Ibidem, str. 36-38

деловите од Кралството СХС од каде што биле одземени и каде што се воделе најинтензивни воени дејствија. Исто така и средствата кои биле наменети за исплата на воените инвалиди и фамилиите од кои загинале лица кои се бореле во српската војска и каде што воените страдања биле најголеми, нередовно или воопшто не ја добивале инвалиднината, па така во 1922 година во вардарскиот дел на Македонија биле исплатени само 5% од предвидените средства за исплата на инвалиднина.[42]

Неповолната состојба предизвикала засилени миграциони движења од пограничните предели кон внатрешноста на вардарскиот дел на Македонија, односно кон Скопје како нов административно-политички центар преку кој се одвивал севкупниот стопански живот. Исто така вардарскиот дел на Македонија во рамките на Кралството СХС станал периферно подрачје во кое мошне слабо се инвестирало. Освен значајните човечки загуби и материјални разрушувања од воените дејствија, поради неразвиената индустрија овдешното стопанство имало провинциски и локален карактер и недоволно било застапено на југословенскиот пазар. Овој дел од Кралството бил одбегнуван за инвестиции и од југословенскиот и од странскиот капитал бидејќи бил сметан за небезбедно и ризично подрачје.[43]

Емиграцијата која првично настанала по завршувањето на Првата светска војна ја сочинувале пред се турци, исламизирани македонци и мал број на албанци кои се иселувале во Турција чувствувајќи ја како своја татковина, поттикнати од заедничката религиозна припадност и изгубените општествени позиции, влијание и значења. Така од битолско целосно се иселиле турците од селата Дихово, Братиндол и Кажани. Друг облик на емиграција биле македонците кои по завршувањето на војната останале во Бугарија или таму останале при повлекувањето на бугарските војски. Иако можеби некој имал желба да се врати во вардарскиот дел на Македонија, тоа било скоро невозможно бидејќи дипломатското претставништво на Кралството СХС во Софија не постапувало по поднесените барања за издавање на дозволи за враќање. Емиграцијата поради неподносливата положба и загрозените животни услови се засилувала и покрај рестриктивниот закон за иселување кој дозволувал емигрирање единствено во прекуокеанските земји поради заработка со физичка работа. Емигрирањето било отежнато и од сложената и подложна на корупција постапка за добивање на патна исправа и виза за излез од државата.[44] Иселеништвото во вардарскиот дел на Македонија веќе имало подлабока традиција, а меѓу попознатите печалбарски краишта биле битолскиот, струшкиот, охридскиот, ресенскиот, прилепскиот, тетовскиот и кавадаречкиот. Најголем дел од печалбарите по долгогодишна работа се враќале во земјата каде што граделе куќи или вложувале во

---

[42] Ibidem, str. 36-38

[43] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр.121-122.

[44] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 205-207

некој облик на производство, но тука повторно наидувале на самоволната и корумпирана администрација и рашireното беззаконие.[45]

Земено во целост, предизвиканите последици од воените дејствија и разурнувањата и променетиот општествено-економски амбиент радикално го деградирале живеењето и животните услови во вардарскиот дел на Македонија со акцент на битолскиот регион и Битола поради непосредноста на фронтот. Но овие последици и по завршувањето на војната не биле санирани бидејќи државата не само што инвестирала недоволно туку и мал дел од воените репарации биле наменети за овој дел од Кралството. Со тоа се влошиле и условите во останатите сфери на живеењето, а репресиите, бедата и очајот довеле до појава на се позасилена емиграција. Промената на трговските текови најмногу ја погодила Битола и таа од економски и административно-политички центар за време на Отоманската империја, станала слепо црево и периферија во овој дел од Кралството СХС, без изгледи за скорешно подобрување на ситуацијата.

[45] Ibidem, str.265-266

# Втора Глава

# Мерките на властите на Кралството СХС за зацврстување на српската власт во Битола и битолско

## 2.1 Административна поделба и цивилна администрација

Во Кралството СХС била извршена класична поделба на власта согласно начелото за поделба на власта на законодавна, извршна и судска власт. Според Видовденскиот устав, законодавна власт и законодавна иницијатива имале Кралот и Народното собрание. Кралот бил носител на извршната власт која ја спроведувал преку Министерскиот совет, односно Владата на Кралството СХС која ја именувал, и таа му била политички одговорна нему, а не на Народното собрание. Државната управа ја сочинувале 18 министерства, во кои како министри најчесто доминирале срби, како и на чело на Владата. Судската власт била извршувана од страна на судовите кои се делеле на: Врховен управен суд, Касационен суд, апелациони и општински судови. Имало и облици на регионална и локална управа која се делела на: области, окрузи, околии и општини, во чии рамки свои подрачни единици имале војската, финансиската управа, судството итн.[46]

Организацијата на српската власт првично почнала по Балканските војни. Тогашната влада на Кралството Србија го разделила вардарскиот дел на Македонија на 7 окрузи и тоа : Битолски, Дебарски, Кумановски, Скопски, Штипски, Тетовски и Тиквешки. Во окрузите покрај државната власт постоеле и органи на локална самоуправа какви што биле окружните собранија и окружните одбори чија цел била да водат грижа за просветните, стопанските, сообраќајните, санитетските и финансиските интереси. Општините имале општински суд, општински одбор и општинско собрание.[47]

Во 1919 година во Кралството СХС бил укинат Дебарскиот округ, но и понатаму имало 7 окрузи : Битолски, Брегалнички, Кумановски, Охридски, Скопски, Тетовски и Тиквешки. Со Видовденскиот устав од 28 јуни 1921 година управата во Кралството СХС се делела на области, окрузи, околии и општини. Вардарскиот дел на Македонија бил поделен на три области : Битолска, Брегалничка и Скопска. Битолската област била најголема со површина од 11.696 км2 и била составена од 14 околии : Битолска (Битола), Дојранска (Валандово), Гевгелиска (Гевгелија), Горнодебарска (Дебар), Кавадаречка (Кавадарци), Кичевска (Кичево), Крушевска (Крушево), Мариовска

---

[46] Ibidem, str. 67

[47] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр. 24-25

(Битола), Неготинска (Неготино), Охридска (Охрид), Преспанска (Ресен), Прилепска (Прилеп), Струшка (Струга) и Струмичка (Струмица).[48] Битолскиот округ имал површина од 5.803 км2 и во неговото подрачје живееле 134.535 македонци кои во пописот од 31 јануари 1921 година биле заведени како срби или хрвати, 19.209 албанци, 18.007 турци и 4.425 власи или вкупно 180.732 лица. Во вкупната структура на населението македонците биле застапени со 67,6%, србите и хрватите со 0,8%, албанците со 13,9%, турците со 14,9%, ромите со 1,6% и останати со 1,2%. Во 1921 година густината на населението во битолско-прилепската котлина изнесувало 42 лица на км2, што претставува ретко населено подрачје.[49]

По завршувањето на Првата светска војна вардарскиот дел на Македонија заедно со Стара Србија (назив кој се однесувал на територии кои денеска се составен дел на Косово и Метохија, дел од територијата на денешна Србија во тромеѓето помеѓу Црна Гора, Србија и новоформираниот протекторат Косово) влегол во новосоздадената административно-територијална единица, односно областа наречена „Јужна Србија". Тогашната големосрпска пропаганда настојувајќи да го докаже своето историско право на владеење со оваа област постојано пропагирал дека е нераскинлив дел од српската национална историја и колевка на српската култура, традиција и писменост.[50]

Областите претставувале самоуправни единици и во нивниот делокруг спаѓале: обласните финансии, градежните прописи и јавните работи, унапредувањето на економијата и помагањето на занаетчиството, индустријата и задругарството, здравствените установи и социјалните работи, просветата и стручното образование и други надлежности. Органи на обласната самоуправа биле обласното собрание и обласниот одбор, кои биле изборни тела, но нивните одлуки големиот жупан можел во секој момент да ги суспендира.[51]

Секоја област била раководена од голем Жупан кој го поставувал Кралот, и тој раководел со останатите работи на државната управа. Од неговата надлежност биле изземени големите градови кои имале посебни градски управи. Биле предвидени и самоуправни органи избирани од народот : обласни собранија и обласни одбори. Оваа организација била пресликана и во околиите со кои раководеле околиски началници и самоуправни органи: околиски собранија и околиски одбори. Општините и според Видовденскиот устав биле сочинети од општинско собрание, општински одбор и општински суд. Иако предвидени во Уставот, со Законот за обласната и околиската управа и со Законот за општинската управа окрузите не биле воведени како

[48] Ibidem, стр.25
[49] М –г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 45-47
[50] Споменица двадесетпетогодишњице ослобоћења Јужне Србије 1912 – 1937, Скопље, 1937. стр. 1-3
[51] М –г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 77

територијални управни единици, така што поделбата била изведена на области, околии и општини. Со овие закони биле разграничени надлежностите помеѓу централните и локалните органи и дел од надлежностите биле пренесени на локалната самоуправа.[52]

Жупаните раководеле со областите и биле директно потчинети на Министерот за внатрешни работи. Тие согласно законодавството морале да бидат правници кои поминале најмалку 15 години во државна служба, а биле потпомагани од администрација која им била ставена на располагање. Нивни помошни органи претставувале окружните началници кои биле задолжени да ја контролираат работата на околиските органи и да решаваат по жалби на нивните акти. Во однос на окружните началници како општ проблем се појавувала нивната недоволна квалификуваност. На чело на околиите стоеле околиски поглавари кои исто така морале да бидат правници со најмалку осум години поминати во државна служба и кои на располагање исто така имале администрација. Околиските самоуправи имале надлежности во доменот на: околиските финансии, јавните работи, околиските имоти, мерките за унапредување на земјоделието, основање и управување со околиски заводи за бездомници и негување на болни, помагање на околиските занаети, индустрија и задругарство и други надлежности. Органи на околиската самоуправа биле околиското собрание и околиски одбор.[53]

Општините како посебни облици на локална власт имале свои надлежности и улога во поглед на уредувањето на животот на населените места кои што спаѓале во нивното подрачје. На седниците на општинското собрание на градот Битола се одлучувало за цените на основните прехранбени производи: брашното и лебот, потоа за одредување на цените за печење на леб и други јадења од страна на фурнаџиите, по барања на граѓаните за уредување на улици, чистење на канали, прием на граѓани во жителство на општината, за доделување на општинско земјиште под закуп на физички лица, за доделување на земјиште на користење за потребите на различни институции и установи, за доделување на парична помош по барање на лица западнати во немаштија итн.[54] Општинските одбори назначувале и лица кои се грижеле за нормално функционирање на позначајните цркви во градот Битола, потоа избирале членови на даночната управа на градот, судии на општинскиот трговски суд.[55] Општинскиот одбор исто така одлучувал по барање на лица за признавање на домицил за лица на кои му било потребно за стекнување на државјанство по тој основ,[56] како и за воведување на извозни такси за предмети и роба кои се извезувале

---

[52] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр. 26-27

[53] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 76-77

[54] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 1 Градско поглаварство на градот Битола, книга 15, а.е.5, лист 11-12.

[55] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 1 Градско поглаварство на градот Битола, книга 15, а.е. 19, лист 40-41.

[56] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 1 Градско поглаварство на градот Битола, книга 15, а.е. 20, лист 42

во странство и за воведување на увозни такси на предмети и роба кои се увезувале во рамките на подрачјето на општината.[57] Со одлука на општинскиот одбор од 18 јуни 1924 година по предлог на Жупанот на битолската област била формирана и општинска полиција или таканаречена Градска стража со задача да се грижи за одржување на јавниот ред и безбедност на подрачјето на општината.[58] Општинскиот одбор имал улога и во постапка кога некое лице барало помилување од страна на Министерството за правда, па така тој давал мислење за тоа дали барателот е лојален граѓанин, кое несомнено било од пресудно значење дали на одредено лице ќе му биде укината или намалена казната затвор или смртната казна ќе му биде заменета со поблага казна.[59] Општинскиот одбор ги одредувал и цените за електрично осветлување за граѓаните и фирмите во градот Битола, а ја одредувал и висината на платите и надоместоците на службениците кои што општината ги плаќала од својата каса.[60]

Со актот на обединувањето Кралството СХС се соочило со задача да воспостави нов правен поредок кој требало да ги замени поранешните шест различни правни поредоци кои важеле претходно. Освен редовните судови кои се делеле на околиски, окружни, апелациони, касациони и трговски, постоеле и посебни судови какви што биле воените судови, црковните судови, управните судови, судовите на добрите луѓе и други правосудни институции кои имале одредени функции на пресудување. Во рамките на секоја околија постоел околиски првостепен суд кој судел во граѓански, трговски, менични и извршни предмети до 12.000 динари и кривични дела кои биле казниви до една година затвор, а кај овие судови се воделе и земјишните книги. Окружните судови биле повисоки судови кои суделе во совет предмети чија вредност надминувала 12.000 денари и кривични дела кои биле казниви над две години затвор. Првостепени судови постоеле во сите градови во делот на Вардарска Македонија, вклучувајќи ја и Битола, но забележлив бил недостатокот на квалификуван кадар.[61]

Во рамките на „Јужна Србија" највисок суд бил Апелациониот суд со седиште во Скопје, кој претставувал второстепена судска инстанца. Касациониот суд како највисок суд имал свои одделенија во сите градови и ја вршел судската власт во трет и последен степен, решавал за судирот на надлежности помеѓу различни судови, помеѓу судови и други управни органи и давал правни мислења. Во Битола исто така постоел и Шеријатски суд кој бил надлежен за брачни спорови кај муслиманското население. Судовите на добрите луѓе претставувале посебен облик на судска власт кои решавале за спорови настанати помеѓу занаетчии, ученици, помошници, работодавци и друго.

[57] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 1 Градско поглаварство на градот Битола, книга 15, а.е. 24, лист 50-51
[58] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 1 Градско поглаварство на градот Битола, книга 15, а.е. 32, лист 70-72
[59] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 1 Градско поглаварство на градот Битола, книга 15, а.е. 49, лист 110-112
[60] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 1 Градско поглаварство на градот Битола, книга 18, а.е.1, лист 1
[61] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 106-108

Овие судови исто така посредувале при склучување на колективни договори и останати спорови помеѓу работодавците и работниците.[62]

Составен дел на државната власт на Кралството СХС бил затворскиот систем кој бил познат по својата ригорозност и супстандардни човечки услови за издржување на затворските казни. Освен различните видови на санкции кои управникот на затворот можел да им ги изрече на затворениците, често и нивната работна сила била користена за лични цели и потреби на управниците на затворите. Не ретки биле случаите на брутално постапување, претепување и сакатење на затворениците, а особено била критикувана праксата на повеќегодишен притвор без да е донесена некаква пресуда. Во текот на 1927 година околу 7.500 луѓе се наоѓале низ затворите во „Јужна Србија".[63]

За функционирање на железничкиот систем со формирањето на Кралството СХС за територијата на вардарскиот дел на Македонија била задолжена железничката администрација, додека железничките чиновници биле поставувани на предлог на Министерот за сообраќај и тие скоро редовно доаѓале од Србија. Посебна улога имала железничката полиција која била задолжена за безбедноста на железничкиот сообраќај и која била раководена од именуван комесар. Поради влошените безбедносни услови железничката администрација во овој дел од Кралството имала повисоки дневници од 25% и право на додаток за домување.[64]

За особено корумпирана и неодговорна важела поштенската администрација на Кралството СХС, а чест бил случајот во вардарскиот дел на Македонија за поштенски службеници да бидат праќани лица под казна. Проблем претставувало отворањето на писмата и поштенските пратки, заради што се развила појава коренсподенцијата да се одвива преку трговските фирми, а поимотните луѓе често закупувале фахови во поштите. Во поштите писмата биле оставани во посебни прегради, најчесто во ходниците, па секој можел да земе што сака. Ова било сврзано и со проблемот на поштенската достава која најчесто била нередовна. Се случувале и чести финансиски малверзации и измами во работењето на поштите.[65]

Во Кралството СХС поштите со Уредба од 18 октомври 1922 година биле категоризирани на 4 класи, при што поштите во Битола, Скопје и Штип биле категоризирани во пошти од прва класа. Со помош на воените репарации кои ги плаќала Германија се правеле напори за развивање на телеграфијата и телеграфски станици биле поставувани во поголемите градови. Била изградена и телеграфска линија која Битола преку Лерин ја поврзувала со Солун. Се работело и на изградба на телефонска мрежа, а од 1925 година Битола со телефонска линија била поврзана со

[62] Ibidem , str. 106-108
[63] Ibidem, str. 109-111
[64] Ibidem, str.85
[65] Ibidem, str. 85-86

Охрид, во 1926 година железно-жичената телефонска линија Битола – Скопје, била заменета со бакарно-жичена. Сепак интензитетот на извршените телефонски разговори во вардарскиот дел на Македонија во 1929 година бил незначителен во споредба со другите делови од Кралството со 0,25%, а незначителен бил и бројот на телефонски испратени телеграми со 0,6%, додека не бил регистриран ниту еден меѓународен телефонски разговор. Комуникацијата била под надзор на државата и поштенските службеници имале право да ги легитимираат луѓето кои телефонирале и да ги цензурираат нивните разговори, за што се воделе дневници на извршени разговори. Разговорите во телефонските говорници морале да се одвиваат на еден од службените јазици: српски, хрватски или словенечки, додека разговори на другите јазици биле потполно забранети. Министерството за пошта и телеграф преносот на поштенските пратки го вршело со сопствени државни возила, а онаму каде што бил достапен железничкиот транспорт се користеле железниците. Чести биле поплаките како од населението така и од трговците на бавноста на поштенскиот транспорт и неговата неразвиеност, што создавало дополнителни трошоци на економијат. Гулаби писмоносци употребувало единствено Министерството за војска и морнарица, а во растојание од 40 км од граничните појаси биле отстранети сите гулабарници, а лицата кај кои ќе биле пронајдени гулаби биле строго казнувани за шпионажа.[66]

За вардарскиот дел на Македонија била формирана и Дирекција за шуми со седиште во Скопје која била во состав на Министерството за шумарство и рударство и која била надлежна за изработка на стопански планови, пошумување, одобрување на сеча и продажба на дрва. Своите надлежности ги спроведувала со помош на околиските шумски управи кои биле нејзини извршни органи. Министерството за шумарство и рударство од 1922 година започнало да поставува и станици за мерење на врнежите и висината на водостојот на реките и езерата.[67]

Администрацијата во „Јужна Србија" важела за неквалитетна и корумпирана администрација, која дополнително добила моќ со „Уредбата за приоритет на цивилните власти над воените во новоослободените краишта" од 1914 година, која се применувала и подоцна. Критикувано било брзото богатење на функционерите во овие краишта, а тоа било предмет и на извештаи и анализи од страна на воените органи на Кралството СХС. Согласно Законот за администрација и останати државни службеници од граѓански ред, администрацијата се делела на чиновници, званичници и службеници, при што право да конкурираат за вработување во администрација имале само полнолетни државјани на СХС со регулирана воена обврска или натурализирани државјани со најмалку 10 години престој. Државната служба првите три години била од пробен карактер, по што во зависност од успехот на кандидатот и мислењето на државните комисии за оценување кандидатот бил вработуван постојано или му престанувал работниот однос. Иако на државните службеници законски им бил

[66] Ibidem, str. 295-299
[67] Ibidem, str. 124

забранет политички ангажман оваа забрана често се кршела. На државните службеници исто така им било забранувано членство во управни одбори и задруги. На подрачјето на „Јужна Србија“ вкупниот број на лица во служба на државата кој го сочинувале јавната администрација и војската изнесувал околу 35.000 лица, во кој предоминантен бил српскиот етнички елемент.[68]

И наспроти декларативната забрана за политичко ангажирање, службениците биле активно вмешани во сите политички случувања, притисоци и агитација врз населението. Администрацијата во Македонија која важела за неквалитетна и корумпирана, била чест предмет на расправи во законодавниот дом на Кралството СХС каде што била критикувана севкупната организација и управа, и пројавените самоволија и семоќ на административниот апарат. Поради ваквата состојба имало предлози административната служба во „Јужна Србија“ да се ограничи на три години, при што стажот би се пресметувал бенефицирано или двојно. Се предлагало и зголемување на платите, систем на награди и независност од политиката. Освен морален и етички проблем, корупцијата ја нарушувала стабилноста на државата и вербата на населението во неа. Овој проблем од година во година се повеќе ескалирал, па се појавиле предлози за комплетна смена на администрацијата во „Јужна Србија“.[69]

Корупцијата и злоупотребите на службената положба за лични цели не биле обележје само на воено-полициските власти и цивилната администрација, туку и на највисоките политички функционери од Кралството СХС. Последните, своите позиции ги користеле за лично богатење и се впуштале во трговија со државата, настојувале да прибават концесии за искористување на најразлични природни и рудни богатства. Поволно тло за развој на овие појави претставувал и неефикасниот и корумпиран судски систем. Интересен е описот за обемот на корупцијата кој го дал весникот „Политика“ од 16 јануари 1923 година во кој е изнесено ... “ дека е подобро човек да биде Србин, отколку жител на некоја развиена западна земја затоа што за истите работи за кои Французин, Англичанец или Германец би бил во својата татковина стрелан, Србинот во својата великодушна татковина останува жив и уште добива во готово ! “ ...[70]

Освен штетите кои ги трпело од администрацијата на Кралството СХС, населението во вардарскиот дел на Македонија било приморувано и на кулук, кој за поправка на државните патишта бил предвидуван и со законодавството, па така населението морало да одработи по 7 дена во пролетта и 7 дена во есента. Со Законот за финансии од 1924 година им била дадена можност на обласните, окружните, околиските и општинските управници патиштата да ги одржуваат со употреба на кулук,

[68] Ibidem, str. 78-79
[69] Ibidem, str. 80-82
[70] Ibidem, str. 201-202

од кој биле изземени учениците, војниците, службениците, инвалидизираните лица, верските лица и жените. Во случај на избегнување на оваа обврска даночниот обврзник бил должен да го исплати трошокот направен за лицето ангажирано наместо него. Освен поправка на патиштата кулукот бил користен и за: копање на канали, пошумување, експлоатација на песок, кршење на камен, чистење на патиштата од снег и кал и други активности. Овие акции биле надгледувани и координирани од Министерството за градежништво и полицијата. Исто така и жандармеријата за потребите на изградбата на жандармериски станици, транспорт на храна и опрема и изградба на железнички пруги го вршела со употреба на кулук, а биле вклучувани и воени обврзници. Со оглед дека железничките пруги доколку биле незаштитени лесно би можеле да станат мета на четнички акции изведувани од страна на четите на ВМРО, населението било принудувано да учествува во нивното чување при што за чување на железничката пруга од Ристовац до Гевгелија дневно биле ангажирани по околу 3.000 луѓе. Населението исто така без своја волја било вклучувано и во потерите по комитските чети, па било како жив штит поставувано невооружено на чело на потерите.[71]

Облиците на државна власт кои постоеле во останатите делови на Кралството биле формирани и во вардарскиот дел на Македонија, но со изразена етнизација бидејќи предоминантен бил бројот на срби вработени во администрацијата кои биле доведувани од Србија како лојален елемент, додека македонците биле вработувани само во пониските степени на државна служба, но доколку се изјаснувале како лојални срби. Администрацијата била крајно неефикасна и корумпирана и службата во овој дел на Кралството се доживувала како минлива авантура и можност за брзо богатење што покренувало бројни критики и различни предлози за нејзино реформирање во јавноста и законодавниот дом. Но сепак штетите од ваквата состојба паѓале на товар на населението, кое дополнително било задолжено бесплатно да учествува во вршење на јавни работи. Донекаде и разбирливо е ваквото однесување на испраќаните службеници од Србија бидејќи со извесна доза на сигурност може да се каже дека тие оваа земја не ја чувствувале како своја ниту луѓето како сонародници, па токму затоа излегувале од секакви етички и морални рамки и ги злоупотребувале своите позиции.

[71] Ibidem , str. 203-204

## 2.2 Воено-полициска управа и воено-полициски мерки

За одржување на безбедноста и спроведување на репресивните мерки на државната власт на Кралството СХС на територијата на вардарскиот дел на Македонија, кои биле насочени против секаков отпор кон државните политики, биле ангажирани бројни воени и полициски единици. Нивна задача било да овозможат нормално функционирање и работа на државниот апарат во овој безбедносно нестабилен дел на Кралството.

Присуството на воено-полициски власти на територијата на вардарскиот дел на Македонија кои му припаднале на Кралството Србија датира веднаш по завршувањето на Првата балканска војна. Биле воспоставени три дивизиски области: Вардарска, Брегалничка и Битолска, кои по завршувањето на Втората балканска војна најмногу биле ангажирани спрема граничната линија со Албанија која била изразено конфликтно подрачје, поради што овие области биле прогласени за воена зона. Во рамките на овие области бил извршен попис на машкото население на возраст од 20 до 50 години, расположивата стока и запрежни коли. Со започнувањето на Првата светска војна бил направен и обид за мобилизација на воените обврзници, но регрутите од вардарскиот дел на Македонија на 15 април 1914 година одбиле да положат заклетва во касарната во Крагуевац. Поради ова некои српски функционери сметале дека не треба да биде спроведувана мобилизацијата во овие краишта, наводно поради непостоење на свест за „основните граѓански обврски". И за време на Првата светска војна најголемиот број на дезертери од српската војска бил од редовите на македонците. Голем број на мобилизирани лица преоѓал од Гевгелија во Солун за со добивање на грчки пасоши да го избегне служењето во војска. Сепак до средината на 1915 година во српската војска биле мобилизирани 58.798 војници од вардарскиот дел на Македонија, од кои 84% христијани.[72]

По навлегувањето во Битола и околината во ноември 1916 година српската војска настојувала да изврши мобилизација на машкото население, со цел да ги надомести загубите. Врз непослушните регрути биле преземани репресии и закани со најстроги мерки, а забележана била и појавата на лица кои сакале да ја одбегнат мобилизацијата да се вработуваат како работници при француската и италијанската команда. До април 1917 година регрутната комисија на српската војска мобилизирала само 2.781 обврзник поради што Врховната команда оценила дека кај македонското население постои општа одвратност спрема војните и го сметала за несигурен елемент. Ова резултирало со одлука на Врховната команда од 12 февруари 1917 година со која македонските обврзници биле распоредувани исклучително во работнички одделенија и позадински формации, а во мај 1917 година била донесена одлука за демобилизација на македонските обврзници, освен оние кои биле

---

[72] Ibidem, str. 28-31

регрутирани во текот на 1914/15 година.[73] Друга причина поради која било одбегнувано да се врши мобилизација на македонското население била интензивната пропаганда и осмислените активности на грчките воени и безбедносни служби кои освен што настојувале да обезбедат поддршка и симпатии кај сојузничките војски за присоединување на битолскиот регион по завршувањето на војната кон Грција, преземале и пропагандни активности на терен. За таа цел вршеле и мобилизација на македонци од вардарскиот дел на Македонија кои немале српски државјанства, а отпочнале да доделуваат и различни видови на парична помош на населението, пред се во Битола и битолско. Српските безбедносни служби биле свесни за сето ова поради што Министерството на војската на Кралството Србија со допис од 12 јануари 1918 година до Врховната команда побарало да се прекине со регрутирање на лица од локалното население, а оние кои веќе биле регрутирани да се демобилизираат.[74] Од страна на српската војска биле извршени огромни реквизиции, при што биле одземени: 12.848 коњи, 5.851 волови и крави, 1.175 биволи, 377 мазги, 1.994 магариња, 153 коњски и 2.629 воловски запреги.[75]

Воено-полициската власт на Кралството СХС била повторно целосно воспоставена по завршувањето на Првата светска војна. Првична грижа на властите била смирување на состојбите и воспоставување на безбедносен поредок, што било многу значајно во пресрет на одржувањето на Версајската мировна конференција, бидејќи било каков инцидент или неред би можел да ја отежне преговарачката позиција на Кралството во контекст на дефинирањето на идните државни граници. Поради ова и гарнизоните од вардарскиот дел на Македонија барале засилување, бидејќи главнината од војската се наоѓала во други краишта од Кралството. Била испратена инструкција од Белград до воено-полициските власти, во која се укажувало дека со населението треба да постапуваат „братски", и да не гиословуваат како „бугараши" затоа што не зборуваат шумадиски или литературен српски. Била издадена и уредба со која се предвидувале засилени мерки на безбедност и интернирање на лица во Србија, за кои ќе се забележи дека шират „бугарска пропаганда".[76] Со оглед на непопуларноста на реквизициите била издадена наредба од Врховната команда од 9 септември 1918 година да не се пристапува кон таа мерка освен во крајни случаи.[77]

Ситуацијата по завршувањето на војната била дополнително усложнета од широко распространетата појава на разбојништва вршени од качачки чети на кои главен плен им била стоката, која доколку успешно ја одземеле, ја префрлувале во

---

[73] Ibidem, str.31- 32

[74] Иван Катарџиев, Борба до победа, Том IV, Мисла, Скопје, 1983. стр. 170 -172

[75] Александар Апостолов, Вардарска Македонија од Првата Светска војна до изборите за конституанта – 28 ноември 1920, Годишен зборник, Том 13, Филозофски факултет Скопје, 1962 г. стр. 28-29

[76] D-r Todorovic Desanka, Jugoslavija I balkanske drzave 1918-1923, Institut za savremenu istoriju, Beograd, 1979. str. 22

[77] M –r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 36

Албанија каде што ја продавале. Исто и во источниот дел на вардарска Македонија имало појави на разбојништво од турски разбојници – Јуруци и од разбојници кои се маскирале во бугарски воени униформи. Грабежи врз населението вршеле и припадници на војската на Кралството СХС и на граничните чети кои изнудувале пари од населението. Оружјето меѓу населението било лесно достапно и раширено, што било мотив властите на Кралството СХС да воведат рестриктивни прописи за поседување и носење на оружје. Имало и обиди количината на оружјето кое било во оптек да се редуцира по пат на акции за разоружување.[78]

На 10 октомври 1918 година бил издаден декрет кој бил зачеток на идниот систем на специјални уредби кои се применувале на територијата на овој дел од Кралството, а со кој за сите лица кои ќе го нарушеле законот се предвидувал третман како на разбојници. Властите имале широки овластувања во примената на репресивни мерки, без да се остава можност на граѓаните за правна заштита. Исто така била испратена и директива до воените и цивилните власти во „Јужна Србија", со која им се укажува дека: се должни да ги откријат, уапсат или елиминираат сите лица кои работеле или работат против српските интереси, да се евидентираат лицата кои биле мобилизирани како и оние кои дезертирале од српската армија во периодот на Првата светска војна, да се евидентираат лицата кои биле комити во четите на ВМРО, како и под чие војводство и во кој реон дејствувале, потоа се барало да се евидентираат лицата кои биле учители или свештеници во периодот од 1915 до 1918 година и каде сега се наоѓаат, исто така се барало да се евидентираат учениците кои за време на Првата светска војна учеле во бугарски училишта. Со оваа директива се препорачувало остро постапување спрема сите „анационални елементи и појави".[79] Од режимот на специјални уредби позначајна била т.н. „Уредба за обезбедување на општествената безбедност во завојуваните земји" која важела во периодот по потпишувањето на Букурешкиот договор од 1913 година, а чие важење било обновено во 1918 година и се применувала до 16 август 1919 година. Карактеристично за оваа уредба е пропишувањето на сурови мерки и драконски казни со крајно зголемени овластувања на воено-полицискиот апарат, што овозможувало негово арбитрарно однесување. Илустративно е што на пример секој обид за востание се казнувал со 5 години робија, а доказ за обидот претставувало решението на полициските власти. Или на пример секое непочитување или противење на службено лице во работно време се казнувало со робија до 10 години.[80]

После 1919 година „Јужна Србија" потпаднала под Третата армиска област, која територијално-административно била поделена на Вардарска, Косовска, Битолска и

---

[78] Ibidem, str. 177-178

[79] Доц. д-р Димитър Гоцев, доц. д- р Стоян Германов, доц. д-р Иван Илчев, доц. д-р Трендафил Митев, Македония – История и политическа съдба (1912 – 1941 ), Под редакцията на проф. Петър Петров доктор на историческите науки, том II – второ допълнено издание,София, 1998, стр. 69

[80] Иван Катарџиев, Борба до победа, Том IV, Мисла, Скопје, 1983. стр. 229-230

Брегалничка дивизиска област. Започнувајќи од 20 јули 1919 година во рамките на овие дивизиски области била вршена регрутација која наишла на слаб одзив, поради што во Битолската дивизиска област била извршувана присилно, а регрутите кои не се одзвале на повикот биле испраќани во Велес. За подобрување на состојбата било предлагано интернирање на семејствата на нелојалните воени обврзници и засилена контрола на местата каде што оваа појава била помасовна.[81]

Тензиите и несредените состојби во Третата армиска област довеле до недостаток на офицерски и подофицерски кадар бидејќи била сметана за казнена колонија за офицерите. Слабата и нередовна исхрана и неповолните услови за работа биле дополнителна причина за дестимулација, поради што командата на оваа армиска област предлагала на офицерите почесто да им се одобруваат отсуства и прекоманди и право на оние кои три години служеле во овие краишта слободно да избираат во кој гарнизон сакаат да ја продолжат службата. Состојбата во Третата армиска област покренала расправи и во Народното собрание каде што се предлагало преземање на позасилени мерки за подобрување на ситуацијата. Со оглед на мешаниот национален состав на војската биле воведени правила согласно кои се овозможувало одбележување на различни верски празници, различна исхрана и различни правила во поглед на закопот на војниците и офицерите, а војската учествувала во одбележувањето и на муслиманските празници.[82] Во Битола како седиште на Битолската дивизиска област бил сместен штабот на 29-тиот артилериски полк во чиј состав биле четвртата хаубичка дивизија и првата, втората и третата батерија. [83]

Војската често била критикувана за неоправдано трошење на големи суми на пари за изградба на објекти, а оваа изградба била предмет на изразувања на сомнежи за коруптивно однесување, бидејќи била во контраст со слабо платениот офицерски кадар и неговата влошена материјална состојба. И покрај тоа забележителна била модернизацијата на војската во Третата армиска област, која била евидентна во изградбата на нови касарни, стражарници, барутани, работилници, магацини, интендантски згради и квалитетна инфраструктура во поголемите градови. Во 1926 година само во Битола биле изградени неколку магацини за муниција. Исто така Третата армиска област располагала и со поголем број на автомобили кои биле реткост и луксуз во тоа време.[84]

Војската настојувала да остави впечаток на угледна и авторитетна институција и затоа активно се вклучувала во прославувањето на националните празници, после чие одбележување организирала и забави на кои биле поканувани и други влијателни лица и претставници од државните органи, а за време на одбележувањето се барало

---

[81] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 95-96

[82] Ibidem, str. 96-97

[83] Ibidem, str. 99

[84] Ibidem, str. 101-102

присуство и што помасовна посетеност. Така на пример, по повод прославата на денот на раѓањето на Кралот Александар кој се прославувал на 17 декември, за прославата во 1928 година Командантот на битолската дивизиска област издал наредба во која детално била пропишана активноста на сите лица од воената управа вклучени во прославата. Интересно е да се напомене дека освен богослужба на која било наредено присуство на сите офицери облечени во свечени униформи, одбележување имало и во католичката црква и во една џамија и една синагога. Составен дел на оваа прослава биле и почесните стрелби и огномет. За вечерните часови била организирана забава во офицерскиот дом во Битола на која офицерите исто така требало да се појават во свечени униформи.[85]

Составен дел на административно-управната власт претставувала и полициската власт која била задолжена за одржување на власта во вардарскиот дел на Македонија. За таа цел биле ангажирани околу 35 000 лица (војници, граничари, жандарми и четници). 70 % од вкупниот состав на жандармеријата, односно 12 000 од вкупно 17 000 жандарми биле ангажирани на територијата на вардарскиот дел на Македонија кој имал густа мрежа на жандармериски станици. Полицискиот апарат бил управуван од Министерството за внатрешни работи кое било поделено на 4 одделенија: Одделение за државна заштита, Одделение за јавна безбедност, Управно одделение и Одделение за самоуправа. Одделението за јавна заштита и Одделението за јавна безбедност ја сочинувале Врховната полициска управа. Секое одделение било раководено од началник кој бил потчинет и одговорен пред Министерот за внатрешни работи. Одделенијата понатаму се делеле на отсеци кои биле раководени од шефови на отсекот, а отсеците биле поделени на оддели кои биле раководени од референти. Исто така во рамките на Министерството за внатрешни работи постоел и Генерален инспекторат за внатрешна управа. До 1929 година полициската власт во вардарскиот дел на Македонија била организирана на обласни, окружни, околиски и општински полициски управи.[86] Во однос на кадровскиот состав, полициската власт ја сочинувале добро обучени лица донесени од Србија или Црна Гора или колонисти кои биле тука населени.[87]

Поради безбедносната состојба во овој дел од Кралството била формирана и внатрешна разузнавачка служба чија задача била да прибира информации за сите форми на здружување (политички, работнички, верски и национални), и да ги пронаоѓа потенцијалните атентатори и лица кои шират комунистичка пропаганда. Разузнавачката служба тесно соработувала со воените формации, а имала развиено и свој систем на шифрирана кореспонденција. Оперативците на разузнавачката служба

---

[85] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 16 Училиштен надзорник за град Битола и ½ околија Мариовска-Битола, кут. 1, а.е. 51, лист 143

[86] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр.32-33

[87] Ibidem, стр.35-36

биле сместени во окружните началства, сосема логично со оглед дека окружните началници биле задолжени за одржување на јавниот ред и безбедност.[88]

Окружните началници кои им биле непосредно потчинети на жупаните, одржувањето на јавниот ред и безбедност го извршувале управувајќи со работењето на разузнавачката служба и жандармеријата во рамките на подрачјето за кое биле задолжени, а го вршеле и изборот на лицата кои биле вработувани во службите. Воделе регистри на политички сомнителни лица, а кај нив се слевале информациите од широко распространетите разузнавачки активности: следење на јавните собири и собирите во угостителските објекти, следење на странци, политички и воени бегалци итн. Окружните началници ги координирале: организирањето на потери по шпиони и комити, издавањето на патни исправи, дозволи за движење, издавањето на дневниот печат и други активности.[89]

Кралството СХС најмногу внимание посветувало на обезбедувањето на границата спрема Бугарија и организирањето на систем кој ефективно би ги спречил обидите за префрлување на комитските чети преку границата. Граничниот појас спрема Бугарија бил преполн со жандармериски станици, гранични пунктови и бодликави појаси. Стражарските караули на Кралството СХС биле 3 до 4 пати побројни во однос на бугарските, а на еден бугарски војник доаѓале 4 до 5 српски војници.[90] За успешна контрола на границата била формирана и погранична полиција во состав на Министерството за внатрешни работи, која посебно внимание обрнувала на лица кои имале двосопственички имоти и кои сметале дека се занимаваат со шпионажа, патниците кои ја преоѓале границата, на телеграфската и телефонската комуникација, писмената коресподенција и печатените работи, а вршела и преглед на патните исправи, контрола на преминот на лица и апсења на воени бегалци и барани лица. Пограничната полиција вршела надзор и на објектите од јавен или приватен карактер кои се наоѓале во граничниот појас.[91]

Во 1923 година била формирана и Гранична трупа која била издвоена од војската и која била во состав на Министерството за финансии. Седиштето на Граничната трупа се наоѓало во Скопје, а на територијата на вардарскиот дел на Македонија имала два отсеци во Дебар и во Битола. Скоро сите чети на Граничната трупа поради безбедносната состојба биле распоредени спрема границите кон Бугарија и Албанија. Поради тешките услови за работа имале зголемени бенефиции, меѓу кои освен солидната плата спаѓале и бесплатно добивање на дрва за огрев,

---

[88] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 86-87

[89] Ibidem, str. 87-88

[90] Д-р Зоран Тодоровски, Внатрешната Македонска Револуционерна Организација 1924 – 1934, ИП "РОБЗ", Скопје 1997 год., стр. 147

[91] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 87-88

ослободување од даноци, бесплатно лечење во државните болници и друго. Нивна главна задача била спречување на појавите на шверц и криумчарење.[92]

Жандармеријата претставувала посебен сегмент од воено-полициската управа на Кралството СХС и истата во негови рамки била унифицирана со „Уредбата за формација, опрема, надлежности, должности и настава на жандармеријата" од 26 февруари 1919 година. Нејзините активности биле управувани од нејзината команда која се наоѓала во Белград, а била сочинета од 6 жандармериски бригади кои се делеле на баталјони, чети, водови и станици, при што овие формациски карактеристики биле потврдени со Законот за жандармерија од 18 февруари 1922 година. Задолжена за одржувањето на јавната безбедност и јавниот ред и мир, таа била исплаќана од буџетот на Министерството за внатрешни работи, додека вооружување и опрема добивала од Министерството за војска. Начинот на извршување на активностите на жандармеријата биле детално регулирани со посебен Кодекс на однесување, согласно кој од припадниците на жандармеријата се барало во секоја прилика сериозен, пристоен и совесен однос и држење во однесувањето спрема населението, како и забрани за злоупотреба на својата позиција или однесување кое би го нарушило угледот на жандармеријата. Од жандармите се барало деталистичко познавање на подрачјето во кое работеле и делувале, односно познавање на: угостителските и занаетчиските објекти, возниот ред, сите позначајни лица во одредено населено место, како и познати криминалци, неработници, блудници и сомнителни лица, реките и мостовите, планините, шумите и др. Освен безбедносните акции, жандармеријата била ангажирана и за одржување на јавниот ред и мир при јавни собири и во случај на елементарни непогоди, за обезбедување на јавни објекти, контрола на трговијата при сомневање за измами, спречување на нелегална трговија со лекови, експлозиви и пуштање во промет фалсификувани пари, контрола на сообраќајот, како и реагирање и пријавување на лица кои по нивна процена се однесуваат на начин што е во судир со јавниот морал или кои критички истапуваат против државата и властите.[93] Жандармеријата имала формирано жандармериски вод во сите области во вардарскиот дел на Македонија, па и во градот Битола. Трошоците за закупнина за сместување на лицата кои биле вработени во жандармерискиот вод кој бил задолжен за подрачјето на општина Битола биле покривани од општинската каса, бидејќи така одлучил општинскиот одбор, а по барање на жупанот на битолската област.[94]

Територијата на вардарскиот дел на Македонија била во надлежност на втората жандармериска бригада. Со жандармеријата управувале министерот за внатрешни работи, жупанот, окружниот и околискиот началник, а надлежностите со полицијата често им биле испреплетени. И покрај строгите одредби и норми за однесување на

[92] Ibidem, str. 102-103
[93] Ibidem, str. 90-92
[94] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 1 Градско поглаварство на градот Битола, книга 18, а.е. 5, лист 14-17

жандармеријата и извршување на нејзината дејност, поради непознавањето на правилата и недоволната обученост често се случувало пречекорување на нејзините надлежности и несовесно извршување на службата. Запрепастувачки е податокот дека само во 1927 година поради дисциплински престапи биле отпуштени 912 жандарми. Злоупотреба од страна на жандармеријата претставувало и бесплатното ангажирање на месното население во изградбата на жандармериските станици чија мрежа станувала се погуста. Бројноста на распоредените жандармериски формации во вардарскиот дел на Македонија во однос на вкупниот број на жандармеријата во Кралството СХС бил диспропорционален, бидејќи две третини од нејзиниот состав биле упатени во овој дел од Кралството.[95] Кулукот и воените вежби биле начин со кој воено-полициските власти бесплатно го ангажирале македонското население за вршење на јавни работи или дисциплинирање кога сметале дека овие мерки ќе ги направат доволно добри „Срби". Без разлика на временскиот период, дури и кога имало различни полски работи, луѓето биле приморувани да ги извршуваат наредбите на жандармите, да им разнесуваат храна и други продукти за нивните потреби.[96]

Мерките кои се преземале се карактеризирале со жестокост и офанзивност, со цел да се уништат месните револуционерни организации и да се придобие народот. На жандармеријата и било наредено постојано да патролира и да го претресува теренот, а биле воведени и забрани во одредени места да се изведува стоката, луѓето да одат во шумите и ограничување на движењето на луѓето. Се предвидувало и уривање на колиби, кукарки и други објекти кои се наоѓале вон населените места. Иако од една страна целта била да се демонстрира државната моќ и да се обесхрабрат обидите за секаква активност која е насочена против државната власт на Кралството, се пропишувале и мерки за коректно однесување на воено – полициските сили кои требале да настојуваат да му се приближат на населението од сите вероисповести, да не се спречува практикувањето на народните обичаи, но населението постепено да се приучува на српските народни обичаи, се забранувало исмејување на обичаите, навиките и дијалектите на народниот македонски говор.[97]

Само во првите три години во вардарскиот дел на Македонија биле убиени 742 лица, срушени 110 млинови и 6.344 куќи и спалени 132 села. Чест бил случајот поради одредена комитска акција населението колективно да биде казнувано. Репресивноста на полициските власти била нотирана и во извештаите на командата на Третата армиска област во кои полицискиот кадар бил опишан како неквалификуван, необразован, во кој имало голем број на лица кои биле поранешни криминалци и престапници, кои за да издејствуваат унапредување во кариерата се служеле и со

---

[95] М–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 93-94

[96] Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, КПЈ и ВМРО (Обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920 – 1930, ИНИ, Скопје, 1974, стр. 21

[97] Д-р Иван Катарџиев, Историја на македонскиот народ, Том 4, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр. 155

создавање на случаи и виновници, апсејќи граѓани кои потоа ги принудувале да потпишат писмено признание дека соработувале и се членови на комитските чети, како и да наведат дека одредени лица соработуваат со четите. Имало случаи и на подметнување на документи со кои се докажувала наводната соработка на некои лица со четите на ВМРО. По суровите убиства и бруталности особено била позната жандармеријата која вршела неосновани апсења, претепување на луѓе, изнуда на пари и други инциденти. За сето ова скоро редовно не била покренувана никаква истрага, а осомничените лица од редовите на жандармеријата биле ослободувани од секаков сомнеж, истрага и испитување. Жандармеријата често самоволно забранувала прославување на куќни веселби, претепувала луѓе по селата, изнудувала пари од трговци, примала мито и се изживувала на најразлични начини. Оваа состојба била увидена од Министерството за внатрешни работи на Кралството СХС и поради тоа била дадена препорака до службениците на полицијата и жандармеријата да воспостават поблиска комуникација со локалното население, да ги посетуваат и одбележуваат нивните слави, да ги посетуваат погребите и да создаваат роднински и кумски врски со населението.[98]

Како причини за изразито влошената безбедност во вардарскиот дел на Македонија од страна на окружните началници во јуни 1920 година биле констатирани: законска неможност да преземаат репресивни мерки спрема семејствата на лица кои биле вклучени во комитски акции, недоволниот број на жандармерија и војска, неквалитетната администрација, неразвиената поштенска мрежа итн., поради што барале донесување на закон кој би овозможил брутално пресметување со комитите и се што е поврзано со нив, забрана за поседување на оружје, смртни казни, вооружување на „национално“ подобни лица, формирање на летечки одреди, засилување на граничната трупа и војската и подобрување на патната инфраструктура. Илустративен приказ за безбедносната нестабилност во вардарскиот дел на Македонија се мерките кои ги предлагал командантот на Третата армиска област во 1921 година. Тој сметал дека треба да се врши контрола на сите лица кои патуваат и нивниот багаж, да се контролира движењето на странците кои престојуваат во Кралството СХС и лицата кои контактираат со нив, да се контролираат лицата кои се поврзани со странските дипломатски претставништва и претставништва на странски фирми, а поштите да ја пратат кореспонденцијата на странските дипломатски претставници која се одвива на територијата на Кралството СХС. Предлози за подобрување на ситуацијата имало и од цивилните власти кои предлагале: изолирање на одредени села, одредување на места преку кои единствено би можела да се премине реката Вардар, зголемување на наградите за шпионажа, забрана на движење од една во друга општина без дозвола, промена на неквалитетната и корумпираната администрација, подигнување на објекти од јавен карактер за да се остави впечаток

[98] M –r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 198-199

кај населението во вардарскиот дел на Македонија дека присуството на властите на Кралството СХС не е од привремен карактер, како и засилување на воено-полициските активности комбинирани со засилена национално-политичка пропаганда.[99]

Главна причина за воено-полициските мерки и концентрацијата на воено-полицискиот апарат во овој дел на Кралството претставувале комитските акции организирани и изведувани од страна на четниците на ВМРО, најчесто преку Бугарија и Петричкиот округ кој им служел како организациона база во чии градови успеале да зачуваат големи количини на оружје и муниција кое не било предадено на сојузничките војски за време на разоружувањето и преку организираните пунктови за преминување преку Албанија.[100]

Дополнителни сили за одржување на безбедноста биле формирани од страна на командантите на жандармериските чети, т.н. „летечки одреди", чиј состав најчесто се пополнувал од поранешни затвореници од Србија. Попознати биле одредот на српскиот четнички војвода Јован Бабунски кој бил познат по својата бруталност, потоа одредот на Вељо Савиќ од Кратово кој извршил повеќе масовни убиства во тие краишта. Поради притисокот на јавноста поттикнат од извршените бруталности, одредот на Јован Бабунски бил расформиран. По расформирањето на овој одред во рамки на секој округ бил формиран по еден одред од педесетина лица, кои најчесто биле издржувани од месното население и прибегнувале кон малтретирање и разбојништва, што било објаснувано со слабите и нередовните примања на овие одреди. За подобрување на ситуацијата со „летечките одреди" началникот на битолскиот округ предлагал да им се плаќа по 500 динари месечно. Била направена нова реорганизација на „летечките одреди" врз основа на решение Владата на Кралството СХС од 5-ти септември 1922 година, согласно кое од доброволно пријавени лица се формираат 20 одреди од по 30 лица за гонење на комитски чети и качаци, при што Третата армиска област имала обврска да ги снабди со вооружување и доволно парични средства за исхрана. Еден од овие одреди согласно решението на владата бил сместен во битолскиот округ.[101]

Од аспект на безбедност, според признанието на тогашниот началник на државната безбедност Жика Лазиќ од 1923 година, вардарскиот дел на Македонија бил поделен на две зони и тоа : лева или зона на комитска акција која одела по линијата Прешево – Скопје – Велес – Крушево – Струмица и десна или зона на качачки акции. Владеела целосна анархија при што патот преку Бабуна и патот Битола – Охрид поради качачките акции бил небезбеден, а сообраќајните врски и стопанскиот живот прекинат и отежнат.[102] Според неговите размислувања комитските акции по завршувањето на војната повторно се појавиле поради попустливиот став на

---

[99] Ibidem, str. 183-184
[100] Ibidem, str. 189
[101] Ibidem, str. 104-106
[102] Д-р Иван Катарџиев, Време на зреење I, Култура-Скопје, 1977 година, стр. 35

сојузничките војски кои биле присутни уште неколку години по завршувањето на војната, исцрпеноста на војската од постојаниот воен ангажман од изминатите години и традицијата која ја имало комитството во овие краишта, толерантниот однос и страв на населението од комитите. Тој сметал дека безбедносната ситуација од левата страна на Вардар може да се оцени како добра и дека комитските акции се успешно неутрализирани, а можностите за премин на комитските чети преку границата крајно ограничени, додека од десната страна на Вардар ситуацијата била полоша поради лошата патна инфраструктура, малиот број на касарни и друго. Според сфаќањата на пратеникот од редовите на Радикалната партија Јован Ќирковиќ причина за успешното делување на комитските чети била помошта која ја добивале од властите на Бугарија.[103]

Работата на одделенијата на Министерството за внатрешни работи во вардарскиот дел на Македонија била критикувана во Народното собрание на Кралството СХС во 1926 година поради неговата преголема инволвираност во сите пори на општествениот живот. Било инволвирано во потврдување на исправи протестирање на меници, кривични истраги, апсења, притвори, извршување на граѓански и кривични пресуди, водење евиденција на населението, евиденција на лица кои поседуваат оружје итн. Критикувано било и вработувањето на поранешни комити на ВМРО во службите на Министерството за внатрешни работи.[104]

Како причина за безбедносната нестабилност во вардарскиот дел на Македонија во Народното собрание на Кралството СХС во дебатите од страна на опозиционите партии било наведувано беззаконието и корумпираната администрација. Така на пример пратеникот од редовите на Демократската партија, Михајло Кујунџиќ, критикувал дека досега ниту еден режим во вардарскиот дел на Македонија не бил добар, а административниот апарат бил потполно неподготвен. Тој сметал дека Македонија била третирана како колонија и дека тоа создало масовно незадоволство кај населението кое довело до комитска дејност. Според него комитите биле луѓе од Македонија, а нивната дејност била предизвикана од неподносливиот режим. Беззаконието и обесправеноста тој ги опишува на следниов начин ... " Таму е подобро да бидеш жандарм, отколку Министер за внатрешни работи во Белград. Таму е подобро да бидеш шумар, отколку Министер за шуми. Таму е подобро да бидеш полјак, отколку Министер за земјоделие и води. Се е таму силно и богато. Богато е затоа што е силно и несовесно." ... Понатаму тој критикувал дека во Македонија царува пустош, недостигаат средства, патишта, месното население не може да зазема никакви служби, личниот терор бил преголем и др.[105]

---

[103] М –г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 182

[104] Ibidem, str. 89

[105] Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918 – 1941, БАН, София, 1983, стр. 61

Засегнати од катастрофалната ситуација, на покана на Претседателот на Министерскиот совет и Министерот за внатрешни работи на Кралството СХС, жупаните и командантите на жандармеријата и полицијата од вардарскиот дел на Македонија одржале состанок во декември 1927 година, на кој утврдиле и предложиле мерки за искоренување на комитската акција. Мерките кои ги предложиле ги поделиле на безбедносни и општи мерки, при што со безбедносните мерки се предлагало: да се зголеми бројот на граничарите спрема бугарската граница за најмалку 50%, а спрема албанската и дел од грчката граница од Св. Наум до Пелистер за 40%, бројот на жандармеријата да се зголеми од 17 000 на 20 000 жандарми, целата територија да биде покриена со почести жандармериски потери и патроли, во околиите да се изберат најспособните лица за поглавари кои ќе се запознаат со локалните прилики и услови и со луѓето во тие места и ќе ја стекнат довербата на населението, да се зголемат платите на полициските шефови за подобро да ја организираат разузнавачката служба, да се обноват каде што се зграснати, а каде што ги нема да се формираат нови „здруженија за борба против бугарските бандити", во градовите да се формира современа општинска полиција под надзор на жупаните, за идната година да се предвидат нови полициски агенти: за Скопје 10, за Битола 6, за Штип и Велес по 5 итн. и други помалку значајни мерки.[106] Во општите мерки кои ги предлагале за спречување на комитските акции се содржеле и следниве предлози : да се засили колонизаторската дејност бидејќи со доведување на колонистите се зголемувала безбедноста, а тајно се врши асимилација, да се обрне внимание на иселувањето на муслиманите и да се откупуваат нивните имоти за потребите на идната колонизација, факултетот во Скопје да се укине за оние кои што сакаат да студираат да мора да одат во другите делови на Кралството, Учителското училиште во Прилеп исто така да се укине, полни гимназии да се остават само во Битола и Скопје, а во другите места само нижи гимназии во кои би се вработил лојален наставнички кадар, на местото на затворените гимназии да се отворат земјоделски и занаетчиски училишта кои ќе дејствуваат на национален план, бившите егзархиски учители да се преместат во Србија, а нив да ги заменат српски учители, да се заменат бившите егзархиски свештеници со национално свесни, во сите градови да се изградат или доврши градењето на веќе отпочнатите соколани и да се засили соколарската дејност, да се помага формирањето на национални, просветно-културни друштва, библиотеки, читалишта со одбрани книги, како и други мерки за кои сметале дека би довеле до подобрување на ситуацијата.[107]

Сеприсутноста на воено-полициските органи и служби на Кралството СХС и од нивна страна спроведуваните мерки и политики за подобрување на безбедносната ситуација останале без поголем ефект. Отпорот спрема туѓата власт бил сеуште жив и

---

[106] Документи – За борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Том Втори, УКИМ, Скопје, 1981, стр. 21-22
[107] Ibidem, стр. 23-25

организиран пред се од комитските чети на ВМРО кои упаѓале преку границата со Бугарија и Албанија и вршеле напади врз безбедносните сили на Кралството што кај нив создавало ситуација на параноја. Воено-полициските власти практикувале изразено репресивен однос спрема македонското население, а чести биле демонстрациите на нивното самоволие, корумпираност и беззаконие. И покрај различните анализи и предлози за подобрување на ситуацијата од страна на повисоките воено-полициски авторитети и синхронизираната активност и на други општествени институции, не се успеало со планираната асимилација и менување на националниот идентитет на македонскиот народ.

## 2.3 Српски режимски организации

Големосрпскиот режим освен административниот апарат и воено-полициските единици преку кои настојувал да обезбеди потчинетост на македонскиот народ, формирал и различни режимски организации кои делувајќи на граѓанска основа, всушност претставувале параван преку кој се спроведувале политиките на национална асимилација и денационализација. Дел од овие организации биле формирани како „доброволни" организации кои реагирале на појавата на комитското делување, а поголемиот дел функционирајќи во различни општествени сфери како образованието, културата и спортот, имале за задача да го придобијат населението и да ја изменат националната слика и свест на народот.

Како одговор на засилените четнички акции на 9 септември 1923 година во Штип по претходно изработен план била формирана контрачетничка организација под името „Здружение против бугарските бандити". За негов претседател бил поставен Михајло Каламатиевиќ – трговец од Штип, а за негов заменик поранешниот војвода на ВМРО, Стојан Мишев, додека за почесен претседател бил избран Коста Пеќанац. Слично на организационата структура на ВМРО, целта на ова здружение била да создаде во сите населени места свои чети, милиција и војводи кои ќе дадат заклетва дека ќе им служат на српските интереси. Ова здружение било кординирано од воено – полициските власти и освен седиштето во Штип, формирало свои ограноци и во Скопје, Битола, Велес, Прилеп, Охрид, Кавадарци, Струмица, Радовиш, Берово и други места. На членовите на ова здружение им биле ветени широки привилегии како и гаранции дека во случај на ранување, болест или други непредвидени околности ќе добијат воени пензии и други бенефиции. Исто така им било гарантирано дека во

случај на загинување на некој член на здружението, на нивните сопруги ќе им биде дадена државна пензија, а нивните деца ќе добијат привилегии од државата.[108]

Идеен креатор на ова здружение бил големиот жупан Добрица Матковиќ кој бил познат по агресивниот и брутален начин на реагирање кон комитската активност и репресивниот однос спрема населението. Голем дел од четите на ова здружение се состоеле од поранешни војводи и членови на ВМРО, а во нивните акции доминирало самоволното однесување, уценување на населението и претепување на граѓани. Финансиите за функционирање на здружението доаѓале од членарината која ја плаќале поимотните трговци и занаетчии, на кои им било страв да одбијат да го финансираат ова здружение. Четите на ова здружение вршеле и масовни апсења на луѓе и трговци кои не ја плаќале членарината, а биле забележани и случаи на масовно силување во Скопска Црна Гора.[109]

Оваа режимска организација во 1924 година броела околу 20.000 луѓе, а главна цел на нејзиното постоење и најизразена активност биле потерите против комитските чети, но се јавувала и во улога на спроведувач на терор врз населението.[110] Цел освен елиминирање на активностите на четите на ВМРО, било и подигнување на „националната свест" како и „културно и национално издигнување". Бил воведен и полициски час на целата територија на вардарска Македонија и по 18 часот никој не смеел да се движи по полињата, бидејќи властите можеле да стрелаат без предупредување.[111]

Постоењето и дејствувањето на оваа режимска организација големосрпската пропаганда меѓу двете светски војни го објаснувала како доброволно организирање на населението од вардарскиот дел на Македонија кое на тој начин поттикнато од патриотизмот кон „својата татковина", Кралството СХС, настојувало да се спротивстави на комитите кои доаѓале од Бугарија и кои биле од бугарска националност и преку кои наводно Бугарија сакала да ги оствари аспирациите за создавање на голема бугарска држава. Со тоа според овие пропагандистички ставови населението пред југословенскиот народ и пред целиот свет уште еднаш потврдило дека по своето длабоко уверување и национално чувство е само српско население, и дека бугарските аспирации кон Македонија се само фикција.[112]

---

[108] Доц. д-р Димитър Гоцев, доц. д- р Стоян Германов, доц. д-р Иван Илчев, доц. д-р Трендафил Митев, Македония – История и политическа съдба (1912 – 1941 ), Под редакцията на проф. Петър Петров доктор на историческите науки, том II – второ допълнено издание,София, 1998, стр. 118-119

[109] М –г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 194

[110] Д-р Зоран Тодоровски, Внатрешната Македонска Револуционерна Организација 1924 – 1934, ИП "РОБЗ", Скопје 1997 год., стр. 151

[111] Д-р Иван Катарџиев, Време на зреење I, Култура-Скопје, 1977 година, стр. 34

[112] Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912 – 1937, Скопље, 1937. стр. 239

Друг тип на режимски организации биле соколарските друштва, кои во вардарскиот дел на Македонија за прв пат биле формирани во 1913 година, а за нивно формирање биле испратени наставници по гимнастика, но поради отпочнувањето на Првата светска војна прекинале со секаква дејност. Соколарски друштва повторно биле формирани во 1923 година во Битола, Скопје, Штип и Куманово кои биле обединети во Соколска жупа со седиште во Скопје која од државата добила свој дом. Нивната дејност била поддржувана од државата па така биле ослободувани од плаќање на различни такси, а имале и попуст од 50% за користење на железничкиот транспорт. Иако како цел на постоењето на овие друштва било прокламирано пансловенството, несомнено дека нивна основна цел била националната асимилација на младото население, која полесно би се извршила со вклучување во нивните редови. Југословенскиот соколски сојуз настојувал да формира свои ограноци и во селата во Македонија, каде што акцентот требало да биде ставен на „националното воспитување".[113] Соколското друштво во Битола било мошне активно и во него биле вклучени професорите од училиштата во Битола кои настојувале што повеќе да го разгранат ова друштво и да направат што поширока промоција кај населението. За таа цел одржувале и предавања и курсеви за соколската идеологија, за различни краишта од Кралството СХС, за административната поставеност на Кралството, како и часови по гимнастика. Најголем дел од членовите кои биле регрутирани доаѓале од ученичката младина, и фокусот на оваа организација бил најмногу насочен кон неа.[114] Општинскиот одбор при општина Битола со одлука од 19 март 1925 година на соколското друштво во Битола му доделил земјиште и дрвена граѓа за подигнување на барака потребна за извршување на неговата дејност.[115]

Во Битола биле формирани и ограноци на различни здруженија кои имале национално-политички карактер како што се „СРНАО", „ОРЈУНА", „ХАНАО" и „МАНАО". СРНАО било национално здружение на српскиот народ во кое членувале Срби по националност и чија цел било зачувување на српскиот национален дух и негување на големосрпско национално чувство. ОРЈУНА била организација на југословенски националисти во која членувале лица од различни народности кои ги обединувала идејата за уредување на југословенското општество и држава на федеративни основи. ХАНАО била организација на хрватскиот народ која се залагала за извојување на поголеми национални права за хрватскиот народ. МАНАО била муслиманска организација формирана на верски принцип која се залагала за подобрување на положбата на муслиманското население во Кралството СХС.[116] Од горенаведените

---

[113] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 332

[114] Гимназијално образование во Битола, редакција Ѓорги Димовски, Максим Стојановски, Петар Целаковски, Александар Здравковски, Владимир Точковски, Гимназија „Јосип Броз - Тито", Битола, 1965. стр. 66

[115] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 1 Градско поглаварство на градот Битола, книга 15, а.е. 53, лист 125

[116] Македония – Сборник от документи и материали, Редакторски и съставителски колектив на Институт за история, София, 1978, стр. 709

најактивна во вардарскиот дел на Македонија била СРНАО, што претставува кратенка од називот српска национална омладина, која што била формирана од страна на политичари од редовите на Радикалната партија како противтежа на Демократската партија и ОРЈУНА која била формирана од страна на политичари од оваа партија. Оваа организација немала некои јасно формулирани идеолошки цели, но најпретпознатливо во нејзиното делување било прокламирањето на идејата на српството и југословенството сфатено од големосрпско национално гледиште, додека ОРЈУНА активно пропагирала создавање на единствена југословенска нација која постепено би се создала со стопување во единствена национална маса на српскиот, словенечкиот и хрватскиот народ. Според сфаќањата на СРНАО, Кралството СХС претставувало проширување на предвоеното Кралство Србија, во која држава Србите би требало да бидат бог и татко, додека останатите народи морале да бидат синови, доколку не сакале да бидат духови.[117]

Во Битола биле формирани и најразлични ученички здруженија како што биле здружението „Братство“ кое било формирано при богословското училиште, здружението „Св. Кирил и Методиј“ кое било формирано при гимназијата во Битола во 1919 година и здружението „Иван Гундулиќ“ кое било формирано при Трговската академија во 1922 година. Овие здруженија изведувале најразлични рецитирања, концерти и дискусии во чиј фокус биле опфатени прашања од српско национално значење.[118] Здружението „Св. Кирил и Методиј“ учествувало и во пишување на текстови со кои се обработувале теми од српската национална историја, па така на пример учениците пишувале раскази на тема „По што се значајни за нашата понова и постара историја одделни места во Јужна Србија“, по повод српскиот празник „Св. Сава“, за што ученикот чиј расказ ќе бил избран за најдобар бил наградуван.[119]

Ученичкото здружение „Св. Кирил и Методиј“ од 1927 година започнало и со издавање на свое списание сметајќи дека на тој начин водената политика на национална асимилација ќе го зголеми своето влијание и постигнатиот ефект. Во првиот број на списанието од 1 јануари 1927 година уредништвото потребата од основање и издавање на ова списание ја објаснува со според нив неопходноста населението подобро да се запознае со литературниот српски јазик и на тој начин полесно да се оствари духовно и национално единство на српскиот народ. Исто така уредништвото изнесува една констатација дека наводно во овој дел на Кралството биле мошне раширени различните дијалекти на српскиот јазик, за каков што впрочем го сметале македонскиот говор, и дека со засилена просветно-културна активност овие

---

[117] М-р Предраг Бајић, Српство и Југословенство у политици Српске националне омладине (СРНАО), Култура полиса, бр. 2/3, Нови Сад, 2005. стр. 165-166

[118] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 332

[119] ГЛАС омладине с југа, Св.1, Битољ, јануари 1927, стр. 24

разлики во употребата на „српскиот јазик“ постепено ќе се намалуваат. Ова списание објавувало најразлични статии чија целна група била средношколската младина.[120]

Доколку се разгледаат темите кои ги третира ова списание, ќе се сретнат написи поврзани со значајни моменти од српската национална историја во кои се величи јунаштвото и храброста на српскиот народ. Такви теми во првиот број на списанието се приказни сврзани со битката на Колубара помеѓу српската и австро-унгарската војска каде што еден српски старец херојски се жртвува за Кралот, одбивајќи да им ги открие позициите на српската војска на австро-унгарците кои го заробиле и кои поради тоа го убиваат. Потоа за чувствата на двајца српски патриоти кои биле заробени од Бугарите во вардарскиот дел на Македонија и кои се спроведувани во колона до еден ров каде што Бугарите ги убиваат со сабји, но и покрај тоа тие воопшто не чувствуваат страв поради скорешната смрт. Исто во овој број објавувани се стихотворби кои ја опејуваат српската храброст и јунаштво за време на битките на Солунскиот фронт, стихотворбата „Тара“ која ги опејува природните карактеристики на оваа црногорска река. Интересно е да се напомене дека се објавени и „Народни умотворби од Јужна Србија“ на македонски говор кој разбирливо е претставен како српски дијалект и каде што е даден превод на македонските зборови кои се неразбирливи за Србите.[121]

Во воведниот дел од вториот број е наведено дека „Глас омладине с Југа“ е единствено младинско списание во „Јужна Србија“, а уредништвото напоменува дека должност на секој младинец е да го потпомага и шири ова списание. Во овој број третирани се теми во кои станува збор за должностите на човекот кон општеството и кон својата татковина која му овозможува лична слобода, па поради тоа потребно е доколку е неопходно да се бори за нејзина одбрана од непријателските народи. Повторно е објавена и стихотворба која го опејува српскиот хероизам на Солунскиот фронт, односно Кајмакчалан. Исто така повторно се објавени стихотворби на македонски народен говор, со превод на македонските зборови, но како да е во прашање дијалект на српскиот јазик.[122]

Во првиот број од третата година на издавањето, односно бројот издаден на 1 јануари 1929 година уредништвото во духот на политиката на национална асимилација и денационализација, пишува за потребата на тогашните младинци да се подготват за во иднина да можат да ги преземат должностите кон татковината, како што своевремено „Кајмакчаланските јунаци“ ја презеле својата должност и не ги штределе дури ни своите животи за исполнување на својот национален долг. Се зборува и за потребата создадената „Голема татковина“ да се зачува, па и да се унапреди и прошири што според сфаќањето на авторите е во духот на „Косовските и Кајмакчаланските јунаци“. Авторот напоменува и дека секој младинец треба да биде

[120] Ibidem, стр. 1-2
[121] Ibidem, стр. 4-17
[122] ГЛАС омладине с југа, Св.2, Битољ, 1927.

воден од некаков идеал, а најсветол идеал било исполнувањето на националниот идеал и спротивставувањето на искушенијата кои би можеле да ги оттргнат од тој пат.[123] Во овој број објавен е и еден текст од панславистички позиции, во кој се зборува за способностите и културниот развој и квалитетите на словенските народи, како и нивниот придонес кои го дале за развојот на човековата цивилизација и култура. Ваквите текстови се сосема разбирливи знаејќи дека Кралството СХС настојувало да обезбеди внатрешен легитимитет на владеачките режими преку општојугословенската платформа, која има големи сличности со идејата на панславизмот.[124] Во овој број објавувани се текстови и стихотворби од ученици на Битолската богословија, а објавен е и текст кој ги опишува празничните обичаи во други краишта на Кралството СХС, поточно во Шумадија, преку кои читателите би требало да се запознаат со различните обичаи при прославувањето на српскиот народ. И оваа година од друштвото „Св. Сава“ објавен е повик до младинците за учествување во конкурс за избор на најдобар текст на тема „Поглед на општата и национална историја, општествено-политичката, верската, економска-материјалната и општата културна состојба“.[125]

Ученичките здруженија од вардарскиот дел на Македонија биле обединети во Сојуз на југословенски средношколски здруженија, преку чија централна управа се координирале нивните активности. Жупаниската управа на Сојузот на југословенските средношколски здруженија за „Јужна Србија“ свикала заеднички состанок на 23 декември 1928 година на битолските ученички здруженија: „Братство“ од битолската богословија, „Св. Кирил и Методиј“ од битолската гимназија и „Иван Гундулиќ“ од трговската академија. На овој состанок присуствувале битолскиот епископ Јосиф, големиот жупан Матковиќ, командантот на битолската дивизија Томиќ, директорите на училиштата, професори и ученици од овие здруженија. На овој состанок учениците прочитале најразлични писмени работи, потоа одржале концерт, по што се организирала дискусија на тема „Со каква лектира треба да се занимава нашата младина“. Горенаведеното претставува илустративен пример за организацијата и начинот на функционирање на српската национална пропаганда во вардарскиот дел на Македонија.[126]

Во вториот број од третата година на издавањето отпечатен во февруари 1929 година, уредништвото обработува теми кои го потенцираат значењето на религијата, религиозноста на српскиот народ и вербата во бога кои би требало да доведат до морално заздравување на народот, потоа објавени се текстови во кои се зборува за ослободувањето и обединувањето на јужнословенските народи кое го извршил српскиот народ благодарение на својот хероизам и национална свест, описи на „Југот“

[123] ГЛАС омладине с југа, Година III, Св.1, Битољ, јануари, 1929, стр. 1-3
[124] Ibidem, стр. 6-9
[125] Ibidem.
[126] Ibidem, стр. 24

како колевка на културниот и државниот сјај на старата српска држава кој Србите повторно го ослободиле и потребата за идно ослободување на Солун кое било аманет на српскиот народ и слични теми како во претходните броеви. Објавен е и текст во кој се опишува прославата на српскиот национален празник „Св. Сава“ во битолските училишта, при што бил одржан концертен дел и собири на кои биле одржани говори и верски обреди во кои се воздигнува српскиот народ.[127]

За ширење на српската национална култура биле формирани и таканаречени пеачки друштва, чија цел била распространување на српскиот збор и мисла, развивање на националните и патриотските чувства, љубовта кон татковината кај населението и спротивставување на „бугарската“ пропаганда. Овие друштва македонскиот национален фолклор го проучувале и го презентирале како дел од српскиот национален фолклор, а нивните активности биле поддржувани од државата и приватни донатори. Со државна помош биле организирани и настапи на пеачки друштва од Србија во вардарскиот дел на Македонија, а општината во Битола во 1928 година го финансирала гостувањето во Битола на загрепското пеачко друштво „Балкан“.[128]

Режимските организации кои биле формирани за борба против комитската акција, како додаток на воено-полициските органи, се истакнале по репресивниот однос врз населението и одлично се вклопиле во сликата за општата корумпираност на државниот апарат, впуштајќи се и во акти на самоволие и ѕверства. Останатите режимски организации и здруженија кои дејствувале на образовен, културен и спортски план активно помагани од државата вложувале огромна енергија во правец на менување на националните чувства, обичаи, култура и целокупно однесување на македонскиот народ настојуваајќи да го сообразат со големосрпската идеја, но без да постигнат успех, бидејќи националниот идентитет бил доволно силен и отпорен спрема овие влијанија.

### 2.4 Црковната политика во Битола и битолско на властите на Кралството СХС

Српската православна црква била уште една национална институција, односно институција на српскиот народ која целосно се ставила во служба на спроведување на целите на големосрпскиот национализам и во спроведувањето на асимилаторската и денационализаторската политика. Освен тоа, подоцна формираната Српска патријаршија се сметала за државотворен фактор и заштитничка на српскиот народ, па поради тоа барала од државната власт и обезбедила материјални средства за

[127] ГЛАС омладине с југа, Година III, Св.2, Битољ, фебруар, 1929.
[128] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 347-348

извршување на нејзините функции. Српската патријаршија делувала во правец на промена на националната свест на Македонецот и поради нејзиниот пропаганден карактер на делување може да се забележат сличности и координација со просветните институции и спроведуваната просветна политика. Значењето на црквата за српските државни фактори дотолку било позначајно бидејќи просветните институции имале влијание и ефект само во текот на образованието, додека делувањето на црквата ги опфаќало сите категории на населението.[129]

По завршувањето на Првата светска војна за епископи во вардарскиот дел на Македонија биле поставени личности кои уште за време на Отоманската Империја ги познавале верско-политичките услови во овие краишта и биле во активна служба на големосрпската национална идеја. За Епископ на битолската Епархија бил именуван Јосиф Цвијовиќ. Освен епископи, и на другите црковно-административни должности биле поставувани лица од Србија, а за свештеници од овдешното население биле назначувани лица кои или претходно биле во српска служба или јавно се декларирале како срби и работеле на изградба на српска национална свест кај македонскиот народ. Ова може да се согледа и од тоа што на свештениците им било препорачувано да воспостават соработка и да ги помагаат останатите културно-просветни друштва и да ја спречуваат гледано од аспект на нивните цели непријателската пропаганда.[130]

Во Кралството СХС со Видовденскиот устав не дошло до доследно спроведување на принципот на секуларност, односно доследно одвојување на религијата и верските организации од државата, па така Министерството за вера било државен орган кој бил надлежен за вршење на највисока управно-надзорна власт во верско-политичките работи. Надзорните и управните работи Министерството ги вршело со инспектори кои го инспекторирале управувањето со имотот кој го користеле верските организации, а имало и други пониски службеници. Поврзаноста на државата со свештенството во Кралството СХС може да се согледа и од фактот дека во зависност од местото на извршување на црковната служба, свештениците добивале одредени парични примања од страна на државата, но кои сепак биле резервирани за оние лица кои ќе докажеле дека до октомври 1912 година биле ангажирани како национално просветни работници од страна на Министерството за надворешни работи на Кралството Србија или за време на Првата Светска војна биле прогонувани од страна на властите на непријателските држави поради својот национален ангажман.[131]

Министерството за вера на Кралството СХС ја одредувало и висината на давачките, таксите и другите надоместоци кои имале право да ги наплаќаат црковните лица од населението. Па така во известување од 12 август 1921 година испратено од

---

[129] Славко Димевски, Историја на Македонската Православна Црква, Македонска книга, Скопје, 1989. стр. 892-893

[130] Ibidem, стр. 894-895

[131] М–р Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 362

Министерството за вера до канцеларијата на битолскиот Епископ за измените во таксената тарифа може да се согледа дека такси се наплаќале за црковно-правни работи, и тоа за брачни спорови поведени пред црковните органи, за спорови за развод на брак, за покренување на бракоразводна парница, за парници за утврдување на парохиските приходи кои биле должни да ги плаќаат лицата кои биле припадници на православната христијанска вероисповест. Такси се наплаќале и за жалби на пресуди на Духовниот суд, на молби за дозволување за склучување на брак во случај на крвно сродство, за молби со кои се барало одобрение за стапување во брак за лица кои со пресуда на духовните судови го изгубиле правото да склучат брак, за одобрение за стапување во брак на малолетни лица, за молби со кои се дозволувало одржување на опело на лица кои извршиле суицид. Црковни такси се наплаќале и за одобрение за венчавка на лица од различни парохии, за дозвола за преминување од една во друга вероисповест, за дозвола на странски лица да можат да склучат брак во Кралството СХС, за изводи и уверенија за раѓање, венчавка и смрт од црковната евиденција, потоа за молби за назначување на различни позиции во црковната хиерархија.[132]

По завршувањето на Балканските војни, за краток период Егзархиската црковна власт била заменета со власта на Српската патријаршија, а исто така по завршувањето на Првата светска војна повторно била воспоставена црковната власт на Српската патријаршија.[133] Српската православна црква после Балканските војни во вардарскиот дел на Македонија формирала шест епархии и тоа: Скопска, Велешко – Дебарска, Пелагониска, Преспанско – Охридска, Струмичка и дел од Воденската митрополија кои се наоѓале сеуште во диецезата на Цариградската патријаршија.[134]

Се поставило и прашањето за обединување на дотогашните посебни православни цркви во рамките на новосоздадената држава како единствена автокефална православна црква. Во вардарскиот дел на Македонија имало шест епархии кои иако формално се наоѓале под црковна власт на Цариградската Патријаршија, таа немала никаква власт врз населението и фактички удел во црковниот живот. Имајќи во предвид дека Србија излегла како земја победник во Првата светска војна кон која бил приклучен вардарскиот дел на Македонија, а српскиот народ бил стожер на новата држава, сосема логично произлегувало обединувањето, односно припојувањето на епархиите од вардарскиот дел на Македонија кон епархиите кои биле под црковна власт на Српската Православна Црква.[135]

---

[132] ДАРМ – одделение Битола, фонд 3 Епархиски духовен суд Битола 1915-1941, кут. 1, а.е. 71, лист 95-96

[133] Петър Петров, Христо Темелски, Църква и църковен живот в Македония, МНИ, София, 2003 г.,V,3; www.promacedonia.org.

[134] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 362

[135] Славко Димевски, Историја на Македонската Православна Црква, Македонска книга, Скопје, 1989. стр. 861

Овие епархии Српската патријаршија за милион и пол франци ги откупила од Цариградската патријаршија. После тоа овие шест епархии биле реорганизирани и сведени на четири: Скопска, Охридска, Битолска и Злетовско – Струмичка, на чие чело биле поставени српски епископи, а и целиот црковен апарат бил српски. [136] Нешто подоцна по интервенција на српскиот Владика Николај Велимировиќ, со цел да се заборави споменот на Охридската Архиепископија, охридската Епархија била укината и приклучена кон битолската.[137] Преговорите започнале уште во 1914 година и биле водени од страна на кралската Влада, но не се постигнал договор. Овие преговори продолжиле по завршувањето на Првата Светска војна и завршиле на 18 март 1920 година во Цариград кога делегатите на Обединетата Српска православна црква и Цариградската патријаршија постигнале спогодба за воспоставување на Српска патријаршија. Оваа спогодба ја потврдил и Синодот на Цариградската патријаршија и на 19 март 1920 година била објавена одлуката за присоединување на епархиите од „Јужна Србија" и Босна и Херцеговина кон Српската патријаршија.[138] Со ова биле создадени условите за во април 1922 година Архиерејскиот собор на Српската патријаршија да прогласи приклучување на епархиите од вардарскиот дел на Македонија во нејзината диецеза, а скопската епархија била издигната на ранг на митрополија. [139]

Ова било од големо значење за Српската патријаршија бидејќи во овој дел на Македонија доминирало православното население, следно по застапеност било населението со исламска вероисповест, а бројот на припадниците на римокатолицизмот, протестантизмот и јудаизмот бил незначителен. Во битолскиот област исто така доминирало православното население чии број изнесувал 134.939 лица, следно било муслиманското население со 42.689 лица, а бројот на припадниците на јудаизмот изнесувал 2.643 лица и само 117 припадници на католичката црква.[140]

И пред прогласувањето на присоединувањето на овие епархии кон Српската Патријаршија, истата вршела црковна власт во вардарскиот дел на Македонија согласно постигната спогодба од 20 март 1914 година помеѓу тогашниот Министер за просвета и црковни работи и Светиот архиерејски собор на Српската Православна црква според која биле утврдени епархиите во овој дел на Македонија и кои окрузи кон која епархија припаѓале. Освен епархиите и црковната организација кои биле оформени после Првата светска војна, од страна на Министерството за вера со допис испратен до епископот на битолската Епархија на почетокот на 1921 година било

---

[136] Петър Петров, Христо Темелски, Църква и църковен живот в Македония, МНИ, София, 2003 г.,V,3; www.promacedonia.org.

[137] Славко Димевски, Историја на Македонската Православна Црква, Македонска книга, Скопје, 1989. стр. 866

[138] Ibidem, стр. 862

[139] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 361-362

[140] Ibidem, str. 361-362

побарано што побрзо да се оформат духовни судови, а епископот да предложи лица кои смета дека се подобни за извршување на функциите духовен судија.[141] Но сепак духовен суд во битолската епархија бил претходно формиран што може да се заклучи од список за исплата на плати, дневници и семеен надоместок на судската администрација и судиите од овој суд. Исто така од овој список е евидентно дека примањата на лицата за тогашните општествени прилики и стандард биле прилично високи.[142]

Српската патријаршија била организирана така што на чело на секоја епархија се наоѓал епископ, а исто така биле формирани и епархиски духовни судови. Епархиите понатаму се делеле на намесништва на чело со архиерејски намесници. Битолската епархија имала пет намесништва и тоа во Битола, Крушево, Кичево, Прилеп и Ресен, а со приклучувањето и на охридската Епархија, се состоела од осум намесништва заедно со придодадените Охрид, Струга и Дебар. Намесништвата понатаму се делеле на парохии, а парохии имало во секое христијанско населено место.[143] Парохијата како најмала црковно-административна единица била заедница на православни лица под духовно раководство на парохискиот свештеник и опфаќала од 300 до 500 домови. Парохискиот свештеник управувал со севкупниот црковен живот во својата парохија. Епархискиот совет и епархискиот суд биле сочинети претежно од црковни лица и епархискиот совет имал влијание при прашања од значење за управување на епархијата, додека епархискиот суд имал пред се контролно-надзорна улога.[144]

Епархијата во Битола водела евиденција за лицата кои биле донатори спрема црквата и кои извршувале функција на црковни благајници. Во допис од 21 август 1923 година доставен до Епархискиот духовен суд може да се забележи дека како донатори и благајници на црквата се јавуваат поимотни граѓани, односно трговци, рентиери, занаетчии во градот Битола, додека во селата биле земјоделци. Исто така забележливо е дека на сите наведени лица во списокот доставен во прилог на дописот наставките на презимињата им завршуваат на –иќ.[145]

Верската припадност на населението и бројната состојба на црквите и манастирите во битолската Епархија во 1924 година може да се согледа од доставениот список од 2 април 1924 година до битолскиот Епископ од страна на претседателот на Духовниот суд, изготвен по негова наредба. Од вкупниот број на населението кој изнесувал 58.897 лица, 51.128 лица биле христијани додека бројот на муслимани изнесувал 7.769 лица. Вкупниот број на цркви во битолската Епархија

---

[141] ДАРМ – одделение Битола, фонд 3 Епархиски духовен суд Битола 1915-1941, кут.1, а.е. 66, лист 83-84
[142] ДАРМ – одделение Битола, фонд 3 Епархиски духовен суд Битола 1915-1941, кут.1, а.е. 61, лист 78
[143] Славко Димевски, Историја на Македонската Православна Црква, Македонска книга, Скопје, 1989. стр. 866-867
[144] Ibidem, стр. 904-905
[145] ДАРМ – одделение Битола, фонд 3 Епархиски духовен суд Битола 1915-1941, кут.1, а.е. 80, лист 112-116

изнесувал 107, а имало 11 манастири. Од битолскиот округ во битолската Епархија спаѓале 10 парохии од градот Битола и 31 парохија од селата во битолско.[146]

Битолската Епархија водела ажурна статистика за бројната состојба на населението и тоа по пол, бројот на домаќинства, новородени, венчани и починати лица, па така од направениот преглед на крајот на 1925 година прецизно може да се согледаат горенаведените податоци во битолскиот округ. Имено, според овој преглед на крајот од 1925 година имало 8.003 домаќинства, бројот на вкупното население изнесувал 43.949 лица, од кои 21.949 машки лица и 22.000 женски. Во рамките на овој округ црквата располагала со 148 јутри земја, и 96 црковни храмови. Во текот на оваа година биле поправани 5 цркви, 4 манастири и 2 капели. Бројот на венчани лица изнесувал 241, додека вонбрачно живееле 144 лица. Од новородените деца во брак биле родени 1.549 деца, 35 вонбрачно и 33 мртвородени, а починале 961 лице. Бројот на лица кои преминале во православна вероисповест изнесувал 50. Епархијата располагала со големи финансиски приходи за тоа време, па така кај Државната хипотекарна банка имала депонирано 144.705 динари, располагала со готовина во касата во износ од 194.377 динари, по основ на воени штети имала добиено 2.204.678 динари, а кај приватни должници имала дадено на заем 24.545 динари.[147]

Од утврдениот распоред за одржување на богослужби и проповеди при црквите св. Димитрија и св. Богородица во Битола за 1927 година, со решение на Епископот Јосиф од 23 декември 1926 година, може да се забележи дека црковната активност била мошне жива и интензивна, а во овие цркви биле одредувани и задолжени повеќе црковни лица за извршување на богослужби според точно утврдениот временски распоред.[148]

Најдобар увид во активностите на битолската Епархија овозможува годишниот извештај од 1927 година кој содржи податоци и за работењето на Духовниот суд при битолската Епархија. Најпрво што може да се забележи од овој извештај е дека иако духовниот суд не бил доволно кадровски екипиран, сепак се настојувало да се извршат предвидените активности и задачи кои биле обемни, па така судот во текот на оваа година имал вкупно 7.769 предмети од различна тематика како што се: бракоразводни спорови при што биле разведени 52 брака поради различни основи, потоа одобренија за склучување на брак и други предмети. Духовниот суд бил исто така надлежен за преглед и одобрување на годишните завршни сметки на 475-те цркви и манастири кои спаѓале во подрачјето на битолската Епархија. Во рамките на судот функционирал и Фонд на милосрдие кој се занимавал со добротворна дејност, а од списокот на корисниците на донации може да се констатира дека донации добивале други цркви и манастири од Кралството на кои им била потребна помош при изградба или

---

[146] ДАРМ – одделение Битола, фонд 3 Епархиски духовен суд Битола 1915-1941, кут.1, а.е. 90, лист 133
[147] ДАРМ – одделение Битола, фонд 3 Епархиски духовен суд Битола 1915-1941, кут.1, а.е. 100, лист 159
[148] ДАРМ – одделение Битола, фонд 3 Епархиски духовен суд Битола 1915-1941, кут. 1, а.е. 115, лист 205

реконструкција на верските објекти, потоа различни младински здруженија кои се разбира дека биле формирани на српска национална основа и соколски друштва, училишта и здруженија на воени инвалиди и други национални здруженија. Од извештајот може да се забележи дека се водела и активна кадровска политика со вклучување на нови лица во црковните редови или унапредување во рамките на црковната хиерархија на веќе постојните.[149]

На крајот на 1927 година во битолската Епархија имало вкупно 145 редовни свештени лица и 22 свештеномонаси. Во текот на оваа година биле осветени 5 цркви претежно во селата кои гравитираат кон Мариово. Извештајот содржи и прецизна статистика на населението во битолската Епархија која била сочинета од 110 парохии, при што имало вкупно 25.564 домакинства со вкупно население од 153.529 лица. Епархијата имала вкупно 261 црква и 28 манастири. Во текот на 1927 година биле евидентирани вкупно 1.492 венчавки и 353 вонбрачни двојки. Биле родени 6.075 лица во брак и 115 лица вонбрачни, додека починале 3.192 лица. Составен дел на овој извештај е и описот на активностите на Епископот на битолската Епархија Јосиф, од кој се гледа дека во текот на годината, а особено за верски празници вршел посети на различни населени места, каде што држел литургии и говори за населението по црквите и манастирите на кои што го подучувал населението на религиозен живот, но не пропуштал да ја нагласи и важноста на патриотизмот и љубовта кон Кралот и татковината, при што се залагал и за подигнување на споменици на паднатите жртви за време на Првата светска војна.[150]

Српската патријаршија обезбедувала кадар за извршување на нејзината дејност по пат на организирање едукација, па поради тоа во вардарскиот дел на Македонија била формирана богословија во која наставата се изведувала како петкласна, а од 1928 година како шесткласна, и која била финансирана од страна на државата. Богословијата во Битола „Св. Јован Богослов" била основана на 1 јануари 1922 година и запишувала ученици од различни краишта на Кралството СХС, но најбројни биле деца на српски свештеници кои биле убиени од бугарите за време на Првата светска војна и деца на воени инвалиди, поради што на поголемиот број ученици државата им ги покривала трошоците за школување. Битолската богословија важела за солидно опремено верско училиште, кое за тоа време имало завидни услови и ги задоволувало вкупните потреби на учениците како храна и сместување: било осветлено, просториите имале греење и доволен просторен капацитет кој овозможувал комоција и била поврзана со истиот водовод со кој се служела војската од битолскиот гарнизон. И покрај тоа што оваа богословија била институција од религиозен карактер во нејзини рамки се обрнувало внимание и на „националното воспитување и воздигнување на учениците", а исто така била и мошне активна и на општествен план организирајќи

---

[149] ДАРМ – одделение Битола, фонд 3 Епархиски духовен суд Битола 1915-1941, кут.1, а.е. 119, лист 229-238

[150] Ibidem.

најразлични концерти, банкети, свечености и средби во кои препознатлива била нејзината национална улога.[151]

Битолската богословија водела ажурна статистика за севкупната училишна активност што може да се согледа од извештај од 5 март 1927 година испратен до Министерството за вера во кој е наведено дека Богословијата во учебната 1926/1927 година имала 286 ученици, од кои 235 се издржувале на државен трошок, а 51 ученик се издржувале со сопствени средства. Поведението на учениците било мошне примерно, а во оцените доминирала средна оцена 3,43 од што може да се заклучи дека критериумите за оценување биле строги, а само 13 ученици ја завршиле годината со одличен успех. Во извештајот исто така е забележано дека во текот на зимските месеци чести биле отсуствата поради заразни заболувања, а Богословијата барала за поголем број на ученици кои покажале слаб успех да бидат ослободени од плаќање од страна на Министерството, веројатно за да го продолжат своето образование и понатаму и да не се откажуваат поради материјална неможност. Во интернатот при битолската Богословија во текот на оваа учебна година биле сместени 107 ученици. Богословијата исто така барала од Министерството за вера учениците од „јужните краишта" кои покажале слаб успех да не ги лишува од државна помош.[152]

Српската патријаршија како дополнителна алатка за остварување на влијание врз македонската национална свест ја користела поддршката од државата и за основање на библиотеки при црквите и манастирите сочинети од книги со српска национална содржина. Најдобро организирани библиотеки патријаршијата имала во Битола, а најбогата со книги била битолската Богословија која имала обемен фонд.[153] Свештенството било плаќано освен од државата и од страна на Српската патријаршија во зависност од позицијата која ја имало конкретно лице од свештенството во црковната хиерархија и од неговите стручни квалификации. Свештенството поради неговата верско-политичка улога често комуницирало со органите на државната власт и со Кралскиот двор, најчесто барајќи некакви форми на финансиска поддршка или изведување на јавни работи од интерес за населението кои воделе до подигнување на угледот на српската црква и народ. Министерството за вера било ангажирано и во активности чија цел била изградба и уредување на српските воени гробишта, подигнување на споменици на српски национални херои и на подигнување и реконструкција на цркви и манастири.[154]

---

[151] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 363-364
[152] ДАРМ – одделение Битола, фонд 3 Епархиски духовен суд Битола 1915-1941, кут.1, а.е. 120, лист 239
[153] Славко Димевски, Историја на Македонската Православна Црква, Македонска книга, Скопје, 1989. стр. 918-919
[154] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 364-366

Српската патријаршија во своите активности била помагана и од недржавни актери кои сакале да допринесат за реализацијата на српскиот национален идеал и кои поради тоа донирале пари и средства за изградба на верски објекти, костурници и споменици. Но и покрај неговата улога свештенството не секогаш се придржувало до црковниот морал и однесувањето кое би му доликувало на едно црковно лице, па чести биле критиките за злоупотребите и неморалното однесување на црковните лица што го урнисувало угледот на Српската патријаршија помеѓу населението во вардарскиот дел на Македонија. Вредно е да се спомене дека вклучувањето во партиски активности и избор на агитација на свештенството му биле строго забранети, но истите не останале имуни и често ги прекршувале овие забрани. Од страна на цивилните и воените власти биле евидентирани повеќе случаи на „национално застранување" според нивните сфаќања, станувало збор најчесто за случаи кога свештени лица отворено се декларирале како македонци и кои не ги спроведувале зацртаните цели кои биле во функција на спроведување на големосрпската национална политика.[155]

По зацврстувањето на црковната власт во вардарскиот дел на Македонија се поставило прашањето за свештениците кои претходно служеле во бугарската Егзархија. Се предлагало и било решено оние кои ќе изразат лојално однесување да бидат оставени на служба, но претходно извесно време да бидат испратени во Србија и таму да поминат извесен период на обука во духот на Српската патријаршија и национален идеал, а потоа да бидат вратени во парохиите во кои претходно служеле. Оваа политика била спроведувана во содејство со Министерството за вера и Министерството за внатрешни работи, при што на нивно место биле праќани свештеници од Србија.[156]

Голем дел од поранешните свештеници на бугарската Егзархија биле отстранети од црковна служба, а дел од нив биле и иселени во Бугарија, освен оние кои изразиле лојалност кон Српската патријаршија. Голем број предмети од културно – историско значење, како стари ракописи икони и книги, од црквите и манастирите биле пренесени во Белград.[157] Од страна на властите на Кралството СХС и од повисоките црковни авторитети се предлагало засилување на национално-просветната работа на свештенството и доследно прославување на празниците согласно српските национални и верски обичаи, со кои требало во целост да се искоренат обичаите на македонскиот народ. Се одело дотаму што се предлагало унифицирање на свештеничките одела и начинот на употреба на камбаните, кои требало да бидат

---

[155] Ibidem, str. 364-366

[156] Славко Димевски, Историја на Македонската Православна Црква, Македонска книга, Скопје, 1989. стр. 897-898

[157] Петър Петров, Христо Темелски, Църква и църковен живот в Македония, МНИ, София, 2003 г.,V,3; www.promacedonia.org.

идентични со оделата на свештенството во Србија и со начинот на ѕвонење на камбаните кој таму се применувал.[158]

Државната власт и укажала поддршка на асимилаторската и денационализаторската политика на Српската патријаршија и со серија мерки за чие извршување биле задолжени државните органи, а се состоеле во олеснување и помагање на нејзините активности. Освен што се апелирало кај српските свештеници да прифатат служба во вардарскиот дел на Македонија, им се дала можност и на учителите доколку сакаат да бидат поставени за свештеници, со можност и понатаму да го задржат учителското работно место. За служба во овој дел на Кралството било предвидено и се исплаќал и специјален додаток, а на свештениците им се доделувала и обработлива земја. Исто така секоја општина била задолжена за секој свештеник на Српската патријаршија да изгради црковен стан. Овие мерки биле донесени во мај 1924 година.[159]

Патријаршијата имала свој удел и во спроведуваната просветна политика и затоа во наставата во основните и средните училишта бил воведен предметот Веронаука. Овој предмет бил предаван од свештеници и теолози и акцентот најмногу се ставал на историјата на српската црква и прикажувањето на македонскиот народ како дел од српскиот народ. Значењето на овај предмет можело да се забележи и од тоа што во свидетелствата се наоѓал на прво место. Исто така во сите училишта бил прославуван на 27 јануари српскиот национален празник „Св. Сава", како основач на Српската православна црква. Овој ден во училиштата бил прославуван со одржување на различни манифестации, богослужби, проповеди. Патријаршијата била активно вклучена и во сите други државни и верски прослави при кои свештенството имало активна улога одржувајќи свечени богослужби и патриотски говори.[160]

По препорака на Министерството за вера од 1926 година свештенството на Српската патријаршија во вардарскиот дел на Македонија започнало засилено да соработува со разни културно-национални друштва, ученички здруженија, соколски друштва и други здруженија на граѓани и морално и материјално да го помага нивното делување. Чест бил случајот црковни лица да држат предавање пред членовите на таквите друштва, а отпочнале да основаат и здруженија од верско-православен карактер преку кои настојувале да ја вклучат младината и да ја воспитуваат во српски национален дух. Патријаршијата започнала и со издавање на списанието „Црква и живот" во Скопје, во кое биле објавувани статии со големосрпски содржини.[161]

---

[158] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 367

[159] Славко Димевски, Историја на Македонската Православна Црква, Македонска книга, Скопје, 1989. стр. 899-900

[160] Ibidem, стр. 910-911

[161] Ibidem, стр. 912-913

Спроведуваната црковна политика во вардарскиот дел на Македонија претставувала уште еден елемент во насока на оживотворување на политиките на денационализација и асимилација на македонскиот народ. На удар се нашле свештениците македонци и обичаите на македонскиот народ кои се разликувале од српските. Предмет на критика и незадоволство кај српските црковни кругови во Македонија биле и имињата што им се давале на новороденчињата, а кои биле традиционални македонски имиња. Се барало кумовите на децата да им даваат имиња кои се наоѓале во црковниот календар и кои имале карактер на српски имиња. Со оглед дека овие настојувања наидувале на пречки, биле издавани задолженија до црковните лица во епархиите, при крштевките да настојуваат на децата да им се даваат српски имиња, а доколку е предложено несрпско име, тогаш тоа да не се прифаќа и да се инсистира новороденчето да добие српско име.[162] Во црковните регистри луѓето биле запишувани така што презимињата им завршувале со наставката –иќ, а во графата за национална припадност редовно верникот бил запишуван како Србин. Исто така и во веќе постоечките регистри за родени, венчани и починати лица кои се воделе при црквите, по барање на Министерствот за вера биле правени корекции на имињата и презимињата на запишаните лица.[163]

Српската пропаганда во вардарскиот дел на Македонија народните обичаи како што е славењето на куќната слава го претставувала за српски обичај кој наводно опстојал и покрај тоа што бил забрануван од бугарската пропаганда и Егзархија. Таа се трудела одржувањето на куќната слава да го наметне како општ обичај во сите краишта во овој дел од Македонија, при што таму каде што овој обичај не постоел, објаснувањето било дека тоа се должи на претходниот успех на бугарските и грчките пропаганди. Начинот на славење на овој обичај бил наметнуван од страна на свештениците на Српската патријаршија, додека славењето на имендените кај машките лица било обесхрабрувано и му бил припишуван карактер на бугарски обичај, наметнат од нивна страна „пред српското ослободување на Македонија".[164]

Втората по големина верска заедница во вардарскиот дел на Македонија ја сочинувале лицата со исламска вероисповест, кои согласно Сен-жерменската конвенција имале статус на верско малцинство. Тоа подразбирало дека сопствените животи можат да ги живеат и уредуваат според муслиманските обичаи, државата се обврзала да преземе чекори за именување на Реис – ул – Улема, да презема мерки за заштита на муслиманските верски објекти и гробишта, да им допушти основање на

[162] Д-р Иван Катарџиев, Историја на македонскиот народ, Том 4, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр. 183-184
[163] Славко Димевски, Историја на Македонската Православна Црква, Македонска книга, Скопје, 1989. стр. 906-907
[164] Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912 – 1937, Скопље, 1937. стр. 463-467

верски и добротворни муслимански установи и рамноправно да ги третира како и србите, хрватите и словенците.[165]

Државата преку Министерството за вера ги поддржувала нивните активности и ја поддржувало работата на Исламската верска заедница и лицата во нејзина служба. Активностите на Исламската верска заедница во „Јужна Србија" биле управувани од врховниот муфтија кој имал седиште во Скопје, а во вардарскиот дел на Македонија имало две муфтиства со седишта во Скопје и Битола. Меѓународните конвенции за заштита на малцинствата кои во поглед на муслиманите се применувале во Кралството СХС биле основа за поставување и на барања кон државата за просветна автономија, востановување на шеријатски судови за муслиманите, исфрлање на молитвите од наставата, дозвола војниците муслимани да носат фесови и јадењето за нив да се приготвува одделно. Од сите овие барања единствено им било исполнето барањето за формирање на шеријатски судови. Идентично како и православното свештенство, државата го финансирала и работењето на верските лица во служба на Исламската верска заедница, а нив им било дадено право да ги водат матичните книги на родени, венчани и умрени лица, за што потоа имале обврска овие податоци да ги проследат до државните органи. Државата финансирала и повеќе верски исламски училишта односно медреси, а медреса била отворена и во Битола. Освен тоа сметајќи ги за споменици од националното минато, Кралството СХС водело сметка и за џамиите од кои неколку реставрирало, а дел од позначајните јавни објекти кои преостанале од времето на Отоманската империја биле ставени во функција на музеи. Но освен ваквите активности и однос на државата, за кој може да се каже дека бил од декларативен карактер и чија цел било да докаже дека државата ги спроведува меѓународните договори за малцинствата кои ги признавала, чести биле случаите на узурпација на вакафски имот, уништување на верски објекти од страна на општинските управи, како и заземање на објекти од страна на воено-полициските власти кои потоа ги пренаменувале за своите потреби.[166]

Иако малубројно во вкупното население во вардарскиот дел на Македонија, еврејското малцинство било бројно во Битола и неговиот број изнесувал околу 4.000 лица, но од промената на општествено-економскиот систем и осиромашувањето на градот и тоа било засегнато и овие промени значајно ги деградирале неговите социјални позиции и материјална благосостојба. Забележано било дека голем број од еврејските деца не ги познаваат еврејските празници и обичаи.[167] Во Битола развиено било и ционистичкото движење кое би требало заборавените национални традиции на еврејскиот народ да ги приближи до еврејската младина и да ги подготви да ги

---

[165] Македонија во меѓународните договори (1913 – 1940), том I, избор редакција и коментар на д-р Михајло Миноски, ДАРМ, Скопје, 2006, стр. 169

[166] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 368-372

[167] Ibidem, str. 372

прифатат и да се соочат со наглите општествени промени кои се случиле за мошне краток период. Честа била и појавата на иселување на еврејските фамилии во други држави низ светот или во Палестина.[168]

Во Битола постоела и француска католичка мисија на т.н. „Лазаристи" кои биле забранети во Франција, а кои во градот имале сопствена катедрала и училиште со интернат. Во училиштето најчесто биле запишувани деца кои ги изгубиле своите родители за време на војните и кои конвертирале во католичката вероисповест. Наставата во нивното училиште се изведувала на француски јазик, а интензивна била и агитацијата помеѓу населението за преминување во нивната вероисповест што довело до бројни судири со свештенството на Српската патријаршија, па поради тоа Министерството за внатрешни работи повеќе пати предлагало на странските црковни мисии да им биде забранета секаква дејност. Во Битола делувала и англиско-американска мисија од протестантска провиниенција, но се барало забранување и на нејзината дејност, а ваквите мисии од страна на битолската Епархија биле карактеризирани како центри за анационализација.[169]

Анализирајќи ги активностите на Српската патријаршија лесно може да се констатира дека нејзиното делување било добро координирано со српската државна власт и останатите национални и режимски организации на српскиот народ. Испреплетеноста на црквата и државата и нејзиното ангажирање во политиките со кои требало да се оживотворат асимилаторските стремежи било секојдневна активност во која биле вклучени црковните лица со значајна доза на посветеност. Тие не се ограничувале само на пропагирање на сопствените национални идеали туку појавиле тенденции и работеле на промена на обичаите и останатите идентификатори на македонското самосознание.

## 2.5 Просветната политика на Кралството СХС во Битола и битолско

Просветната политика отсекогаш претставувала една од најзначајните мерки од онаа палета на мерки кои класично се користат за асимилација на еден народ. Оваа важност особено произлегува од тоа што националната свест претставува нематеријална појава, односно облик на свест кој го определува верувањето на еден народ за самиот себеси и неговата различност во однос на останатите народи, настанат низ подолга низа на историски процеси и заеднички искуства. Поради тоа се настојувало преку просветната политика да се наметне јазикот, културата за која е сврзан и сфаќањето за националниот идентитет, што потоа би водело до конечна и

---

[168] Rothmuller Ovi, Jevrejska omladina Južne Srbije, Zagreb, 1932, str. 12-17
[169] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 374

успешна асимилација. Уште пред завладувањето на делови од Македонија државните организации на српскиот, бугарскиот и грчкиот народ спроведувале политики на асимилација и денационализација на тлото на етничка Македонија.

Носители на националната писменост за време на Отоманската империја биле црковните организации на секој од народите, па така заштитничка на македонскиот народ и на неговата писменост се до нејзиното укинување во 1767 година била Охридската архиепископија. Со нејзиното укинување македонскиот народ потпаднал под духовно и црковно ропство на Цариградската патријаршија која била од грчка провиниенција и притоа наставата која се изведувала во црковните училишта била на грчки јазик и писмо. Со основањето на бугарската Егзархија и на македонско тло таа почнала да остварува се позасилено влијание со оглед дека македонскиот народ немал своја сопствена црковна организација, па преку неа се настојувало на македонскиот народ да му се наметне бугарско национално сознание и свест.

И Кнежевството Србија настојувало преку отворање на свои училишта да спроведува сопствена просветна политика во однос на македонскиот народ уште пред Балканските војни, за што во периодот од 1868 до 1873 година биле отворени 62 училишта во Македонија.[170] Оваа активност траела се до Руско-турската војна од 1875/1876 година во која учествувало и тогашното Кнежевство Србија и по чие завршување српските училишта кои се наоѓале во териториите кои останале под отоманско владеење биле затворени, а нивната дејност била забранета, што траело еден подолг период.[171] Конкретна и осмислена политика за делување врз македонскиот народ од страна на Србија била формулирана во 1885 година, која требало да се изведе по пат на формирање српски црковно-школски установи, со цел да се избегне некаква реакција на тогашните турски власти. За поддршка на овие активности во 1886 година биле отворени и српски конзулати во Скопје, Солун, Битола и Серес. Исто така мошне активно било и Друштвото „Свети Сава“ кое ги координирало културно-политичките прекугранични активности. Ова друштво регрутирало питомци кои ги едуцирало за идни учители, а во 1889 година во Цариград бил отпечатен и буквар на српски јазик и народен македонски говор.[172]

Српската пропагандна дејност повторно била засилена после 1890 година, па се започнало со праќање на квалификувани учители, занаетчии, трговци и други лица кои се населувале во градовите, а започнале да се отвораат и книжари. Во 1890 година српската културна акција добила и легална форма, бидејќи и покрај противењето на Цариградската патријаршија, Отоманската империја почнала да ги признава свидетелствата и дипломите издадени од српските учители. Пропагандната акција се

[170] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр. 10
[171] Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912 – 1937, Скопље, 1937. стр. 257
[172] М –r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 18

засилувала и понатаму и во учебната 1896/97 година српски школи биле отворени и во Битолскиот и Солунскиот вилает, со што била создадена и српска црковно-школска организација, слична како и бугарската.[173] Тоа довело до борба помеѓу српската и бугарската пропагандна акција во Македонија за културно – духовна превласт и придобивање на населението и училишната младина за испраќање на учениците во училиштата отворани од нивна страна. Отоманската империја по 1889 година го овозможила делувањето на српската пропагандна акција со цел да воспостави рамнотежа наспроти активностите на бугарската Егзархија и неодамна формираната бугарска држава.[174]

По 1890 година во градовите низ Македонија биле отворани српски книжари и распространувани книги на српски јазик, а наставниците кои предавале во српските училишта биле на платен список на Министерството за просвета на Кралството Србија, од кое му биле испраќани и книги и други наставни материјали потребни за училишната дејност.[175] Во 1892 година Отоманската империја му дозволила на Кралството Србија да отвора свои училишта во Скопскиот, а од 1897 година и во Солунскиот и Битолскиот вилает и такви училишта биле отворени, а во Битола била отворена и нижа гимназија.[176] Најзаслужен за основање и ширење на српската училишна мрежа во Битола бил во 1890 година назначениот српски конзул во Битола Димитрије Боди. Тој презел активности и основал српско училиште во Битола, а учебници и материјали за работа обезбедил од Кралството Србија. Тој предлагал и награди за луѓето кои ќе се вклучат во работењето на српската национална пропаганда, знаејќи ги тогашните прилики и начинот на регрутирање на лица за работа во корист на пропагандите на останатите присутни држави. Пред Првата светска војна биле отворени 3 српски основни училишта во Битола во кои на учениците им биле обезбедени облека, книги и комплетен училишен прибор. Било отворено и средно српско училиште со назив „Српска православна гимназија", кое било издржувано од српскиот конзулат во Битола.[177]

По завршувањето на Балканските војни во Битола покрај основните училишта кои продолжиле со работа, од страна на Србите биле отворени и двокласно трговско училиште, потоа општо занаетчиско трговско училиште, нижо земјоделско училиште и женско работничко училиште. По отпочнувањето на Првата светска војна и

---

[173] Ibidem, str. 18-19

[174] Споменица двадесетпетогодишњице ослобоћења Јужне Србије 1912 – 1937, Скопље, 1937. стр. 259-260

[175] Ibidem. стр. 262

[176] Ibidem, стр.268

[177] Гимназијално образование во Битола, редакција Ѓорги Димовски, Максим Стојановски, Петар Целаковски, Александар Здравковски, Владимир Точковски, Гимназија „Јосип Броз - Тито", Битола, 1965. стр. 30-33

освојувањето на овој дел на Македонија од страна на Бугарија, наставата во овие училишта била прекратена.[178]

По завршувањето на Првата светска војна, Кралството СХС со „Договорот за заштита на малцинствата меѓу Главните сојузнички и здружени сили и државата на Србите, Хрватите и Словенците“, склучен во Париз на 10 септември 1919 година, се обврзало да не ја попречува слободната употреба на било кој јазик различен од службените јазици во приватните или трговските односи, писмената комуникација, печатот и јавните собири. Исто така се обврзало да им овозможи на националните малцинства да се служат со својот јазик пред судовите, да им допушти да основаат, управуваат и контролираат верски и социјални установи, училишта и други воспитни заводи со право на слободна употреба на својот јазик, да им обезбеди настава на нивниот сопствен јазик и да го финансира нејзиното изведување од државниот буџет. Но овие одредби никогаш не биле спроведени поради официјалната политика која не признавала постоење на македонски народ или малцинство и со крајни напори настојувала на дело да ја спроведе политиката на асимилација и денационализација за која што се определила.[179]

И не само тоа, туку Никола Пашиќ како претседател на делегацијата на Србите, Хрватите и Словенците упатил писмо на 5 ноември 1919 година до претседателот на Мировната конференција Жорж Клемансо, со кое барал примената на горенаведениот договор за заштита на малцинствата да не се однесува на териториите кои биле во состав на Кралството Србија пред започнувањето на Првата Светска војна, објаснувајќи го ваквото барање со тврдењето дека Кралството Србија претходно ги имало исполнето своите обврски спрема малцинствата, поради што сметал дека важењето на договорот во однос на тие територии е беспредметно.[180] На ова писмо било одговорено од страна на претседателот на Мировната конференција Жорж Клемансо од 12 ноември 1919 година упатено до Никола Пашиќ во кое е наведено дека измени не можат да се вршат во веќе потпишаниот договор, како и дека Главните сојузнички и здружени сили нема да бараат во иднина склучување на нови договори кои би се однесувале на заштитата на малцинските права. Во однос на бараното издвојување на поранешните територии на Кралството Србија кои влегле во состав на Кралството СХС од примената на договорот за заштита на малцинствата, било одговорено дека Врховниот совет не може да го прифати таквото барање бидејќи неговото прифаќање би значело ограничување на значењето на целокупниот договор.[181]

Според податоците од општиот попис на населението од 1921 година спроведен во Кралството СХС процентот на писмено население во „Јужна Србија“

---

[178] Ibidem, стр. 34-35

[179] Македонија во меѓународните договори (1913 – 1940), том I, избор редакција и коментар на д-р Михајло Миноски, ДАРМ, Скопје, 2006, стр. 165-169

[180] Balkanski ugovorni odnosi 1876 – 1996, tom II (1919-1945), Beograd, 1998, str. 41-46

[181] Ibidem, str. 46-49

изнесувал 33,3%, што претставува поразителен податок и е на најниско ниво во однос на другите делови од Кралството, па така процентот на писмено население во Босна и Херцеговина изнесувал 40%, а во Северна Србија 71,2%. Во вардарскиот дел на Македонија највисок процент на писмено население имал битолскиот округ со 66% описменетост во градовите и 11% описменетост кај машкото население и 1,5% кај женското население во селата. Во 1929 година процентот на писмено население над 5 години старост во тогаш формираната Вардарска бановина изнесувал 18,7%.[182] Но преку училиштата не се настојувало оваа состојба да се промени, туку пред се нивната цел била по пат на асимилација да се задуши македонската национална свест и традиција, да се искорени македонскиот јазик, да се промени неговата етнографија и топоними. На удар биле и македонските имиња и презимиња, при што било строго одредено какви имиња можат да добијат новородените, а на презимињата им бил додаван суфиксот – иќ, својствен за српскиот народ. Македонскиот јазик бил исто така забранет за административна употреба, за користење во училиштата, а учебниците, весниците и книгите биле печатени исклучиво на српски јазик.[183] За засилување на процесот на денационализација преку училиштата, министерството особено внимание обрнувало на наставниот процес по така наречената национална група на предмети: српски јазик, историја, географија и веронаука.[184]

Просветната политика на Кралството СХС се спроведувала со рапиден пораст на отворање на училишта веднаш по завршувањето на Првата светска војна и праќање на наставен кадар од Србија. На значајноста од отворање на нови училишта укажувал и Арчибалд Рајс според кого, после војната, од левата страна на Црна Река немало ниту едно училиште во вкупно 11 села, поради што апелирал да се отвораат училишта што ќе бидат центри на просветата и денационализацијата.[185]

Министерството за просвета на Кралството СХС ја реализирало просветната политика преку училишниот систем и обласни, околиски и месни одбори за народна просвета составени од просветни работници, претставници на државата и лица избрани од населението со задача непосредно да ја спроведуваат зацртаната политика, како и да организираат аналфабетски курсеви, библиотеки и читалници, соколарски, стрелачки и играорни друштва.[186] Токму затоа, за успешно спроведување на политиката на денационализација веднаш по Првата Светска војна се тргнало кон реализација на следниве цели: создавање на материјални услови – згради и опрема за изведување на настава, во сите поголеми како и погранични градови спрема Бугарија

---

[182] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 309-310

[183] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.151

[184] Ibidem, стр. 153

[185] Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, „КУЛТУРА"-Скопје, 1966 год., стр.86

[186] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 134

и Албанија отворање на реални гимназии, продолжување со работа на учителската школа во Скопје, а во Призрен на богословско – учителската, создавање на кадар што ќе работи во овие просветни институции и ќе ги замени лицата кои претходно работеле за други пропаганди, отворање на курсеви за оние просветни работници кои претходно работеле за Егзархијата и отворање на таканаречени народни школи кои би организирале аналфабетски курсеви за возрасните. Биле формирани две полни гимназии во Скопје и Битола. Вардарскиот дел на Македонија бил организиран како единствена просветна област која се состоела од 5 просветни окрузи : Скопски, Кумановски, Брегалнички, Тиквешки и Тетовски, кои понатаму се делеле на околии.[187]

Во битолскиот округ во учебната 1918/1919 година имало само 51 основно училиште, а цели села во округот биле без училишта и учители. Во иста состојба се наоѓале и основните училишта во градот Битола. Поради тоа се настојувало постојано да се зголемува бројот на основните училишта и наставниот кадар, така што бројот на училишта во битолскиот округ во 1923 година достигнал бројка од 136 училишта со 292 одделенија, а во 1924 година бројка од 139 училишта со 300 одделенија. Најголеми напори за ширење на училишната мрежа биле направени во битолскиот округ.[188]

Во градот Битола имало 5 основни училишта кои до 1921 година биле опремени со потребниот училишен инвентар, но книжевниот фонд бил многу мал. Наставниот кадар бил плаќан од општинскиот буџет, а имало и 5 турски училишта во кои задолжително се изведувала и настава по српски јазик. Во Битола работело и еврејско основно училиште во кое наставата се изведувала на шпански јазик. Имало и три приватни училишта, две француски и едно американско. Училиштата во Бач, Бешиште и Будимирци во учебната 1920/1921 година не работеле бидејќи немало наставен кадар, а во Градешница и Старавина настава не се одржувала бидејќи тамошните училишта биле срушени за време на војната. Од страна на просветните власти во Битола како проблем кој треба да се отстрани уште во почетокот на наставата бил согледан јазикот кој го зборувале учениците, а кој тие го означувале како „погрешен говор на нашето население“.[189]

Интересно е да се спомене податокот дека од вкупните средства потрошени за нови објекти во периодот од 1919 до 1931 година, на подрачјето на општина Битола биле потрошени 1.544.000 динари за изградба на калдрми и улици, додека за изградба на управни и училишни згради биле потрошени 1.417.000 динари и 68.000 динари за мостови и премини, а за инсталации во зградите, водоводи и канализации и осветлување и уредување на паркови и скверови не се евидентирани потрошени

---

[187] Д-р Иван Катарџиев, Време на зреење I, Култура-Скопје, 1977 година, стр. 76-77

[188] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.149

[189] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 314

средства.[190] И покрај напорите за ширење на училишната мрежа и обезбедување на услови за работа, не биле постигнати некои позначителни резултати, а училишните згради немале доволен простор и наставен кадар. Недостатокот на наставен кадар доведувал до прекини на училишната настава или отпочнување на училишната година со големи задоцнувања. Исто така проблем во наставата претставувало и нередовното испраќање на учениците од страна на родителите поради слабите материјални услови.[191]

Во основните училишта наставната програма ја сочинувале 17 предмети, меѓу кои била застапена и веронауката. Учениците биле учени како правилно да се прекрстуваат како и на молитви и други библиски приказни. Наставата по српски јазик требало кај ученикот да ги развие националните и патриотските чувства, да ги научи правилно да пишуваат, читаат и зборуваат на српски јазик и да ја совладаат српската граматика. На часовите по српски јазик учениците напамет учеле народни песни и песни поврзани со националната српска историја. Предметот Историја на Кралството СХС кој припаѓал на националната група предмети, се изучувал во трето и четврто одделение и негова цел било запознавање на учениците со минатото на српскиот народ и исто така имал за цел развивање национални и патриотски чувства, при што лекциите содржеле теми поврзани со старите српски кралства, српските династии, преселбите на српскиот народ и пропаста на српските кралства, периодот под турско ропство и отпорот против ова ропство, потоа теми поврзани со српските востанија и со Балканските војни. Предметот Географија се изучувал во трето и четврто одделение и тој имал за цел да ги запознае учениците со нивната „татковина" и да им всади љубов спрема неа, да се запознаат со нејзината територија, реки, патишта, територијално административни единици и со државните симболи на Кралството СХС.[192]

Предметите какви што биле: Сметање и Геометриски форми, Основи на природните науки, Естетика, Земјоделски поуки кој се изучувал само во селата, Цртање и Краснопис, освен што се изведувале на српски јазик поради нивната егзакност не биле погодни за индоктринација. За време на одржување настава по предметот Пеење се изведувале патриотски народни песни. Предметот Кореспонденција имал за цел да ги научи учениците на начинот на водење на преписка со органите на власта и да ги наведе на размислување за евентуална државна служба. Во женските одделенија имало и посебни предмети какви што биле Рачни изработки, и Поуки за домаќинство.[193]

---

[190] Ibidem, str. 114

[191] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 16 Училиштен надзорник за град Битола и ½ околија Мариовска-Битола, кут.1, а.е. 42, лист 103-104

[192] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 310-311

[193] Ibidem, str. 311-312

Основните училишта биле четворокласни, а во 1924 година биле преземени обемни активности за реконструкција на постоечките училишни згради и со образовниот систем биле опфатени околу 50% од учениците. Веќе во учебната 1926/1927 година во битолската област работеле 13 забавишта и 336 основни училишта со 670 наставници. Во вкупниот период од 1919 до 1929 година во „Јужна Србија " биле изградени 487 училишни згради. Основните училишта биле финансирани од општините преку општинските судови, а по потреба и со субвенции од државниот буџет. Иако тековното финансирање на училиштата било вршено на горенаведениот начин, основањето на нови училишта се вршело со одлука на окружниот школски одбор, по што Министерството за просвета одобрувало изградба на нови училишни згради за што средства се прибирале со оданочување на месното население каде што се вршела изградбата. За непосредно функционирање на училишните згради и училиштата се грижеле училишните одбори кои го составувале и одобрувале училишниот буџет, и им изрекувале казни на родителите кои не ги праќале своите деца на училиште, одлучувале за поправка на училишните згради, набавка на огрев и други работи, додека за правилно спроведување на асимилаторската национално-просветна политика биле задолжени школските надзорници кои често му укажувале на образовниот кадар дека треба позасилено да работи на „националното" воспитување на децата, како и на основање на хорови, стрелачки и соколарски друштва.[194] Гореспоменатите училишни одбори биле избирани со одлука на општинските одбори во зависност од тоа на подрачјето на која општина се наоѓало определено училиште.[195]

Како се прибирале средствата потребни за функционирање на едно училиште и за кои потреби се трошел училишниот буџет на едно основно училиште во битолската област може да се види од буџетот за 1927 година на основното училиште во село Логоварди. Приходите доаѓале генерално од општинските судови од наплатениот школски прирез, кој претставувал јавна давачка и се наплаќал од населението во вид на училишна такса и од изнајмување на училишен имот. Трошоци биле направени за: станарина за просветниот кадар, за огрев и осветлување, поправка на училишната зграда и оградите на училишниот двор, поправка на училишниот инвентар, набавка на наставен прибор, набавка на препорачани списанија и весници, книги за училишната библиотека, обувки за сиромашните ученици, канцелариски материјали, лекови за училишната аптека, патни трошоци за просветниот кадар, за организирање на прослави по повод „Св. Сава" и Караѓорѓевото востание и други ситни трошоци. Но поради недостаток на финансии не биле предвидени средства за вработување и плати за училишни службеници или за проширување на училиштето со нови простории. Од овој училишен буџет може да се заклучи дека властите на Кралството СХС согледувајќи ја значајноста на функционирањето на образовниот систем за спроведување на

[194] Ibidem, str. 135-137

[195] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 1 Градско поглаварство на градот Битола, книга 15, а.е. 72, лист 170

политиката на асимилација и денационализација правеле напори да обезбедат се што е неопходно за непречено одвивање на наставата.[196]

Во буџетот за 1927 година на основното училиште во село Кукуречани, кое исто така се наоѓало во битолската област може да се увиди дека училиштето прибирало приходи и од изречени казни на родителите на учениците и од камата од обврзници за воена отштета, додека биле предвидени расходи за плата за еден служител, осигурување на училишната зграда, помош за школската поликлиника, но најголем дел од средствата биле планирани за подигнување на живеалишта за просветниот кадар, од што може да се заклучи дека просветните власти имале долгорочни планови за овој дел од Кралството.[197]

Во наставата во училиштата бил воведен српскиот јазик, додека македонскиот јазик не само што бил забрануван да се користи во наставниот процес туку била забранувана негова употреба и на улица и на други јавни места, под изговор дека доколку некој го користи месниот дијалект, тоа претставува употреба на бугарски јазик. Луѓето кои не го знаеле српскиот јазик биле нарекувани со подбив „бугараши“ и „турци“.[198] На учениците му се забранувало да читаат книги на друг јазик освен на српски јазик, а училишните часови минувале во атмосфера на величење на српскиот народ и неговите национални митови, исто така се величела српската култура, војничката способност и храброста на србите. Тоа доведувало до запоставување на егзактните науки и предметите по нив за сметка на националната група предмети. Во училишниот процес ставањето на акцентот на националната група на предмети доведувал до тоа тематските единици од овие предмети да се учат во подробности, особено епски приказни и стихотворби кои учениците требало да ги учат напамет. Ист бил случајот и со темите кои им се задавале на учениците за домашна и писмена задача, а кои носеле наслови како на пример: „На Кајмакчалан“, „Улогата на Јужна Србија во обединувањето на СХС“, „Спомени од српската култура во Македонија“ и други. За учениците се организирале најразлични екскурзии во различни делови на Кралството СХС, а се организирале и најразлични училишни и спортски секции и здруженија.[199]

Големосрпскиот режим во првите години интензивно работел на спроведување на просветната политика и настојувал што поголем број на деца да бидат вклучени во образовните институции. Се правеле напори да се засили мрежата и на средни училишта и да се развијат и дополнителни активности во кои спаѓале најразлични

[196] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 16 Училиштен надзорник за град Битола и ½ околија Мариовска-Битола, кут.1, а.е. 12, лист 23-24

[197] ДАРМ-одделение Битола, Фонд Училиштен надзорник за град Битола и ½ околија Мариовска-Битола, кут.1, а.е. 19, лист 37-38

[198] Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, „КУЛТУРА“-Скопје, 1966 год., стр.88-89

[199] Македония – Сборник от документи и материали, Редакторски и съставителски колектив на Институт за история, София, 1978, стр. 702-704

младински, спортски и други организации и здруженија. Целта на овие младински организации била да се подложи на контрола младината и да се оттргне од можното влијание на револуционерните движења.[200]

Средните училишта се формирале како потполни (со 8 класа) и непотполни (со 4 класа). Непотполните средни училишта биле со иста настава за сите ученици во кои доминирала националната група на предмети, додека потполните средни училишта после четвртиот клас се делеле на реални, гимназиски и реално гимназиски. Отворањето на средните училишта било поддржувано од општините кои отстапувале земјиште, ја финансирале изградбата на училишната зграда и обезбедувале домови за наставниот кадар. Но и покрај напорите кои ги правела новата држава на полето на средното образование, таа сепак не успеала да воспостави систем на квалитетно образование поради недостаток на квалификуван кадар, училишни згради и финансиски средства. Недостатокот на квалификуван кадар се пополнувал во голем дел со апсолвенти по филозофија и бегалци од Русија кои често не го говореле течно јазикот на кој што предавале.[201]

Во учебната 1921/1922 година во вардарскиот дел на Македонија имало 12 средни училишта. Се настојувало што повеќе ученици да се запишат во воените училишта и воените академии, а на учениците за упис им била потребна препорака од „националните работници“.[202] Во битолскиот округ во периодот меѓу двете светски војни работеле следниве средни училишта: полна гимназија, трговско училиште, богословија, ниже земјоделско училиште и стручно женско училиште.[203]

Како полна гимназија продолжила да работи пред војната формираната битолска српска гимназија, иако со непотполн кадар. Во учебната 1921/1922 година за која постојат податоци имало 14 наставници, а до учебната 1928/1929 година бројот достигнал 25 наставници. Најголем дел од наставниците биле приврзаници на големосрпската идеја, а биле ангажирани и наставници од други националности кои најчесто предавале веронаука, а имало и руси емигранти. Национално-политичката мисија на наставниот кадар може да се увиди и од испраќаните дописи од Министерството за просвета во кои му се укажувало на важноста и значењето од

---

[200]Д-р Иван Катарџиев, Време на зреење I, Култура-Скопје, 1977 година, стр. 81-82

[201] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 138-139

[202] Иван Катарџиев, Време на зреење, Македонското национално прашање меѓу двете светски војни (1919 - 1930), Книга I, Скопје, 1977, стр. 80

[203] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.150

воспоставување на поблиски односи со населението и влевање на српско национално чувство.[204]

Битолската гимназија функционирала како осмокласно средно училиште. Бројот на запишаните ученици се движел од 245 во учебната 1918/1919 година па се до 1.439 ученици во учебната 1928/1929 година. Интересно е да се напомене дека се до учебната 1924/1925 година гимназијата на запишувала ученици од женски пол. Зголемениот број на ученици резултирал со потреба од зголемување на просторниот капацитет на училишната зграда, па поради тоа бил изграден уште еден спрат. И покрај тоа што на прв поглед се добива впечаток дека бројот на запишани ученици се зголемувал и бил висок процентот на запишани, сепак со оглед дека во околните градови немало училишта, учениците од најразлични краишта биле упатени да се запишуваат во Битола, па може да се заклучи дека пристапот до школувањето бил рестриктивен, делумно и поради високите училишни такси за упис.[205]

Наставата во битолската гимназија како и во скоро сите други училишта воопшто, се изведувала на српски јазик. Биле застапени предмети од природните науки, а особено интензивни биле предавањата по српски јазик и историја поради нивната значајност за спроведувањето на политиката на денационализација и асимилација. Наставата била изведувана според определените од Министерството за просвета учебници и наставна програма и се инсистирало на доследно спроведување на зацртаната образовна политика, па токму затоа не се дозволувало никакво отстапување од зададените правила или давање лектири по слободен избор на наставниците.[206] Просветната политика се спроведувала и по пат на доследно прославување на српските национални празници, па така на 27 јануари најсвечено бил прославуван „Св. Сава", на 11 ноември „Денот на мирот" на кој им била оддавана почест на загинатите од Првата светска војна, 19 ноември како „Ден на ослободувањето на Битола" од турското ропство, 1 декември како „Ден на обединувањето на Кралството СХС", 24 мај како „Ден на просветителите Св. Кирил и Методиј". За време на празнувањата на овие денови на учениците им биле доделувани награди, а свидетелствата за завршена училишна година биле доделувани на 28 јуни – „Видовдан". Биле организирани и конкурси за пишување на есеи на теми од српската историја и книжевност, на кои исто така биле доделувани награди, а со сите овие и горенаведените активности се настојувало на осмислен начин учениците да се воспитаат во српски национален дух.[207]

---

[204] Гимназијално образование во Битола, редакција Ѓорги Димовски, Максим Стојановски, Петар Целаковски, Александар Здравковски, Владимир Точковски, Гимназија „Јосип Броз - Тито", Битола, 1965. стр. 37-39

[205] Ibidem, стр.40-42

[206] Ibidem, стр. 44-45

[207] Ibidem, стр. 50-52

При гимназијата било формирано и „друштво на трезвена младина“ кое членувало и работело согласно унифицирани правилници од организација која ги обединувала сите вакви друштва и се нарекувала „Сојуз на друштва на трезвена младина“. Овие здруженија помеѓу населението го пропагирале антиалкохолизмот и штетноста од оваа навика, а ги промовирале здравите животни навики. Друштвото на трезвена младина при битолската гимназија било формирано на 22 март 1923 година.[208]

Земјоделското училиште во Битола било основано во 1913 година, а со работа продолжило по завршувањето на Првата светска војна во учебната 1921/1922 година, со подготвителни шест месечни курсеви и двегодишна настава се до 1926 година, кога подготвителните курсеви биле укинати. Наставата за учениците кои ги исполнувале условите за прием на државен трошок била бесплатна, а условите биле ученикот да доаѓа од село и да има завршено основно училиште, да има помеѓу 14 и 18 години, да биде психофизички здрав и неговите родители да имаат најмалку 5 хектари обработлива земја. Оние кои не ги исполнувале овие услови можеле исто така да се запишат во ова училиште, но морале да ја следат наставата на свој трошок. Ова училиште од страна на битолската општина бесплатно добило 100 хектари земјиште за подигнување на згради за чување на стока и засадување на огледни култури.[209]

Трговското училиште во Битола било основано 1913 година, а со работа продолжило после четиригодишен застој, по завршувањето на Првата светска војна во 1919 година. Во почетокот, односно од 1919 до 1928 година ова училиште работело како двокласно, а од 1928 година како четворокласно училиште. Целта на ова училиште била да едуцира компетентен кадар со посовремени познавања од областа на трговијата и економијата.[210]

Состојбата со зградите на средните училишта била неповолна, па се случувало некое средно училиште наставниот процес да го изведува во неколку различни објекти. Средните училишта во Битола имале доволен број на училници, а во гимназијата во Битола имало и сала за свечености. Често зградите на средните училишта немале регулирана сопственост, или се наоѓале во лоша и запуштена состојба. Друг проблем бил недостатокот на училишен простор, па така во училниците настава следеле далеку поголем број на ученици отколку што дозволувал просторниот капацитет. Скоро сите средни училишта имале недостиг на учебници и нагледни средства.[211]

---

[208] ДАРМ–одделение Битола, Фонд 5 Гимназија „Јосип Броз Тито“Битола (1918-1987), кут.12, а.е. 3, лист 3
[209] Споменица двадесетпетогодишњице ослобоћења Јужне Србије 1912 – 1937, Скопље, 1937, стр. 637
[210] Ibidem, стр. 707
[211] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 329

Слично како и во основните училишта, и во средните училишта наставниот кадар претежно го сочинувале етнички Срби и бегалци од Русија кои биле вработувани во училиштата. Идентична била ситуацијата со компетентноста на наставниот кадар, при што во учебната 1921/1922 година само 11,4% ги задоволувале бараните образовни квалификации. Недостигот се пополнувал со незавршени студенти, свештеници, па дури и офицери. Исто и овде лицата кои биле праќани на служба, најчесто биле упатувани поради некаква казна и предавале по два или повеќе предмети. Бегалците од Русија кои биле вработувани во средните училишта најчесто не го познавале доволно ниту српскиот јазик. Слабата дисциплина на просветниот кадар и овде била присутно обележје, а се манифестирале и најразлични злоупотреби.[212]

Во училиштата и пред јавните објекти на видно место се поставувале натписи кои гласеле: „Говори се само службеним језиком", додека во училиштата пред читање на молитвата учениците на глас по три пати повторувале: „Ја сам прави србин, отац мој и матер моја су прави срби". За учениците од Македонија биле отворени пансиони во Белград и Загреб и други градови каде што биле праќани да учат или студираат и на кои им се давало бесплатна издршка. Во 1920 година во Скопје бил создаден Филозофски факултет како филијала на Белградскиот универзитет, кој што според зборовите на експонентите на српската власт се очекувало преку него да се спроведува културно-националната мисија во „Јужните краишта" и кој требал да создаде поборници на српската култура, просвета и национален живот во тие краишта.[213] Заради едуцирање на кадар кој бил неопходен за пополнување на недостатокот, во 1919 година била формирана и учителска школа во Скопје и во Прилеп, на која услов за прием на кандидатите бил добар углед, завршена четиригодишна гимназија и возраст помала од 18 години. Работењето на овие училишта ги обележало немањето на соодветни услови за одржување на настава како и чести штрајкови и побуни на учениците. Во Скопје во 1926 година бил отворен и отсек на Архивот од Белград кој требало да се грижи за систематизација и зачувување на пронајдената архивска граѓа, но неговото работење било без видливи резултати поради нерешените проблеми кои го оневозможувале неговото функционирање.[214]

Просветната политика на големосрпските владеачки кругови не ги дала саканите резултати и тие постепено губеле надеж во можноста од успешно спроведување на денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ. Но просветната политика наишла и на отпор и неуспех. Оваа ситуација била согледана и од просветниот инспектор Обрадовиќ кој во 1925 година предложил да се редуцираат

---

212 Ibidem, str. 323-324

213 Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918 – 1941, БАН, София, 1983, стр. 49-50

214 M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 139-141

вишите гимназии, а децата поради наводни економски причини државата како питомци да ги испраќа на школување во други краишта. Предлагал задржување на бројот на нижи гимназии, а зголемување на бројот на стручни училишта и укинување на Филозофскиот факултет во Скопје.[215]

Неуспехот да се асимилира македонскиот народ може да се илустрира и преку изјавата на учителката Јерина Марковиќ до управникот на училиштето Милојко Веселиновиќ од 27 јуни 1927 година во која ги опишува тешкотиите со кои се соочила во образовниот процес во училиштата во Битола. Таа наведува дека додека работела како учителка во Шумадија не се соочила со никакви проблеми и не и биле правени никакви забелешки од училишните власти, но во однос на обвинувањата дека направила престап служејќи се со овдешниот „дијалект", тврди дека била приморана да го употребува на барање на учениците кои и велеле дека не ја разбираат што зборува и дека сакаат да им зборува на македонски јазик. Се трудела да ги убеди дека македонски јазик не постои, но немала доволно време бидејќи морала да постигне успех кај децата.[216] Ова објаснување не било прифатено од школскиот надзорник за град Битола, Ѓорѓе Тасиќ, кој се определил за доследно спроведување на официјално зацртаната политика на големосрпскиот режим. Тој во мислење од 30 јуни 1927 година кое се однесувало на дадената изјава „оценил" дека иако и било доверено едно трето одделение и на прв поглед изгледало дека добро го владее литературниот јазик, сепак за време на вршење на надзорот констатирал дека децата одговарале дека се македонци и дека зборуваат македонски јазик, што го изненадило и поради тоа сметал дека наставничката не можела или не сакала да им го објасни поимот на српското име. Заклучил дека не било возможно децата да барале од неа таа да зборува на „дијалектот" на кој е забрането да се изведува настава и дека децата добро го зборуваат и разбираат литературниот јазик, поради што го доставува мислењето до Министерството за просвета со препорака да се расчисти со просветните работници што не одговараат за улогата во овие краишта.[217]

За да ја подобри ситуацијата Министерството за просвета на Кралството СХС на 24 јануари 1928 година упатило допис до сите директори на гимназии, управници на основни училишта, учителски школи, обласни и околиски училишни надзорници во кој откако се нагласува потребата за интензивирање на процесот на спроведување на просветната политика, им се укажува на сите лица вклучени во овој процес дека треба да внимаваат на своето однесување и да не се препуштаат на пороци и на неморалност, бидејќи само со беспрекорно однесување можат да влијаат врз населението во „новоослободените краишта". Се напоменува дека своите должности треба да ги извршуваат точно и навремено и дека не смеат да се оддалечуваат од

---

[215] Д-р Иван Катарџиев, Време на зреење I, Култура-Скопје, 1977 година, стр. 82-83
[216] Документи – За борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Том Втори, УКИМ, Скопје, 1981, стр. 135
[217] Ibidem, стр. 136

своите работни места во работни денови. Исто така им се препорачува на наставниците во текот на неработните денови и за време на празниците да настојуваат доколку имаат можност да се задржуваат во населеното место во кое што работат и да воспостават поблиски контакти со народот. Исто така им се укажува дека не смеат да ги исмејуваат или да се подбиваат со локалните народни обичаи, туку внимателно и совесно давајќи свои примери да ги искоренуваат оние обичаи кои сметаат дека се штетни и несоодветни за српските национални сфаќања.[218]

Во однос на наставниот процес Министерството укажувало и на потребата во секоја погодна прилика да се потенцира значењето и да се споменуваат настани од постарата и поновата српска национална историја. Исто така се барало во секое училиште да се создадат ученички дружини кои би изведувале драми и народни песни, а за време на празниците да се одржуваат свечености на кои училишната младина би изведувала приредби, со што во училиштата освен младината би се привлекле и нивните родители.[219] Министерството за просвета со овој допис на просветниот кадар му определил и извршување на национално-политичка дејност помеѓу населението за што барал да биде вклучен во следните активности со кои би се придобило населението: ширење на писменоста кај неписменото население со формирање на аналфабетски курсеви, основање на вечерни училишта на кои би се одржувале предавања на теми поврзани со српската национална историја, основање на најразлични пеачки, соколски и стрелачки друштва, народни книжари и читалници, одржување на родителски состаноци секој месец, организирање на излети, екскурзии, концерти и натпревари за што ќе добијат поддршка од државниот и обласниот буџет. Понатаму се барало при формирањето на овие здруженија да се води сметка во нив да се вклучат сите лица кои се влијателни во своите средини. Освен ученички, се укажувало на потребата од формирање и на кредитни, потрошувачки и земјоделски задруги, подигнување на огледни училишни економии преку кои народот би увидел позитивни примери кои би ги следел и кои би воделе до негово економско подигнување. Во секојдневниот однос со населението се барало убаво постапување и посетување на народните прослави и свадби, а се забранувало лошо и погрдно постапување. На крајот од овој допис за спроведување на предвидените мерки се упатуваат просветните власти на поголема соработка со останатите органи на државната управа и се задолжуваат да изработат програма за просветно, културно, национално и економско делување. Несомнено дека целта на овие мерки предвидени од страна на Министерството не биле мерки мотивирани од потребата за подобрување на положбата на населението, туку претставувале сеопфатна програма за спроведување на политиката на асимилација и денационализација, но поради дотогашниот констатиран неуспех овој пат мерките биле посеопфатни и

---

[218] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 16 Училиштен надзорник за град Битола и ½ околија Мариовска-Битола, кут.1, а.е. 48, лист 134-135

[219] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 16 Училиштен надзорник за град Битола и ½ околија Мариовска-Битола, кут.1, а.е. 48, лист 134-135

распространети врз сите сфери на општественото живеење и се правел обид народот да се придобие на друг начин, со позитивен пристап.[220]

Причините за неуспехот на политиката на денационализација власта ги пронаѓала и во дејноста на учителите кои биле македонци и своето образование го стекнале во егзархиските просветни институции и имале предавано во егзархиските училишта, а кои морала да ги ангажира бидејќи не располагала со потребниот просветен кадар, но и поради политички причини за да се приближи до населението. Факт е дека овој кадар и не се залагал премногу за успехот на просветната политика на Кралството СХС. Поради тоа власта отпочнала со нивно трајно преместување во други делови на земјата, најчесто во Србија и Црна Гора и нивна замена со учители кои се срби по националност.[221]

Севкупниот просветен систем во вардарскиот дел на Македонија бил заостанат бидејќи недоволно се вложувало во подигање и опремување на училишта, а и условите за работа на испратените учители биле неповолни бидејќи освен што работењето во овој дел од Кралството СХС се сметал за казна, нередовно биле обезбедувани и средства за плати и превоз на просветниот кадар.[222] Платата на наставниот кадар се определувала во зависност од тоа во која категорија бил класифициран и со каков степен на завршено образование се имал стекнато, како и позицијата која ја имал во рамките на училишниот систем. Им бил исплаќан и надоместок за станарина и надоместок во зависност од тоа дали имал семејство и од колку члена било составено.[223] Поради недостигот на училишни згради често биле закупувани куќи во кои се изведувала наставата и кои не ги задоволувале потребните просторни и хигиенски услови за извршување на училишна дејност. Како училишни згради биле користени и објекти кои во минатото ги користела турската власт, па дури и караули. Предлозите упатени кон државата од страна на наставниот кадар кој предлагал да им наложи на општинските управи да изградат училишни згради, а на сиромашните општини да им даде кредити, не се реализирале. За училишните згради не бил обезбедуван ниту огрев, па се оставало наставниот кадар самиот да се снајде.[224]

Чест бил случајот Министерството за просвета да упатува лица на служба во Македонија поради некаква казна, при што не се водела сметка во кој период се упатува едно лице, па можело да се случи преместување насред учебна година. Наставниот кадар во основните училишта најчесто не бил доволно едуциран и не ги

---

[220] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 16 Училиштен надзорник за град Битола и ½ околија Мариовска-Битола, кут.1, а.е. 48, лист 134-135

[221] Д-р Иван Катарџиев, Историја на македонскиот народ, Том 4, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр. 178-179

[222] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр.155.

[223] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 16 Училиштен надзорник за град Битола и ½ околија Мариовска-Битола, кут.1, а.е. 53, лист 146-147

[224] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 315

имал потребните образовни квалификации, а бил и слабо платен, за споредба жандармериската плата била три пати повисока. Според етничкиот состав на наставниот кадар во основните училишта доминирале етнички Срби, но имало и бивши егзархиски учители.[225] Во ноември 1926 година, на пример, Министерството за внатрешни работи го информирало Министерот за образование дека во битолската просветна област од вкупно 470 учители во основните училишта, 111 биле поранешни егзархиски учители. Се наведувало дека иако завршиле курсеви по српски јазик во Белград, српскиот јазик не го знаат, а децата ги учат дека се македонци. Поради тоа се предлагало постарите учители да се пензионираат а младите да се преместат во Србија.[226] Работната дисциплина во основните училишта била на ниско ниво. Имало бројни случаи на неоправдани отсуства од работа, злоупотреба на пари од училишниот буџет од страна на директорите на училиштата, непримерно однесување за еден просветен работник кое се демонстрирало низ впуштање во расправии, инциденти во пијана состојба, демолирање на кафани, претепување на ученици итн.[227]

Главен збор во просветната политика имал просветниот инспектор, а највлијателен инспектор бил Драгомир Обрадовиќ, кој често бил критикуван поради коруптивно однесување и доделување на работни места и препораки за пари. Освен овој проблем кој се одразувал на квалитетот на просветниот кадар, и школските надзорници кои биле задолжени за надзор над училиштата биле слабо платени и имале недоволно средства за вршење на обиколки при надзорот. Имале широки овластувања при својата работа и можеле да издаваат наредби и упатства, да обрнуваат внимание на користењето на книжевниот акцент, да се грижат за состојбата на училишните згради и да контактираат со околиските поглавари и просветното одделение во Скопје. За тоа што ќе го забележеле, надзорниците составувале извештаи со предлог мерки кои му ги доставувале на Министерот за просвета. Како пример се наведува дека канцеларијата на надзорништвото во Битола била сместена во соба низ чии штици се гледал подрумот кој бил полн со вода.[228] За надзорници биле поставувани луѓе кои немале потребни квалификации, но биле приврзаници на групациите кои ја имале политичката власт. Исто така како и директорите, често ги злоупотребувале доверените буџетски средства и се занимавале со дополнителни дејности отворајќи хотели, кафани и книжари.[229]

Школските надзорници во текот на секоја година биле известувани за бројот и половата структура на запишаните ученици, бројот на ученици по класови и податокот

[225] Ibidem, str. 317-318
[226] Д-р Иван Катарџиев, Историја на македонскиот народ, Том 4, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр. 178-179
[227] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 319-320
[228] Ibidem, str. 83-84
[229] Ibidem, str. 320

кој наставник за кој училишен клас ја изведува наставата.[230] Чест бил случајот еден просветен работник да биде задолжен за изведување на наставата за повеќе класови, поради недостатокот на финансиски средства за ангажирање на доволно наставен кадар.[231] Школските надзорници биле известувани и за вкупниот број на наставници во едно училиште, начинот на стекнување на квалификациите, односно дали квалификациите ги стекнал по пат на редовно образование или со завршување на учителски курсеви кои во тоа време биле организирани за да може државата да ги задоволи потребите за наставен кадар, потоа бројот на отсуства во текот на годината и дали во текот на работниот век бил казнуван или бил одликуван просветниот работник.[232]

Училишните управи доставувале полугодишен и годишен извештај до школскиот надзорник во Битола, па така во полугодишниот извештај за учебната 1927/1928 година од основното училиште во Могила е наведено дека училиштето навремено го составило училишниот буџет и навремено ги добило предвидените финансиски средства прибрани од школскиот прирез, што овозможило да се подмират сите неплатени обврски. Понатаму управникот на училиштето наведува дека училишната зграда која била подигната во 1922 година со една поправка би можела подолготрајно да ги задоволи потребите на учениците, но и дека е потребно да се реши проблемот со обезбедување на живеалишта за потребите на просветниот кадар. Ова училиште немало свој имот, но било опремено со потребните училишни средства и прибор. Понатаму се констатира дека месниот училишен одбор грижливо ја вршел својата должност, а совесно ја вршеле својата должност и наставниците, наставата се одвивала непречено, а и запишувањето на учениците било извршено навремено. Од ваква деталниот извештај може да се заклучи дека Министерството за просвета преку своите надзорни органи правело напори да обезбеди детален увид во училишниот живот.[233]

Освен преку училишната мрежа, целите на големосрпската просветна политика режимот ги спроведувал и преку ретката мрежа од библиотеки кои со книги се снабдувале преку донации од Министерството за просвета, фирми и приватни донатори, меѓу кои доминирала литература со „национална“ содржина: „Српски народни песни“, „Скопје и Јужна Србија“, „Четнички акции“, „Како се борат Шумадијците“, „Крал Петар“, „Македонија во стариот век“, „Нашите нови градови на Југ“ и други. Книги со ваква содржина биле донирани и од друштвото „Св. Сава“, а

---

[230] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 16 Училиштен надзорник за град Битола и ½ околија Мариовска-Битола, кут.1, а.е. 22, лист 43

[231] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 16 Училиштен надзорник за град Битола и ½ околија Мариовска-Битола, кут.1, а.е. 23, лист 44-45

[232] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 16 Училиштен надзорник за град Битола и ½ околија Мариовска-Битола, кут.1, а.е. 29, лист 54-55

[233] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 16 Училиштен надзорник за град Битола и ½ околија Мариовска-Битола, кут.1, а.е. 33, лист 60-65

недостигала стручна и научна литература. Дури во 1927 година била извршена достава на седудесетина наслови од попознатите светски писатели. За разлика од овие народни библиотеки, библиотеките во основните и средните училишта најчесто недостасувале, или библиотечниот фонд бил раземен. Согласно тогашното законодавство народните библиотеки и читалниците биле должни во зимските месеци да организираат собири на кои би се разговарало за различни книги, а организирале и курсеви за описменување на населението.[234]

Српската национална пропаганда не можејќи да го порекне постоењето и големата различност на македонскиот говор од српскиот јазик, на секој начин се трудела македонскиот говор да го претстави како дијалект на српскиот јазик, создавајќи во тој правец обемни квазинаучни објаснувања. Поради тоа, различните говори на населението од различни краишта на вардарскиот дел на Македонија се трудела да ги претстави како дијалекти на српскиот јазик, пронаоѓајќи во нив црти на јужноморавски или „староштокавски" говори. Исто така особено била критикувана таканаречената теорија за преодни дијалекти помеѓу словенските јазици со која некои бугарски лингвисти го објаснувале македонскиот говор како преоден дијалект помеѓу бугарскиот и српско-хрватскиот јазик, но кој сепак е поблизок до бугарскиот јазик.[235] Во поткрепа на овие тврдења ги потенцирале сите фонетски, морфолошки и други јазични црти на македонскиот говор кои имале сличности со српскиот јазик, а разликите ги објаснувале со тврдењето дека немало можност за мирен јазичен развој поради турбулентните настани и собитија од минатото кои внесле туѓи јазични елементи во овие „дијалекти на српскиот јазик".[236]

И покрај вложените напори просветната политика останала без резултат, токму затоа во 1929 година се донел посебен закон за основните училишта и гимназиите кој бил наменет за вардарскиот дел на Македонија и со кој се извршило затворање на гимназиите во Струмица, Ресен, Кавадарци и Кичево, а нижите гимназии во Гевгелија, Кавадарци, Кочани, Ресен, Струга, Кичево, Дебар и Гостивар биле затворени. Исто така полните гимназии во Велес, Куманово, Штип, Прилеп и Охрид биле претворени во нижи гимназии, а била затворена и учителската школа во Прилеп. Како причина за донесувањето на овој закон биле наведени недостатокот на квалификуван кадар и неопременоста на училиштата со училишни помагала. Јасно е дека целта на овај закон била народот да остане на низок образовен степен за полесно да може да биде владеан.[237] Интересно е да се наведе објаснувањето кое го дава српската национална пропаганда за оваа правно-политичка одлука. Имено, како причина се наведува

[234] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 342-343
[235] Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912 – 1937, Скопље, 1937. стр. 499-501
[236] Ibidem, стр. 520
[237] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр.153-154.

неисполнувањето на законските услови за опстојување и дејност на овие училишта, како и недостигот на училишна мрежа која би ги задоволила потребите на најшироките слоеви на населението. Исто се наведува дека голема била потребата за стручно образование, па воведеното осмогодишно основно образование во горните четири класови ќе овозможело во наставата во селата акцентот да биде ставен на земјоделието, а во градовите на знаењата од индустријата и трговијата.[238]

По првичниот полет на српските власти во спроведувањето на просветната политика преку која сметале дека е од најголемо значање за асимилација на македонскиот народ и дека успешно ќе ја реализираат проектираната цел, по само десетина години се соочиле со огромно разочарување кое ги довело во ситуација да преземаат сосема спротивни мерки на затворање на училишта. Отпорот на македонскиот народ бил клучен за нивниот неуспех, но свој удел имал и недостатокот на училишни згради и јавни финансии, дефицитот на квалификуван наставен кадар и слабата работна дисциплина, што сето заедно обидите за асимилација и денационализација ги направило залудни.

## 2.6 Српската колонизација во Битола и битолско

Колонизацијата претставува една од најзначајните мерки во функција на воспоставување и зацврстување на државната власт на Кралството СХС на територијата на македонскиот народ која припаднала кон него, конечно по крајот на Првата светска војна. Својствено за тоа време колонизацијата била мерка која редовно се користела од повеќето европски држави при окупација на територија која била населена со етничко население различно од она на окупаторот. Со истата се настојувало освен обезбедување население потребно за нормално и непречено функционирање на новиот државен апарат, да се доведе и население со чија помош ќе се оживотвори изградба на општествен амбиент потребен за развивање на останатите облици на власт, како и разбивање на компактноста на дотогашното етничко население. Колонизацијата најчесто претставува населување на земјоделско население од едни во други краеви, односно од едни во други држави, кое се врши плански, под контрола на надлежните државни органи, со претходно обезбедување на услови за населување и вклучување на доселеното население во економските текови. Друга димензија на поимот колонизација е и потчинувањето на други земји и народи заради остварување на економска експлоатација и политичка и културна доминација.

На територијата на вардарскиот дел на Македонија колонизацијата и претходно не била непозната државна активност, бидејќи ја спроведувала и Отоманската

[238] Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912 – 1937, Скопље, 1937, стр. 935

империја, доселувајќи мухаџири од областите кои се ослободувале од турска власт. Оваа мерка ја спроведувале и грчката и бугарската држава во деловите кои потпаднале под нивна власт, а активно како мерка со различни успеси ја спроведувало и новоформираното Кралство СХС.

Активностите на Кралството СХС во поглед на колонизацијата за периодот кој е предмет на обработка на оваа тема, подобро би можеле да ги согледаме доколку направиме мала ретроспектива, со што иницијално би го согледале нејзиниот првичен развој.

Кнежевството Србија исто како и Грција и Бугарија, иако малку подоцна, но сепак се вклучило во пропагандите, пред се инспирирано од фактот дека со решенијата од Берлинскиот Конгрес му било оневозможено ширење кон Јадранското море. Така во 1886 година било создадено друштвото „Свети Сава", а веќе следната година биле отворени српски конзулати во Солун и Скопје, а во 1888 година и во Битола. Во рамките на тогашното Министерство за просвета и црковни работи бил поставен специјален референт за „српските работи во Стара Србија и Македонија". Тогашниот специјален референт Владимир Кариќ откако ја проучил состојбата во Македонија дошол до констатација дека треба да се отпочне со колонизација на српски семејства во поголемите градови во Македонија, кои би биле потпора и би овозможиле услови за ширење на српската пропаганда. Тој ова свое согледување на 25 март 1889 година во форма на извештај го проследил до Министерството на просветата, и предложил да се населуваат угледни семејства кои би основале занаетчиски и трговски колонии, со што еднаш така создадената мрежа би можела да се развива и да служи за целите на пропагандата и за други потреби.[239]

Ова размислување било прифатено од тогашните државни власти и се отпочнало со колонизација на српски семејства по градовите, при што секаде биле формирани мали колонии. Паралелно со ова, од периодот од 1889 до 1912 година во Македонија биле основани повеќе стопански претпријатија со српски капитал, како што биле на пример пиварницата во Скопје, трговско-бакарска задруга во Тетово и филијали на Француско-српската банка во Битола и Скопје. Дополнителен мотив претставувал и трговскиот успех кој го постигнала Србија кога го преориентирала извозот и трговијата на југ, за време на царинската војна со Австро-Унгарија.[240]

По завршувањето на Балканските војни, вардарскиот дел на Македонија официјално бил анектиран на 25 септември 1913 година. Во тоа време поради погрешните претстави дека има доста плодна и необработена земја, владеел голем интерес за населување кон југ, што се совпаѓало со планираната колонизација од државата, за чија реализација на 20 февруари 1914 година била донесена „Уредба за

[239] Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, „КУЛТУРА"-Скопје, 1966 год., стр. 19-20
[240] Ibidem, стр. 25-27

населување во новоослободените и присоединетите области кон Кралството Србија". Во кратки црти, со Уредбата се предвидувала и автоколонизација по пат на слободно купување на земја, се напоменувало да се води сметка земјиштата кои ќе бидат предмет на колонизација да се необработени и да не се во приватна сопственост. Уредбата исто така пропишувала како субјекти на колонизацијата да се јавуваат: населението од новоослободените краишта, граѓани од старите граници на Кралството и српско и словенско население од странство, а се пропишувале и количините на земја кои би требало да бидат доделувани по домаќинство. Се планирало во Македонија и косовско-метохиската област населување на околу 12.000 семејства. Со оглед на краткиот период до започнувањето на Првата светска војна се направиле претежно само подготовки за населување на колонистите.[241]

Во вардарскиот дел на Македонија за разлика од некои од останатите делови во Кралството СХС се задржале полуфеудални односи.[242] Преовладувале ситните земјишни поседи кои скоро исклучиво биле во сопственост на христијанското население и тие луѓе се нарекувале селани со слободна земја. Големите и средните земјишни поседи скоро исклучиво биле во сопственост на муслиманското население и ова земјиште било со поголема плодност и квалитет. Овие поседи се викале чифлици или беглуци и оваа земја не ја обработувале беговите, агите, спахиите или сајбиите, туку христијаните кои се нарекувале чифчии. Во чифчискиот однос сопственикот на земјиштето му давал на чифчијата куќа, запрежна стока и семиња потребни за обработка на земјиштето, а чифчијата бил должен со својата фамилија да ги извршува сите земјоделски работи. Од добиените плодови чифликсајбијата земал најпрво една десетина, потоа даденото семе, а од остатокот уште половина. Посебен однос претставува беглучкиот однос, и тука бегот ја обработувал земјата ангажирајќи аргати од христијанското население, а за нивниот труд ги плаќал во пари или во натура. Кај четвртџискиот однос четвртџиите ги работеле сите земјоделски работи од орање до завршеток на жетвата, за што потоа добивале една четвртина од приносот и за време на работата живееле во живеалиштата што им ги обезбедувале беговите, од кои добивале и храна за време на работата. Наполџискиот однос го карактеризира тоа што наполџиите имале своја стока и своја земја, но работеле и беговска земја за што добивале половина од приносите. Ќесимџискиот однос е однос во кој бегот по пат на писмен договор му ја издавал земјата во закуп на ќесимџијата, а овој бил должен за возврат да му даде определена количина од приносите добиени од обработката на земјата, која ја обработувале со свои средства.[243]

---

[241] Ibidem, стр.37-39

[242] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.50

[243] Споменица двадесетпетогодишњице ослобоћења Јужне Србије 1912 – 1937, Скопље, 1937, стр. 524-525

По Балканските војни Турците отпочнале да ја продаваат земјата и да се иселуваат, бидејќи чифчиите одбивале да ги исполнуваат обврските или пак со мобилизација на машкото население тие се пустеле. Најголем дел од земјата, односно околу две третини, населението ја откупило, додека само околу 10% ја добиле бесплатно или им била доделена со аграрната реформа. Оние турци кои не успеале да ги продадат имотите, истите ги напуштале или им биле заграбувани од месното население, но само за кратко бидејќи српските власти правеле списоци за напуштените имоти од турците, со цел да ги наменат за колонизацијата и аграрната реформа.[244] Процесот на иселување на муслиманите не го зафаќал само турското население туку и исламизираните македонци и помал дел на албанци, кои со пропаста на Отоманската империја се чувствувале загрозено и биле свесни дека ќе ги изгубат привилегиите што им биле давани од страна на отоманската власт. Муслиманите помеѓу другото, сметале дека со промената на власта се западнати во непријателска средина која наводно го загрозува нивниот живот, имот и вера, и поради тоа се одлучувале на вакви чекори.[245]

По завршувањето на Првата светска војна и дефинирањето на поствоените граници, на 27 февруари 1919 година владата на Кралството СХС ги објавила таканаречените „Претходни одредби за подготовка на аграрната реформа" кои биле почетна законска основа за спроведување на аграрната реформа и колонизацијата. Во овие одредби се предвидувало укинување на чифчиските односи и забрана за воспоставување на нови такви, додека чифчиите се прогласувале за слободни сопственици на чифчиската земја. Овие претходни одредби пред се се однесувале на аграрната реформа, иако истата ќе остане неразрешена, и понатаму ќе се разрешува со закон од 1931 година.[246]

Во поглед на сопственоста врз земјиштата преостанал наследениот имотно-правен хаос и нерегулираност од поранешната Отоманска империја. Иако голем број на лица од населението поседувале турски тапии претходно издадени од отоманските власти, на ним не можело да им се поклони верба бидејќи била раширена појавата на нивно фалсификување. Иако било планирано формирање на катастар на земјиште, не било ништо преземено за негово оживотворување. Со закон од 20 мај 1922 година во секој дел на Кралството бил определуван земјишен максимум кој можел да го поседува едно домаќинство, додека вишокот бил одземан за потребите на аграрната

---

[244] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.55-56

[245] Д-р Глигор Тодоровски, Демографските процеси и промени во Македонија од почетокот на Првата Балканска војна до осамостојувањето на Македонија – со посебен осврт врз исламизираните македонци, ИНИ – Скопје, Матица македонска, Скопје 2001 год., стр.21

[246] Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, „КУЛТУРА"-Скопје, 1966 год., стр. 62-63

реформа или по потреба некои земјишта биле експроприрани и потоа наменувани за колонизирање.[247]

Акт кој се однесувал исклучиво на колонизацијата претставувала „Уредбата за населување на јужните нови краишта" од 24 септември 1920 година, и со неа не се предвидувало доделување на земја за месното население. Уредбата, како еден од условите за населување, предвидувала да се населуваат граѓани од Кралството СХС кои се занимавале со земјоделство или со селски занаети, а немале воопшто или имале недоволно земја за обработување, како и лица кои во иднина би сакале да обработуваат земја.[248]

Имало повеќе категории на население кои се јавувале како субјекти на колонизацијата. Доброволците биле признаени како посебна категорија субјекти на аграрната реформа уште за време на војната, и затоа било одредено дека секое лице кое доброволно ќе стапи во српската војска и ќе учествува во борбите, по завршувањето на војната во знак на признание ќе добие доволно обработлива земја. Доброволците кои биле борци добивале 5 хектари земја. Посебна категорија претставувале четниците за кои се сметало дека имаат поголеми заслуги и за нив било одредено во вардарскиот дел на Македонија да можат да добијат по 10 хектари земја, иако тие барале по 20 хектари доколку се населуваат во овој дел од Кралството, како помалку плодно земјиште. Корисници на колонизацијата биле и разни пониски државни службеници кои биле на служба во граничниот појас, во внатрешноста на територијата, до 15 километри. Субјекти на колонизацијата биле и автоколонистите кои претставувале лица кои со сопствени средства купувале земја и инвентар.[249]

Населувани биле и бегалци. Во рамките на битолскиот округ биле населувани бегалци-македонци од Грција и Албанија. Македонските бегалци од Грција биле дојдени претежно од Мала Преспа и леринско и биле населувани покрај граничниот појас. Од овие бегалци биле населени 27 фамилии на кои им биле доделени 151 хектар земја. Во битолскиот округ биле населувани и бегалци-македонци од Албанија, тие биле населени на земјиштето на Сојузот на аграрните задруги во атарот на битолското село Трап, и тоа 8 фамилии кои добиле вкупно 98 хектари земја.[250]

Населуваните колонисти потекнувале од различни краишта на Кралството, но најмногу од Шумадија, Војводина, Црна Гора, Лика и други сиромашни краишта. Заедничко на сите овие лица им бил сиромашниот живот во местата од кои доаѓале и кои биле претежно со планинско и неплодно земјиште и нивното верување дека ќе

---

[247] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 208-210

[248] Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, „КУЛТУРА"-Скопје, 1966 год., стр.63-64

[249] Ibidem, стр.65-72

[250] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.72

добијат плодна земја и можности за подобар живот. За да би добиле земја за населување и истата да ја задржат требало да исполнат некои услови како што биле: редовно плаќање на даноци, обработка и ѓубрење на земјата, одржување на инсталациите за наводнување, подигнување на куќа во одреден период по населувањето, почитување на забраната доделената земја да ја издаваат под закуп итн. Спротивно на законодавството кое ги уредувало условите и начинот на добивање земја за населување, земја често добивале офицери, службеници, пензионери и други национално заслужни лица, најчесто со партиски протекции.[251]

Освен горенаведените, како субјект на колонизацијата се јавувале и најразлични државни, културни, просветни, стопански и други установи. Земја им била доделувана на основните и земјоделските училишта, на црквите и манастирите, на војската и полицијата, општините и други установи. Со сето ова аграрниот фонд бил значително ограничуван, наспроти очекувањата на македонскиот народ дека ќе дојде до парче своја земја од кое ќе може да се издржува.[252] Нижото земјоделско училиште во Битола кое било основано уште за време на турското владеење, добило голема површина на земја така што ја зголемило од 8 на 84 хектари.[253] Од следнава табела која ја презентираме во прилог, може да се забележи дека иако земјата претежно била доделувана за целите на колонизацијата, земја им била доделувана и на основни училишта и на јавни и културни установи во битолскиот округ.

БРОЈ НА ЛИЦА (СЕМЕЈСТВА) И УСТАНОВИ НА КОИ ИМ Е ДОДЕЛЕНА ЗЕМЈА ДО ПОЧЕТОКОТ НА 1929 ГОДИНА[254]

| ОКРУЖНО АГРАРНО ПОВЕРЕНСТВО | на колонисти | на доброволци | на четници | на домородци во дополнение | на сопственици во замена | на економии и земјоделски училишта | на основни училишта | на јавни и културни установи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СКОПЈЕ | 1249 | 6 | 104 | 1393 | 29 | 8 | 8 | 27 |
| БИТОЛА | 248 | 1 | 22 | 345 | 7 | ___ | 3 | 4 |
| КАВАДАРЦИ | 546 | 3 | 13 | 1252 | 14 | 3 | 13 | 15 |
| ШТИП | 434 | 8 | 6 | 401 | 65 | 2 | 2 | 34 |
| ВКУПНО | 2477 | 18 | 145 | 3391 | 115 | 13 | 26 | 80 |

[251] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 212-213

[252] Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, „КУЛТУРА"-Скопје, 1966 год., стр.65-72

[253] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.73

[254] Д-р Славко Шеќеров, Из наше аграрне политике 1919-1929, Београд, 1930, страна 147-148. ; Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, „КУЛТУРА"-Скопје, 1966 год., Прилог IIa

Објект на колонизацијата, односно во земјиште што било користено за населување на колонисти спаѓало: слободна државна земја, општински и селски земји и утрини, напуштени земји на приватни сопственици и чифчии, одметнички имоти и други земјишта кои биле определувани за потребите на колонизацијата, најчесто произволно, без претходно утврден план и програма и јасно одредени правила за физичко разграничување на земјата на терен.[255]

Министерството за земјоделие и води на Кралството СХС имало допирни точки со аграрната политика и токму затоа корисно е да се наведат неговите надлежности и активности. Ова Министерство се состоело од Одделение за земјоделие, Генерална дирекција за води, Одделение за ветеринарство, Одделение за правни работи и Одделение за општи работи. Покрај ова министерство, извесни активности имала и Управата за воена штета која по околиите дистрибуирала земјоделска механизација. Министерството за земјоделие и води помеѓу 1925 и 1927 година со цел да ја популаризира оваа стопанска гранка организирало земјоделски изложби во повеќе градови, вршело засадување на калеми на лозови насади, како во Битола во 1927 година, кои потоа на населението им ги продавало по симболична цена. Биле формирани и земјоделски огледни станици во кои се вршела селекција на семиња и вкрстување на племенити видови на говеда. Во 1925 година се отпочнало со земјоделски курсеви кои се организирале во Белград и на кои испратените младинци слушале предавања од областа на задругарството, сметководството, книговодството, земјоделието, сточарството, овоштарството, лозарството, шумарството, историја и географија. Формираното нижо земјоделско училиште во Битола било кредитирано од страна на државата, а во 1926 година била финансирана и изградба на интернат и останати стопански згради. Се правеле обиди и за заживување на ветеринарството како осмислена активност, при што било предвидено во секоја околија да има по еден ветеринар, поради широко распространетите болести кај животните во овие делови на Кралството.[256]

Во Кралството СХС надлежно за спроведување на политиките на аграрната реформа и колонизацијата било Министерството за аграрна реформа и колонизација, додека за спроведување на колонизацијата во „Јужна Србија", како државен орган на 12 февруари 1920 година била формирана Аграрна дирекција со седиште во Скопје, а нејзини помошни тела биле окружните аграрни уреди, околиските аграрни повереници и комисии. Во вардарскиот дел на Македонија окружни аграрни уреди имало во Скопје, Штип и Битола. Биле формирани и аграрни заедници кои биле од големо значење за колонистите, бидејќи преку нив добивале бескаматни кредити,

---

[255] Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, „КУЛТУРА"-Скопје, 1966 год., стр.74

[256] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 121-123

земјоделски орудија, семе, добиток за приплод и друго. Се настојувало преку овие аграрни заедници организирано, систематски и плански да се остваруваат целите на колонизацијата, поради што во нив можеле да се зачленуваат и да ги користат привилегиите, по правило само колонисти.[257] Како посебни задачи на аграрните заедници се сметале: да преземаат заедничка акција за обработување на доделената земја, членовите да настојуваат рационално да ја обработуваат земјата, да одржуваат состаноци, предавања, книги, списанија и друго и заеднички да ги употребуваат и користат машините, алатките и другите движни и недвижни добра. Во битолскиот округ имало 10 аграрни заедници со 379 члена, кои биле должни при зачленувањето да платат уписнина во износ од 200 динари.[258]

За контрола и координација на работењето на аграрните заедници бил формиран Сојуз на аграрните заедници за јужните краеви со седиште во Скопје. Овој сојуз имал можност и земал кредити од банките со кои откупувал земја наменета за колонизација на нови семејства, која потоа ја давал на десетгодишна отплата. Така на пример бил откупен еден чифлик со површина од 492 хектари во селата Балдовенци и Билјаник во битолскиот округ, кој бил наменет за колонистите од Шумадија.[259] И покрај големиот износ на вложени средства од страна на Министерството за аграрна реформа во Сојузот на аграрни заедници, оваа институција сепак била недоволно организирана. Бил изграден дури и Дом на аграрните заедници во Скопје и магацини во повеќе градови во вардарскиот дел на Македонија кои требало да служат за снабдување и задоволување на потребите на колонистите.[260]

Државата правела напори на колонистите да им обезбеди и покрив над главата со нивно сместување во куќи напуштени од турците или со доделување на градежни плацеви за изградба на нови куќи. За таа цел, напуштените имоти им биле дадени на располагање на органите на колонизацијата. Во битолскиот округ на пример органите на колонизацијата имале на располагање 161 објект. Кога овој фонд на слободни објекти се исцрпил, властите пристапиле кон откупување на имоти од месните турци и албанци кои сакале да се иселат, а купувале имоти и од македонскиот народ.[261]

Помеѓу другото, населените колонисти имале право да користат бесплатен градежен материјал од државните шуми, да ги користат селските и државните утрини за пасишта, биле ослободувани од царина и од плаќање на данок до 10 години, а од останати даноци до 5 години, додека нивна должност била сами да ја обработуваат

---

[257] Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, „КУЛТУРА"-Скопје, 1966 год., стр.102

[258] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.119-120

[259] Ibidem, стр.121

[260] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 221

[261] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.74-75

земјата, да се зачленат во аграрните задруги, да не ја отуѓуваат земјата се додека не станат нејзини сопственици и уредно да ја обработуваат земјата и да ѕидаат куќи за себе.[262] На колонистите од страна на Кралството СХС им било допуштено и да поседуваат и носат оружје заради лична безбедност и заштита, од што македонското население било изземено. Колонистите можеле да добијат оружје бесплатно, за што претходно требало само да имаат поднесено барање во Аграрната дирекција во Скопје.[263]

И покрај сите настојувања на Кралството СХС да обезбеди поволна положба за развој на колониите, тие се наоѓале во лоша положба. Ова најмногу произлегувало од фактот дека населувањето се вршело без план и доволно материјални средства. Колонистите добивале по 5000 динари позајмица како помош за изградба на куќи, но овие средства биле недоволни и колонистите ги трошеле за други потреби и повторно останувале без куќи. Најмногу куќи државата подигнала во битолскиот округ, а во изградбата на куќи била ангажирана и војската.[264] Не постоеле никакви статистички податоци, немало катастарски премер на земјата, а неразрешени биле и имотно-правните односи. Тешката положба на колонистите била дополнително влошена и од неквалификуваната и корумпираната администрација. Населувањата се вршеле со огромни доцнења по пристигнувањата на колонистите, што било причина тие често да се откажуваат од своите намери и да се враќаат назад. На ниту еден колонист не му била дадена тапија, иако властите биле должни да го сторат тоа, што довело до правна несигурност и неможност да добиваат кредити.[265]

Спроведувањето на аграрната реформа како нераскинлив дел на политиката на колонизација предизвикала огромни незадоволства кои биле нотирани и во расправите во југословенскиот парламент. Биле упатувани критики кон владата бидејќи зазела толерантен став кон одземањето на земјата од месното население без судска пресуда и дури од оние лица кои имале тапии. Биле изнесувани и случаи на уцени, кога се мислело дека некој човек има пари, па од него се барало откуп со тврдење дека земјата наводно била сопственост на некој Турчин и истата може да му биде одземена. Предмет на критики било и одземањето на земја и нејзино давање на рентиери, задржувањето на чифчиските односи и плаќањето на акот. Биле изнесувани и случаи и на други злоупотреби, при што се оневозможувало внесување и поседување на девизи во земјата и откупување на земја од месното население.[266]

---

[262] Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, „КУЛТУРА"-Скопје, 1966 год., стр.118

[263] М –г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 181

[264] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.128-129

[265] Ibidem, стр.130-131

[266] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр.141-142.

Од колонизацијата профитирале и српските владеачки кругови, така на пример кралот Александар во Демир Капија присвоил големи имоти, како и други влијателни фамилии. Исто така со големи имоти се стекнал и претседателот на Министерскиот совет на Кралството СХС, Никола Пашиќ, како и подоцнежниот претседател Милан Стојадиновиќ, кој по крајно ниски цени купил десетици хектари земја во вардарскиот дел на Македонија кои потоа ги препродавал по висока цена.[267]

Главни претпоставки од кои поаѓале властите на Кралството СХС за колонизирање на битолскиот округ, биле следните :

- Подрачјето на округот го сочинувал јужниот пограничен дел спрема Грција и се доближувало до граничниот дел спрема Албанија.
- Со иселувањето на голем дел од турското население од округот, останале прилично големи површини слободна земја за обработување.
- За време на Првата светска војна во округот од страна на бугарската окупациона власт, биле интернирани голем број на претходно колонизирани семејства, па воената власт настојувала да им излезе во пресрет на преживеаните со доделување на земја во близина на нивните живеалишта.
- Селата во пелагониската рамнина имале големи површини под утрина, кои биле неплодни поради честите прелевања на реката Црна во зимскиот период, и имало големи површини зафатени од блатото кои не биле култивирани, а кои според властите можеле по пат на населување да бидат разработени.
- Македонскиот народ во битолскиот округ бил познат по својот револуционерен дух и борбата за отфрлање на турското ропство и другите поробувачи од Балканот, па затоа меѓу ова население требало да се доведат семејства од сите краишта на Кралството.[268]

Комисиите за населување кои биле формирани согласно член 10 од „Уредбата за населување на јужните нови краишта" од 24 септември 1920 година, имале за задача на теренот да ограничуваат комплекси земја за целите на колонизацијата при што нивната работа била проследена со бројни злоупотреби. Ваков пример имаме со обидот да се изврши ограничување во битолскиот округ во село Бач. Во 1926 година една комисија извршила ограничување на површина од 382 хектари во атарот на селото, каде што требало да се населат колонисти. Без претходно да направат согледување дали оваа површина е нечија сопственост, започнале да издаваат решенија и да населуваат колонисти. Но овие колонисти не успеале да се задржат, бидејќи имало голем отпор од месното население кое ја откупило таа површина од

---

[267] Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918 – 1941, БАН, София, 1983, стр. 20-21

[268] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.78-79

турците уште пред 1914 година. Населението на овие обиди реагирало и доставувало бројни жалби и протести до Скопје и до Белград, при што долги години владеел правен вакуум поради должината на постапките и неутврдените права на сопственост.[269]

Неправилностите при спроведувањето на аграрната реформа биле предмет и на пратеничко прашање до Министерот на аграрната реформа во 1920 година, а кое се однесувало на битолскиот округ. Биле изнесени случаите на неосновано одземање на приватен имот и негово доделување на лица кои немале право да им биде доделен. Министерот Узуновиќ се согласил со изнесената оцена дека имало неправилности, но истите ги оправдувал со фактот дека имотно-правните односи во вардарскиот дел на Македонија биле неуредени бидејќи не постоела евиденција за сопственоста, при што укажувал дека оштетените лица требало да поднесат жалби до надлежните органи, советувани дека истите ќе бидат разгледани. Било критикувано и тоа што во битолско не била испраќана стока од воените репарации како во другите краишта на Кралството.[270]

За употребување на населението во меѓусебните политички пресметки на српските режимски партии за време на избори, се создала и една нова категорија на така наречени „фактички сопственици на земја". Тоа биле луѓе кои немале документи за сопственост на земјата или истите не им биле признавани бидејќи станувало збор за турски тапии, а кои ги оставале да ја обработуваат земјата, која со децении ја обработувале, но не им се давале документи за сопственост со цел да се држат во состојба на несигурност и да бидат погодни за политички притисок во време на избори, заплашувајќи ги дека ако не гласаат за владеачката партија земјата ќе им биде одземена.[271]

Колонизацијата во битолскиот округ започнала во 1920 година и била со послаб интензитет за разлика од колонизацијата во други окрузи. Колониите биле мали, додека поголемите колонии биле во непосредна близина на градот. Биле населени повеќе колонистички семејства во селата кои гравитирале кон границата со Грција како Кременица, Меџитлија, Породин и други. Во битолскиот округ поважни колонии биле: Оризари, Логоварди, Новаци, Рибарци, Кравари, Бистрица, Жабјани, Породин, Гермијан и други. Покрај претходно наведените села, колонии имало и во селата Могила, Магарево, Трново, Српци, Кажани и Буково. Колонизацијата ги опфатила и двете страни на реката Црна каде што биле населувани колонисти на плодни површини. Од левата страна на реката Црна била вршена колонизација во селата Рибарци, Биљаник, Новаци, Добромири, Горно Агларци, Долно Агларци и Трап. Од

---

[269] Ibidem, стр.86-87

[270] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр.192-193.

[271] Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918 – 1941, БАН, София, 1983, стр. 30

десната страна на Црна биле населувани колонисти во селата Кременица, Меџитлија, Горно Егри, Бач и Гермијан.[272]

По одделни села од битолско во периодот од 1919 до 1929 година биле населени : во Гермијан 11 семејства, во Бач 6 семејства, во Новаци 4 семејства, во Рибарци 9 семејства, во Горно Агларци 1 семејство, во Добромири 2 семејства, во Кременица 5 семејства, во Горно Егри и Меџитлија по 1 семејство, во Кравари 7 семејства, во Породин 5 семејства, во Жабјани 7 семејства, во Могила 1 семејство, во Логоварди 3 семејства, во Оптичари 5 семејства и во Српци и Кажани по 1 семејство.[273]

Етничката структура на населените колонисти во битолскиот округ била со доминантно српско население, при што од 459 лица, 432 биле со српско и 27 со хрватско етничко потекло, а идентична е и религиозната структура на колонистите, односно 432 лица со православна и 27 со католичка вероисповест.[274] Структурата на колонизираното население може и илустративно да се изрази преку следнава табела, при што евидентно дека во рамките на битолскиот округ предоминантен е бројот на колонистите кои потекнуваат од Србија, иако е вредно да се спомене дека бројот на оптантите од егејскиот дел на македонија е исклучително висок :

СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПОТЕКЛОТО НА СЕМЕЈСТВАТА НА КОИ ИМ Е ДОДЕЛЕНА ЗЕМЈА ВО МАКЕДОНИЈА ДО КРАЈОТ НА 1929 ГОДИНА[275]

| ОКРУГ | од Србија | од Хрватска | од Славонија | од Б и Х | од Ц. Гора | од Далмација | од Срем | од Банат | од Бачка | ОПТАНТИ | | | | | | ДОМОРОДЦИ | Вкупно семејства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | од Грција | од Бугарија | од Романија | од Унгарија | од Австрија | од Италија | | |
| СКОПСКИ | 578 | 328 | — | 148 | 22 | 54 | 17 | 66 | 22 | — | – | – | — | — | – – | 1516 | 2751 |
| БРЕГАЛНИЧКИ | 148 | 56 | 1 | 45 | 56 | 35 | 1 | 3 | 13 | — | 13 | – | 18 | — | – – | 1750 | 2139 |
| БИТОЛСКИ | 310 | 34 | 3 | 64 | 55 | 131 | 7 | 81 | 40 | 517 | 2 | 1 | — | — | 1 | 2937 | 4183 |
| ВКУПНО | 1036 | 418 | 4 | 257 | 133 | 220 | 25 | 150 | 75 | 517 | 15 | 1 | 18 | — | 1 | 6203 | 9073 |

[272] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.107-109
[273] Ibidem, стр.113-115
[274] Ibidem, стр.117
[275] Jacques Ancel, La Macèdonie son èvolution contemporaine, Paris, 1930, p.104. ; Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, „КУЛТУРА“-Скопје, 1966 год., Прилог II.

Бројот на оптантите кои потекнуваат од егејскиот дел на Македонија, а кои се населиле во битолскиот округ, освен со територијалната блискост, може да се објасни и со плановите на владата во Белград која настојувала македонците од егејска Македонија кои сакале да се иселат, да ги насели во Битола и нејзината околина, за да не се ликвидираат нивните имоти во Грција, со што требало да се докаже дека не ги прекинале целосно своите врски со родните места. Докажувањето на наводното српско потекло на овие македонци, требало да им служи како аргумент, за да побараат од грчката влада остварување на малцинските права на „српското малцинство" во овој дел на грчката држава.[276]

Во битолскиот округ површина од 3648 хектари била наменета за понатамошно доделување на колонисти. Ова довело до повеќе негативни ефекти, така што со зафаќање на селската земја населението не било заинтересирано за унапредување на земјоделството, се смалил и сточниот фонд бидејќи луѓето се повлекувале од пасиштата кои биле ограничени за целите на колонизацијата. Во недостиг на земја се зголемил и бројот на иселениците. Иако немало некои позитивни ефекти од колонизацијата, може да се каже дека колонистите со себе донеле поусовршени алатки и машини за обработување на земјата, подобри видови добиток, семе и садници. Колонистите ги донеле на пример и првите плугови и првите „американски лозја", во село Новаци - битолско.[277]

Квалитетот на почвата бил слаб, а и климатските услови биле неповолни за колонистите кои биле ненавикнати на овдешната клима. Немало никакви системи за наводнување, па затоа властите правеле напори да обезбедат вода, па биле направени артерски бунари во Брод, Меџитлија, Кременица, Рибарци, Трн и Кравари. Проблем претставувале и мочуриштата на реката Црна во централна Пелагонија, за што се правеле припреми да се исуши маларичното подрачје, со што би се добиле нови 18.000 хектари слободна земја за колонизација. Од маларијата годишно боледувале околу 300.000 луѓе и тоа во лето, во екот на полските работи.[278]

Иако во споредба со останатите окружни аграрни поверенства, во рамките на битолското поверенство имало повеќе земја и тоа со поголем квалитет, до 1929 година колонизацијата имала најмалку успех токму во рамките на ова поверенство, за што можеме да изведеме заклучок од следнава табела која ја даваме во прилог:

---

[276] Д-р Никола Жежов, Македонското прашање во југословенско – бугарските дипломатски односи (1918 - 1941), Филозофски факултет, институт за историја, Скопје 2008 год., стр.109

[277] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.136-137

[278] Ibidem, стр.132-133

ДО ПОЧЕТОКОТ НА 1929 ГОДИНА ПО ОКРУЖНИТЕ АГРАРНИ ПОВЕРЕНСТВА ИЗДЕЛЕНА ЗЕМЈА ВО ХЕКТАРИ:[279]

| ОКРУЖНО АГРАРНО ПОВЕРЕНСТВО | на колонисти | на доброволци | на четници | на домородци во дополнение | на сопственици во замена | на економии и земјоделски училишта | на основни училишта | на јавни и културни установи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СКОПЈЕ | 8066 | 75 | 851 | 4346 | 291 | 206 | 13 | 996 |
| БИТОЛА | 1814 | 5 | 170 | 1204 | 15 | ___ | 5 | 7 |
| КАВАДАРЦИ | 3841 | 15 | 111 | 3371 | 649 | 13 | 31 | 37 |
| ШТИП | 8451 | 42 | 44 | 1844 | 1053 | 327 | 4 | 208 |
| ВКУПНО | 22172 | 137 | 1176 | 10765 | 2008 | 546 | 53 | 1248 |

Колонизацијата во битолскиот регион може да се каже дека доживеала неуспех во однос на планираните постигнувања. Бидејќи колонистите биле ослободени од плаќање на даноци, општините не биле заинтересирани да населуваат колонисти на своите подрачја, затоа што со тоа преземале и обврска да ги решаваат нивните социјални проблеми. Отпор против колонизацијата организирала и ВМРО (Обединета), преку весникот „Македонско Дело" што излегувал во Виена, каде се пишувало против колонизацијата и извршените неправди при спроведувањето на истата.[280]

За неуспехот на колонизацијата во Битолскиот регион зборувал и аграрниот повереник од Скопје, Ѓорѓо Крстиќ, кој заклучил дека политиката на колонизација во овој регион е потполно пасивизирана. Според него државната власт се покажала за неспособна да се справи со одметничкото и четничкото движење, кое сметал дека е резултат на аграрната пренаселеност и колонизацијата. Тој сметал дека за колонизацијата и за постигнатите успеси на тој план, не само што е тешко туку е и неудобно да се зборува, бидејќи тука се пројавувала најмногу нивната неспособност и влијанието на неодговорните фактори. Одговорност се наоѓал и кај корумпираната администрација, за што како пример се наведува дека во архивата на главната Аграрна дирекција во Скопје се наоѓаат 20 илјади нереализирани решенија за населување.[281] За неуспехот на колонизацијата причина пронаоѓал и во непостоењето на закон кој би се применувал во овој дел на Кралството, а критики изнел и за однесувањето на народните пратеници од битолскиот округ кои во зависност од изборните потреби, едни говореле дека колонистите ќе ги иселат, други ги заплашувале гласачите дека ќе

[279] Д-р Славко ШеЋеров, Из наше аграрне политике 1919-1929, Београд, 1930, страна 147-148. ; Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, „КУЛТУРА"-Скопје, 1966 год., Прилог IIа

[280] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.134-135

[281] Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918 – 1941, БАН, София, 1983, стр. 27-28

им доселат колонисти. Сметал и дека колонистите не се доволно заштитени од непријателскиот однос на македонското население кое ги уништува нивните посеви, нивните овоштарници и ги попречува останатите активности.[282]

Иако издвојувањето на земјишните комплекси кои служеле за населување го вршела Комисија составена од службеник од подрачното аграрно повереништво, околиски полициски службеник, претседателот на општината и шумар или геометар именуван од Министерството за аграрна реформа, сепак неправилностите биле правило, а оваа активност често се вршела со зафаќање на земја без водење на сметка дали е во нечија сопственост, продавање напуштена земја од турците или иземање од земјишните комплекси на земја за која поранешните сопственици ќе потплателе да им биде вратена.[283] Од вкупно издвоената површина со аграрната реформа во вардарскиот дел на Македонија 52.4% била доделена на колонистите, 39.5% на македонското население и околу 8% им бил доделена на училиштата, војската и жандармеријата.[284]

Ова довело и до тоа односите помеѓу македонскиот народ и колонистите да бидат прикриено или отворено непријателски. Колонистите биле гледани како узурпатори на земјиштето, сосема разбирливо кога и самото население немало доволно земја, а полагало право на истата. Колонистите свесни за својата привилегирана положба вршеле и самоволие и заграбување на земја од своите соседи, што заедно со претходно споменатото довело до омраза кон власта и особено кон колонистите. Населението се спротивставувало и по пат на спорови и протести против одземањето на имотот, а и по пат на оштетување на посевите и имотот на колонистите.[285] Доделувањето на земја често било предмет и на различни злоупотреби, бидејќи земја добивале лица кои воопшто не се занимавале со земјоделие и истата ја издавале под наем, а чест бил примерот на селективно доделување на земјата. Во битолската општина и во село Оризари имало општа поплака против колонистите неземјоделци и против делењето земја по пријателски и роднински врски.[286]

За неуспехот на колонизацијата обвинувана била и неквалификуваната и корумпирана администрација, заради што често се случувало на одговорни позиции да бидат поставувани луѓе според партиската припадност, но без да ги исполнуваат неопходните образовни квалификации. И покрај тоа што Министерството за аграрна реформа поставувало надзорници на колониите во места кои броеле повеќе од

[282] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 221
[283] Ibidem, str. 125
[284] Ibidem, str. 216
[285] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.124-125
[286] Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, „КУЛТУРА"-Скопје, 1966 год., стр.147

педесетина колонисти и кои требало да бидат лица за контакт помеѓу министерството и колонистите и да доставуваат извештаи за состојбата на колониите и нивните потреби, да им држат предавања за националните и економските прашања, за што биле платени, сепак за надзорници биле поставувани нестручни и корумпирани лица кои самоволно и арбитрарно постапувале и одлучувале за прашањата од значење за колониите.[287]

Менталитетот и карактерните особини на населените колонисти биле предмет на размислување за неуспехот на политиката на колонизација, па така се дошло до заклучок дека: доселениците од Унгарија не можеле ментално и климатски да се адаптираат, доселениците од Црна Гора и Лика не биле заинтересирани за земјоделие, добиената земја ја издавале под закуп, додека самите живееле во градовите, а состојбата дополнително станувала ужасна поради акциите на комитите, раширената маларија, недостаток на питка вода, конфликти со населението и друго.[288] Дел од колонистите откако ќе ги согледале неповолните услови за живеење се враќале во краиштата од каде што потекнувале, откако претходно ќе ја продаделе земјата и покуќнината. Оние пак кои ќе се преселеле во најблиските градови често станувале наемни работници или се обидувале да се ангажираат во државните служби.[289]

Парадоксално е објаснувањето за причините на колонизацијата кое е дадено од страна на големосрпската пропаганда во периодот помеѓу двете светски војни, а чија цел е да се замаскира нејзината вистинска цел, односно асимилацијата и денационализацијата на македонскиот народ. Имено, таа ги наведува следните објаснувања: населувањето се вршело со лица од пренаселените краишта од другите делови на Кралството кои се населувале на пространи и напуштени површини занемарена земја од страна на муслиманското население, лицата кои се доселувале како колонисти наводно голем дел сеуште се сеќавале на преданијата од местата од каде што доаѓале дека некогаш потекнувале од вардарскиот дел на Македонија така што нивното населување претставувало враќање во краишта кои некогаш ги изгубиле, потоа тврдењето дека колонизацијата се вршела и од етно-биолошки причини, односно со неа и со склучувањето на мешани бракови ќе се случело крвно освежување на староседелците.[290]

Неспорно е дека колонизацијата немала економски и социјален карактер, туку пред се била насочена кон денационализација, асимилација и разбивање на етничката компактност. Овој заклучок особено произлегува од фактите дека колонистите не биле колонизирани на неплодни и необработени површини, туку напротив на земјиште кое

---

[287] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 84

[288] Ibidem, str. 222

[289] Ibidem, str. 265

[290] Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912 – 1937, Скопље, 1937. стр. 420-421

претходно било обработувано од месното население и кое било недоволно да обезбеди храна за истото. Селските утрини што биле одземани и доделувани на колонистите, претходно биле заеднички и служеле за напасување на стоката, а ова довело и до смалување на сточниот фонд. Со колонизацијата се влошила и економско-социјалната положба на месното население и таа претставувала еден од начините ова население да се србизира или да се принуди на миграција. Исто така, колонистите уживале фактички неспоредливо пошироки права во однос на месното население и биле вооружени.[291]

Несомнено дека основна цел на колонизацијата била денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ. Освен колонизацијата која се вршела по пат на доделување земја на семејства од другите краишта на Кралството СХС, колонизација била вршена и со тоа што во административниот апарат скоро исклучиво биле назначувани службеници од другите краишта на државата.[292] Во однос на значењето и целта на колонизацијата во вардарскиот дел на Македонија мошне јасно се изразил врховниот повереник на аграрната реформа и колонизација Ѓорѓе Крстиќ: ... „ Колонизацијата не е прашање на населеници-туѓинци што дошле да бараат леб. Тоа мислење е сосема погрешно ... од наше гледиште колонизацијата е првокласно државно прашање на југот ... Таа спроведува национализирање и асимилирање на тамошните наши краишта.“ ...[293]

Колонизацијата, заедно со аграрната реформа и со населување на „национално свесни“ колонисти, имала за цел да создаде и јаки упоришта на власта. Земјата на македонскиот селанец му била одземана, а потоа доделувана на колонистите кои биле населувани во близина на важни сообраќајници со што им била обезбедувана подобра економска положба. Земјата, спротивно на очекувањата дека со аграрната реформа ќе премине во рацете на чифчиите, им била доделувана на колонистите.[294]

Колонизацијата била уште една мерка во функција на реализација на генералната цел на големосрпската политика со која се сметало дека ќе се допре до сите краишта на земјата и дополнително ќе се зацврсти власта и нејзините институции, а населението ќе се привикне полесно на своите нови соседи и ќе ја прифати нивната култура и обичаи. Но како поради неповолните климатски услови, неплодната почва, непријателската средина, така и поради невешто подготвениот план и мерки за реализација на овој потфат, неспособниот административен апарат и енормната корупција и оваа активност на големосрпскиот режим доживеала потполн крах.

---

[291] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.79-80

[292] Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, „КУЛТУРА“-Скопје, 1966 год., стр.81

[293] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр.77

[294] Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, „КУЛТУРА“-Скопје, 1966 год., стр.93-94

## 2.7 Економската политика на Кралството СХС во Битола и битолско

За време на Отоманската империја отсуствувала економска политика формулирана и спроведувана со цел да се направи организиран развој на стопанството. Начинот на стопанисување бил традиционален и крајно заостанат во однос на начинот на кој функционирале западноевропските држави. Со изградбата на пругата Солун – Скопје – Косовска Митровица економските текови биле насочени спрема солунското пристаниште и Егејска Македонија. Но честите војни кои ги водела Отоманската империја не овозможиле непречено одвивање на економски циклус на раст. Структурата на стопанството останала феудална и примитивна. По завршувањето на Првата светска војна економската целина на Македонија била разбиена, што довело до стагнација на повеќе градови, од која најпогодени биле Битола и Штип. Прекинот на прекуграничната трговска размена ги довел до состојба на уништување трговијата,занаетчиството и сточарството. Поради својата поволна положба низ моравско-вардарската долина Скопје станал нов административен и економски центар за овој дел од Кралството. Вклучувањето во различни државни и економски текови, значело и вклучување во нова форма на економски односи и постепена промена на структурата и начинот на стопанисување.[295]

Градовите како Битола, Прилеп, Гевгелија и Охрид кои биле развиени, станале обични погранични населби. Особено била погодена Битола која поради воените страдања и прекинот на врските со Солун кон кои била ориентирана, доживеала социјална и економска ерозија. Битола пред војните била значаен стопански, сообраќаен и културен центар, а исто така била политички, воен, пропаганден и трговски центар со 58.000 жители, имала 4 полни гимназии, земјоделско и занаетчиско училиште и 3 болници. Во Битола исто така имало воена академија, а тука живеел и командантот за војската на целиот Балкан на европска Турција. Со својата поволна местоположба и поврзаноста со солунската пруга особено се развила и трговијата. Со разграничувањето со Албанија и Грција се прекинале трговските врски и со градовите Лерин, Костур, Корча, Подградец, Пешкопеја и Елбасан. Со ова, а со тоа и што се наоѓала во виорот на воените дејствија, при кои што постојано била бомбардирана, биле урнати околу 4.000 згради, а пропаднале скоро сите трговски и занаетчиски работилници.[296]

За време на војната на територијата на вардарска Маккедонија како платежно средство биле во оптек различни валути од различни монетарни системи: австроунгарски круни, бугарски левови и српски динар. Но вредноста на овие валути во рамки на интервалутарната размена била многу променлива, најмногу поради променливоста на воената среќа. Ова исто така доведувало до осиромашување на

---

[295] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 227-228

[296] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр.119-121.

населението кое поседувало пари во валути на некои од поразените земји, а и српскиот динар за време на војната и по војната доживеал голема инфлација, при што последиците се изразиле во опаѓање на животниот стандард, скок на цените итн. По завршувањето на војната веднаш се поставило како прашање размената на австроунгарските и бугарските пари за српски, и по кој курс. Од курсот на замената зависела идната вредност на динарот. Како земја победничка, новоформираното Кралство СХС издејствувало далеку поповолен курс на размена отколку пред започнувањето на војната, што се разбира повторно паднало на товар на населението кое за време на војната морало бугарскиот лев и австроунгарските круни да ги прифати како платежни средства.[297]

Поради територијалните претензии на Кралството СХС и Италија спрема албанската држава која била во фаза на возобновување по 1913 година, со изразена внатрешно-политичка нестабилност и немање власт врз целата територија на државата, државните граници останале недефинирани се до 1922 година. Додека Италија настојувала да задржи власт барем во поважните пристанишни градови, Кралството СХС настојувало да ја отфрли секоја можност за италијанско присуство во овој дел од Балканот и по можност нови територијални придобивки за себе. Ваквата ситуација исто така дополнително ја загрозувала и така уништената економија во Битола и битолско, бидејќи биле прекинати и врските кон Корча, која била административен центар на југот на Албанија. Секаква трговска размена и извоз спрема Албанија била прекината. Со дефинирањето на границите во 1922 година трговските врски започнале повторно да се градат и се правеле напори за засилување на меѓусебната трговија.[298]

Ваквата состојба била причина за развој на шверц на кој населението било приморано и покрај ризичноста на оваа активност. Ова исто така довело до забрзано пропаѓање и појава на емиграција од пограничните краишта и градовите чии трговски врски претходно биле поврзани со Албанија. Покрај шверцот се развила и корупцијата од страна на пограничните власти кај кои се плаќала извесна сума за безбеден премин. Од вардарскиот дел на Македонија во Албанија бил шверцуван сапун, хемиски препарати, опинци, јажиња, железарија, алкохолни пијалоци.[299]

Како спрема Албанија, така и спрема Грција трговската размена била отежната и незадоволителна. Проблем претставувал недостатокот на превозни средства и вагони, неразвиени сообраќајни врски, неорганизиран простор за утовар и истовар на станиците и во солунското пристаниште, недостаток на магацини и непостојаноста на курсот на размена помеѓу драхмата и динарот. Кон Грција се извезувало жито,

---

[297] Milan M. Stojadinovic, Ni rat ni pakt – Jugoslavija izmedju dva rata, Buenos Aires, 1963. str. 139

[298] D-r Todorovic Desanka, Jugoslavija I balkanske drzave 1918-1923, Institut za savremenu istoriju, Beograd, 1979. str. 127

[299] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str.246

зеленчук, овошје, овци, производи од дрво, опиум и друго, додека од Грција се увезувале маслинки, суво грозје и вино. Постоела тенденција солунското пристаниште да се преплави со југословенска роба и земјоделски продукти и со тоа да се исклучи конкуренцијата која доаѓала од Романија и Бугарија. Сепак економските односи немале карактер на организираност туку ги обележувале стихијност, создадени навики и потпирање на познанства од минатото.[300]

Грчкиот пазар поради воената опустошеност и грчко-турската војна која се водела имал огромна потреба од стоки за широка потрошувачка и прехранбени производи, при што најмногу се извезувале житарици, но се до 1925 година кога извозот на житарици од Кралството СХС бил потполно намален поради увозот од прекуокеанските земји. Во Грција била извезувана и ситна стока, но се до завршувањето на грчко-турската војна, кога овој извоз бил истиснат од евтината и поконкурентната турска стока. Исто така во Грција од вардарскиот дел на Македонија бил извезуван кашкавал, кожи и други производи.[301]

Ориентацијата кон грчкиот пазар на трговците од Кралството СХС е разбирлива и поради потпишаната „Конвенција за Српска слободна зона во Солун и регулирање на транзитниот сообраќај меѓу Кралството Грција и Кралството на Србите, Хрватите и Словенците" склучена на 10 мај 1923 година во Белград, со која се формирало слободна економска зона во солунското пристаниште под управа на Кралството СХС за период од 50 години. Зоната иако била интегрален дел од грчката територија, под грчки суверенитет, царинската власт ја извршувале службениците на Кралството СХС кои го организирале целокупното работење на зоната и пристаништето и грчката држава немала право да ги царини или да пропише било каква јавна давачка за стоките кои не се пласирале на грчкиот пазар и биле определувани како транзитни стоки. Евидентно е дека според статусот правата и должностите кои ги имале властите на Кралството во рамките на оваа зона, нејзиното постоење и функционирање е блиско на поимот на екстериторијалноста кој традиционално е резервиран за дипломатско-конзуларните претставништва.[302]

Во југословенскиот парламент била критикувана и трговската политика и трговските договори кои биле склучени помеѓу Кралството СХС и Грција и Албанија, а кои имале импликации во однос на вардарскиот дел на Македонија. Југословенско-грчкиот договор им создавал тешкотии на извозниците поради неправедниот начин на плаќање, бидејќи за извезената стока во Грција на трговците 50% им било плаќано во компензациони бонови во драхми, 20% во слободни девизи, а 30% останувале

---

[300] D-r Todorovic Desanka, Jugoslavija I balkanske drzave 1918-1923, Institut za savremenu istoriju, Beograd, 1979. str. 146-147

[301] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str.246-247

[302] Македонија во меѓународните договори (1913 – 1940), том I, избор редакција и коментар на д-р Михајло Миноски, ДАРМ, Скопје, 2006, стр. 271-275

блокирани на сметка во грчката банка во Солун. Трговските односи со Албанија биле минимални и можноста за извоз била недоволно искористена.[303]

Значаен удел во креирањето на севкупниот економски амбиент имала и политиката на оданочување преку која се прибирале приходи неопходни за функционирањето на државниот организам на Кралството СХС. Биле наплаќани најразлични видови царини, данок на добивка, трошарина која се плаќала на луксузна стока во која според тогашните сфаќања спаѓале: шеќерот, кафето, пивото, виното, алкохолот, електричните сијалици, оцетната киселина, бензинот и нафтата. За прибирање на државните приходи била задолжена Генералната дирекција на државното сметководство, во чиј состав понатаму се наоѓале окружни и околиски финансиски управи. Областите, околиите и општините биле финансирани од сопствени буџети чија реализација се извршувала по пат на зафаќање средства од такси, трошарини, дотации од државата и други јавни давачки. Овие буџети најчесто биле трошени за изградба на објекти и патишта, народна просвета и расходи за функционирање на управите и плати за службениците. Во рамките на битолската област во 1928 година убедливо доминирале расходите за изградба на згради и патишта кои изнесувале 4.326.000 динари, потоа за поддршка на колонизацијата 2.292.000 динари, 1.439.000 динари за просвета, 1.382.000 за плати за администрација, од што се видливи приоритетите кои ги определувала политиката на Кралството СХС во рамките на битолската област.[304]

За ефикасно прибирање на јавните давачки била задолжена Финансиската контрола која била во состав на Министерството за финансии и која имала свои инспекторати во рамките на околиските финансиски управи. Освен откривање и спречување на шверц и финансиски измами финансиската контрола имала овластување и должност да апси воени бегалци, дезертери и шпиони, да врши претрес на лица, станови и превозни средства, а имала право и да употреби и оружје.[305]

Населението од вардарскиот дел на Македонија било изложено на големо даночно оптоварување, а дополнителен товар претставувала обврската на населението бесплатно да учествува во изградбата на објекти и работи од јавен карактер. Исто така, посебна давачка која важела во овој дел од Кралството било плаќањето за дозвола од околиските власти за патување низ околијата. Од страна на државата биле наплатувани такси на сите документи кои се издавале, сите правни работи кои се заверувале, на претставките упатени кон институциите, оданочувани биле сите парични или имотни трансакции. На државјаните на СХС кои немале

---

[303] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр.137-138

[304] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 112-113

[305] Ibidem, str. 115

служено војска им била наметната дополнителна давачка, т.н. војница која биле должни да ја плаќаат од дваесеттата до педесеттата година од животот.[306]

Државата прибирала јавни давачки и по пат на царинење на стоките кои се увезувале и извезувале, а во вардарскиот дел на Македонија царинарници имало во Битола, Гевгелија, Охрид и Скопје. Во 1929 година од вкупно прибраните приходи во Кралството, царинарницата во Битола учествувала со 0,7%, а во структурата на прибраните приходи доминирале приходите од платена царина на увезени стоки. Царинарниците биле во состав на Министерството за финансии, и освен царинење, често организирале и продажба на запленети стоки. Нивното работење било неефикасно најмногу во делот на поштенските пакети кои пристигнувале од странство и кои населението од „Јужна Србија", можело да ги подигне единствено во царинската испостава која се наоѓала во Скопје, поради што често расипливите стоки пропаѓале.[307]

Заради координација на трговската и индустриската политика во овој дел на Кралството, со закон од 24 декември 1921 година била формирана Трговско-индустриска комора во Скопје, која во сите градови во „Јужна Србија" имала свои здруженија и претставништва. Комората била основана со цел да дава предлози и мислења за мерките за развој, да изготвува извештаи за трговијата, индустријата и сообраќајот, да води евиденција на регистрираните фирми, да ги разрешува споровите помеѓу фирмите и други работи. Паралелно на линија со оваа политика повторно биле обновени државните трговски академии во Скопје и Битола кои требало да продуцираат едуциран кадар од областа на економијата.[308] Овие трговски академии се финансирале од доброволни прилози. Трговската академија во Битола имала 152 членови, 27 лица кои донирале прилози за нејзино функционирање, а било основано и нејзино списание „Битолски трговски гласник" кое било издавано во период од две години.[309]

И покрај тоа Битола се повеќе ги губела позициите кои ги имала за време на Отоманската империја па поради тоа се правеле напори на населението да му се објаснат можностите кои можеле да ги искористат по пат на кредитирање од банкарскиот сектор. Освен разгледувањето на проблемите кои на трговијата и ги причинувал неразвиениот транспорт, од страна на властите бил упатен и јавен повик за населување на трговци во Битола од другите делови на Кралството, сметајќи дека на тој начин овој дел од државата побрзо ќе биде инкорпориран во новиот национален организам на државата.[310]

---

[306] Ibidem, str.116-118
[307] Ibidem, str. 299-300
[308] Ibidem, str. 119-120
[309] Ibidem, str. 249
[310] Ibidem, str. 250

Ваквиот развој на настаните се рефлектирал и врз некогаш богатата еврејска заедница во Битола која не можела да се адаптира на рапидните промени на економскиот амбиент и промената во начинот на тргувањето. Тоа било илустрирано со констатацијата дека ... "фаталистичкото чекање на муштерии на капиталистичкиот западен човек, кој навикнал на реклами и лов за муштерии, му изгледа како заостанатост, или дури и мрза."... Според податоците на еврејскиот рабин Аврам Романо од Битола, од 823 еврејски фамилии во Битола 86 биле имотни, 139 средноимотни, 267 сиромашни и 331 екстремно сиромашни.[311]

Во Битола за време на Отоманската империја свои филијали имале Отоманската банка, Bank de Mitilen и Bank de Salonik, со кои населението добило можност да се кредитира по легален пат, без да има потреба да позајмува пари од лихварите чија годишна камата преминувала 200%.[312] Но сепак банкарскиот систем во Отоманската империја бил неразвиен, а во новата држава банкарството започнало да се развива поради навиките и сфаќањата кои се променувале и потребата за кредитирање на стопанските активности. Во 1922 година од приватен капитал била формирана Битолска банка, а во 1928 година и Преспанска банка. Начинот на банкарско работење во вардарскиот дел на Македонија не се одвивал на класичен и законски пропишан начин, поради тоа што иако највисоката каматна стапка изнесувала 12%, на комитентите им биле наплаќани каматни стапки во висина од 18, 24, 32, 36 проценти камата, а кредитот не се доделувал врз основа на објективизирани критериуми, туку во зависност од личните познанства и персоналниот углед на барателот на кредитот. Голем дел на банки биле формирани од поранешни лихвари кои преку тоа сакале да го прикријат своето нелегално работење и да им се овозможи и понатаму да дејствуваат.[313] Во вардарскиот дел на Македонија Народната банка на Кралството СХС отворила свои филијали во Скопје во 1920 година, во Битола во 1923 година и овие банки исто така вршеле кредитирање на стопанството, замена на валути и други банкарски работи. Доколку се изврши споредба на одобрените и искористените кредити од филијалите од Скопје и Битола може да се забележи дека пласманите се драстично поголеми во Скопје што се должи на политиката на Кралството СХС која од овој град направила административно-политички и економски центар за областа „Јужна Србија", па така во 1924 година во Скопје се пласирани кредити во износ од 43.200.000 динари наспроти 1.400.000 динари во Битола, во 1925 година во Скопје се пласирани кредити во износ од 49.000.000 динари наспроти 2.200.000 динари во Битола или во 1928 година 66.600.000 динари во Скопје наспроти 6.650.000 во Битола.[314]

---

[311] Rothmuller Ovi, Jevrejska omladina Južne Srbije, Zagreb, 1932, str. 8-10

[312] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 268-270

[313] Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912 – 1937, Скопље, 1937, стр. 722-723

[314] Ibidem, стр. 728-729

После 1918 година свои филијали во Битола основале и Државната хипотекарна банка, Француско-Српската банка и Народната банка од Белград. Во 1923 година во вардарскиот дел на Македонија веќе имало 13 финансиски институции кои се занимавале со кредитирање, а нивниот број во 1926 година пораснал на 17, додека овој број во 1928 година се искачил на 21. Најсилно позиционирана била Државната хипотекарна банка која најмногу финансирала јавни работи изведувани од страна на државните институции и општинските управи. Банките биле активно вклучени и во финансирање на трговијата со опиум и со шпекулации со цените на прехранбените производи и други индустриски суровини, со што остварувале заработка. Овие шпекулации довеле до тоа цената на 100 килограми пченица во Апатин да изнесува 100 динари, во Тетово 280 динари, а во Дебар 580 динари или килограм овчјо месо во Суботица чинел 9 динари, а во Дебар 23 динари.[315]

Во вкупната структура на економијата во вардарскиот дел на Македонија значаен удел имала и трговијата. И покрај тоа трговијата бележела опаѓачки тенденции, а бројот на претпријатија кои извезувале индустриски производи бил сосема незначителен. Од трговски и занаетчиски центар во овој дел на Балканот, по 1920 година бројот на трговски претпријатија во Битола забрзано пропаѓал. Прекинот на трговските врски со Албанија и замрувањето на трговските врски со Грција довело до пропаѓање на кројачките претпријатија и претпријатијата за производство на јажиња, потковици и шајки. Трговските патишта биле небезбедни што дополнително ја отежнувало и оптоварувало трговијата и доведувало до намалена конкурентност и губење на трговските позиции. Конкурентноста на претпријатијата дополнително била ослабувана и со недоследно спроведување на законодавството кое предвидувало доколку некое претпријатие увезе стока од друга држава на увезената стока да плати општинска трошарина, која требало да му биде вратена доколку истата стока потоа ја извезе во друга држава, но во пракса повратот на овие средства во овој дел на Кралството никогаш не бил вршен. Во битолската област на почетокот на 1929 година биле регистрирани 2.679 трговски претпријатија и 649 дуќани во село.[316]

Со укинувањето на чифчиските односи и аграрната реформа настанале промени во земјоделието и се зголемиле обработливите површини на земја, делумно и поради високиот наталитет на населението. Немајќи други извори на егзистенција, дури 79% од населението се издржувало од оваа стопанска гранка. Но правната несигурност и сопственосно-правниот хаос стоеле на патот на осмислено земјоделско производство и инвестирање во зголемување на плодноста на почвата. Интензивно земјоделско производство немало и поради карактерот на земјишните поседи меѓу кои доминирале малите поседи до 2 хектари со 34,3%. Дополнителен проблем претставувала примитивната обработка на земјата и немањето на земјоделска

---

315 M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 268-270

316 Ibidem, str. 248-249

механизација. Поради војните недостигала и стока која би била користена за обработка на земјата, бидејќи сточниот фонд бил крајно редуциран како резултат на воените дејствија и постојаните реквизиции.[317] Властите на Кралството СХС правеле напори да го променат начинот на обработка на земјата и да го подобрат земјоделското производство преку дистрибуција на поквалитетни семиња кои би одговарале на засадената почва за што се организирале и земјоделски курсеви за населението, за што во рамките на секоја околија имало земјоделски референти со по еден помошник. Во некои околии биле направени и огледни расадници на овошни дрва или винова лоза, а во Битола учениците можеле да се стекнат со стручно образование од областа на земјоделието во земјоделското училиште во Битола. Во Битола имало и рибарски референт, како што имало и во Охрид и Ресен и кои биле задолжени за развој на оваа земјоделска гранка.[318]

Жетвите во вардарскиот дел на Македонија биле слаби поради неповолните климатски услови и споредено со останатите делови на Кралството СХС, малата плодност на земјата. Произведената пченица не се извезувала бидејќи семињата кои се користеле биле од традиционално потекло, кое давало ниски приноси и низок квалитет. Одгледувањето на пченка било исто така на незадоволително ниво поради немањето на организиран систем за водоснабдување, поради што оваа култура се одгледувала единствено во Пелагонија и Полошката котлина. Од житните култури најмногу бил одгледуван јачменот поради неговите предности како што се рано зреење, погодност за исхрана, додека одгледувањето на рж и на овес било слабо застапено. Во одредени краеви бил одгледуван и оризот, но поради специфичниот начин на производство и големите потреби на вода, а од друга страна потребата и желбата да се редуцираат маларичните подрачја, оваа култура била се помалку садена.[319]

Од останатите култури позастапено било одгледувањето на гравот кој бил масовно користен во исхраната. Слабо бил одгледуван и компирот поради недоволната побарувачка и немањето на преработувачка индустрија. Градинарските култури биле одгледувани на многу мали површини кои биле доволни за исхрана на семејствата, но не и за продажба на пазарите. Овоштарството и планското подигнување на овошни насади било непозната категорија за населението во овие краишта, па поради тоа државата активно се трудела преку организирање на обуки и курсеви и продажба на садници по поволна цена, да ја заживее оваа гранка на земјоделието. Напори биле правени и за планско подигнување на лозови насади со високи приноси кои би биле ценети на пазарите, но уверувањето дека домашните лозови насади се подобри во однос на калемените американски лозови насади се

[317] Ibidem, str. 229-230
[318] Споменица двадесетпетогодишњице ослобоћења Јужне Србије 1912 – 1937, Скопље, 1937, стр. 527
[319] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 231

испречувало на оваа замисла. Во почетокот на 20-тите години лозарството во овој дел на Кралството било уништено од болеста филоксера, по што државата правела напори за обновување на оваа гранка. Најголеми приноси лозарството имало во рамките на битолската област.[320]

Пред Првата светска војна структурата на македонското стопанство претежно ја сочинувале прехранбената, текстилната и тутунската индустрија. И во периодот меѓу двете светски војни македонската економија ја карактеризирало ниската техничка опременост и примитивната организација и технологија. Претпријатијата биле доминантно од занаетчиско-манифактурен карактер, а отсуствувале и кредити за нивна поддршка делумно и поради политиката која настојувала да се одржи заостанатоста на вардарскиот дел на Македонија. Околу 80% од населението се занимавало со земјоделие кое било екстензивно и примитивно, комбинирано со аграрната пренаселеност. Ова кореспондирало со политиката на владеачките елити на Кралството СХС кои вардарскиот дел на Македонија го сметале во економски поглед како пазар за извоз на индустриски и други суровини и извор на евтина работна сила и евтини земјоделски производи.[321]

Од индустриските култури особено биле застапени тутунот и афионот, но од година во година се забележувал пад во производството, поради се пониските откупни цени и експлоатацијата на населението. Околу 13% од вкупното население во вардарскиот дел на Македонија ја обезбедувало својата егзистенција од производство на тутун. [322] Впрочем, производството на тутун претставувало најзначајна земјоделска гранка во вардарскиот дел на Македонија. Во првите години по завршувањето на војната поради несредената ситуација, воените пустошења од кои биле уништени магацините и складиштата за чување на тутунот и иселувањето на голем дел од Турците кои најмногу биле вклучени во обработката на оваа култура, производството било мало. Тутунот бил откупуван од страна на Монополската управа која ги диктирала цените и која откупот го вршела преку откупните пунктови кои постоеле во поголемите градови, при што таков постоел и во Битола.[323]

Рекордно производство било постигнато во 1924 година и изнесувало 12.943.906 килограми откупено од 41.480 производители, додека во останатите години производството постојано опаѓало, па така во 1928 година биле произведени 3.221.182 килограми кои биле откупени од 24.574 производители. Македонскиот тутун бил надалеку познат по својот квалитет и особено баран во Египет, Америка и Германија, но во средината на 20-тите произведените сорти, станувале се понеквалитетни како

---

[320] Ibidem, str. 231-232

[321] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр.123.

[322] Д-р Иван Катарџиев, Време на зреење I, Култура-Скопје, 1977 година, стр. 65-67

[323] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 233

резултат на ниските откупни цени и користењето на се понеквалитетни семиња. Еклатантен пример за квалитетот на македонскиот тутун е што цената за кутија цигари произведени од македонски тутун била двојно повисока од цената која требало да се плати за цигари произведени од херцеговински тутун. Дестимулирачки за производството на тутунот бил неправедниот откуп кој бил спроведуван од откупните комисии на Монополската управа составена од раководител, оценувач и повереник, при што цената била одредувана во зависност од нивната волја. Освен од монополската управа никој друг не можел и немал право да го откупува тутунот. Воедно и државата со Законот за монопол го пропишала максимумот кој можел да се произведе во рамките на секоја област, округ или околија. За да се произведува тутун заинтересираното лице морало претходно да има прибавено дозвола, бидејќи производството на тутун без дозвола било казнувано со парична казна и затвор до една година. Овие мерки биле оправдувани со тврдењата дека се воведени со цел да се оневозможи шверц на тутун и намалување на државните приходи кои биле едни од највисоките од оваа гранка.[324]

Мнозинството од работниците во вардарскиот дел на Македонија, околу две третини, биле ангажирани во одгледувањето и преработувањето на тутун, додека половина од квалификуваната работна сила во фабриките ја сочинувале работници од другите народи во Кралството и странци. Осиромашувањето на населението и неможноста да се најде вработување биле причина вардарскиот дел на Македонија силно да биде зафатен од појавата на печалбарството при што се емигрирало во Америка, Австралија и други држави.[325]

Преку 50% од југословенското производство на тутун доаѓало од овој дел на Кралството, меѓутоа и покрај тоа не постоела ниту една фабрика за цигари, туку се вршела само преработка на тутунот до ферментација и пакување во лист, што довело до постепен пад на производството. Идентична била состојбата и со производството на опиум чие производство станало нерентабилно поради монополски ниско одредените цели.[326] Откупните цени на тутунот постојано опаѓале, така што ако во 1923 година 1 килограм тутун бил плаќан по 38 динари, во 1933 година килограм тутун бил плаќан 7,24 динари. Слично било и движењето на цената на опиумот на кој што цената му паднала од 1.000 на 200 динари за еден килограм.[327]

Почвата во вардарскиот дел на Македонија била особено погодна за производство на афион и опиумот кој се добивал од него, најмногу поради тоа што бил

---

[324] Ibidem, str. 234-235

[325] Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918 – 1941, БАН, София, 1983, стр. 37

[326] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр.127.

[327] Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918 – 1941, БАН, София, 1983, стр. 43

најквалитетен во светот со најголем процент на морфиум кој се движел помеѓу 14% до 16%, во споредба со кинескиот афион кој содржел 3% до 5% морфиум. Поради тоа бил многу баран и извезуван на францускиот, германскиот и швајцарскиот пазар.[328] Но сепак производството на афионот бележело пад поради политиката на дестимулација на производството на која се обврзало Кралството СХС со пристапувањето кон Женевската конвенција за производство на оваа култура.[329] Женевската конвенција иако дозволувала одгледување на афион, забранувала увоз и извоз на смола и препарати добиени од него. Ефектите од пристапувањето на Кралството СХС кон оваа конвенција можат да се согледаат од податокот дека вредноста на произведениот опиум во 1929 година достигнала 107.000.000 динари, а во 1932 година само 4.500.000 динари. Откупот го вршело единствено Привилегираното извозно друштво од Белград од страна на опиумски одбор.[330]

Во вардарскиот дел на Македонија успевале и култури кои не можеле да се најдат во другите краишта на Кралството, каков што бил сусамот од кој се продавало семето и маслото што се добивало од него. Одгледувани биле и помали количини на леблебии и соја. Специфично за овие краишта било и одгледувањето на анасон кој се користел за ароматизирање на алкохолни пијалаци. Во Македонија се одгледувала и свилена буба која се користела за производство на свила, која за време на Отоманската империја била многу барана и чие производство било во постојан пораст. Пред Балканските војни производството на свила годишно достигнувало до 1.500.000 килограми и било на трето место во Европа, додека по завршувањето на Првата Светска војна во 1919 година биле произведени само 80.000 килограми. Откупните цени бележеле постојан пад па така ако во 1923 година 1 килограм чаури од свилени буби бил откупуван за 120 динари, во 1927 година цената изнесувала 45 динари за 1 килограм. Уништеното производство државата настојувала да го обнови со бесплатно доделување на насади за црници, а процесот на сушење на чаурите бил подобруван со воведување на модерни апарати за сушење. Државата наместо да го стимулира производството на оваа култура, на крајот се јавила како голем увозник на свила што претставувало значајна негативна ставка на надворешно трговскиот биланс. Во Македонија бил произведуван и памук од кој се добивале памучни влакна кои се користеле во текстилната индустрија, а од семето се добивало индустриско масло. Памукот од Македонија бил познат по својот квалитет и по должината на памучните влакна па поради тоа оваа култура била рентабилна.[331]

Во расправите во југословенскиот парламент често биле изнесувани критики и барања за подобрување на економската состојба од страна на македонските

[328] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 235
[329] Д-р Иван Катарџиев, Време на зреење I, Култура-Скопје, 1977 година, стр. 65-67
[330] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 236
[331] Ibidem, str. 236-239

пратеници и опозицијата. Се барало слободно производство на оризот кој бил оптоварен со високи даноци и нелојална конкуренција со увозен ориз, слободно производство се барало и за тутунот кој бил ниско платен и високо оданочен, се барало овозможување на производство на опиумот, свилената буба, сусамот и други маслодајни култури како и обнова на уништеното лозарство од филоксерата.[332]

Сточарството како стопанска гранка за време на војната било доведено во незавидна положба, а сточниот фонд поради воените дејствија и извршените реквизиции од страна на војските бил драстично намален. Поради тоа се правеле напори истиот да се обнови, па затоа првично биле воведени забрани за извоз, ограничување на колењето и други активности, но се до 1922 година кога извозот бил повторно дозволен. Овчарството како засебен облик на сточарство било мошне развиено и во 1927 година имало 2.000.000 овци, но со повлекувањето на границите било оневозможено традиционалното носење на презимување на стадата во Егејска Македонија каде што зимите биле поблаги, што ги зголемило трошоците за одгледување. Дополнителен трошок претставувала во средината на 20-тите години воведената давачка за испаша дури и кога таа се вршела на свое земјиште, а доделувањето на државните пасишта под закуп било проследено со бројни неправилности и корупција. Во услови на засилена конкуренција која доаѓала од Грција и Турција, кај кои оваа гранка била добро развиена, извозот на овците постојано опаѓал. Одгледувањето на кози исто така бележело опаѓачки тенденции, поради иселувањето на голем дел од турското население кое масовно конзумирало козјо месо и Законот за шуми од 1929 година кој забранувал испаша на кози во државните шуми. Свињарството за време на Отоманската империја поради преовладувачките верски чувства кои владееле било неразвиено, па поради тоа Кралството СХС преземало активности за заживување на оваа гранка со набавка на квалитетни сорти на свињи кои по поволни цени им биле продавани на одгледувачите, но сепак без позначајни резултати. Одгледувани биле и говеда најмногу поради нивната влечна сила која можела да биде употребена во земјоделското производство, додека после војната одгледувањето на биволи опаѓало бидејќи биле сметани за непогодни за земјоделски работи. Заради одгледување на квалитетни раси на коњи била формирана и државна ергела во близина на Скопје со учество на Министерството за земјоделие.[333]

Живинарството во вардарскиот дел на Македонија било слабо развиено. Државата правела напори со подигнување на багремови и липови насади да го унапреди и пчеларството и била извршена промена на традиционалните кошници со сандуци, но без позабележителни резултати. Рибарството било поразвиено

---

[332] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр.125.
[333] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 239-241

единствено каде што имало езера, па така особено ценети биле пастрмката, јагулата и плашицата од Охридското езеро како и рибите од Преспанското и Дојранското езеро. Од Охридското езеро годишно биле ловени околу 440 до 500 тони риба, околу 400 од Дојранското езеро и 30 до 100 тони риба од Преспанското езеро. Рибниот фонд бил особено смалуван поради неконтролираниот улов и ловењето за време на мрест кој државата не успевала законски да го спречи.[334]

Текстилната индустрија која пред Балканските војни била мошне развиена во градовите Битола, Гевгелија и Дојран, поради прекинот на трговските врски со поделбата на Македонија крајно опаднала при што во Битола останало само уште едно претпријатие за текстил.[335] Фабрики за преработка на текстил пред Првата светска војна имало и во битолските села Дихово, Магарево и Трново. Фабриката во Магарево била уништена за време на војната, но во 1924 година нејзиното производство било обновено со машини кои биле набавени од Германија. Во 1927 година од страна на околу 20-тина битолски трговци била основана фабрика за текстил која била опремена со американски и германски машини и која набавувала памук од Чекословачка и Италија, а волна од Англија и Грција.[336] Ова претпријатие годишно произведувало по 10 до 15 илјади готови производи: најразлични памучни и волнени фанели и маици и други текстилни преработки. Во Битола имало и претпријатие за свилени и памучни платна кое годишно преработувало околу 2 до 3 илјади килограми свилена, 1.500 до 2.000 килограми памучна преѓа, увезувана главно од Италија и Грција.[337]

За време на Османлиската империја занаетчиството во Македонија поради големиот пазар и недостатокот на сериозна конкуренција било релативно развиено, но со поделбата на Македонија, помеѓу другото и поради силната конкуренција од подобро организираните претпријатија во Словенија и Хрватска прилично заостанало. Поради тоа занаетчиите започнале во слободното време да се занимаваат со одгледување на земјоделски производи или да се ставаат под наем како сезонски работници.[338]

Во градовите во вардарскиот дел на Македонија занаетчиството било стопанска гранка во која се вработувало најголем дел од населението. По завршувањето на Првата светска војна економскиот амбиент во кој опстојувала оваа гранка започнал забрзано да се влошува поради конкуренцијата која доаѓала од другите држави и чиј

[334] Ibidem, str. 242
[335] Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918 – 1941, БАН, София, 1983, стр. 38
[336] Коста Сидовски, Текстилната индустрија во Н. Р. Македонија во периодот помеѓу двете светски војни, Гласник ИНИ, Бр. 1, Скопје, 1958, стр. 57-61
[337] Трајче Грујоски, Битола – дејството на основните фактори врз општествено-економскиот развиток, Битола, 1971. стр. 72
[338] Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918 – 1941, БАН, София, 1983, стр. 35-36

начин на производство бил индустриски, а индустриското производство се повеќе се развивало и во Кралството СХС. Погодени биле традиционалните занаети како кујунџискиот и терзискиот, додека кројачкиот занает добро се справувал со конкуренцијата која доаѓала од индустрискиот начин на производство на облека. Солидно се одржувал и ѕидарскиот занает на кој му погодувала масовната изградба, делумно и поради санирањето на воените штети. Занаетчиските претпријатија често барале поддршка од државата и воведување на заштитни мерки од странската конкуренција, но не наишле на таква поддршка од државата ниту од Трговската комора. Во средината на 20-тите години во Битола имало 396 регистрирани занаетчиски работилници.[339]

Сепак во споредба со други градови од вардарскиот дел на Македонија, занаетчиството во Битола било особено развиено, бидејќи поради скоро згаснатите трговски врски со соседните држави, тоа преостанувало единствена ориентација на населението во градот Битола. Иако бројот на занаетчиски дуќани кои работеле бил прилично голем, сепак нивното работење се сведувало на преживување во услови на егзистенцијален минимум. Особено од продорот на индустриските стоки биле погодени занаетчиските дејности сврзани со изработка на облека и обувки. Пад бележело и занаетчиството во селата во битолскиот округ кое исто така било под притисок од увозот на индустриските стоки. Некои занаети биле осетно погодени и бројот на лица кои се занимавале со нив крајно се намалил или сосема исчезнале, за сметка на тоа се појавиле нови и дотогаш непознати занаети како: електричари, шофери, бравари, печатари, водоинсталатери и друго.[340]

Занаетчиските работилници се здружувале во еснафски здруженија кои се формирале во рамките на секоја околија, а кои понатаму биле здружени во Занаетчиска комора за „Јужна Србија", која била централна занаетчиска асоцијација за овој дел од Кралството. Со Законот за претпријатија се допуштало создавање на еснафски здруженија и во Битола биле формирани: пекарско здружение, ѕидарско здружение, столарско здружение, бочварско-сандучарско здружение, шоферско, кројачко, берберско-фризерско и казанџиско здружение. Занаетчиите се здружувале и во задруги со цел полесно да се справат со конкуренцијата и да ги заштитат своите интереси и поорганизирано да истапат на пазарот, при што биле многу активни па само во 1927 година Битолската задруга имала поднесено 180 различни барања до Занаетчиската комора. За поддршка на занаетчиството била формирана и Занаетчиска банка во која капитал вложиле занаетчиите вршејќи упис на акции, а од битолската

[339] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 242-243

[340] Трајче Грујоски, Битола – дејството на основните фактори врз оптштествено-економскиот развиток, Битола, 1971. стр. 67-69

област имало 132 акционери. Од оваа банка кредитни средства можеле да повлечат занаетчиите кои биле регистрирани во претпријатие.[341]

Индустриското производство во вардарскиот дел на Македонија било слабо и неразвиено. Во 1918 година во овој дел од Кралството имало 22 регистрирани индустриски претпријатија, а во 1929 година бројката се искачила на 104 претпријатија. Но сепак уделот на македонските индустриски претпријатија во вкупното стопанство се движел помеѓу 0,2% до 1%. Овие претпријатија биле со мал индустриски капацитет, низок степен на техничка опременост и мал број на вработени лица.[342]

Позабележителен напредок бележеле мелничарските и дрвопреработувачките капацитети. Во 1923 година имало 25 мелници во кои биле вработени околу 900 работници, а извесен развој бележела и дрвопреработувачката индустрија која вработувала околу 850 работници.[343] Во Битола постоела и автоматизирана мелница која за време на војната била прилично уништена. После војната оваа мелница била откупена од банките, а потоа отуѓена на приватен стопанственик кој ги проширил нејзините производствени капацитети и ја модернизирал.[344] Во вардарскиот дел на Македонија најзначајно дрвопреработувачко претпријатие било „Треска", кое било основано во 1922 година, било добро технички опремено и кое вработувало околу 300 лица. Ова претпријатие успешно работело и извезувало мебел на странските пазари, и покрај тоа што не наишло на поддршка од државата. Дрвопреработувачко претпријатие имало и во Битола, а отпочнала појава на приватни пилани.[345]

Во Битола имало и фабрика на производство на ќерамиди и тули која била основана околу 1910 година, но нејзиниот производствен капацитет од околу 1. 000. 000 ќерамиди и 400.000 тули годишно постојано се намалувал, бидејќи се наоѓала во непосредна близина на градот, а земјиштата кои биле во нејзина близина за краток период биле целосно експлоатирани при што немало можност за доведување на доволно суровини за понатамошна преработка. Поради овие причини фабриката била ликвидирана во 1925 година.[346]

---

341 M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 243-244

342 Ibidem, str. 252

343 Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918 – 1941, БАН, София, 1983, стр. 35-36

344 Трајче Грујоски, Битола – дејството на основните фактори врз општествено-економскиот развиток, Битола, 1971. стр. 71

345 M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 254

346 Трајче Грујоски, Битола – дејството на основните фактори врз општествено-економскиот развиток, Битола, 1971. стр. 71

Забележана била појава и на претпријатија од хемиската индустрија кои произведувале сапун, свеќи и друго, потоа фабрика за преработка на сончоглед.[347] Овие претпријатија успешно се развивале и произведувале различни видови на сапуни, парфеми, козметика, пасти за заби, помади, кармини, пудра, инсектициди, мастило, кремови за чевли, за лепење на паркет и други производи. Биле произведувани и вреќи од јута, коноп и лен. Две фабрики за сапун биле отворени и во Битола.[348]

Најразвиена стопанска гранка во вардарскиот дел на Македонија била прехранбената индустрија и од вкупниот број на претпријатија, 25,3% припаѓале кон неа. По завршувањето на војната мелничарската индустрија се одржувала најмногу благодарејќи на снабдувањето на војската со брашно и задоволувањето на локалните потреби. Но после тоа следел период на засилен развој и се извршила електрификација на млиновите. Од прехранбени производи се произведувал и кашкавал, тестенини, масло и таан алва, гриз, а во Битола имало и фабрика за производство на слатки и локуми која имала свои претставништва во Солун и Белград.[349] Оваа фабрика пред војната произведувала околу 2.000 килограми бомбони и локуми годишно, а подоцна западнала во криза и го редуцирала своето производство.[350] Во 1925 година во Македонија имало околу 50 индустриски претпријатија од кои повеќето биле парни мелници и мал дел од индустријата за масла и индустријата за преработка на кожи која била традиционално организирана и нагло пропаѓала поради современите начини на преработка. Маслодајната индустрија која постоела во Велес била изложена на конкуренција поради немање на заштитна политика и увозот на евтино масло од Холандија. [351]

Кожарската индустрија и енергетската индустрија биле неразвиени и од локален карактер, исто како и градежната индустрија.[352] Во 1925 година во Македонија имало 25 мелници, 5 електроцентрали, 8 фабрики за сапун, 3 метало-стругарски капацитети, 3 фабрики за масло и таан алва, 7 тулани, 9 печатници, 2 фабрики за текстил, 2 фабрики за преработка на кожи, 2 млинови за сол и по една фабрика за бомбони, макарони, сода и преработка на риба.[353]

Корисно е да се одбележи дека во стопанството во вардарскиот дел на Македонија недоволно се вложувало, а тоа се наоѓало и во фаза на првобитна

---

[347] Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918 – 1941, БАН, София, 1983, стр. 35-36

[348] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 255

[349] Ibidem, str. 256-257

[350] Трајче Грујоски, Битола – дејството на основните фактори врз општествено-економскиот развиток, Битола, 1971. стр. 72

[351] Д-р Иван Катарџиев, Време на зреење I, Култура-Скопје, 1977 година, стр. 70-71

[352] Ibidem.

[353] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 252

акумулација на капиталот, додека поради политичката нестабилност немало странски инвестиции. Според структурата на сопственоста на новоотворените претпријатија во 1925 година на пример: 11 биле во државна сопственост, 7 биле во сопственост на српски и чешки стопанственици, додека останатите 9 припаѓале на лица од македонското население.[354] Освен силната конкуренција од поразвиените индустрии на високоразвиените земји, тешкотија претставувало и тоа што државата не направила никаков ангажман за да ја заштити домашната индустрија со различни мерки како: заштитни царини, државна помош, даночни олеснувања и друго. Државата ги игнорирала барањата на индустријалците од вардарскиот дел на Македонија, а за разлика од другите делови на Кралството овдешните обласни управи воведувале обласни такси спротивно на важечкото државно законодавство. Вардарска Македонија заостанувала во однос на останатите краишта од кралството СХС и по инвестираниот капитал по глава на жител.[355]

Во периодот од 1926 до 1930 година биле отворени уште 25 претпријатија, најмногу мали хидроцентрали и фабрики од прехранбената индустрија. Најголемиот дел од нив се отворени со учество на месниот капитал, но општо земено индустрискиот развој се одвивал бавно.[356] И покрај приватната иницијатива електрификацијата се одвивала бавно, делумно како резултат на тоа што не само што не била стимулирана од државата, туку оваа дејност дополнително била оданочувана, најмногу од општинските управи што ги зголемувало трошоците за нивното функционирање. Меѓу позначајните електроцентрали биле Тетовското индустриско акционерско друштво, Градската електрична централа во Скопје и Битолската електроиндустрија. Битолската електроиндустрија била основана и се започнало со нејзина изградба во 1924 година, а отпочнала со работа во 1926 година. Оваа електроцентрала поради малата потрошувачка на енергија во Битола функционирала само со 15% од производствениот капацитет. Во 1929 година била основана уште една електроцентрала во Битола која успешно работела.[357]

Сообраќајната инфраструктура е задолжителен услов за економски развој и развиена трговија. Кралството СХС од Отоманската империја наследило неразвиена сообраќајна инфраструктура, која згора на тоа од воените дејствија за време на Првата светска војна во голема мера била разорена. По завршувањето на војната поради значењето на вардарско-моравската долина биле преземени активности за обновување на железничката инфраструктура. Постоечките пруги во овој дел на

---

[354] Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918 – 1941, БАН, София, 1983, стр. 35-36

[355] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 253

[356] Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918 – 1941, БАН, София, 1983, стр. 36

[357] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 253-254

Кралството биле теснолинејки и како такви биле сметани за застарен тип на пруги, па поради тоа биле заменувани со современ тип на пруги, а биле зајакнувани и постоечките мостови. Помеѓу 1919 и 1922 година била реконструирана и пругата Битола – Градско во должина од 134,7км. Во 1927 година се отпочнало со изградба на нова модерна пруга Битола – Прилеп – Велес, со која требало Битола и Пелагонија пред се, да се поврзат со Скопје и со пругата Скопје – Гевгелија, а изградбата на овој железнички крак била завршена во април 1931 година. Се планирала изградба и на железнички крак кој би ја поврзал Битола со железничка пруга преку Ресен со Охрид, но оваа замисла не била реализирана поради неповолниот терен за изградба кој ги зголемувал трошоците за изградба и хроничниот буџетски дефицит на Кралството СХС. Во поглед на железничката инфраструктура во споредба со другите типови на сообраќајна инфраструктура биле преземани поголем број на градежни зафати за нејзин развој, при што материјалите за изградба на пругите, локомотиви и вагони биле обезбедувани како воени репарации од Германија. И покрај тоа железничката инфраструктура во вардарскиот дел на Македонија останал неразвиен, со недоволен број на железнички станици кои биле слабо опремени. Единствена железничка станица на која се вршел утовар и истовар на стоки била железничката станица во Скопје, но и таа поради недоволниот број на колосеци била со мал маневарски простор, а работењето се одвивало бавно. За развојот на железниците во овој дел на Краството доволно говори податоткот дека во Словенија на 100 км2 имало 167,6 километри пруги, во Хрватска на 100 км2 имало 141,8 километри пруги, додека во „Јужна Србија" на 100 км2 имало 57,4 километри пруги.[358]

Како доминантен тип на транспорт за тоа време, железничкиот сообраќај бил најфрекфрентен на пругата Белград – Скопје – Гевгелија – Солун поради солунското пристаниште и живите трговски текови кои се одвивале на оваа релација, додека трансферот на луѓе и стоки на останатите пруги бил повеќекратно помал. Развојот на железничкиот транспорт и поврзувањето со Албанија и Бугарија и покрај размислувањата за неговата неопходност, не доживеале реализација. Интересно е да се напомене дека во изградбата на пругите по потреба била вклучувана и војската, а бесплатно и присилно и делови од населението.[359]

Исто и мрежата на патишта која била наследена од Отоманската империја била неразвиена и неквалитетна. По завршувањето на војната се отпочнало со активности за санација на најнеопходните патни правци и поправка и зајакнување на конструкциите на мостовите. Во периодот од 1919 до 1929 година во битолскиот округ била вршена изградба и реконструкција на патиштата Битола – Ресен – Охрид, Битола – Прилеп, Битола – Кичево, Битола – Царев Двор – Стење – Корча. Во изградбата на патиштата биле ангажирани лица од редовите на војската, жандармеријата и полицијата, а властите често прибегнувале кон бесплатно и присилно ангажирање на населението.

[358] Ibidem, str. 282-287
[359] Ibidem, str. 288-289

Во споредба со останатите краишта на Кралството СХС патната мрежа била далеку понеразвиена, па така ако на 100 км2 во „Јужна Србија“ имало 55,7 километри патишта, во Хрватска на 100 км2 имало 122,6 километри патишта, а во Словенија на 100 км2 имало 193,2 километри патишта. Автомобилскиот сообраќај бил вистинска реткост и во 1929 година во „Јужна Србија“ имало само 668 автомобили, 197 камиони, 44 автобуси и 97 мотори.[360]

На бавниот развој на индустриското производство во голема мера влијаело отсуството на развиени сообраќајни врски, при што за 12 години, односно од 1918 до 1930 година изграден бил само патот Велес-Штип-Кочани.[361] Неразвиеноста на сообраќајната инфраструктура оневозможувала позасилен развој и на туризмот, кој во вардарскиот дел на Македонија бил стопанска гранка во зачеток. Во градовите била започната изградба на хотели, а биле отворени и првите автобуски линии, кои од Битола воделе до Градско и Охрид. Една од попознатите туристички дестинациии била Скопје – Дебар – Охрид – Битола, при која туристите можеле да се зпознаат со Скопје, да ги разгледаат Галичник и Дебар, да ја почуствуваат пријатната клима на Охрид кој бил нарекуван „српска Женева“, да ги посетат бројните манастири, да ја разгледаат Битола и Хераклеја и да го почуствуваат пелистерскиот воздух. Но и покрај можностите за развој, не биле постигнати позначајни резултати, поради недостигот на сместувачки капацитети, претходно споменатата неразвиена сообраќајна инфраструктура и проблемот со јавната безбедност. Право да организира туристички патувања во овој дел на Кралството имало единствено агенцијата „Путник“ со седиште во Белград, додека на странските туристички агенции им бил забранет пристапот и организирањето на патувања.[362]

Рударството за време на Отоманската империја било потполно неразвиено и покрај рудното богатство кое го поседувале овие краишта. Организирана експлоатација на хромна руда во близина на Шар планина за време на Првата светска војна вршеле германците, но со воениот пораз ја прекинале отпочнатата дејност. Со повторна експлоатација се отпочнало од 1921 година, но неразвиената сообраќајна инфраструктура значително ги отежнувала условите. Експлоатација на руда можела да се врши по претходно добиена дозвола од Рударската дирекција во Скопје, а издавањето на овие дозволи често било проследено со сомнежи за законитоста на постапката. И покрај тешката и напорна работа, платите на рударите биле едни од најниските во државата, а работното време и домувањето на рударите во целост го одредувале рударските претпријатија. Рударите исто така биле условувани заработените пари да ги трошат во т.н. „управни магацини“ кои биле во сопственост на

---

[360] Ibidem, str. 290-292

[361] Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918 – 1941, БАН, София, 1983, стр. 36

[362] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 301-303

рударските претпријатија и во кои цените биле за 20% до 30% повисоки, а често дел од платите им бил исплаќан во бонови. Неразвиеноста на рударството опстојала и во Кралството СХС, најмногу поради тоа што не се инвестирало во транспортна инфраструктура и не се преземале активности за развој на оваа стопанска гранка.[363] Структурата на сопственоста на рударското производство ја сочинувало само околу 35% месен капитал, а германски, чешки, италијански и француски претпријатија вложувале во преработка на метали и електрификација.[364]

Шумарството како стопанска гранка чија дејност е експлоатација на шумите, производите кои се добиваат од нив и обнова на искористените површини, во вардарскиот дел на Македонија било слабо развиено поради нискиот процент од околу 23% шумска површина од вкупната територија, како и од недоволното вложување на државата во подигнување на нови површини. Прекумерната експлоатација на шумите доведувала до опаѓање на шумскиот фонд во и онака ретко пошумениот дел од Кралството. Биле забележани и бројни примери на незаконска експлоатација на шумите, како и доделување на концесии за сеча врз основа на политички критериуми. Дозволи за сеча се доделувале од страна на локалните шумари за одреден противзаконски надомест. Иако во средината на 30-те години формалноправно 20% од шумите биле во државна сопственост, 59,5% биле во општинска сопственост и околу 20% од шумите биле во приватна сопственост, слично како и земјоделското земјиште и сопственоста врз шумите била недефинирана, а големи површини на шуми државата ги одзела од надлежност на општинските управи. Најголем број на шумски поседи со спорен сопственички статус имало во битолската, охридската, тетовската и кумановската околија. Ваквиот недефиниран статус на сопственичката структура на шумите довело до тоа државата сите шуми да ги прогласи за државна сопственост. Ваквиот несреден статус и прекумерната експлоатација од страна на властите била оправдувана со изговорите „што помалку шуми, помалку комити" и „затоа турците безмилосно ги сечеле шумите, бидејќи сакале чист видик, бидејќи сакале послушна раја".[365]

Нерешеното прашање со шумите кои во вардарскиот дел на Македонија биле прогласени за државна сопственост и укинувањето на општинската и приватната сопственост претставувало крупен проблем. Населението негодувало бидејќи морало да плаќа данок доколку сака да ги користи своите шуми, а ова отворило и простор за бројни незаконитости и уцени од страна на шумарите и општинските власти. И во поглед на пошумувањето на голините не било преземено скоро ништо и се укажувало

---

[363] Ibidem, str. 271-275

[364] Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918 – 1941, БАН, София, 1983, стр. 37

[365] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 278-281

на потребата од преземање на мерки.[366] Ова прашање било и предмет на посебна интерпелација покрената во парламентот на Кралството СХС од 1922 година, во која била критикувана владата што сеуште не го разрешила овој проблем и шумите не биле разграничени. Била нагласувана значајноста на ова прашање која го погодувала и битолскиот округ бидејќи теренот во вардарскиот дел на Македонија бил со ретка вегетација и претставувало проблем снабдувањето со дрва за огрев. Дрвата се продавале на килограм и по многу високи цени, што предизвикувало револт кај населението. Преку овој револт бил објаснуван и успехот на Комунистичката партија на Југославија во вардарскиот дел на Македонија која на изборите од 28 ноември 1920 година освоила 26 пратенички мандати во овој дел на Кралството. Се предлагало и испраќање на судии кои веднаш би пристапиле кон разрешување на ова прашање.[367]

Економскиот развој во „Јужна Србија" може да се согледа доколку направиме компарација со економскиот развој на останатите делови на Кралството. Споредено со општата стапка на развој Словенија била развиена со 171,5% во однос на општиот просек, Војводина со 126,7%, Хрватска со 127,7%, Далмација со 86,2%, Северна Србија со 86,1%, Босна и Херцеговина со 73,4%, аовој дел од Кралството со 63,8%, додека понеразвиен дел претставувал единствено Црна Гора со 62,8% во однос на општиот просек.[368]

Се до Балканските војни Македонија претставувала централно подрачје во европскиот дел на Отоманската Империја и била единствена етногеографска и економска целина. По Балканските војни и Првата светска војна компактното македонско етничко и економско подрачје било разбиено што се рефлектирало на економскиот развој. Македонија од центар станала периферија, што резултирало со прекин на традиционалните економски, трговски и сообраќајни врски. Вардарскиот дел на Македонија бил отсечен и од својот природен излез на Егејското море што дополнително ја влошувало положбата. Корупцијата, смислената политика на уништување на оној дел од македонската буржоазија кој не соработувал со режимот, концентрацијата на многубројните воено–полициски сили и комитските акции, дополнително воделе кон стагнација на стопанството.[369]

Овие општествени услови и политички промени се одразиле и врз економскиот амбиент кој претходно постоел во градот Битола и околината, така што станувајќи периферен пограничен град отсечен од секаква комуникација со местата кои претходно претставувале негова нераскинлива географска и економска целина, бил доведен до опустошување. Ваквата ситуација комбинирана со воените разрушувања и

---

[366] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр.129-130.
[367] Ibidem, стр.187-188.
[368] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 303
[369] Д-р Иван Катарџиев, Време на зреење I, Култура-Скопје, 1977 година, стр. 62-63

применуваните мерки на големосрпскиот режим за кои Македонија претставувала суровинска база и погодно тло за експлоатација го довела населението во очајна состојба, што понатаму генерирало засилена појава на емиграциони движења. Не само што немало никаков економски развој, туку немало и изгледи за во скора иднина да се случат било какви поместувања на тој план.

# Трета Глава

# Отпорот на македонскиот народ во Битола и битолско против власта на Кралството СХС

### 3.1 Комитските акции на четите на ВМРО

Македонскиот народ пројавувал и елементи на вооружен отпор спрема политиката на Кралството СХС, која била изразена генерално преку негација на неговата самобитност, јазик и национални чувства и власта која ја чувствувал како туѓа. Вооружениот отпор најчесто бил координиран и изведуван од четите на ВМРО и лица кои биле членови или во контакт со Организацијата. Погоден терен за делување ВМРО пронашло во Бугарија, поточно во пиринскиот дел на Македонија кој претставувал „држава во држава“, заради непостоењето или отсуството на државната власт на Бугарија во овој дел на нејзината територија.

По Првата светска војна започнал период на консолидација на дезорганизираната Македонска револуционерна организација од страна на македонските емигрантски елементи во Бугарија, кои настојувале со легални или нелегални средства да ја продолжат борбата за ослободување на Македонија. Старите членови на ЦК на ВМОРО, Тодор Александров, Александар Протогеров и Петар Чаулев ја возобновиле Организацијата, а на нејзино чело застанал Тодор Александров кој претставувал најголем авторитет кај македонскиот народ во сите делови на Македонија. Од завршувањето на војната па се до потпишувањето на Париските мировни договори, чекајќи го исходот, Организацијата превземала единствено мобилизациски активности. Организацијата ја задржала старата поделба на пет окружни револуционерни комитети : Битолски, Скопски, Солунски, Серски и Струмички и контактите и комуникациската мрежа со луѓето кои претходно биле вклучени во револуционерни активности. Во рамките на Бугарија, ВМРО била поддржана од офицерската лига и со италијанските воени и дипломатски претставници во Софија со кои тесно соработувала поради заедничките интереси: соборувањето на земјоделската влада на Александар Стамболиски што било цел на офицерската лига и дестабилизација на Кралството СХС, што било цел на Италија која имала територијални аспирации спрема Кралството СХС.[370]

Пиринскиот дел на Македонија бил користен како база на организацијата во која таа активно дејствувала и постоела, и од каде што биле организирани акциите за

---

[370] Златна книга, 100 години ВМРО, Скопје 1993година, стр. 155-157

дестабилизација на државниот апарат на Кралството СХС во делот на вардарска Македонија. Од страна на четите на ВМРО биле вршени повремени напади на караулите, граничарите, воените, полициските, просветните и адмиистративните лица, како и објектите кои ги користела државната власт. Овие акции кои биле од стихиен карактер, немале идејна цел и програмска основа за преземање на активности од поширок карактер и вклучување на народот во подготовки за дигање на народноослободително востание. Единствена цел била континуирано да се одржува воена состојба и атмосфера на страв и несигурност. Со консолидацијата на државниот апарат на Кралството СХС било значително оневозможено понатамошното дејствување на четите на ВМРО, а биле и концентрирани големи и современо вооружени воено-полициски сили кои движењето на четите го направиле крајно отежнато.[371]

ВМРО уживала голема поддршка во Бугарија каде што имало огромна македонска емиграција, која била мошне добро организирана во македонски емигрантски клубови, а и доста македонци се наоѓале на високи позиции во државната власт. Вооружените акции од друга страна му погодувале и на бугарските политички фактори кои исто така настојувале да докажат дека населението во вардарскиот дел на Македонија не е македонско, но е со бугарски национален карактер. Постоеле периоди на засилена соработка помеѓу ВМРО и бугарската државна власт, каков што бил периодот за време на владеењето на Андреј Љапчев кој бил по потекло од Ресен, но и периоди на антагонизам и конфронтации како за време на владеењето на Александар Стамболиски.

Политичката и финансиската поддршка кај бугарските и италијанските политички кругови овозможила отпочнување со вооружена и терористичка дејност во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија, со цел вниманието на европската јавност да биде запознато со присутноста на македонскиот народ и нерешеното македонско прашање.[372] За поддршката и симбиозата со бугарската држава говори и фактот дека фатените четници на ВМРО пред српските истражни органи признавале дека бесплатно ги користеле услугите на бугарските државни железници, како и дека преминувањето на границата било добро организирано и не било попречувано.[373]

Иако после Првата светска војна ВМРО се нашла во тешка и сложена положба делумно и поради идејните превирања и поделби во нејзините редови, сепак таа била единствена вооружена сила која со своето дејствување влевала надеж кај македонскиот народ за ослободување на својата татковина и формирање на сопствена држава. Во периодот од 1918 до 1924 година ВМРО се обновува во рамките на

---

[371] Д-р Зоран Тодоровски, Внатрешната Македонска Револуционерна Организација 1924 – 1934, ИП "РОБЗ", Скопје 1997 год., стр. 60

[372] Ibidem, стр.21

[373] Д-р Никола Жежов, Македонското прашање во југословенско – бугарските дипломатски односи (1918 - 1941), Филозофски факултет, Институт за историја, Скопје 2008 год., стр. 101

Петричкиот округ во границите на Бугарија, додека во периодот од 1924 до 1928 година, по убиството на Тодор Александров, под раководство на Иван Михајлов се реорганизира и се засилува интензитетот на нејзиното дејствување.[374]

Од страна на Кралството СХС биле правени постојани напори по пат на притисок и закани врз Бугарија, за забрана и искоренување на Организацијата, и безбедносно стабилизирање на порозната државна граница, за што дури бил и потпишан и меѓудржавен договор – Нишкиот договор од 17 март 1923 година, но тие останале без успех се до забраната и укинувањето на ВМРО на 14 јуни 1934 година, од страна на владата на Кимон Георгиев.[375] Преминувањето на четите преку границата спрема Бугарија се вршело претежно по следниве пунктови: првиот кој одел преку Осоговска планина – Царев Врв – Китка – Долги Дол – северно од Рамна Нива – Поникова – Св. Пантелеј – Рајчани – Бунеш – Три Потанци – Бучиште – Дренек – Пуздерци, вториот кој одел преку Крилатица – Куклица – Димонци – Коњух – Свети Николе и третиот преку Петрич – Клуч – Габриње – реката Струма – Стинек – Иловица – Дрвош.[376]

Веднаш по завршувањето на Првата Светска војна од страна на ВМРО кое тогаш било раководено од Тодор Александров и Александар Протогеров се започнало со воспоставување на организациска мрежа на ВМРО на територијата на вардарскиот дел на Македонија, во селата и градовите. Исто така биле воспоставени и канали за достава на оружје. Со ваквите подготовки претежно биле опфатени планинските села, а биле праќани и припадници во полските села.[377] Со подготовки се отпочнало дури во текот на пролетта 1920 година кога било испратено барање од Тодор Александров до лица кои биле од внатрешноста на вардарскиот дел на Македонија и имале врски со Организацијата.[378]

Во официјална декларација од 18 март 1920 година ВМРО објавило дека продолжува борбата за национално ослободување против новите поробувачи и нивните асимилациони планови, додека на 19 март 1920 година ЦК на ВМРО ги известува раководителите на сите револуционерни окрузи дека повторно е воспоставена револуционерната мрежа, канали и курирска служба во цела вардарска и во голем дел на Егејска Македонија, при што борбата продолжува се до извојување на автономија на Македонија под гаранција на Големите сили.[379]

---

[374] Д-р Зоран Тодоровски, Внатрешната Македонска Револуционерна Организација 1924 – 1934, ИП "РОБЗ", Скопје 1997 год., стр. 7-8

[375] Ibidem, стр. 235

[376] М –г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 190

[377] Д-р Никола Жежов, Македонското прашање во југословенско – бугарските дипломатски односи (1918 - 1941), Филозофски факултет, институт за историја, Скопје 2008 год., стр. 236

[378] Костадин Палешутски, Македонското освободително движение след Първата световна война 1918 – 1924, Издателство на БАН, София, 1993, стр. 105

[379] дело на колектив на Македонския Научен Институт, Националноосвободителната борба в Македония 1919 – 1941 г., София, 2002, 1; www.promacedonia.org.

Вардарскиот дел на Македонија од страна на ЦК на ВМРО бил организациски поделен на револуционерни окрузи при што на чело на секој револуционерен округ било назначено лице кое раководело со истиот. На Георги Поп Христов како член на ЦК на ВМРО после шестиот конгрес му бил доделен Битолскиот револуционерен округ, во кој заедно со резервниот член на ЦК Петар Шанданов биле задолжени за одржување на контактите со Албанија. За членови на раководното тело на Битолскиот револуционерен округ биле назначени Алексо Стефанов за претседател, Петар Шанданов за потпретседател и Крум Петишев за секретар. Исто така покрај старите околиски војводи биле назначени и нови околиски војводи.[380]

Кон крајот на јуни 1920 година во вардарскиот дел на Македонија биле упатени и навлегле чети на ВМРО, од кои четири чети влегле преку територијата на Албанија во Охридско, Ресенско и Битолско каде што дејствувале Александар Протогеров, Петар Чаулев, Трајко Павлов, Петар Мусев и други кои настојувале да ја возобноват Организацијата западно од реката Вардар.[381] ВМРО воспоставила и систем на прибирање на информации за состојбата и положбата на населението во вардарскиот дел на Македонија при што во сите околии имало луѓе кои имале за задача да го пратат движењето и јачината на воено-полицискиот апарат, однесувањето на цивилната власт спрема населението, да ги евидентираат лицата од македонско потекло кои соработуваат со српскиот режим, да го следат расположението кај народот и други информации кои сметале дека би можеле да бидат корисни и употребливи.[382]

Со циркуларно писмо број 128 од јуни 1921 година биле упатени инструкции до четите на ВМРО во кое откако се прокламира целта за извојување на слободна Македонија, независна од балканските држави, им се укажува дека ќе бидат раководени од постоечкиот Централен комитет во согласност со последниот Правилник на Организацијата се до одржување на нови конгреси за изработка на нов правилник и избор на нови раководни тела. Биле издадени и следниве инструкции: четите да ги раководат војводите во согласност со упатствата кои ќе им бидат давани од ЦК, околиските чети треба да бидат составени од одбрани и докажани патриоти при што треба да се внимава да не се инфилтрираат лица кои се претходно поткупени од србите или грците, меѓусебните односи на четниците треба да бидат на примерно ниво и четниците да не се препуштаат на пороци, грабежи, изнудувања, одмазди и било каква активност или однесување кое може да ги компромитира пред населението, неодговорните и недисциплинираните четници да бидат казнувани од војводите на

---

[380] Д-р Зоран Тодоровски, Внатрешната Македонска Револуционерна Организација 1924 – 1934, ИП "РОБЗ", Скопје 1997 год., стр. 57

[381] Доц. д-р Димитър Гоцев, доц. д- р Стоян Германов, доц. д-р Иван Илчев, доц. д-р Трендафил Митев, Македония – История и политическа съдба (1912 – 1941 ), Под редакцията на проф. Петър Петров доктор на историческите науки, том II – второ допълнено издание,София, 1998, стр. 96

[382] М –r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 192

четите насамо, со укор пред останатите четници или со наредба да стражарат двојно и тројно повеќе часови. За поголеми престапи на четниците се предвидувале казни како што се разоружување, ќотек и испраќање зад граница, а за крупни престапи смртна казна. Како главни цели на четите во ова циркуларно писмо се определуваат: зачувување на националната свест кај поробеното население и подигнување на неговиот борбен дух по пат на агитација, потпомагање на легалните политички форми на отпор при одржување на избори за општини, окружни совети, училишни и црковни одбори, народни пратеници во парламентот на Кралството СХС, засилување на контактите помеѓу различните чети и членови на Организацијата кои се наоѓале во Македонија и нивно поврзување со Централниот комитет и Задграничното претставништво. Како цели се определувале доколку е можно вклучување и на лица од другите народности во Македонија, собирање и испраќање до Организацијата на најразлични информации кои би и биле од корист, справување со шпионите и непријателите на македонската слобода и ВМРО, како и да им се помага на сите лица кои сакаат да го одбегнат служењето на воениот рок. Биле определени и посебни цели и задачи кои можеле да се вршат само со претходна дозвола на ЦК на ВМРО, а во нив спаѓале: создавање на терористички групи кои би броеле од три до осум лица во секоја околија, убивање на претставници на власта, чиновници, воени и полициски лица и службеници кои биле познати по суровиот и репресивен однос кон македонскиот народ. Во писмото исто така се наведува дека терористичките акции кои ќе се вршат со динамит и други експлозивни средства мора претходно да се одобрени од ЦК на ВМРО.[383]

Настанало заживување на революционерното дејствување, што е констатирано и во циркуларно писмо бр. 16 од октомври 1921 година на ЦК на ВМРО кое било испратено до дејците на Организацијата и во кое се прави пресек и оценка на состојбата и дејствувањето на ВМРО во текот на 1920/1921 година. Во писмото е наведено дека на внатрешно-организационен план ВМРО успеала да го обедини македонското население околу идејата и борбата за Македонија, како и некои делови од другите етнички групи. Се наведува дека наспроти суровите репресивни мерки на воено-полициските власти на Кралството СХС, населението сепак ги следи препораките и инструкциите од месните водачи на ВМРО, па како пример се наведува изборното однесување на народот за време на општинските и парламентарните избори кога населението гласало за партии и лица кои биле посочени од страна на ВМРО.[384]

Во текот на 1921 година во вардарскиот дел на Македонија имало вкупно 19 чети, од кои 11 источно од Вардар и 8 западно од Вардар. Постоеле два канали за

---

[383] Тодор Александров – Се за Македонија, Документи 1919 – 1924, избор, предговор и редакција на проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2005, стр. 43-49

[384] Доц. д-р Димитър Гоцев, доц. д- р Стоян Германов, доц. д-р Иван Илчев, доц. д-р Трендафил Митев, Македония – История и политическа съдба (1912 – 1941 ), Под редакцията на проф. Петър Петров доктор на историческите науки, том II – второ допълнено издание,София, 1998, стр. 101

преминување на четите на Организацијата преку Албанија, за охридско, дебарско и битолско, додека организационата пошта се движела преку три канали преку кои се пренесувале инструкциите за дејствување на четите. Во текот на 1920/1921 година ВМРО броела 1620 четници и војводи во вардарскиот дел на Македонија. Организацијата била добро опремена со оружје од складовите на бугарската армија, кое било сокриено за да не падне во рацете на меѓусојузничките комисии за разоружување. Бројот на вооружени судири со воено-полициските власти на Кралството СХС од 22 во 1921 година пораснал на 56 судири во 1922 година, при што во битолско забележан бил судирот на четата на Павел Христов која водела дванаесетчасовна битка со властите на Кралството СХС. Според официјално соопштение на ЦК на ВМРО бројот на загубите на властите во текот на 1921/1922 година изнесувал 263 убиени и околу 800 ранети војници, жандарми и контрачетници, додека загубите на ВМРО изнесувале 59 убиени и 143 ранети војводи и четници. Поради овие акции илјадници македонци биле затворени, најчесто без основано обвинување дека биле членови на ВМРО, симпатизери или нивни јатаци.[385]

Биле направени и обиди за изнаоѓање сојузници за вооружена борба против властите на Кралството СХС. Биле водени преговори помеѓу дејците на ВМРО и МФРО и Албанскиот револуционерен комитет за Косово и била постигната спогодба на 1 декември 1921 година за заедничка борба на македонскиот и албанскиот народ, при што во потпишаниот протокол точно била определена македонско – албанската етничка граница во Македонија, а било договорено и македонските села во Албанија да служат како бази на ВМРО и МФРО од кои би се водела борба и би се преземале дејствија во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија. Но овој договор бил од краткотраен карактер и не бил почитуван од договорните страни, меѓу другото и поради што Тодор Александров не ја признавал легитимноста на постигнатата спогодба и потпишаниот протокол.[386]

Од страна на ЦК на ВМРО на 15 мај 1922 година била издадена наредба до четите во Битолскиот револуционерен округ во која им било зададено исполнувањето на следниве задачи: да го организираат населението во сите села во околиите во Битолскиот револуционерен округ, а целото население да даде заклетва дека ќе се бори за слободата на поробената Македонија, во секое село да организираат чети и милиции кои ќе бидат составени од лица кои служеле војска, да се направат списоци на оружјето кое се наоѓа во секоја околија, да се организираат и обезбедат сигурни и брзи канали за писмена кореспонденција и пренос и префрлување на оружје, чети и бегалци, да се воспостават врски со албанските ослободителни чети за заедничка дејност согласно потпишаниот Тирански договор од ВМРО и Албанскиот комитет,

[385] Ibidem, стр. 102-104
[386] Ibidem, стр. 107-108

редовно да се испраќаат информации до ЦК за случувањата во околиите кои се од значење за револуционерната активност и други задачи од помало значење.[387]

Интензивни биле обидите за префрлување на чети и изведување на комитски акции во рамките на Битолскиот револуционерен округ. Таков обид бил направен и во 1922 година во кој учествувал и Крум Петишев, преку границата на Бугарија и Кралството СХС. Иако минувањето на границата се вршело преку добро разработени канали, минувањето на реката Вардар и железничката линија било многу ризично. Поради тоа оваа чета се обидувала до Битолскиот револуционерен округ да стигне преку скопско, но била пресретната од вооружени потери на пат кон селото Сушица, каде што настанала престрелка. Бил направен повторен обид преку Скопска Црна Гора, но поради непознавање на теренот и силната концентрација на воено-полициски власти била приморана да се откаже од намерата.[388]

Засебен обид за префрлување во Битолскиот револуционерен округ направил и Петар Шанданов со неколкумина четници во мај 1922 година, со задача да ја возобноват револуционерната мрежа во рамките на овој округ и да воспостават контакти со населението и илегални канали за снабдување на четите и нивно преминување. Тие откако ја преминале границата помеѓу Бугарија и Кралството СХС се упатиле кон кочанско каде што добиле инструкции за понатамошно дејствување од Тодор Александров, а потоа се упатиле во кратовската околија каде што биле откриени од потерите на Дончо Црцориски и Крсто Трговишки, поради што морале да се повлечат повторно кон кочанско. И тука движејќи се, биле откриени од потерите кај село Немањица – светиниколско, и во престрелката која настанала Петар Шанданов бил ранет, по што четата морала да се повлекува и по 25-дневно талкање се вратила во Бугарија. Причина за неуспехот на овие акции било немањето добро разработена организациска мрежа во вардарскиот дел на Македонија, канали за преминување, како и непознавањето на теренот од страна на голем дел на четниците. Освен тоа истовремено кога овие чети требало да поминат низ Скопскиот револуционерен округ, Тодор Александров имал издадено наредба до месните околиски и реонски чети да преземат акции по општините и да ги убиваат некои опасни општински писари и ренегати. Поради тоа било засилено античетничкото движење и мерки од страна на властите на Кралството СХС, што дополнително го отежнало преминувањето на четите.[389]

---

[387] Тодор Александров – Се за Македонија, Документи 1919 – 1924, избор, предговор и редакција на проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2005, стр. 65-67

[388] Премрежињата на македонското револуционерно движење – СПОМЕНИ, Христо Калајџиев, Крсто Лазаров, Крум Петишев, Атанас Џолев, Мирчо Кикиритков, предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Македонска книга 2002, Скопје, 2003 година, стр. 180-183

[389] СПОМЕНИ, Петар Шанданов, предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Матица македонска и ДАРМ, Скопје, 2002 година, стр. 72-83

Повторен обид бил направен во пролетта 1923 година. Откако четата на Крум Петишев ја преминала границата во горноџумајско, стигнала до падините на планината Конче, но била предадена и нападната поради што морала да се врати назад.[390] Друг обид бил направен во текот на мај 1923 година за преминување на чети во Битолскиот револуционерен округ преку Албанија. Во тоа време ВМРО соработувала со дел од албанските власти и влијателни лица во политичкиот живот на Албанија, па затоа повремено им било допуштано албанската територија да ја користат како погоден простор за префрлување на чети во поробена Македонија. Оваа чета, во која повидни четници биле Петар Шанданов, Наум Јосифов и Георги Мукев, влегла во Македонија каде што престојувала околу 40 дена и обиколила повеќе околии. Во септември 1923 година поголема група на четници во која биле Александар Протогеров, Крум Петишев, Георги Поп Христов, Петар Шанданов, Васил Пундев и други, влегла во Битолскиот револуционерен округ каде што поминала околу 40-тина дена, обиколувајќи повеќе населени места и контактирајќи со населението. За време на престојот бил свикан и окружен конгрес, на кој за членови на окружниот комитет биле избрани: Георги Поп Христов, Петар Шанданов и Алексо Стефанов, а биле избрани и делегати за општиот конгрес на ВМРО кој требало да се одржи во текот на 1923 година. Откако оваа чета се вратила на албанска територија, во Корча имало средба помеѓу Александар Протогеров, Петар Шанданов и албанскиот министер за надворешни работи Пандели Вангели и министерот за финансии Сенфи Власаси, на која средба биле договорени повеќе прашања за заедничка дејност и меѓусебна поддршка за преземање на акции во Македонија и Косовскиот вилает, при што поддршката од страна на албанските власти била условена со тоа што четите морале прикриено да дејствуваат од албанска територија за да не биде компромитирана албанската влада. Дејствувањето на четите на ВМРО на албанска територија било предмет на протести од страна на српската и грчката влада поради што некои од четниците морало да ја напуштат Албанија.[391]

Четите на ВМРО освен спрема државниот апарат на Кралството СХС, преземале акции и спрема колонизираното население. Четата на Иван Брло на 17 јануари 1923 година поради узурпирање на имоти на месното население, убила 23 колонисти и членови на нивните семејства од колонијата Кадрифаково-Штипско и го запалила селото.[392] На колонизираното население во Кадрифаково од страна на четите им било оставено писмо потпишано од Тодор Александров во кое биле наведени причините за

[390] Премрежињата на македонското револуционерно движење – СПОМЕНИ, Христо Калајџиев, Крсто Лазаров, Крум Петишев, Атанас Џолев, Мирчо Кикиритков, предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Македонска книга 2002, Скопје, 2003 година, стр. 190-193

[391] СПОМЕНИ, Петар Шанданов, предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Матица македонска и ДАРМ, Скопје, 2002 година, стр. 90-94

[392] Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, „КУЛТУРА“-Скопје, 1966 год., стр.160

нападот, а им било укажано дека треба да се отселат во рок од шест месеци или ќе бидат предмет на нови напади.[393]

Реакциите на Министерскиот совет на Кралството СХС поради извршените четнички акции и упади се движеле од негодување и дипломатски протести, па се до закани со воена интервенција во пиринскиот дел на Македонија. Настојувањето на владата на Стамболиски да се ослободи од изолацијата и неповолната меѓународна положба на Бугарија во повоените години после Првата светска војна како и од постојаните притисоци и закани кои ги добивала од Кралството СХС поради неможноста да ги спречи упадите и нападите на четите на ВМРО во територијата на вардарскиот дел на Македонија спаѓаат во позначителните причини кои довеле до преговорите во Ниш на мешовитата српско – бугарска комисија и „Спогодбата за обезбедување на границата меѓу Кралството на Србите, Хрватите и Словенците и Царството Бугарија“ склучена во Ниш на 17 март 1923 година. [394] Со оваа спогодба двете држави по долги натегања, расправи и меѓусебни обвинувања во поглед на причините за комитските акции, се обврзале да преземат заеднички мерки и активности за засилено обезбедување на граничниот појас и задницата на границата со кои би се оневозможила и ликвидирала четничката активност, како и организирање на чети, нивно снабдување и преминување на границата. Се планирало овие цели да се постигнат со: уништување на центрите на четничката активност во петричката област, растурање на нивните складишта, логори и депоа, зголемување на бројот на пограничните стражи, засилена комуникација и телефонско поврзување помеѓу караулите и пограничниот персонал на двете држави и взаемно известување и соработка, ликвидација на двосопственичките имоти и сечење на шумата во длабочина од 100 метри од двете страни на граничната линија.[395]

Дополнителен мотив за владата на Стамболиски за склучување на овој договор бил и нејзиниот обид да ја зацврсти својата државна власт во пиринскиот дел на Македонија и да ја неутрализира активноста на ВМРО како една од групите кои ги поддржувала политичките конкуренти за освојување на власта. Потпишувањето на овој договор бил една од причините кои довеле до државниот удар во Бугарија од 9 јуни 1923 година во кој активно учествувале и четниците на ВМРО и кои биле вклучени во ликвидацијата на Стамболиски. Со тоа била отстранета можноста за уништување на Организацијата и примена на одредбите од Нишкиот договор кои предвидувале и апсења, оневозможувања на комитски упади и интернирање на лицата кои биле

---

[393] Костадин Палешутски, Македонското освободително движение след Първата световна война 1918 – 1924, Издателство на БАН, София, 1993, стр. 123

[394] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 151-152

[395] Македонија во меѓународните договори (1913 – 1940), том I, избор редакција и коментар на д-р Михајло Миноски, ДАРМ, Скопје, 2006, стр. 244-270

вклучени во комитски акции во внатрешноста на Бугарија.[396] ЦК на ВМРО бил свесен за опасностите кои и се заканувале на Организацијата од предвиденото со овој договор што е констатирано и во писмо испратено од Тодор Александров до Петар Чаулев и Александар Протогеров од 26 март 1923 година, во кое Александров наведува дека ВМРО е способна да се справи со оваа закана.[397]

Освен соработката со италијанските политички фактори, ВМРО претставувана од Александар Протогеров во јануари 1924 година остварила соработка и со Косовскиот комитет кој бил организација која се залагала за присоединување на етнички населените територии со албанци кои се наоѓале во Кралството СХС спрема Албанија. Било договорено синхронизирано изведување на акции спрема властите на Кралството СХС на територијата на Косово и Македонија, меѓутоа договореното не било спроведено.[398]

За засегнатоста на Кралството СХС од комитските акции превземани од четите на ВМРО илустративно говори и фактот дека во 1924 година Министерскиот совет на Кралството СХС имал план за воена интервенција во пиринскиот дел на Македонија при чие извршување би се окупирале главните центри на револуционерната активност со цел да ја ликвидира истата, но овој план бил обелоденет.[399]

Во мај 1924 година, чета во која учествувал и Крум Петишев навлегла во вардарскиот дел на Македонија и направила обиколка на повеќе села во демирхисарско и кичевско, но била откриена кај селото Велмевци и прогонувана кон крушевско, демирхисарско, битолско, по што на крај морала да се врати на албанска територија.[400] Потоа оваа чета најпрво од албанска територија ја преминала границата кон Грција, потоа влегла во вардарскиот дел на Македонија преку Галичица, потоа преку Брајчино се движела по Пелистер и стигнала до Маловишта, а потоа во Смилево. Тука имале активности по што ги посетиле и Обедник, Вирово, Слоештица, Базерник, Големо и Мало Илино. Исто така се движеле низ охридско и кичевско.[401]

Во 1924 година, Петар Шанданов заедно со други револуционери имал намера преку Албанија да премине во Битолскиот револуционерен округ, но во тоа време во Албанија била извршена револуција и промена на владата на Ахмед Зогу, со владата на Фан Ноли, која била поддржана од болшевиците. Биле водени разговори со Зија

---

[396] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 151-152
[397] Тодор Александров – Се за Македонија, Документи 1919 – 1924, избор, предговор и редакција на проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2005, стр. 175-179
[398] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 162
[399] Ibidem, str. 155
[400] Премрежињата на македонското револуционерно движење – СПОМЕНИ, Христо Калајџиев, Крсто Лазаров, Крум Петишев, Атанас Џолев, Мирчо Кикиритков, предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Македонска книга 2002, Скопје, 2003 година, стр. 190-193
[401] Спомени, Георги Поп Христов, Революционната борба в битолския окръг, 39; www.promacedonia.org.

Дибра – претставник на Албанскиот револуционерен комитет за можното преминување преку албанска територија, но поради двоумењето околу исполнувањето на договорената соработка предвидена со Мајскиот манифест и Декларацијата и барањето за одложување на нивното публикување од страна на Тодор Александров и Александар Протогеров, по налог на претставникот на Советска Русија – извесен Черски, кој го координирал водењето на преговорите кои воделе до потпишување на Манифестот, не им било дозволено да дејствуваат и преминуваат преку албанска територија, поради што морале да се откажат и да се вратат во Италија.[402]

Во текот на 1923/1924 година според податоците на ЦК на ВМРО прибрани од раководителите на револуционерните окрузи, во вардарскиот дел на Македонија делувале 53 чети на ВМРО, од кои 36 од источната страна на Вардар и 17 од западната страна на Вардар. Вкупната бројност на четниците изнесувала 3245 лица, раководени од 79 војводи, 54 заменици војводи, 41 секретар на чета и 193 курири. Во овој период имало 119 судири, биле извршени 73 атентати и диверзии на железнички пруги, мостови, жандармериски станици и објекти од јавен карактер при што биле убиени 304 лица, а ранети повеќе од 1.300 војници и офицери или други лица во служба на Кралството СХС, додека четите на ВМРО изгубиле 68 лица. Како реакција на преземените акции властите на Кралството уапсиле 11.890 лица поради потпомагање на дејноста на ВМРО, од кои 1.020 биле убиени или умреле од измачување, а 6.200 лица биле осудени на различни затворски казни.[403]

ЦК на ВМРО за време на Иван Михајлов обрнувала особено внимание на изградба на институтите пунктова служба и терористички групи. Пунктовите биле распоредени долж границата помеѓу Бугарија и Кралството СХС и биле раководени од пунктови началници кои располагале со 30 до 40 четници. Нивна цел била да им укажуваат помош на четите кои ја преминувале границата и се упатувале во вардарскиот дел на Македонија како и при нивното враќање во пиринскиот дел на Македонија, да се грижат за нивното оружје и опрема како и да го организираат доставувањето и примањето на поштата на Организацијата. Терористичките групи биле составени од храбри и предани членови, кои се избирале директно од околиските војводи, а нивните имиња се чувале во тајност. Нивна задача била да изведуваат атентати, диверзии и физички ликвидации.[404]

---

[402] СПОМЕНИ, Петар Шанданов, предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Матица македонска и ДАРМ, Скопје, 2002 година, стр. 112-116

[403] Доц. д-р Димитър Гоцев, доц. д- р Стоян Германов, доц. д-р Иван Илчев, доц. д-р Трендафил Митев, Македония – История и политическа съдба (1912 – 1941 ), Под редакцията на проф. Петър Петров доктор на историческите науки, том II – второ допълнено издание,София, 1998, стр. 140

[404] Д-р Зоран Тодоровски, Внатрешната Македонска Револуционерна Организација 1924 – 1934, ИП "РОБЗ", Скопје 1997 год., стр. 59

Во 1925 година од ЦК на Организацијата за членови на Битолскиот револуционерен округ биле назначени: Алексо Стефанов – претседател, Петар Шанданов – потпретседател и Крум Петишев – секретар, додека за раководител на Битолската револуционерна околија бил назначен Петар Шанданов.[405] Во летото 1925 година ЦК на ВМРО организирала акција за навлегување на голем број на чети во вардарскиот дел на Македонија. Во јули 1925 година преку Грција кон Битолскиот револуционерен округ се упатила голема чета која била предводена од Георги Поп Христов и Петар Шанданов, заедно со војводите Алексо Стефанов, Крум Петишев, Иван Џонов и четата на Борис Изворски.[406] Друга чета која се упатила кон овој округ била четата предводена од војводите Петар Станчев и Петар Пашата, а други две чети се упатиле за солунско и две за битолско со кои бил и Александар Протогеров. Неколку дена по преминувањето на границата четата на Георги Поп Христов била откриена на грчка територија и морала да се врати назад во Бугарија. Четите на Петар Станчев и на Петар Пашата биле разбиени на десниот брег на реката Вардар, каде што загинале и самите војводи. Александар Протогеров тешко се разболел во Радовишко и четите морале да се вратат назад.[407]

На почетокот на 1925 година според податоците на ЦК на ВМРО во вардарскиот дел на Македонија се наоѓале 976 четници на ВМРО, распоредени во 39 чети, како и 63 курири.[408] Поради револуционерната активност на четите во Битолскиот револуционерен округ следеле репресалии од властите на Кралството СХС чија цел било да се заплаши населението за да не соработува со четите на ВМРО. Само во периодот од мај до декември 1925 година во Битолскиот револуционерен округ биле уапсени 3.400 лица од кои повеќето претрпеле суров третман, а 880 лица биле осудени на повеќегодишен затвор под обвинение дека се членови на ВМРО и дека ги помагаат комитските акции.[409]

Раководството на ВМРО правело напори да ја засили организацијата и замрената револуционерна активност во Битолскиот револуционерен округ, особено поради големото стратегиско значење на овој округ поради близината со Албанија, преку чија територија ВМРО добивала материјална помош од Италија. Во пролетта 1926 година Георги Поп Христов направил обиколка на округот, при што

---

[405] Премрежињата на македонското револуционерно движење – СПОМЕНИ, Христо Калајџиев, Крсто Лазаров, Крум Петишев, Атанас Џолев, Мирчо Кикиритков, предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Македонска книга 2002, Скопје, 2003 година, стр. 195

[406] Д-р Зоран Тодоровски, Внатрешната Македонска Револуционерна Организација 1924 – 1934, ИП "РОБЗ", Скопје 1997 год., стр. 137

[407] СПОМЕНИ, Петар Шанданов, предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Матица македонска и ДАРМ, Скопје, 2002 година, стр. 192

[408] Доц. д-р Димитър Гоцев, доц. д- р Стоян Германов, доц. д-р Иван Илчев, доц. д-р Трендафил Митев, Македония – История и политическа съдба (1912 – 1941 ), Под редакцията на проф. Петър Петров доктор на историческите науки, том II – второ допълнено издание,София, 1998, стр. 141

[409] дело на колектив на Македонския Научен Институт, Националноосвободителната борба в Македония 1919 – 1941 г., София, 2002, 3; www.promacedonia.org.

констатираната ситуација во извештај ја пренел до Александар Протогеров и Иван Михајлов, каде забележал: дека е неопходно правење на напори за зачувување на мајчиниот јазик и подигање на револуционерниот дух на народот, формирање на терористички групи и курирска служба за одржување врска со градовите и селата, изведување на акции од локален карактер, обновување на старите скривници и изградба на нови и воена обука на членовите на Организацијата. При оваа обиколка тој формирал околиско револуционерно тело во Битола.[410] За членови на ова околиско револуционерно тело биле избрани: Ев. Поп Симеонов, Крсто Франчев и Илија Коцарев, Ташко Арсов, Симеон Сагриев, Никола Долинчанец, Борис Наумов, Коте Комакчиев и Иван Буфчанец. Во Битолскиот револуционерен округ имало 6 чети кои броеле од 20 до 23 лица, 7 групи по 9 лица и 11 тројки кои имале посебни задачи.[411]

Обид да се придружи на четата на Георги Поп Христов, направил и Петар Шанданов, кој откако влегол на албанска територија по налог на албанските власти бил задржан и уапсен. Властите на Кралството СХС со оглед дека биле во добри односи со Ахмед Зогу барале да биде убиен, но албанските власти наместо тоа на српскиот конзул од Тирана кој пристигнал во Корча, му покажале тело на друго лице, убедувајќи го дека тоа е телото на познатиот револуционер Петар Шанданов, а потоа му дозволиле да ја напушти Албанија.[412]

На 3 јули 1926 година една комитска тројка го убила уредникот на весникот „Јужна Звезда", Спасоје Хаџи Поповиќ, кој излегувал во Битола и во кој се пропагирале големосрпските идеи, поради што за овој атентат бил обесен познатиот македонски револуционер Крсто Љондев, иако неговото учество не било докажано.[413] Атентаторот бил уапсен во Грција и од страна на грчките власти бил предаден на властите на кралството СХС, а во Битола од грчка страна допатувале и високи претставници на административната, полициската и воената власт, со што се сакало да се потенцира успешната соработка помеѓу двете држави во заедничката борба против четите на ВМРО, кои делувале и во егејскиот дел на Македонија.[414] Уредникот на весникот бил убиен од страна на испратени атентатори од страна на ЦК на ВМРО, чија цел всушност била да го убијат војводата Крсто Љондев кој се откажал од револуционерната дејност, но и со оваа акција успеале да го елиминираат, компромитирајќи го кај властите на

---

[410] Д-р Зоран Тодоровски, Внатрешната Македонска Револуционерна Организација 1924 – 1934, ИП "РОБЗ", Скопје 1997 год., стр. 140

[411] дело на колектив на Македонския Научен Институт, Националноосвободителната борба в Македония 1919 – 1941 г., София, 2002, 3; www.promacedonia.org.

[412] СПОМЕНИ, Петар Шанданов, предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Матица македонска и ДАРМ, Скопје, 2002 година, стр. 194-202

[413] Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, „КУЛТУРА"-Скопје, 1966 год., стр.161-162

[414] Д-р Никола Жежов, Македонското прашање во југословенско – бугарските дипломатски односи (1918 - 1941), Филозофски факултет, институт за историја, Скопје 2008 год., стр. 115-116.

Кралството СХС дека е вмешан во подготовката на атентатот.[415] Во врска со ова убиство и други лица биле уапсени и обвинети за соучество и соработка со ВМРО, па така на 15 декември 1927 година општинскиот суд во Битола го осудил Васил Липитков на смрт, Никола Абдураманов на 20 години затвор, Павел Стојанов, Фидан Мојсов и Димитар Тодоров на по 14 години затвор, Мато Поп Петров и Мицко Романов на по 5 години затвор, по што Апелациониот суд ја преиначил оваа пресуда и досудил смртна казна и за горенаведените Никола Абдураманов, Димитар Тодоров и Фидан Мојсов.[416] Убиениот Спасоје Хаџи Поповиќ иако се ставил во служба на големосрпската пропаганда, по народност бил Македонец од село Буф – Леринско, Егејска Македонија, кој со идеологијата на српството бил индоктриниран за време на школувањето во српско училиште во Битола за време на Отоманската империја, а и потоа образованието го продолжил во различни училишта во Кралството Србија. По Балканските војни работел како српски наставник во Прилеп, а потоа ја напуштил оваа професија и отпочнал со издавањето на весникот, за што бил одликуван со орден „Св. Сава" од V ред.[417]

Весникот „Јужна Звезда" било пропагандно гласило на големосрпската пропаганда и интензивно го следело политичкиот живот во Грција, при што бил лиферуван и во егејскиот дел на Македонија каде што македонското население настојувале да го прикажат исто така како српско. Освен тоа имал значајна улога во спротивставувањето на бугарската пропаганда, а посебно ги напаѓал активностите на ВМРО. За време на прославувањето на државните празници или некаков јубилеј, во Битола задолжително се правеле манифестации со емигранти македонци од егејскиот дел на Македонија, кои ги прикажувале како срби, а се објавувале и апели и молби преку овој весник до јавното мислење и Владата во Белград, за наводно укажување на помош на „поробените срби" во егејскиот дел на Македонија.[418]

Во 1927 година преку албанска територија во Битолскиот револуционерен округ повторно навлегле повеќе четници меѓу кои биле Георги Поп Христов, Петар Шанданов, Петар Трајков, Алексо Стефанов, Крум Петишев и други, но освен средби со населението и мерки од организациски карактер, акцијата немала поголем успех. По враќањето на албанска територија, свесни дека се барани од албанските власти, доброволно им се предале, по што им било дозволено да заминат во Италија, но не го откриле својот вистински идентитет, туку се претставувале како обични четници.[419] На 8 август 1927 година имало судир помеѓу четата на Иван Алексов и српските потери кај

---

[415] Д-р Зоран Тодоровски, Внатрешната Македонска Револуционерна Организација 1924 – 1934, ИП "РОБЗ", Скопје 1997 год., стр. 141

[416] Македония – Сборник от документи и материали, Редакторски и съставителски колектив на Институт за история, София, 1978, стр. 741-742

[417] Јужна Звезда, број 197, Година V, Битољ, 10 јула, 1926 год

[418] Воислав Д. Кушевски, Македонското прашање во Друштвото на народите, Филозофски факултет Институт за историја, Скопје 2001 година, стр. 141-142

[419] СПОМЕНИ, Петар Шанданов, предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Матица македонска и ДАРМ, Скопје, 2002 година, стр. 213-217

село Смилево – битолско и притоа загинале 2 четници, а 5 биле ранети, додека биле убиени 9 срби, а 12 – мина биле ранети. Сепак четата која броела 23 лица, иако водела битка со 220 лица, успеала да се пробие и да остане сочувана.[420]

Според податоците на воено-полициските власти на Кралството СХС во периодот од 1925 до 1928 година во вардарскиот дел на Македонија биле извршени 149 комитски акции и атентати, во кои биле убиени 43, а ранети 76 лица од државната власт, како и 90 убиени и ранети цивилни лица, 25 убиени и 23 ранети војници, жандарми и четници. Во овој период биле убиени само 9 членови на ВМРО, а 15 биле ранети.[421] Според податоците на ВМРО за истиот период во вардарскиот дел на Македонија делувале 75 чети со бројност од 1.686 лица, 19 групи по 7 лица, 16 петорки, 32 тројки, 57 курири и други лица или вкупно 2.062 лица. Во овој период имало 122 судири помеѓу четите на ВМРО и српските воено-полициски власти при што биле убиени 163 четници, а 130 биле ранети, додека на српска страна имало 814 убиени и околу 1.200 ранети. Групите на ВМРО – тројки, петорки и седморки, извршиле 94 атентати и диверзии и имале 27 вооружени судири во кои 62 лица биле убиени, а 38 ранети, додека од српска страна биле убиени 197 лица, а 320 лица биле ранети.[422]

Иако терористичките атентати кои се изведувале за време на ВМРО на Ванчо Михајлов ја компромитирале Организацијата во очите на европската јавност, што доведувало до намалување на поддршката, преку овие акции се успевало постојано да се држи отворено македонското прашање и да се оневозможи зближување помеѓу владите на Бугарија и Кралството СХС, а опстојувало и верувањето на македонското население дека Организацијата живее, не стивнува и работи.[423]

Реакциите на комитските акции од страна на Кралството СХС биле жестоки. Се применувале масовни апсења, тортури и политички мотивирани судења со кои се настојувало да се загуши секоја национална појава или можност за револуционерно организирање уште во самиот зачеток. Чести биле случаите националните појави на студентската младина и видните луѓе кои уживале авторитет во своите средини, да се соочат со поединечни убиства или мистериозни исчезнувања. Само за една година од октомври 1927 до октомври 1928 година биле убиени 67 граѓани. Според податоците на Националниот Комитет, во вардарскиот дел на Македонија во периодот од 1919 до

---

[420] Доц. д-р Димитър Гоцев, доц. д- р Стоян Германов, доц. д-р Иван Илчев, доц. д-р Трендафил Митев, Македония – История и политическа съдба (1912 – 1941 ), Под редакцията на проф. Петър Петров доктор на историческите науки, том II – второ допълнено издание,София, 1998, стр. 187 – 188

[421] Д-р Зоран Тодоровски, Внатрешната Македонска Револуционерна Организација 1924 – 1934, ИП "РОБЗ", Скопје 1997 год., стр. 143

[422] Доц. д-р Димитър Гоцев, доц. д- р Стоян Германов, доц. д-р Иван Илчев, доц. д-р Трендафил Митев, Македония – История и политическа съдба (1912 – 1941 ), Под редакцията на проф. Петър Петров доктор на историческите науки, том II – второ допълнено издание,София, 1998, стр. 203-204

[423] Д-р Зоран Тодоровски, Внатрешната Македонска Револуционерна Организација 1924 – 1934, ИП "РОБЗ", Скопје 1997 год., стр. 144-145

1929 година се случиле околу 1.400 политички убиства, а биле уапсени и затворени повеќе од 25.000 македонски граѓани. Според друга статистика на Кралството СХС до 1929 година во вардарскиот дел на Македонија 3.964 лица биле убиени, околу 100.000 лица биле малтретирани, околу 400.000 лица биле уапсени од политички причини, а над 104.000 лица биле протерани надвор од земјата.[424]

И покрај неуспехот на Версајската мировна конференција да се издејствува барем некаква форма на автономија за Македонија и сооченоста овој пат со подобро организиран поробител во сите делови на Македонија, ВМРО како единствена организациска сила околу која се обединувале националните идеали за ослободување на Македонија и создавање на сопствена држава на македонскиот народ, успеала да ја продолжи борбата за ослободување. ВМРО преземала континуирани активности за одржување во живот на организациската активност и вербата во конечен успех на започнатото дело за ослободување кај македонскиот народ. Реакциите од страна на властите на Кралството СХС биле особено нервозни, а преземените мерки добивале екстремни димензии со доведувањето енормно големи воено-полициски сили во вардарскиот дел на Македонија, сметајќи дека на тој начин ќе успее да оневозможи било каква национално-ослободителна активност на македонскиот народ. Значајноста на продолжувањето на борбата за ослободување од страна на ВМРО се огледа и во тоа што македонското прашање останало отворено, а настаните од овој дел на Кралството ги полнеле страниците на светскиот печат, потврдувајќи ја суровоста и нечовечкиот карактер на државната власт на Кралството која се однесувала нецивилизациски спрема поробеното население. Иако немало услови за дигање на ослободително востание сепак постојаните акции и четнички дејствија ја одржале надежта, желбата и волјата за отпор кон сеопфатните мерки на асимилација и денационализација кои се заканувале да го нарушат националниот код на Македонецот.

### 3.2 Политичките партии и парламентарните борби

Македонскиот народ во вардарскиот дел на Македонија немал можност легално да се вклучи и да направи обиди по легален пат за подобрување на својата севкупна положба со формирање на свои политички партии. Ова доаѓа оттаму, затоа што политичките партии се идеолошки организации преку кои се доаѓа до можност за учество на парламентарни и други избори, како и организации за вршење на власта и легитимен инструмент за вршење на промени во општеството, а кои во Кралството СХС биле формирани и можеле да се формираат единствено на национална основа, од народите и верските групи кои биле признати како посебни ентитети.

[424] Ibidem, стр. 154-155

Во однос на можноста за легално вклучување и ангажман на македонскиот народ во тогашниот политички систем на Кралството СХС по пат на формирање свои сопствени политички партии, мораме да напоменеме дека таква можност не постоела, пред се поради негирањето на националниот идентитет и третманот на македонскиот народ како составен дел на српскиот народ, но кое сепак било недоволно лојално за српството. Во Кралството СХС во однос на своите програмски платформи, залагања и практично дејствување, политичките партии можеме да ги поделиме според два критериуми: дали го подржувале постоечкото капиталистичко општествено-економско уредување или настојувале да го срушат постоечкиот систем и да формираат социјалистичка држава, и вториот критериум, дали сметале дека Кралството СХС треба да биди унитарна држава или федерација.[425]

Со оглед дека во вардарскиот дел на Македонија македонскиот народ немал можност да основа легална македонска политичка партија, дејствувале единствено српските граѓански политички партии: Радикалната партија, Демократската партија, Републиканската партија, Земјоделската партија, како и муслиманската национална организација „Џемиет" и Комунистичката партија на Југославија се до нејзината забрана на 30 декември 1920 година.[426]

Најактивни во вардарскиот дел на Македонија биле Радикалната и Демократската партија, кои речиси непрекинато биле владеачки партии и формирале широка организациска мрежа што им овозможувала контрола врз електоратот, негово излегување на изборите и подршка на нивните кандидати во овој дел на Кралството. Иако свесни за посебноста на македонскиот народ тие верувале дека тој постепено ќе се асимилира кон српската нација. Во своите програми проблемот со македонското прашање го третирале како ситуација која е решлива со формирање на посебна административна и територијална единица, таканаречена „обласна Македонија". Овие партии во своите програми го третирале овој проблем за да можат да ги придобијат гласачите, а понекогаш кокетирале и со идејата за признавање на македонскиот народ, редовно во време на предизборие.[427]

По завршувањето на војната први избори кои се организирале во рамките на Кралството СХС, а со тоа и во вардарскиот дел на Македонија биле општинските избори од август 1920 година. На овие избори освен режимските партии, Радикалната и Демократската партија, успех постигнала и Комунистичката партија која ги добила изборите во Скопје, Велес, Куманово и Кавадарци, а значаен успех постигнала и во

[425] Д-р Надежда Цветковска, Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија 1919 – 1929, ИНИ, Скопје, 2004 год., стр. 22

[426] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр.54-55

[427] Д-р Надежда Цветковска, Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија 1919 – 1929, ИНИ, Скопје, 2004 год., стр. 30-32

Битола и Прилеп каде што освоила голем број одборнички места.[428] Исто и овие избори како и парламентарните избори кои се одржувале во периодот од 1919 до 1929 година биле обележани со изборни нерегуларности и насилство, поради што КПЈ одлучила да ги бојкотира изборите во селата. На овие избори забележителна била и пропагандата и агитацијата на автономистичката ВМРО координирана од Тодор Александров во корист на КПЈ, поради што властите одлучиле во некои окрузи да формираат „летечки одреди“.[429]

Во периодот од 1920 до 1928 година вардарскиот дел на Македонија бил поделен на 7 изборни окрузи кои се совпаѓале со административните окрузи. Бројот на пратениците се утврдувал во зависност од вкупниот број на жители пред секои општи избори. На изборите за Уставотворното собрание од 28 ноември 1920 година од вкупно 419 пратеници, 33 биле избрани од вардарскиот дел на Македонија. На изборите од 18 март од 1923 година за Народното собрание, од вкупно 312 пратеници 24 пратеници биле избрани од вардарскиот дел на Македонија, додека на изборите од 8 февруари 1925 и на изборите од 11 септември 1927 година од вкупно 315 пратеници 25 пратеници биле избрани од вардарскиот дел на Македонија.[430]

Меѓу позабележителните настапи на пратениците од редовите на Радикалната партија од вардарскиот дел на Македонија биле тие на Јован Ќирковиќ кој скоро непрекинато се кандидирал и бил избиран во битолскиот округ. Тој покренувал различни прашања, меѓу кои доминирало прашањето за лошата состојба на администрацијата, особено на пречекорувањето на законските овластувања од страна на полицијата и според него погрешно сфатените државни и национални интереси, за што како пример ги наведувал полициските старешини кои за да дојдат до унапредување во кариерата се труделе по секоја цена да откријат тајни организации или да фатат комити вршејќи терор врз населението, често неосновано обвинувајќи некого. Од негова страна било критикувано и укинувањето на пограничните трупи задолжени за чување на границите, а го критикувал и формирањето на антикомитските чети и користењето на комитски чети формирани од поранешни припадници на ВМРО. Во неговите говори го критикувал и односот на државата спрема Битола и битолскиот округ во кој се појавила силна економска стагнација после војните. Значајни биле настапите и на Мита Димитријевиќ кој се залагал за вложување во сообраќајната инфраструктура во вардарскиот дел на Македонија, а барал и амнестија на воените бегалци за кои сметал дека треба да им се дозволи слободно враќање во земјата. Пратеникот Василије Трбиќ во своите говори во законодавниот дом се залагал за решавање на сообраќајните проблеми кои ги имале Битола, Прилеп

[428] Д-р Иван Катарџиев, Историја на македонскиот народ, Том 4, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр. 148
[429] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 171
[430] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр.53-54

и Охрид и за изградба на железничка мрежа во деловите во кои ја немало, сметајќи дека овие инвестиции би овозможиле подобро поврзување со солунската зона и засилен извоз. Исто така и Тома Поповиќ се залагал за подобрување на сообраќајната мрежа во вардарскиот дел на Македонија.[431]

Од редовите на демократите поистакнати биле настапите на Михајло Кујунџиќ кој најмногу покренувал прашања сврзани со состојбата на администрацијата и разоружувањето на населението. Им замерувал на властите за тоа што се појавувале тенденции на создавање параорганизации кои биле во служба на Радикалната партија и кои се користеле за политички пресметки. Го критикувал формирањето на „Здружението за борба против бугарските бандити", во кое во врвот на раководството бил поранешниот војвода на ВМРО Стојан Мишев и други луѓе кои биле обвинувани за антидржавна дејност од страна на властите на Кралството СХС. Исто така се спротивставувал на ставот на официјалниот печат дека причина за вклучување во комитските акции на народот од вардарскиот дел на Македонија е неговиот „антидржавен и анационален" карактер, објаснувајќи го овој феномен со неправедниот однос на државата и корумпираната администрација од една страна, која заедно со жандармеријата вршела насилства врз населението, додека од друга страна истото население било незаштитено од комитите. Предлагал да се овозможи враќање на бегалците кои се наоѓаат во Бугарија и искоренување на појавата на оние лица кои се решиле да се вратат пасошите незаконски да им се наплаќаат по високи цени. Останатите пратеници од редовите на Демократската партија често во своите говори ја критикувале анархијата и беззаконието, како и безбедносната нестабилност и широко распространетата корупција.[432]

Привременото народно претставништво бил првиот парламент во Кралството СХС чиј состав не бил одреден по пат на непосредни избори, туку со Указ на Владата, оправдувајќи го ваквиот начин на избор со вонредната поствоена состојба. Изборите за вардарскиот дел на Македонија биле спроведени на 30 март 1919 година преку повереници и чиновници каде што доминантна улога имала полициската власт. Воведениот воено-полициски режим во вардарскиот дел на Македонија оневозможил секаква политичка дејност и формирање и организација на политички партии. Дел од пратениците од вардарскиот дел на Македонија партиски се определиле некои за Демократската, дел за Републиканската и еден дел за Радикалната партија, дури после извршениот избор за претставници.[433] Структурата на избраниците ја сочинувале пред се „заслужни национални работници", чиј избор често бил во спротивност со

---

431 М –г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002., str. 70-71

432 Ibidem, str. 71-73

433 Д-р Надежда Цветковска, Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија 1919 – 1929, ИНИ, Скопје, 2004 год., стр. 37-39

формалните законски критериуми, па биле избирани луѓе кои не биле по потекло од „јужните краеви" или полициски писари.[434]

На овие избори Радикалната партија пронашла поддршка кај муслиманското население кај кое ги придобила гласовите преку поранешните големци од Отоманската империја на кои им ветила широки отстапки и зачувување на нивните имоти кои би можеле да бидат подведени под аграрната реформа, додека Демократската партија пронашла поддршка кај христијанското население.[435]

Привременото народно претставништво дејствувало само околу 20 месеци, при што неговата работа ја карактеризирало политичка нестабилност, неможност за формирање стабилно парламентарно мнозинство, опструкции и бојкот. Овој состав успеал да донесе само десетина закони кои не биле од особено значење, а ги направил и подготовките за парламентарните избори во 1920 година и донесувањето на изборниот закон.[436] Сепак главната задача и целта на постоењето на Привременото народно претставништво била исполнета, а тоа било подготовката на изборите за Уставотворното собрание. Неговата законодавна функција била занемарлива бидејќи донесло само 11 закони, наспроти Министерскиот совет кој донел околу 800 прописи и уредби. Во фокусот на водените дискусии најчесто се наоѓале теми поврзани со мировните договори, меѓународниот статус на земјата, економската ситуација во земјата и изворите на финансирање.[437]

Парламентарните избори за Уставотворното собрание биле распишани за 28 ноември 1920 година. Според изборниот закон било воведено општо, еднакво, непосредно и тајно право на глас, при што гласачко право немале жените, лицата до 21 година старост и војската. Од вардарскиот дел на Македонија се избирале 33 народни пратеници, од кои 8 во Битолскиот изборен округ.[438] Овие избори се одликувале со силна изборна агитација, политички говори на организирани собири, дистрибуција на печатени плакати и брошури и остра меѓупартиска борба. Во фокусот на изборната пропаганда најактуелизирано било прашањето за идниот облик на државното уредување кој требало да биде одреден од составот кој ќе се изберел на овие избори, и социо-економските проблеми.[439]

Радикалната и Демократската партија како режимски партии на овие избори го користеле државниот апарат за да си обезбедат подобар резултат и да ја оневозможат

[434] М –r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 68
[435] Ibidem, str. 164
[436] Д-р Надежда Цветковска, Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија 1919 – 1929, ИНИ, Скопје, 2004 год., стр. 41
[437] М –r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 68
[438] Д-р Надежда Цветковска, Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија 1919 – 1929, ИНИ, Скопје, 2004 год., стр. 45 – 46
[439] Ibidem, стр. 48

дејноста на другите политички партии, етикетирајќи ја како антидржавна. Органите на власта отворено го нарушувале изборниот процес што практично довело слободата на изборите да биде ограничена. Опозиционите собири биле забранувани и растурани, нивниот пропаганден материјал бил запленуван и уништуван, а малтретирани и апсени биле и партиските раководители и кандидати за пратеници.[440] Жандармеријата и полицијата биле најактивни и вршеле притисок по пат на: организирање на воени вежби на кои го повикувале населението или негово упатување на кулук, приведување и апсења кои резултирале со тортури вршени во полициските и жандармериските станици под изговори дека бараат скриено оружје или комитски јатаци итн.[441]

Централниот Комитет на ВМРО направил обид да го искористи незадоволството на македонскиот народ во вардарскиот дел на Македонија и за таа цел на 28 јуни 1920 година, испратил препорака до членовите и приврзаниците на ВМРО дека борбата за ослободување ќе продолжи се додека не се извојува автономија за Македонија или вардарскиот дел на Македонија да стане рамноправен член на Кралството, доколку србите прифатат федеративно уредување. ВМРО им препорачало на македонците да ги поддржат оние здруженија и партии кои се залагаат за федеративно државно уредување на Кралството и за најдобрите народни водачи кои останале да живеат во овој дел на Македонија. Доколку не се овозможи да се кандидираат месни водачи, ЦК на ВМРО препорачувал избирачите да гласаат за комунистите доколку прифатат да се залагаат за федеративно уредување и примена на договорите за малцинствата.[442]

Можноста за поддршка на Комунистичката партија од страна на македонскиот народ внела загриженост во редовите на режимските партии што ги мотивирало да преземат најразлични акции, меѓу кои се служеле и со демагошки ветувања. Така на пример, Јован Ќирковиќ, еден од водечките политичари на Радикалната партија кој бил кандидиран во Битолскиот изборен округ, за да придобие повеќе гласови отишол во Софија и се сретнал со видни функционери на ВМРО, меѓу кои ја пропагирал идејата за автономија на вардарскиот дел на Македонија во состав на Кралството СХС. По враќањето од Бугарија водел агитација во Битолскиот изборен округ со ветување дека доколку Радикалната партија победи на изборите ќе и даде автономија на Македонија, што било изненадувачки за србите во вардарскиот дел на Македонија. Обиди за придобивање на гласовите на македонскиот народ направил и Мита Димитријевиќ од редовите на радикалите кој отпечатил и проглас напишан на македонски дијалект во кој ветувал дека ако биде избран за пратеник ќе ги заштитува македонците.[443]

---

[440] Ibidem, стр. 85 – 86

[441] Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, КПЈ и ВМРО (Обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920 – 1930, ИНИ, Скопје, 1974, стр. 26

[442] Д-р Надежда Цветковска, Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија 1919 – 1929, ИНИ, Скопје, 2004 год., стр. 88-89

[443] Ibidem, стр. 91 – 93

На овие избори од вкупно 33 пратеници кои се избирале во вардарскиот дел на Македонија: Комунистичката партија освоила 15 мандати, Демократската партија освоила 11 мандати, додека Радикалната партија заедно со Џемиет освоиле 7 пратенички мандати. Во Битолскиот изборен округ биле избрани 8 народни пратеници и тоа: од Демократската партија 3, од Комунистичката партија 3 и од Радикалната партија и Џемиет 2 пратеници.[444] На овие избори српските граѓански политички партии доживеале неуспех во вардарскиот дел на Македонија, додека евидентен бил успехот на КПЈ кој се припишувал на влијанието на националните елементи на македонскиот народ и бугарската пропаганда. Гласањето за КПЈ од страна на македонскиот народ може да се објасни со незадоволството од политиките кои се воделе во овој дел на Кралството, а пред се неразрешеното аграрно прашање, воено-полициските мерки на репресија и политиките на асимилација и денационализација, што дополнително се потврдува со фактот дека Радикалната партија како носител на овие политики претрпела најтежок пораз. Но еден месец по изборите бил донесен правен акт кој бил наречен „Обзнана", а потоа со донесениот Закон за заштита на државата КПЈ била забранета.[445]

Целта и улогата на Уставотворното собрание со изгласувањето на Видовденскиот устав била исцрпена. Немајќи мнозинство во Уставотворното собрание, Радикалната партија успеала да издејствува негово изгласување со помош на осумте пратеници на Џемиетот, кои биле предводени од Кенан Зија од Битола, за што за возврат од страна на Радикалната партија им било ветено неспроведување на аграрната реформа и колонизација и парични компензации за одземените имоти.[446]

Интересно е да се напомене дека од страна на Демократската партија избрани за народни пратеници биле пред се луѓе кои биле по потекло македонци и кои во рамките на пратеничкиот клуб на Демократската партија формирале „Група на пратеници од „Јужна Србија"", која дејствувала самостојно барајќи во Скопје да се воспостави одбор кој би имал надлежност со оглед на специфичностите на покраината да решава за прашања како што се аграрните проблеми, стимулација на тутунското производство и други мерки.[447]

Имало идеи и барања за давање на автономија на вардарскиот дел на Македонија во рамките на Кралството СХС. Оваа идеја пратениците македонци и ја предложиле на Владата во форма на програма со барања за подобрување на општествено-економската и политичката состојба во вардарскиот дел на Македонија. Нивните барања биле формулирани во 11 точки и притоа се барало:

---

[444] Ibidem, стр. 95-96

[445] Ibidem, стр. 98 – 100

[446] М –r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 74

[447] Ibidem, str. 164

- во однос на внатрешното уредување на вардарскиот дел на Македонија да не се презема ништо без согласност на народот и да се спроведат брзи и демократски реформи, додека прогонот да се ограничи само на деликвентите и антидржавните елементи;

- Уставот и законите вистински да се применуваат со цврста државна политика и посветување на внимание на социјално-економските и социјалните потреби;

- се барало гарантирање на личната безбедност и безбедноста на имотот, реформа на службата за јавна безбедност со стручно и чесно чиновништво во кое би биле вклучени луѓе од домашното население во кои народот има доверба, како и спроведување на анкета за утврдување на направените злоупотреби од чиновниците од 1913 до 1920 година и казнување на сторителите заради враќање на довербата во државата. Се предвидувало и формирање на извршен одбор од чиновници и пратеници во Скопје, кој би имал повеќе разбирање за работите во „Јужна Србија" и на кого би му бил потчинет целиот државен апарат на територијата на вардарскиот дел на Македонија;

- се предлагало брзо и рационално спроведување на аграрна реформа и воведување систем на тапии како во Србија. Се барало и поголема слобода во регулирањето на производството на тутун, опиум и ориз.

Се барале и други мерки кои во целина би требало да ја подобрат севкупната состојба во овој дел на Кралството, но работата на оваа група била оценета негативно и ништо од нејзината програма не било прифатено, бидејќи во нејзиното работење се гледало опасност од стремежи кон востановување на автономна покраинска влада.[448]

Парламентарните избори во 1923 година биле закажани за 18 март. Покрај Радикалната партија, Демократската партија и Џемиетот, за изборите во вардарскиот дел на Македонија се подготвувале и Земјоделската партија, Републиканската партија и Независната работничка партија на Југославија.[449] На овие избори во вардарскиот дел на Македонија од вкупно 24 пратенички мандати: Радикалната партија освоила 9, Демократската партија исто така 9 и Џемиет 6 пратенички мандати. Во Битолскиот изборен округ биле избрани 6 пратеници: од Радикалната партија 2, од Демократската 2 и од Џемиет 2 пратеници.[450] На овие избори победиле големите партии, а најголем успех извојувала Радикалната партија која со нејзината програма за зачувување и спроведување на Видовденскиот устав освоила најмногу гласови. Изборите поминале во атмосфера на злоупотреби на изборниот процес од органите на власта, со апсења на агитаторите и кандидатите на опозициските партии и со

[448] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр.97-100

[449] Д-р Надежда Цветковска, Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија 1919 – 1929, ИНИ, Скопје, 2004 год., стр. 133

[450] Ibidem, стр. 149-150

зајакнување на Радикалната партија на сметка на Демократската партија.[451] За значаен може да се смета успехот на муслиманската политичка организација Џемиет која самостојно настапила на овие избори, во чии редови најзастапени биле земјопоседниците и трговците. Демократската партија на овие избори освоила помалку гласови и во нејзините редови најзастапени биле поранешни пратеници, адвокати и учители. И покрај изборниот успех раководството на Радикалната партија не било задоволно, бидејќи не биле остварени политичките цели за освојување на доволно мандати кои би и овозможиле стабилен парламентарен мандат на владата.[452]

Во пресрет на овие избори властите формирале и контрачети кои требало да се спротивстават на четничката дејност на ВМРО и да вршат изборна агитација. Во редовите на овие контрачети имало вклучено и полициски агенти, а и учители. Во предизборната агитација најактивна била четата во Битолскиот изборен округ, додека според пишувањата на весникот „Радник", учителите во тоа време се занимавале со се друго, но не и со образование.[453] Во пресрет на изборите ЦК на ВМРО направиле неуспешен обид за постигнување на договор за истакнување на заеднички кандидатски листи со муслиманската организација Џемиет или со Републиканската партија. Поради тоа во таен циркулар до раководителите на окрузите и околиските војводи во вардарскиот дел на Македонија од 9 февруари 1923 година им се укажува дека им се дозволува на членовите и симпатизерите на Организацијата во секој округ да се обидат да кандидираат македонци на листите на српските политички партии, под услов доколку бидат избрани да се откажат од партиите на кои би припаѓале и да се прогласат за македонска парламентарна група, а ако отстапат од исполнувањето на оваа обврска да бидат казнети со смртна казна.[454]

И во Битолскиот изборен округ предизборието се одвивало во атмосфера на засилен притисок и агитација во корист на Радикалната партија во кои активно биле вклучени властите. Окружниот началник на полицијата доставувал информации за сите собири и активности на Демократската партија. Била евидентирана и поделбата во редовите на Демократската партија, како и намерата на комунистите да регистрираат партија под друго име во судот со која би можеле да истапат на избори поради што се предлагало ваквите барања да се одбиваат. За разлика од членовите на Демократската партија, дејствувањето на Радикалната партија во Битолскиот изборен округ било

[451] Ibidem, стр. 153-154

[452] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 167

[453] Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918 – 1941, БАН, София, 1983, стр. 59

[454] Тодор Александров – Се за Македонија, Документи 1919 – 1924, избор, предговор и редакција на проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2005, стр. 141

единствено. На членовите на Републиканската партија им биле забранувани сите облици на политичка активност и партиски собири.[455]

Во 1923 година групата пратеници македонци од Демократската партија направила и обид да организира македонска политичка организација која би требало да ги организира политичките сили од вардарскиот дел на Македонија и во Парламентот и на терен да иницира решавање на проблемите како што се националната рамноправност, граѓанските слободи и економскиот и културниот напредок. Иако овој обид побудил интерес кај народот, истиот бил осуден како стремеж што би им служел на сепаратистичките и автономистичките движења и било оневозможено секакво понатамошно делување. Оваа идеја била дадена во контекст на едно пошироко движење за формирање на нова политичка партија со широка југословенска идеологија, за што под претседателство на професор Војо Маринковиќ од Белград, бил организиран состанок на кој од вардарскиот дел на Македонија присуствувал пратеникот Глигор Анастасов, на кој тој ги изнел целите на македонците: имено тие барале да им се гарантира еднаквост пред законите, формирање на одделна политичка партија и слободно изразување на своите национални чувства, како и уредување на вардарскиот дел на Македонија како посебна административна област.[456] Било изразено несогласување со изнесените барања од Глигор Анастасов. Поради тоа во средината на 1923 година групата пратеници македонци истапиле од Демократската партија, но нивната активност била предмет на силни критики од режимскиот печат во вардарскиот дел на Македонија. Иако истапиле од Демократската партија пратениците македонци не се откажале од пратеничките мандати и организирале посебна парламентарна група која ја сочинувале покрај Глигор Анастасов, Трајко Арсов, Димитар Трајков и Ристо Настев, меѓутоа нивната активност поради малубројноста, била безначајна.[457]

Во однос на националниот состав на Парламентот во 1923 година во редовите на радикалите и демократите покрај срби имало и неколку македонци, иако истите морале да се декларираат како срби бидејќи не смееле да ја изразат својата национална определба и во политичкиот живот можеле да се вклучат единствено преку српските партии. На изборите од 1923 година биле избрани 8 срби и 6 македонци, во 1925 година 17 срби и 4 македонци, а во 1927 година 20 срби и двајца македонци. Најчесто за пратеници од вардарскиот дел на Македонија биле

---

[455] M–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 166-167

[456] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр.102-104.

[457] Д-р Надежда Цветковска, Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија 1919 – 1929, ИНИ, Скопје, 2004 год., стр. 175-178

кандидирани лица кои ја поддржувале политиката на режимот и биле ангажирани на полето на остварувањето на политиката на асимилација и денационализација.[458]

Во 1924 година во Кралството СХС бил формиран опозиционерски блок на чело со Стјепан Радиќ, кој настојувал да изврши ревизија на Уставот и кој сметал дека тоа може да се постигне ако се здружат стремежите на сите национални движења вклучувајќи го и македонското. Крајна цел била создавање на федеративна Југославија во која вардарскиот дел на Македонија би ја имал положбата на Хрватска, за што Радиќ контактирал со тогашниот водач на ВМРО Тодор Александров, на кого му советувал да се прекинат вооружените дејствија и да се создаде македонска политичка партија која на легален пат би освоила околу 15 пратенички мандати кои понатаму би се приклучиле кон парламентарното мнозинство за ревизија на Уставот. Веројатно ова имало извесно влијание врз Александров кој на 1 август 1924 година изјавил дека ВМРО ќе ја прекине вооружената борба доколку: се распуштат српските четнички банди и се спроведе истрага за нивните злосторства, се спроведат одредбите од договорите кои се однесуваат на заштита на националните малцинства, се амнестираат затворените македонци и им се допушти враќање на бегалците и емигрантите во вардарскиот дел на Македонија и се овозможи организирање на слободни избори и формирање на легални македонски политички партии. Меѓутоа ниту едно од овие барања не било исполнето, освен што владата на Љуба Давидовиќ која се одржувала со поддршка на ХРСС издејствувала указ за амнестија на политичките затвореници од вардарскиот дел на Македонија.[459]

По настанатата криза во политичкиот живот на Кралството СХС и неуспехот за нејзино надминување дошло до пад на владата на Љуба Давидовиќ, поради што Кралот со цел да ги зајакне големосрпските позиции му доверил мандат на Никола Пашиќ, го распуштил Народното собрание и распишал нови избори за 8 февруари 1925 година.[460]

Пратениците кои ја сочинувале македонската парламентарна група која претходно ја споменавме и која се формирала во 1923 година, презеле активности за истакнување на свои листи на овие парламентарни избори. Тоа повторно било предмет на силни критики за антидржавна активност од режимскиот печат. Но поради притисоците од властите кои биле во правец на оневозможување на политичко организирање на македонското граѓанство, кандидатска листа била истакната само во Тиквешкиот изборен округ, но не бил избран ниту еден пратеник од оваа листа.[461] Настојувањето за создавање на македонска политичка партија е евидентирано и во

---

[458] Д-р Надежда Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000 година, стр.64-65
[459] Ibidem, стр.105-106
[460] Д-р Надежда Цветковска, Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија 1919 – 1929, ИНИ, Скопје, 2004 год., стр. 156
[461] Ibidem, стр. 179-180

Протокол од заседание на ЦК и ЗП на ВМРО од летото 1926 година. Во него се опишани водените разговори на македонските револуционери со Григор Анастасов кој се обидел да направи македонска партија, но безуспешно, и кој сметал дека е потребен повторен обид во иднина за што направил и план. Според овој план македонска парламентарна група може да се формира со одделување на избрани народни пратеници од српските режимски партии, кои за да не дојдат во судир со режимот по одделувањето би се нарекле на пример „Независни Демократи". Сметал дека е потребно да се организираат организациони јадра во сите населени места во вардарскиот дел на Македонија кои би биле раководени од еден центар, а овој центар би бил поврзан со ВМРО која би ги финансирала овие активности. Сметал исто така дека ВМРО би требало да посочи кои лица и од кој округ би требало да се изберат и да се инфилтрираат во српските режимски партии и на тој начин да станат дел од Народното собрание на Кралството СХС, а потоа да делуваат во име на македонската кауза.[462]

Овие избори ги карактеризирало широко распространетото изборно насилство од органите на власта, а во правец на поддршка и остварување на подобар резултат на кандидатите на Радикалната партија. Во вардарскиот дел на Македонија на терор биле подложени пред се приврзаниците на Демократската партија и Џемиетот, како и останатите опозициони партии. Кандидатите на опозицијата биле напаѓани и заплашувани, нивните изборни собири биле растурани, а тероризирано било и населението.[463] Во вардарскиот дел на Македонија од вкупно 25 пратенички мандати: Радикалната партија освоила 14, Демократската 7 и Националниот блок 4 мандати. Во Битолскиот изборен округ биле избрани 6 пратеници: 4 од Радикалната партија и 2 од Демократската партија.[464] Радикалната партија најмногу гласови добила на сметка на Џемиет, илјадници турски гласови отишле на контото на оваа партија, со оправдани сомневања за изборен фалсификат. Демократската партија освоила ист број на гласови како и претходно. И на овие избори во Битолскиот изборен округ се повторила ситуацијата од претходните избори, па така била вршена отворена агитација во корист на Радикалната партија од страна на цивилните власти и полицијата, биле вршени заплашувања и оневозможувања на политички собири.[465]

Од вкупно избраните 25 пратеници, само 4 биле македонци според националната припадност. Во овој дел од Кралството победиле Радикалната и Демократската партија, додека Радикалната партија успеала потполно да ја уништи

---

[462] 36 години във ВМРО – Спомени на Кирил Пърличев, Съставител и редактор Кирил Пърличев, София, 1999, стр. 517-518

[463] Д-р Надежда Цветковска, Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија 1919 – 1929, ИНИ, Скопје, 2004 год., стр. 189-190

[464] Ibidem, стр. 192-193

[465] М–г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 168-169

Џемиет која не освоила ниту еден мандат.[466] Иако овие избори биле организирани од Радикалната и Самостојната демократска партија со подршка на државниот апарат и отворено практикување на различни форми на насилство и притисок, апсења и казни, сепак со десетина мандати повеќе кои ги освоиле владеачките партии не се создал терен за разрешување на парламентарната криза. Опстојала неизвесноста кој политички блок ќе надвладее, оној кој се залагал за ревизија на Уставот или за задржување и зацврстување на политичкиот систем заснован врз тој Устав.[467]

Џемиетот кој на овие избори бил елиминиран од политичкиот живот на Кралството СХС, а потоа и официјално забранет, претставувал политичка партија на муслиманите од „Јужна Србија" кој за цело време на своето постоење тесно соработувал со Радикалната партија, а главна цел на неговото постоење била заштита на економските интереси на поранешните турски и албански големци. Конзервативен по својот карактер, воедно имал за цел да ја зачува компактноста на муслиманскиот елемент во вардарскиот дел на Македонија и отоманските традиции. За возврат за поддршката на владите на Кралството СХС настојувал да издејствува отстапки и привилегии. Најмногу бил обвинуван од претставниците на Демократската партија која ги обвинувала за антидржавна активност и за националистички турско-албански карактер на организацијата.[468]

Во 1926 година во вардарскиот дел на Македонија биле одржани општински избори на кои видлив бил успехот на Радикалната партија, каде што од 147 општини, остварила победа во 132 општини. Радикалната партија иако остварила убедлива победа во битолската област, сепак изгубила во Битола каде што победила Демократската партија.[469] За време на одржување на општински избори гласачките места ги определувал општинскиот одбор, а од негова страна биле определувани и претседателите на избирачките одбори.[470]

Политичката нестабилност во Кралството СХС довела до повторно распуштање на Народното собрание и распишување на избори за 11 септември 1927 година. Овие избори биле распишани за да може да се одржи на власт Радикално-Демократската Влада формирана со поддршка на Кралот, а која настанала како резултат на судирот во редовите на Радикалната партија, при што целта била да се отстранат привржаниците на Никола Пашиќ од политичката сцена.[471]

---

[466] Д-р Надежда Цветковска, Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија 1919 – 1929, ИНИ, Скопје, 2004 год., стр. 195

[467] Ibidem, стр. 198-199

[468] М –г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 73-74

[469] Ibidem, str. 172

[470] ДАРМ-одделение Битола, Фонд 1 Градско поглаварство на градот Битола, книга 15, а.е. 49. Лист 110-112

[471] Д-р Надежда Цветковска, Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија 1919 – 1929, ИНИ, Скопје, 2004 год., стр. 204

И овие избори се одржувале во идентична атмосфера како и претходните. Ќе наведеме еден сликовит опис изнесен во тогашниот весник „Политика". ... " Новите избори, покажуваат каква е политичката состојба: кревка и нестабилна; колку духовите се разбранувале и со колку возбудување, темперамент и инает се води изборната борба. Старите политички партии се слични, главно, една на друга, како по содржината на своите програми, така и по методите кои сега ги применуваат. Негативните резултати од нивната работа ја покажуваат нивната сличност и нестабилност за понатамошен живот во новиот период. Сите имаат нешто заедничко : да управуваат со земјата, да бидат на власт по секоја цена. Тоа се гледа по нивната заострена, огорчена и безобзирна изборна трка, каде баталјони од кандидати, при пеколна топлина од 40 степени трчаат од место до место, држат огнени беседи за себе, се препорачуваат на народот. Куп ветувања. Никогаш досега немало толку голем број кандидати и собири, по весниците немало толку протести и жалби, толку изјави и против изјави." ...[472]

За учество на овие избори размислувал и обласниот комитет на ВМРО (Обединета), кој разгледувајќи ја положбата во вардарскиот дел на Македонија дошол до заклучок дека не постојат услови за извојување на слобода на македонскиот народ по легален пат, како што не е можно ниту формирање на политичка партија која би ги застапувала интересите на македонскиот народ и на легален начин би се борела за негово признавање во рамките на Кралството СХС. Начисто биле и со фактот дека секоја организација која се бори за независна и обединета Македонија мора да функционира на илегален начин. Поради тоа свесни за неповолните услови за отворено дејствување преминале на сфаќање дека не смеат отворено да ја прокламираат својата вистинска платформа, туку дека треба да се обидат да истакнат кандидатски листи и платформа која не би била во судир со важечките законски прописи. За да би можело овие кандидатски листи да бидат одобрени и да се одбегне колку што е можно репресија од страна на власта, се наметнала потреба за соработка со некоја од опозиционите партии, но со оглед дека српските опозициони партии не се согласувале да соработуваат со македонски организации, било остварена средба со ХСС во Загреб, но предлогот за соработка бил одбиен од страна на раководството на оваа партија.[473]

На овие избори иако Радикалната партија освоила повеќе гласови од претходните избори, поради нејзината разединетост освоила помалку мандати, што означувало неуспех. Во однос на претходните избори најголем успех остварила Демократската партија која освоила повеќе гласови за сметка на Радикалната партија. На овие избори во вардарскиот дел на Македонија Радикалната партија од вкупно 25 пратенички мандати, освоила 12 пратенички мандати, Демократската партија освоила 13 мандати, додека другите политички партии не освоиле ниту еден мандат. Во

[472] Ibidem, стр. 232-233
[473] Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, КПЈ и ВМРО (Обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920 – 1930, ИНИ, Скопје, 1974, стр. 175-182

Битолскиот изборен округ од 6 пратенички мандати, 3 мандати освоила Радикалната партија и 3 Демократската партија.[474]

Пратениците кои се кандидирале и избирале во вардарскиот дел на Македонија се декларирале како срби, а и како пратеници во Собранието се вклучувале во политичките партии на српскиот народ. Мнозинството пратеници кои биле избирани во овој дел на Кралството по национална припадност не биле македонци, туку поддржувачи на големосрпскиот режим, таканаречени „заслужни национални работници“. Право да се кандидираат имале лица кои подолго време живееле во овој дел на Македонија иако биле родени во други краишта од Кралството. Со секои наредни избори се повеќе се намалувал бројот на кандидати за пратеници од македонскиот народ, така што ако на изборите од 1923 година биле избрани 8 срби и 6 македонци, во 1927 година биле избрани 20 срби и двајца македонци.[475]

Постојаната длабока политичка криза на демократијата и парламентаризмот во Кралството СХС, честите и остри непомирливи судири околу обликот на државното уредување и националните прашања довеле до шестојануарската диктатура, која ја прогласил Кралот Александар со помош на поддршката од дворските, воените кругови и западните сојузници како Франција и Англија кои биле заинтересирани за средување на внатрешно-политичките состојби на Кралството. Со оваа диктатура бил укинат парламентарниот систем, политичките партии биле распуштени и забранети, а Уставот бил поништен.[476]

Нестабилноста на владите често налагала нови парламентарни избори кои во периодот до 1929 година во просек се одвивале на секои две години. За политичките партии во Кралството СХС вардарскиот дел на Македонија бил предмет на интерес единствено за време на одржување на избори, додека вложувањата во стопанството и мерките за подобрување на корумпираната администрација отсуствувале. Во законодавниот дом на Кралството СХС пратениците кои биле избирани од вардарскиот дел на Македонија најчесто ги покренувале прашањата кои се однесувале на комитските акции, состојбата на администрацијата, суровиот однос на полицијата спрема населението, качачкиот бандитизам, но сето ова не довело до преземање на активности со кои би се третирале изнесените проблеми, помеѓу другото и поради тоа што вардарскиот дел на Македонија во однос на српско–хрватското прашање бил далеку помал проблем за Кралството и српската монархија.[477]

---

[474] Д-р Надежда Цветковска, Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија 1919 – 1929, ИНИ, Скопје, 2004 год., стр. 234-237

[475] Ibidem, стр. 252-253

[476] Ibidem, стр. 245-246

[477] М –г Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 69

Поради негацијата на неговата посебност, јазик и култура, македонскиот народ немал можност за легално вклучување во политичкиот живот на Кралството, кој и покрај формираните демократски институции се наоѓал во предворјето на демократијата. Иако пратениците македонци кои биле избирани од редовите на српските граѓански политички партии можеле да покренуваат прашања со кои можеби не би инспирирале активност за подобрување на ситуацијата, сепак се овозможувало да се слушнат проблемите од вардарскиот дел на Македонија кој претставувал заборавена и периферна позиција на Кралството, единствено позната во тогашната јавност по безбедносните инциденти и критиките за широко распространетата корупција.

### 3.3 Политички форми на отпор

По завршувањето на Првата светска војна слично како и по завршувањето на Балканските војни македонскиот народ повторно бил разочаран, бидејќи наместо долгоочекуваната слобода или барем некаква автономија, со поделбите и репресалиите доживеал понатамошно влошување на севкупната состојба. Се разбира дека ова не било пасивно прифатено од самото население и национално свесните елементи освен формите на вооружен отпор применувале и различни други политички форми на отпор кои поединечно ќе ги презентираме.

По завршувањето на војната владеело огромно незадоволство, особено по селата. Населението не се одзивало на поканите на воените власти, а демонстративно одбивало да ги подмирува и наметнатите даночни обврски. Оваа состојба на некој начин е опишана во дел од извештајот на командата на Вардарската дивизиска област каде стои ... „ Надевајќи се на преврат, селаните станаа непослушни, недоверчиви и наполно затворени, така што од нив не може ништо да се дознае. На воените власти и на покани слабо се одзиваат. Не сакаат да избираат кметови ни други општински одборници, па дури и никој не сака да се прими за општински одборник." ...[478]

И според Версајскиот систем за заштита на малцинствата и одредбите кои биле содржани во мировните договори, македонскиот народ не бил признат како посебна етно-лингвистичка група. Во рамките на Кралството СХС според договорите македонците имале можност да се изјаснат единствено како срби или бугари и да одлучат дали сакаат да бидат поданици на Кралството СХС или пак да се иселат и да станат државјани на други држави. Била дадена и можност за емигрантите, доколку сакаат да можат да се вратат во своите родни краишта, но и во тој случај морале да се

[478] М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во битолско и прилепско (1919 - 1941), Друштво за наука и уметност-Битола, 1992год., стр. 59-60

изјаснат или како срби или како бугари. Се предвидувала слобода на употреба на јазикот во печатот, училиштата, верските активности, но само доколку го употребуваат бугарскиот јазик и основаат бугарски училишта во рамките на Кралството СХС. Со ова практично се давал поттик на политиката на денационализација и асимилација и негација на постоењето на македонскиот народ.[479]

ВМРО за време на Париската мировна конференција се залагала за обединување на Македонија или создавање на самостојна и независна Македонија, за што ЦК на ВМРО упатил и Мемоар до претседателот на Париската мировна конференција, а да ги застапува барањата за кои се залагала и да ја претставува Организацијата пред делегатите на Париската мировна конференција бил овластен Димитар Наумов од Битола.[480] Откако по завршувањето на Париската мировна конференција пропаднале стремежите за обединување на Македонија или за создавање на самостојна и независна македонска држава, ВМРО прокламирала нова политичка цел, која гласела : Извојување на федеративно управување на Југославија со Македонија како рамноправен член во федерација. Оваа ориентација се содржела и во писмо што Тодор Александров го испратил и насловил како писмо до „Членовите на ВМРО во Македонија" од 28 јуни 1920 година во кое се наведувало дека Македонија: цела, обединета, независна или автономна, може да биде ставена под заштита на Друштвото на народите или да влезе во рамките на Југословенската држава како рамноправен член, доколку србите прифатат федеративно уредување.[481]

Интересно е да се напомене дека српскиот четнички војвода Јован Бабунски во едно свое писмо до командантот на Третата армиска област на Кралството СХС од 17 јануари 1920 година го известува дека остварил средба со Милан Георгиев, кој тукушто се вратил од Софија каде што разговарал со најодговорните македонски дејци и некои министри и притоа му соопштил дека зазеле решение сите лица од вардарскиот дел на Македонија кои се избегани во Бугарија да се вратат во родните места. За таа цел имале намера да испратат молба до властите на Кралството СХС да им дозволи да напишат македонска граматика како што зборува народот, а за службена употреба во институциите да се употребува само македонскиот јазик, а доколку дојде некој чиновник од други краишта да мора да знае македонски јазик за да може да стапи во служба. За Македонија го барале истиот статус во однос на Србија, каков што имаат Хрватска и Словенија. Исто му напоменал дека доколку српските власти не се согласат со предлогот, тогаш сеуште во Бугарија постои силен македонски комитет кој тоа ќе го извојува со пушки и бомби. Бабунски понатаму известува дека српските власти на чело

---

[479] Воислав Д. Кушевски, Македонското прашање во Друштвото на народите, Филозофски факултет Институт за историја, Скопје 2001 година, стр. 37

[480] Тодор Александров – Се за Македонија, Документи 1919 – 1924, избор, предговор и редакција на проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2005, стр. 35

[481] Златна книга, 100 години ВМРО, Скопје 1993 година, стр. 160-161

со Љуба Давидовиќ се согласиле со горното барање, и затоа Милан Георгиев и него го убедувал да се откаже од улогата на српски агент.[482]

На 11 јуни 1921 година од страна на ЦК на ВМРО била изработена директива за организирање на дејноста во вардарскиот дел на Македонија која во согласност со новонастанатите политички услови како цел на Организацијата, како и досега го определува извојувањето на автономна или независна Македонија, при што ќе се направи обид да се формира легална политичка организација под името „Македонски федеративен сојуз", налик на конституционите клубови кои постоеле во Отоманската империја за време на младотурската револуција. Оваа политичка организација би требало да дејствува во правец на извојување целосно самоуправување со свое народно собрание, при што официјален јазик би требало да биде македонскиот. До формирање на легална политичка организација на македонскиот народ се разбира дека не дошло поради општопознатиот став на големосрпскиот режим.[483]

Комунистичката партија на Југославија правела обиди на територијата на вардарскиот дел на Македонија да организира свои месни партиски ограноци, но истото било со релативен успех. Забраната за дејствување на комунистички партии и прогонот на комунистите оневозможувале поширока дејност, а дополнителен проблем претставувал и недефинираниот однос кон македонското прашање. Сепак настанала постепена промена така што веќе во 1923 година на собири низ македонските градови била прокламирана идејата за Балканска федерација во која Македонија би била рамноправен член. Хрватските комунисти на пример, во 1923 година пишувале за комитската дејност во Македонија како реакција на македонскиот народ против големосрпскиот режим. Исто така се пишувало и за денационализацијата и нејзините цели, при што хрватските комунисти се застапувале за самоопределување на населението во Македонија.[484]

Погодно тло за дејствување на КПЈ во вардарскиот дел на Македонија имало поради претрпените последици од војната и политиката на национална асимилација и денационализација спроведувана од експонентите на големосрпскиот режим, со што заедно со масовната сиромаштија и невработеност претставувало погоден простор. Ова било дополнително подгреано со надежите и предизборните ветувања за автономија во рамките на една идна Балканска федерација. Активностите и агитацијата на КПЈ најмногу била насочена во градовите и ретките фабрики. Локална партиска организација КПЈ формирала и во Битола во чие јадро се наоѓале печалбари

---

[482] Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918 – 1941, БАН, София, 1983, стр. 108

[483] Доц. д-р Димитър Гоцев, доц. д- р Стоян Германов, доц. д-р Иван Илчев, доц. д-р Трендафил Митев, Македония – История и политическа съдба (1912 – 1941 ), Под редакцията на проф. Петър Петров доктор на историческите науки, том II – второ допълнено издание,София, 1998, стр. 95

[484] Костадин Палешутски, Югославската комунистическа партия и македонският въпрос 1919 – 1945, Издателство на БАН, София, 1985 год. стр. 110

повратници, книжари, учители и младинци, предводени од нивниот претседател Ратко Жуниќ. Извршената мобилизација во ноември 1919 година на подрачјето на Битолската дивизиска област од страна на воените власти, била поволна прилика која ја искористиле комунистите и организирале антирежимски демонстрации. Ситуацијата на овие демонстрации ескалирала и една група се обидела да ја заземе касарната на 46-иот полк поради што било остро интервенирано и биле уапсени околу 800 лица. И покрај ваквите активности КПЈ во вардарскиот дел на Македонија била крајно неорганизирана при што во 1928 година броела само 37 членови.[485]

ЦК на ВМРО во октомври 1922 година упатил Мемоар до претседателот на Советот на Друштвото на народите во кој откако ја опишува историјата на македонската револуционерна борба и настаните и случувањата кои довеле до поделбата на Македонија, протестира против мерките и политиките на асимилација и денационализација спроведувани од српскиот режим во вардарскиот дел на Македонија. Исто така во мемоарот се опишува неподносливата положба на населението под српското ропство и репресијата насочена кон задушување на сите појави на национална свест и токму ова се наведува како причина за четничкото движење. Поради тоа се бара разгледување на македонското прашање и создавање на независна Македонија во која би влегле деловите под грчко, српско и бугарско ропство и која би била ставена под заштита на Друштвото на народите, а како потврда на реализмот на горенаведеното предлага доколку е потребно и одржување на плебисцит на кој населението би се изјаснило во каква државна творба сака да живее.[486]

ЦК на ВМРО настојувајќи да пронајде сојузници за извојување слобода за македонскиот народ стапил во контакт и со претставници на Советскиот сојуз и така на 30 декември 1923 година бил договорен „Проект за спогодба меѓу ВМРО и Руската Советска Република“ во кој се предвидувало обединување на распарчените делови на Македонија во една држава која би влегла во состав на идна Балканска Федерација или во почетокот Југословенска Федерација. Со овој проект ВМРО се обврзала да работи на планот за реализирање на идејата за формирање на Балканска Федерација, при што од страна на Руската Советска Република била призната како носител на суверената волја на македонскиот народ и било предвидено редовно одржување на комуникација помеѓу двете договорни страни.[487] Во контекст на отпочнатите преговори и контакти со Советскиот сојуз и Коминтерната, како и притисокот на европските дипломатии за запирање на комитските акции, Александров најавил можности за изнаоѓање разрешница по мирен пат во интервју за весникот „Тајмс“ од

[485] М–r Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo I Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd, 2002. , str. 173-174
[486] Тодор Александров – Се за Македонија, Документи 1919 – 1924, избор, предговор и редакција на проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2005, стр. 99-103
[487] Ibidem, стр. 263-265

јануари 1924 година, во кое навел дека се залага Македонија да влезе како рамноправен член на Југословенската федерација и дека ВМРО не сака распаѓање на Југославија. И во Меморандум на ВМРО од август 1924 година до Друштвото на народите ЦК на ВМРО се залагал за вклучување на Македонија како рамноправен член на Југословенската федерација.[488]

Слични ставови имала и Работничката партија на Југославија и по тој повод Коста Новаковиќ издал една брошура со наслов „Македонија на македонците, Земјата на земјоделците", во која откако прави опис на историјата на македонската револуционерна борба посочува дека ВМРО на Тодор Александров е во служба на Бугарија, а Македонската федеративна организација во служба на србите, поради што повикува за општа борба на сите револуционерни елементи за слобода, право на самоопределување и создавање на автономна Македонија во рамките на Балканска федерација. Новаковиќ исто така ја критикувал и политиката на колонизација и нерешеното аграрно прашање.[489] Поради издавањето на оваа брошура бил уапсен од страна на полицијата, а брошурата била запленета и забранета. Но сепак брошурата се раширила помеѓу населението и поттикнала засилени размислувања за националното и аграрното прашање. За издавањето на оваа брошура авторот бил осуден на шестмесечен затвор.[490]

Определбата на ЦК на ВМРО за создавање на самостојна и независна Македонија во рамките на идна Балканска Федерација со чие создавање би се неутрализирале завојувачките стремежи на балканските народи е изнесена и во Декларација од 29 април 1924 година, во која е наведено дека за остварување на оваа цел ВМРО очекува поддршка од европските револуционерни и прогресивни сили, а морална, материјална и политичка поддршка од СССР. Затоа, се вели во Декларацијата, ВМРО во иднина ќе делува потполно автономно и независно од софиските влади и ќе соработува со останатите движења кои се борат за национални слободи на Балканот. Исто така ВМРО ќе настојува да ги обедини сите елементи на македонското ослободително движење во единствен револуционерен фронт, како и ќе се залага за спроведување на принципот на самоопределување на народите.[491]

Активностите на ЦК на ВМРО и водените преговори со претставниците на Советскиот Сојуз довеле до потпишување на Мајскиот манифест, кој бил објавен на 6 мај 1924 година, и кој бил насочен кон македонскиот народ и до македонските револуционери. Во него е јасно изразена желбата за создавање на сопствена држава и

---

488 Златна книга, 100 години ВМРО, Скопје 1993 година, стр. 161

489 Костадин Палешутски, Югославската комунистическа партия и македонският въпрос 1919 – 1945, Издателство на БАН, София, 1985 год. стр. 128

490 Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, КПЈ и ВМРО (Обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920 – 1930, ИНИ, Скопје, 1974, стр. 110

491 Тодор Александров – Се за Македонија, Документи 1919 – 1924, избор, предговор и редакција на проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2005, стр. 303-305

изразено е разочарувањето од дотогаш водената политика на големите европски држави кои никогаш искрено не се зазеле за да се обидат да ја подобрат положбата на македонскиот народ и борбата за извојување на слобода, што довело до поделба на етничката територија на Македонија. Се наведува дека ниту една од владите на балканските држави не води политика која е од помош за македонското револуционерно движење, туку напротив спроведуваните политики на национално негирање, асимилација и денационализација имаат за цел да го избришат македонскиот народ од заедницата на народите. ВМРО ја изразува подготвеноста да се бори против владите на овие држави, а во однос на Кралството СХС и против денационализаторската и угнетувачка политика спроведувана од големосрпскиот режим. Се критикува и политиката водена од бугарскиот премиер Александар Цанков кој заедно со Кралството СХС заговара и крои нови поделби на Македонија и презема мерки за уништување на ВМРО и на органите на македонската емиграција во Бугарија, поради што се апелира до македонскиот и бугарскиот народ да се спротивстават на истата. ВМРО потврдува дека и во иднина ќе се бори за ослободување и обединување на Македонија во нејзините природни и етногеографски граници и за создавање на Балканска Федерација.[492]

Тодор Александров како член на ЦК на ВМРО на 30 мај 1924 година и со писмо се обратил до пропагандистичките гласила на големосрпскиот режим во Македонија, односно до уредниците на весниците од Кралството СХС: „Слобода", „Република" и „Политика". Во писмото до уредникот на весникот „Слобода" тој пишува дека ослободителното движење на македонскиот народ не може да биде уништено со репресивните мерки кои ги спроведуваат властите, а во тоа не успеала ниту Отоманската империја, што не им успеало и на други големи империи кои поробувале други народи. Во писмото до уредникот на весникот „Република", кое било партиско гласило на Републиканската партија пишува дека критиката упатена кон Радикалната партија е од неморални позиции, бидејќи дури иако Републиканската партија дојде на власт, сепак ВМРО ќе ја продолжи ослободителната борба на Македонија, упатувајќи му јасна порака со цитат од големиот италијански револуционер Мацини ..." Ние не сакаме добро да управуваат, ние сакаме тие да си одат"…. која своевремено била искажана за владеењето на Австријците во делови од Италија. Во писмото до уредникот на весникот „Политика" Александров пишува дека е бесмислена политиката која ја води Кралството СХС со негирањето на постоењето на македонското прашање и на Македонија и даваните изјави од министерот за надворешни работи Момчило Нинчиќ и Претседателот на Министерскиот совет на Кралството СХС Никола Пашиќ кој исто така изјавил дека Радикалната партија немала да го дозволи распарчувањето на државата и дека е решена да го заштитува со крв она што е создадено со крв. Поради

[492] Ibidem, стр. 307-321

тоа во крајот на писмото се запрашува дали српскиот народ нема да се опамети и да преземе соодветни мерки додека не е доцна.[493]

Освен со вооружен отпор, ВМРО се обидувала и по мирен пат да направи промена на тешката положба на македонскиот народ. ВМРО настојувала да ја запознае македонската емиграција во Бугарија и европската јавност за насоките на дејствувањето. Притоа Иван Михајлов дал обемно интервју за весникот „Reichspost" од 17 октомври 1924 година во кое навел дека се залага за единствена и независна Македонија со седиште во Солун и премин од водење на револуционерна кон легална борба под истите услови кои подоцна биле изнесени во Меморандумот на ЦК на ВМРО до Друштвото на Народите во Женева.[494] Во поднесениот меморандум до Друштвото на народите во Женева се барало: спроведување на одредбите од меѓународните договори кои се однесувале на малцинствата, обновување на егзархиските цркви и училишта и враќање на егзархиските свештеници и учители во вардарскиот дел на Македонија, право на основање на верски, политички и културни здруженија, враќање на македонската емиграција од Бугарија, како и полна културна автономија, и граѓански, политички и национални права. ВМРО изјавувала дека доколку се исполнат овие барања е подготвена да се претвори во легален субјект и со легални политички средства да се залага за самоуправен статус на Македонија и создавање на Балканска федерација.[495]

Според извештаите на српските дипломатски претставници во Софија од 1926 година во рамките на ВМРО се издиференцирале три гледишта во однос на начинот на решавањето на македонското прашање. Според првото гледиште Македонија не требало да бара самостојност или автономија, туку да остане во рамките на Кралството СХС и да се залага по пат на легално политичко дејствување на македонски претставници во државните институции да се создадат услови за отворање на училишта, цркви и користење на македонскиот јазик во нив, а потоа и рамноправност со останатите народи во Кралството СХС. Според второто гледиште и понатаму требало да продолжат четничките акции, но притоа не се настојувало целосно да се ослободи Македонија, туку само оние региони кои се наоѓале од левата страна на реката Вардар, поради убедувањето дека Кралството СХС во никој случај не би се откажало од геостратегиски важната Вардарска долина. Третото гледиште сметало дека е доволно враќање во родните краишта и лојалност кон тамошните власти, со што би се избегнало понатамошно етничко чистење на македонскиот народ.[496]

---

[493] Ibidem, стр. 321-327

[494] Д-р Зоран Тодоровски, Внатрешната Македонска Револуционерна Организација 1924 – 1934, ИП "РОБЗ", Скопје 1997 год., стр. 27

[495] Д-р Никола Жежов, Македонското прашање во југословенско – бугарските дипломатски односи (1918 - 1941), Филозофски факултет, институт за историја, Скопје 2008 год., стр.248

[496] Ibidem, стр. 251-252

ЦК на ВМРО и во 1926 година се огласил со Декларација во која по повод склучувањето на меѓусебните пактови и сојузи на балканските држави навеле дека секоја политичка комбинација на Балканот без Македонија и против Македонија е нетрајна и штетна. Било подвлечено дека мир на Балканот ќе има кога ниту еден балкански народ нема да присилува друг балкански народ и кога секоја земја самата ќе се управува. На крајот се изјавувало дека ВМРО ќе ја продолжи борбата додека не се извојува автономија на Македонија, која ќе се води со легални или нелегални средства во зависност од оние кои владеат во Македонија.[497]

Можноста за прекин на вооружените акции на ВМРО кореспондирала со тогашната надворешнополитичка ориентација на бугарската држава која сметала дека само со мирни средства, по пат на договор со Кралството СХС и со помош на големите сили може да издејствува признавање на „бугарско малцинство" во вардарскиот дел на Македонија, со што би се јавила во улога на легитимен застапник и заштитник на македонското население во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија, а која во крајна линија би и дала за право да претендира на сите делови на Македонија во кои живее македонскиот народ.[498]

Посебноста на македонскиот народ и македонскиот јазик за прв пат била внесена во платформата за дејствување на левите партии во пресрет на општинските избори во текот на 1926 година, поточно од нелегалната југословенска комунистичка партија. Во оваа платформа се укажувало дека при агитацијата треба да се критикува политиката на Кралството СХС и режимските партии поради забраната на македонскиот јазик и училишта и на македонските имиња, потоа државниот терор, експлоатацијата, недостатоците на аграрната реформа. Исто така била критикувана и политиката на ВМРО за договор со властите на Кралството.[499]

Со цел во услови на постојана политика на денационализација и национална асимилација да се зачува националната култура и националната свест и да се организира отпор била создадена ММТРО. Основата на нејзиното идејно и организациско постоење е настаната во Загреб во текот на 1922 година од група на студенти од вардарскиот дел на Македонија, предводени од Иван Бојаџиев од Велес.[500] Исто така ММТРО била вклучена и во организирање на пропагандна и информативно-разузнавачка служба за потребите на ВМРО. Преку оваа служба се настојувало да се обезбедат постојани информации за положбата на македонското население и асимилаторските и денационализаторските мерки што ги спроведувало

---

[497] Д-р Зоран Тодоровски, Внатрешната Македонска Револуционерна Организација 1924 – 1934, ИП "РОБЗ", Скопје 1997 год., стр. 34-35

[498] Ibidem, стр. 123

[499] Костадин Палешутски, Югославската комунистическа партия и македонският въпрос 1919 – 1945, Издателство на БАН, София, 1985 год. стр. 178

[500] Доц. д-р Димитър Гоцев, доц. д- р Стоян Германов, доц. д-р Иван Илчев, доц. д-р Трендафил Митев, Македония – История и политическа съдба (1912 – 1941 ), Под редакцията на проф. Петър Петров доктор на историческите науки, том II – второ допълнено издание,София, 1998, стр. 215

Кралството СХС. На ММТРО се гледало како на школа за подготовка на интелигентни водачи за ослободителното движење. Во март 1926 година бил донесен и устав за целите, средствата, составот и организационата поставеност на ММТРО. Според овој Устав, цел на нејзиното постоење било: помагање на ВМРО во борбата за ослободување на Македонија од грчко и српско ропство и обединување на нејзините три дела во автономна политичка единица. Член на ММТРО можел да биде секој студент или ученик од горните гимназиски класови, кој е македонец по потекло и кој искрено ќе изјави желба да се посвети на Делото.[501]

Во вардарскиот дел на Македонија била формирана мрежа на ММТРО која се состоела од четири централни петорки во Скопје, Битола, Охрид и Штип. Овие петорки се состоеле од по пет члена, при што со секоја од нив управувал раководител, кој бил наречен „петар". За „петар" во Битолскиот револуционерен округ бил назначен Харалампие Фукаров. Само раководителите на петорките одржувале врски со раководството на ВМРО и имале право да комуницираат меѓусебно. Се предвидувало во секоја околија од страна на раководителот на петорката да се избере по едно доверливо лице кое би било информатор-разузнавач и кое би собирало пред се податоци за бројната состојба на воено-полициските власти на Кралството СХС. Такви информатори имало и во Битола, каде што за информатор бил избран Александар Ефтимов, кој бил единствен платен информатор и чии информации според ЦК на ВМРО биле најдрагоцени.[502]

Сепак структурата на ММТРО ја карактеризирало недостиг на ред, дисциплина и иницијатива. Контактите помеѓу водачите на петорките биле ретки, недостигале материјални средства и материјали за агитација кои би се спротивставиле на делувањето на српскиот печат. Неорганизираноста и слабоста на ММТРО била предмет и на едно писмо кое Александар Протогеров го испратил до Иван Михајлов. Овие недостатоци и неискусноста на членовите во јуни 1927 година довеле до апсење на раководителите на петорките, што било причина за прекин на делувањето на овие младински организации во вардарскиот дел на Македонија. Уапсените студенти биле осудени на строги затворски казни, а од Битола бил осуден Борис Светиев на 5 годишна затворска казна.[503]

Во мај 1927 година била уапсена група од 15 души од ресенско и битолско која била судена за соработка со ВМРО. Членовите на групата биле обвинети за ширење на „бугаризмот", создавање на незадоволство кај народот против режимот на Кралството СХС, повикување на народот во даден момент и по нелегален пат да изврши одвојување на вардарскиот дел на Македонија и негово присоединување кон Бугарија. Биле обвинети исто така дека одржувале врска со војводата Пецо Трајков, чија архива

---

[501] Д-р Зоран Тодоровски, Внатрешната Македонска Револуционерна Организација 1924 – 1934, ИП "РОБЗ", Скопје 1997 год., стр. 124 - 125
[502] Ibidem, стр. 126-127
[503] Ibidem, стр. 128-131

била запленета од полициските власти на Кралството.[504] Судскиот процес започнал по скоро една година од апсењето, а обвинети биле: д-р Асен Татарчев, Вангел Грбев-поранешен кмет на село Ѓавато-битолско, свештениците Софрониј Андреев и Никола Андреев од битолско, Христо Ризов-трговец од Битола и други. Обвинетите и сведоците биле испрашувани од судот на 27 февруари 1928 година, при што сите обвинети за дадените искази во кои ја признавале вината, изјавиле дека се дадени под присила од страна на полициските и истражните власти кои ги изнудиле од нив. Обвинението било конструирано врз основа на наводно запленета преписка од војводата Пецо Трајков до обвинетите, но и тоа писмо судот го имал само во копија и немал никакви други материјални докази.[505] Осуден бил само прво обвинетиот Асен Татарчев-лекар од Ресен, додека другите биле ослободени поради недостиг на докази.[506]

И покрај овие провали и апсења ММТРО и понатаму опстојала, но без некоја позначителна активност и резултати. Во извештај до ЦК на ВМРО од 18 август 1928 година од главните „петари" од четирите окрузи на ММТРО се дава информација за состојбата на петорките во вардарскиот дел на Македонија, при што освен неоткриените 56 студентски и ученички петорки по студентскиот процес во гимназиите, биле оформени нови 32 петорки, со што вкупниот број на петорките во вардарскиот дел на Македонија изнесувал 88, со над 400 членови.[507]

Македонските прогресивни и националноослободителни сили покрај вооружени преземале и различни ненасилни, односно политички форми на спротивставување, отпор и агитација за придобивање на симпатии и поддршка. Во тој контекст ЦК на ВМРО и Задграничното претставништво развиле особено интензивна активност за време на Версајската мировна конференција, а и потоа испраќале мемоари и дописи до Советот на Друштвото на народите со кои се барало преземање на некаква акција за подобрување на положбата на поробениот македонски народ, а основаноста на овие барања се поткрепувала со бројни докази за репресивниот и нехуман карактер на големосрпскиот режим. ЦК на ВМРО преземала и обиди за изнаоѓање на сојузници и обезбедување на поддршка за реализација на големиот идеал за извојување на слобода на македонскиот народ. Поради политичката ситуација во Кралството СХС македонскиот народ немал можности на легален начин да го искаже револтот и отпорот кон негацијата на неговиот национален идентитет, па единствено поради револтот комунистичките организации имале почетен успех на

---

[504] Ibidem, стр. 132

[505] Македония – Сборник от документи и материали, Редакторски и съставителски колектив на Институт за история, София, 1978, стр. 740

[506] Д-р Зоран Тодоровски, Внатрешната Македонска Револуционерна Организација 1924 – 1934, ИП "РОБЗ", Скопје 1997 год., стр. 132

[507] Доц. д-р Димитър Гоцев, доц. д- р Стоян Германов, доц. д-р Иван Илчев, доц. д-р Трендафил Митев, Македония – История и политическа съдба (1912 – 1941 ), Под редакцията на проф. Петър Петров доктор на историческите науки, том II – второ допълнено издание,София, 1998, стр. 223

првите избори, но не од идеолошки побуди. ВМРО се обидела и формирала во ликот на ММТРО младинска мрежа која ќе работи на зачувување на македонската национална свест и која и понатаму ќе ја негува идејата за сопствена државност на тлото од вардарскиот дел на Македонија.

# ЗАКЛУЧОК

По завршувањето на Првата светска војна со потпишувањето на Парисите мировни договори повторно била верифицирана поделбата на етничката територија на македонскиот народ и нејзиното распарчување, со што вардарскиот дел на Македонија заедно со Струмица и околината влегол во состав на новоформираното Кралство на Србите, Хрватите и Словенците. Битола и битолскиот регион кои се наоѓале во непосредна близина и на самиот фронт каде што се одвивале воените дејствија биле потполно опустошени, а ситуацијата дополнително била влошена со демаркацијата на границите и нивното скоро херметичко затворање, што понатаму довело до прекин на прекуграничните трговски и економски односи кои претходно биле главна артерија поради која се развил и достигнал извесен степен на благосостојба за тогашните услови овој град и неговата околина.

Новиот државен апарат откако ја воспоставил управната структура преку која ја извршувал власта, не овозможил пристап до истата за народот кој според неговите сфаќања бил носител на туѓа национална свест која би требало да биде подложена на процес на што побрза промена и денационализација. На овој дел од Кралството не му се дало значење на составен дел кој треба да се инкорпорира и развива рамноправно во новиот државен организам, туку за него бил предвиден посебен режим на специјални уредби кои овозможиле плодна почва за виреење на неодговорната, неквалификувана и корумпирана администрација во која како по обичај упатуваните лица биле праќани како на издржување на некаква казна, а тие овдешниот престој го гледале како авантура и можност за брзо лично богатење. Битола и покрај тоа што претставувала административен центар на новоформираната Битолска област, која претставувала административно-територијална единица на новата држава, назадувала се повеќе и повеќе.

Овој дел од Кралството од страна на српскиот народ и експонентите на големосрпската политика бил перцепиран како дел кој што би требало да биде обликуван на погоден начин за приклучување кон српскиот национален организам. Поради тоа со формулираните политики наменети за македонскиот народ бил направен опсежен обид за негова потполна асимилација и денационализација, која за крајна цел имала менување на националната свест и идентитет и нивна замена со српски национални чувства, јазик и култура. Инструменти за спроведување на оваа замисла биле просветната политика преку која се настојувало да се искорени употребата на народниот македонски говор и народот да се превоспита во српски дух. Затоа било интензивирано и ширењето на училишната мрежа во Битола и битолско, а биле засилени и мерките погодни за реализација преку просветниот систем. И преку спроведуваната црковна политика која имала за цел да всади кај населението чувство и љубов спрема српскиот народ и Кралот се вршеле активностите кои од македонците требало да направат добри срби, а обичаите на македонскиот народ и празнувањето

на македонските национални празници се правеле обиди да се заменат со обичаи својствени за српскиот народ и со празнување на празници кои биле значајни за него. Но ова тука не запрело, туку се вршеле и промени на топонимите на населените места, на наставките на презимињата, на изборот на личните имиња, а се забранувала и потребата на македонскиот говор. Посебна улога имале и режимските организации кои претставувале параван преку кој со изведувањето на различни културни, забавни, спортски и добротворни настани, индиректно се промовирале големосрпските идеи и сфаќања.

Големосрпскиот режим настојувал дополнителна поддршка за реализација на своите намери да обезбеди и преку доселување на колонисти кои претставувале национално лојални елементи кои би ја ширеле идејата на српството и би ги разбиле етнички компактните делови од македонско население. За остварување на оваа цел големосрпскиот режим преземал огромни напори, поткрепени со огромни материјални и финансиски издатоци. Но илузиите дека овде ќе пронајдат плодна и погодна почва и можности за добар живот, комбинирани со неприфаќањето на македонскиот народ на вака доведените соседи кои ја узурпирале земјата од која се издржувал, како и невешто планираниот потфат за реализација на оваа државна активност од непогодната и корумпирана администрација за таа цел, довеле до конечна пропаст на оваа идеја.

Освен горенаведените негативни чинители, и репресивниот режим со бројните ограничувања кои ги пропишувал за населението довел до неможност да се оствари било каков економски напредок, а егзистенцијалните можности се повеќе и повеќе се уназадувале. Причина за ова било и тоа што во атмосфера на гушење на слободите, неминовно на удар се нашле и економските слободи, а свесноста за димензиите на корумпираноста на режимот и злоупотребите вршени од негова страна обесхрабрувале секаква иницијатива или можност за инвестирање на странски капитал. На одбегнувањето за инвестиции на овој дел на Македонија влијаела и безбедносната нестабилност.

Македонскиот народ немал ни можност за вклучување во легалните текови на функционирањето на Кралството по пат на легалните политички механизми поради неговото непризнавање како национална посебност, со што единствено преостанувала можноста за вклучување во рамките на некоја од српските граѓански партии, но за сметка на тоа морал да се откаже од своите национални чувства, да се декларира како србин и отворено да биде вклучен во реализацијата на српските интереси. За политичките партии вардарскиот дел на Македонија бил интересен само во предизборијата, кога имало можност за лов на гласови и мандати. Иако прокламирано како уставна и демократска монархија, во Кралството СХС изборите се одвивале во атмосфера на притисоци, уцени, закани и беспоштедни борби за освојување на

политичката власт во кои предано биле вклучени и институциите и лицата кои требало токму напротив да ја обезбедат регуларноста на изборниот процес.

Сепак македонскиот народ не останал нем сведок на ваквите случувања и се спротивставувал на обидите за негова асимилација, така што по само десет години владеење просветните власти на Кралството СХС дошле до заклучок дека нивните обиди доживеале потполн неуспех. На ваквата политика организирано и вооружено се спротивставила и ВМРО која била најзаслужна за одржувањето на борбата за извојување на слобода и сопствена држава, а и народот во неа гледал негова единствена сила заштитничка поради што ги помагал и се вклучувал во четничките активности. Непрекинатите четнички активности, диверзии, напади и атентати врз обележјата и администрацијата на големосрпскиот режим биле неуморен потсетник дека се наоѓа на туѓо и непријателско тло на кое за секогаш ќе биде доживуван како надворешен елемент, што резултирало единствено со зголемена агресивност и суровост во репресалиите кои биле вршени како одмазда за извршените акции. За ставање под контрола на ситуацијата во вардарскиот дел на Македонија биле доведени бројни и најразлични видови и формации на воено-полициски единици и повеќе од 2/3 од составот на жандармеријата во Кралството. Биле изградени полициски жандармериски станици скоро во секое место и други најразлични утврдувања, а границата спрема Бугарија многу не се разликувалаод рововскиот систем кој се користел за време на Првата светска војна. Револуционерна активност се одвивала и во градот Битола и битолскиот регион, кои влегувале во состав на Битолскиот револуционерен округ и во кој револуционерни дејствија редовно преземале војводите и четниците на ВМРО кои поради близината на границата како организациски пункт за извршување на активности ја користеле територијата на Албанија.

И покрај огромната вложена енергија и севозможни активности и мерки спроведувани во насока на пресоздавање на националната свест на македонскиот народ кои за разлика од физичкото ропство за време на Отоманската империја, добиле облик и претензии да се простираат и врз духот, чувствата и разумот, тие на големосрпскиот режим му донеле само горчливо чувство на неуспех и пораз. Ова е редовно случај со секој облик на ропство и со секој поробител бидејќи желбата за сопствен национален идентитет, слобода и државност се посилни од сите понуди и појаки од сите притисоци и репресии. Македонскиот народ одолеал и на притисоците и репресиите на големосрпскиот режим и истрајал во своите стремежи за извојување на национална слобода и сопствено државно уредување во кое би можел непречено да го развива својот дух, јазик, култура и обичаи.

# ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

## Необјавени извори

### Државен архив на Република Макеонија одделение – Битола

1. Фонд 1-Градско поглаварство на градот Битола
2. Фонд 3-Епархиски Духовен суд Битола (1915-1941)
3. Фонд 5-Гимназија „Јосип Броз-Тито" Битола(1918-1987)
4. Фонд 16-Училиштен надзорник за град Битола и ½ околија мариовска - Битола

## Објавени извори


1. Македонија во меѓународните договори (1913 – 1940), том први, избор редакција и коментар Михајло Миноски, Скопје, 2006.
2. Документи – за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том втори, УКИМ, Скопје, 1981.
3. Тодор Александров – Се за Македонија, документи 1919 – 1924, предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2005.
4. Македония – Сборник от документи и материали, София, 1978.
5. 36 години във ВМРО – Спомени на Кирил Пърличев, Съставител и редактор Кирил Пърличев, София, 1999.
6. Balkanski ugovorni odnosi 1876 – 1996, tom II, (1919 – 1945), Beograd, 1998.


## Литература


1. Андонов Христо – Полјански, Македонското прашање, Скопје,1990.
2. Апостолов Александар, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, Скопје, 1966.
3. Апостолов Александар, Вардарска Македонија од Првата светска војна до изборите за конституанта – 28 ноември 1920, Годишен зборник, том 13, Филозофски факултет, Скопје, 1962.
4. Бајић Предраг, Српство и Југословенство у политици Српске националне омладине (СРНАО), Култура полиса, Бр. 2/3, Нови Сад, 2005.
5. Гимназијално образование во Битола, редакција Ѓорѓи Димовски, Максим Стојановски, Петар Целаковски, Александар Здравковски, Владимир Точковски, гимназија „Јосип Броз-Тито", Битола, 1965.

6. Грујоски Трајче, Битола – дејството на основните фактори врз општествено-економскиот развиток, Битола, 1971.
7. Димевски Славко, Историја на Македонската Православна Црква, Младинска книга, Скопје, 1989.
8. Жежов Никола, Македонското прашање во југословенско-бугарските дипломатски односи (1918-1941), Скопје, 2008.
9. Зографски Г. Тодор и Зографски А. Димче, КПЈ и ВМРО (Обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920 – 1930, Скопје, 1974.
10. Златна книга, 100 години ВМРО, Скопје, 1993.
11. Историја на македонскиот народ, том 4, Скопје, 2000.
12. Jovanovic Vladan, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 – 1929, Makedonija, Sandzak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS, Beograd, 2002.
13. Катарџиев Иван, Време на зреење, Македонското национално прашање меѓу двете светски војни (1919 – 1930), Скопје, 1977.
14. Катарџиев Иван, Борба до победа, том IV, Мисла, Скопје, 1983.
15. Кушевски Д. Воислав, Македонското пашање во Друштвото на Народите, Скопје, 2001.
16. Македония – История и политическа съдба (1912 – 1941), под редакцията на проф. Петър Петров, том II – второ допълнено издание, София, 1998.
17. Националноосвободителната борба в Македонија 1919-1941, дело на колектив на Македонския Научен Институт, София, 2002.; www.promacedonia.org
18. Палешутски Костадин, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918 – 1941, София, 1983.
19. Палешутски Костадин, Югославската комунистическа партия и македонският въпрос 1919 – 1945, София, 1985.
20. Палешутски Костадин, Македонското освободително движение след Първата световна война /1918 – 1924/, София, 1993.
21. Петров Петър, Христо Темелски, Църква и църковен живот в Македония, Македонски Научен Институт, София, 2003.; www.promacedonia.org
22. Попхристов Георги, Спомени, Революционната борба в битолския окръг; www.promacedonia.org
23. Премрежињата на македонското револуционерно движење – Спомени, Христо Калајџиев, Крсто Лазаров, Крум Петишев, Атанас Џолев, Мирчо Кикиритков, предговор и редакција Зоран Тодоровски, Скопје, 2003.
24. Rothmuller Ovi, Jevrejska omladina Južne Srbije, Zagreb, 1932.
25. Сидовски Коста, Текстилната индустрија во Н. Р. Македонија во периодот помеѓу двете светски војни , Гласник ИНИ, бр. 1, Скопје, 1958.
26. Солаковски Петар, Колонизација на битолскиот округ меѓу двете светски војни (1919 – 1941), Друштво за наука и уметност, Битола, 1992.

27. Споменица двадесетпетогодишњице ослобоћења Јужне Србије 1912 – 1937, Скопље, 1937.
28. Stojadinovic M. Milan, Ni rat ni pakt – Jugoslavija izmedgu dva rata, Buenos Aires, 1963.
29. Тодоровски Зоран, ВМРО 1924 – 1934, Скопје, 1997.
30. Тодоровски Глигор, Демографските процеси и промени во Македонија од почетокот на Првата светска војна до осамостојувањето на Македонија, Скопје, 2001.
31. Todorovic Desanka, Jugoslavija I balkanske države 1918 – 1923, Beograd, 1979.
32. Цветковска Надежда, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, Скопје, 2000.
33. Цветковска Надежда, Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија (1919 – 1929), Скопје, 2004.
34. Шанданов Петар, Спомени, предговор и редакција Зоран Тодоровски, Скопје, 2002.

## Весници

1. Јужна Звезда, број 197, Година V, Битољ, 10 јула, 1926.
2. ГЛАС омладине с југа, Св.1, Битољ, јануари, 1927.
3. ГЛАС омладине с југа, Св.2, Битољ, 1927.
4. ГЛАС омладине с југа, Година III, Св.1, Битољ, јануари, 1929.
5. ГЛАС омладине с југа, Година III, Св.2, Битољ, фебруар, 1929.

## Содржина


**ВОВЕД** ........ 2

**ПРВА ГЛАВА**

**Општествено политички услови во Македонија по 1919** ........ 4

1.1. Општествено политичката положба во Битола и битолско ........ 4
1.2. Последиците од војната во Битола и битолско ........ 13

**ВТОРА ГЛАВА**

**Мерките на властите на Кралството СХС за зацврстување на српската власт во Битола и битолско** ........ 19

2.1. Административна поделба и цивилна администрација ........ 19

2.2. Воено-полициска управа и воено-полициски мерки ........ 27

2.3. Српски режимски организации ........ 39

2.4. Црковната политика во Битола и битолско на властите на Кралството СХС ........ 45

2.5. Просветната политика на Кралството СХС во Битола и битолско ........ 57

2.6. Српската колонизација во Битола и битолско ........ 76

2.7. Економската политика на Кралството СХС во Битола и битолско ........ 93

**ТРЕТА ГЛАВА**

**Отпорот на македонскиот народ во Битола и битолско против власта на Кралството СХС** ........ 115

3.1. Комитските акции на четите на ВМРО ........ 115

3.2. Политичките партии и парламентарните борби ........ 130

3.3. Политички форми на отпор ........ 145

**Заклучок** ........ 156

**Извори и литература** ........ 159

Необјавени извори ........ 159

Објавени извори ........ 159

Литература ........ 159